There are two problems we must face when conducting any research on Eastern martial arts in the Western situation: understanding the arts as Oriental arts and understanding these arts in the Western context. Based on Fuller's (1988) review, Columbus (1991) noted that research into the benefits of martial arts has been conducted using positivist methods of inquiry, which he says are less relevant when it comes to understanding Oriental styles. thinking or acting, and largely influenced by Zen Buddhism and Taoism, and neither is easily understood from a positivist perspective. In agreement with this, both Adler (2003) and Glasford (1987) argue that statistics cannot offer insight into the deep meanings of Oriental teachings and that the truth and value of these systems can only be truly realized through experience.

The approach to life that Eastern practices such as meditation and martial arts (Konzak and Budro, 1984) offer to their followers has proved appealing to many who are dissatisfied with the consumerist and materialistic values prevalent in the West. Especially since the 60s and 70s of the last century there has been a huge growth of these practices. The growing popularity of martial arts seems to indicate that they too have something to offer as a discipline and as a value system. It can be considered on the one hand a product of their attention to affective, cognitive characteristics and behavior (Lakes and Hoyt, 2004), and on the other hand, morality, nonviolence and enlightenment (Becker, 1982).

In short, they offer a way of being, a journey to self-discovery to cultivate our human potential - a means to better connect with ourselves, others and the wider world.

As Lao Tzu noted, "by changing us, we are changing the world" (quoted by Pau, 2008).

"The ultimate goal of karate does not lie in victory or defeat, but in the perfection of the character of its practitioner (karateka)" O-Sensei Gichin Funakoshi, the "father" of shotokan karate.

Today we are witnessing that mental health problems are becoming an increasingly important social issue and subject that entails serious consequences; Consequences ranging from personal anxiety, disability and reduced labor force participation to wider social and economic impact. For example, after the World Health Organization's annual annual cost estimate in the mental health-related segment was estimated at over $ 2.5 trillion. Given the new situation, it is estimated that these costs are projected to increase by 240% by 2030.

For many different reasons, apart from financial and cultural reasons where there is stigmatization of mental health, costs, but also the low availability of mental health treatment, many people do not turn to and seek help for mental health problems. It is high time and quite natural to consider the application of alternative and complementary therapies in relation to mental health treatment. The practice of Native Martial Arts and the Arts can be an appropriate alternative to this, with the very fact that it possesses unique characteristics, including an emphasis on respect, self-regulation and the promotion of health as a whole. Because of this, the training and practice of the original martial arts and arts can be seen as a serious intervention to improve mental health, based on psychosomatic activities, potentially providing a much cheaper alternative and supplement to psychological therapy.

Through a series of studies, the effectiveness of this approach has already been proven, although it still receives little attention from the global professional community.

CONCLUSION

Although the original Japanese martial arts, art and philosophy have their roots in existence for centuries, it has been proven that from the Middle Ages onwards they possessed their complete form.

Primarily developed exclusively as a combat system, their influence during its development reached such a culmination that the Warrior Road (the general name of the skills - Bushido, Budo) was copied from the physical conflict on the battlefield in the constant struggle and search for ourselves, while manages to maintain its authenticity without the aid of infusing any theistic aspects or religion.

Fascinating is the fact that this mental pragma existed in times of great conflict, at a time when the value system was at a completely different level, at a time when it was simply very easy to take life and historically even your own voice, in such circumstances this background pragma has managed to emerge as a kind of proto-psychotherapy.

Present today, in a rather non-military / conflictual state of mind, this pragma is gaining its deserved place and attention as a powerful tool for self-improvement, self-help but also a directed healing process in seriously established sciences such as psychology. Precisely because of its completeness and direct approach, it is today a serious subject of study, and its range of actions and processes, psychosomatics, is expanding into psychotherapy. Although still in a small part, research and results are increasing more and more against the passing of time, but also the emergence of completely new conditions of existence and social action.

Unlike in the past, when all these things were under the veil of mysticism and forbidden to the common man, today we live and act in a wonderful moment where we can not only experience and practice them, but with the help of science and technology, positively we implement them in our actions and our personal growth and development. If they are practiced, it is inevitable that today we will be direct witnesses of that synergy between the original martial arts (Budo, Bushido) and psychology, until the implementation of the results through the prism of psychotherapy.

This practice is a non-invasive process. It is a process that works with us either with active, but also with passive consciousness. This synergy is a process that gives wonderful positive results, both on the mental and physical level of action.

By witnessing the practice of Budo skills and art, from first hand as well as practicants constant upgrading in psychotherapy, we can confidently claim that this is where that complementarity lies, that synergy from which we can all draw exclusively

positive applications and results, whether we are practitioners or teachers, whether we are in a healthy state or sometimes in the role of a client, whether as a preparation for the youngest or a way of life and skills of young people and adults. True, this synergy is inexhaustible and it really works.

REFERENCES

1. World Health Organisation. Out of the shadows: making mental health a global developmental priority. (2016)
2. Australian Government National Mental Health Commission. Economics of Mental Health in Australia (2016).
3. Corrigan P. How stigma interferes with mental health care. Am Psychol. 2004;59(7):614–25.
4. Fuller J. Martial arts and psychological health. Brit J Med Psychol. 1988;61:317–28.
5. Macarie I, Roberts R. Martial arts and mental health. Contemp Psychothera. 2010;2:1), 1–4.
6. Burke D, Al-Adawi S, Lee Y, Audette J. Martial arts as sport and therapy and training in the martial arts. J Sport Med Phys Fit. 2007;47:96–102.
7. Li F, Fisher K, Harmer P, Irbe D, Tearse R, Weimer C. Tai chi and self-rated quality of sleep and daytime sleepiness in older adults: a randomised controlled trial. J Am Ger Soc. 2004;52:892–900.
8. McGowan R, Jordan C. Mood states and physical activity. Louis All Health Phys Ed Rec Dan J. 1988;15(12–13):32.
9. Trulson M. Martial arts training: a "novel" cure for juvenile delinquency. Hum Relat. 1986;39(12):1131–40.
10. Finkenberg M. Effect of participation in taekwondo on college women's self-concept. Percept Motor Skills. 1990;71:891–4.
11. Tsang T, Kohn M, Chow C, Singh M. Health benefits of kung Fu: a systematic review. J Sport Sci. 2008;26(12):1249–67.
12. Vertonghen J, Theeboom M. The socio-psychological outcomes of martial arts practice among youth: a review. J Sport Sci Med. 2010;9:528–37.
13. Moher D, Hopewell S, Schulz K, Montori V, Gotzsche P, Devereaux P, et al. CONSORT 2010 explanation and elaboration: updated guidelines for reporting parallel group randomised trials. BMJ. 2010;340:698–702.
14. Wood A, White I, Thompson S. Are missing outcome data adequately handled? A review of published randomized controlled trials in major medical journals. Clin Trials. 2004;1:368–76.
15. Legrand K, Bonsergent E, Latarche C, Empereur F, Collin J, Lecomte E, et al. Intervention dose estimation in health promotion programmes: a framework and a tool. Application to the diet and physical activity promotion PRALIMAP trial. BMC Med Res Meth. 2012;12:146.

374.7.091

Проф. д-р Ѓорѓина Ќимова
Д-р Вангелица Гаврилова
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

АПСТРАКТ: Времето во кое живееме е време на брзи и интензивни промени во глобална смисла. Денешното време носи огромна количината на информации, нови научни сознанија и предизвик за негово следење. Во спротивно личностите кои не се доволно флексибилни самото време ги турка на дното на професионалниот живот. Формалната едукација во една од своите главни цели ја има целта која е насочена кон интернализација на менталитет за доживотно образование посебно кај возрасните, кое доколку после завршувањето на формалното образование не се применува ја губи смислата на вредност. Во таа насока во трудот е даден осврт на вредноста и контурите на образованието на возрасните и истражување на проблемот на состојбата на образованието на возрасни во нашата држава.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: образование, доживотен развој, образование на возрасни

SPECIFICS OF ADULT EDUCATION

ABSTRACT: The time we live in, is a time of rapid and intense change in a global sense. Today brings a huge amount of information, new scientific knowledge and a challenge to follow it. Otherwise, people who are not flexible enough are pushed to the bottom of their professional life. Formal education as main goals has the goal which is aimed at internalizing the mentality for lifelong learning, especially in adults. If education not continue after the completion of formal education loses its sense of value. In that direction, the paper provides an overview of the value and contours of adult education and research on the problem of the state of adult education in our country.

KEYWORDS: education, lifelong development, adult education

ВОВЕД

Стекнатите знаења, вештини, способности за време на формалното образование од било која област се само база за надградба и модификација со тек на новите трендови на науките.

Доживотниот развој на лични, социјални и професионални компетенции на еден поединец се основа за негова егзистенција на пазар на труд во современото општество.

Кај нас повозрасната маса се уште лебди во стереотипи на отпорност кон доживотната филозофија на работа и живот и како резултат на тоа треба да се обрне посебно внимание на нејзино расветлување. Низ запознавањето на вистинската вредност и предности кои ги носи, образованието на возрасни треба да навлезе подлабоко во порите на нашето општество. Тоа треба за земе засилено темпо за да може да ги следи брановите на равој од западноевропските држави.

СУШТИНА НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

Образование за возрасни се определува како каква било форма на учење обезбедено за зрели мажи и жени кои го завршиле циклусот на редовно образование, а исто така и за оние кои не го довршиле редовното формално образование. Образованието за возрасни ги подразбира разновидните модели како самостојно студирање спроведено со или без помош на библиотеки; емитувани програми или кореспондентни курсеви; групна дискусија и друго учење „со меѓусебна помош", семинари или работилници и конференции или состаноци ; и редовно или повремено студирање на часови или курсеви во кои предавачот, или професорот имаат формална водечка улога.

Видовите на образование за возрасни може да се класифицираат на следниов начин:

1. Образование за стручна, техничка и професионална компетентност. Таквото образование може да има за цел подготвување на возрасното лице за прва работа или за ново работно место, или може да има за цел да го информира за новите случувања во неговата професија.
2. Образование за здравје, благосостојба и семејно живеење. Таквото образование вклучува секаков вид на образование за здравје, семејни односи, планирано родителство, хигиена, грижа за деца и слично.)
3. Образование за граѓанска, политичка и компетентност во заедницата. Таквото образование вклучува секаков вид на образование во врска со развојот на заедницата, јавните и меѓународните работи, гласањето и политичкото учество и слично.
4. Едукација за „самоисполнување". Ова образование опфаќа секакви програми за либерално образование: образование за музика, уметност, танц, театар, литература, уметност и специфично занаетчиство, без разлика дали е кратко или долгорочно. Овие програми имаат за цел првенствено учење заради себе и свој развој колку за постигнување целите вклучени во другите категории.
5. Помошно образование: како довршување на основно, средно образование. Ваквото образование е очигледно предуслов за сите други видови на образование за возрасни.

Образованието на возрасни има свои посебни карактеристики. За да се разбере суштината на образованието на возрасни значање имаат специфичните принципи на учење на возрасните. Тие почиваат на: мотивација, контрола на учењето, искуство, разновидност, постоење цел, развивање навики, настојување за промена и почитување.

Во однос на стилови на учење на возрасни треба да се потенцира дека тие се начин на размислување, обработка и разбирање на информации, а содржи опис на ставови и однесување што ги одредуваат преференците во учењето. постојат визуелен стил, аудитивен стил, кинестетички стил. Колб стиловите на учење ги дели на активисти, мислители, теоретичари, прагматичари. При што кај возрасните прагматичниот стил е најмотивирачки.

За образованието на возрасни битен темел е интерактивна настава која треба да овозможи размена на искуство, знаење, ставови помеѓу самите посетители и помеѓу посетителите и професорите. Потоа таа треба да овозможи поврзување на тематските содржини со искуството на посетителите и нивниот стил на учење,

како и соработка и партнерство, односи засновани на еднаквост, почитување и демократски принципи на учење.

Во однос на наставните методи најчесто користени освен предвање се презентација, модифицирано предавање, brainstorming, групна дискусија, дебата, симулација, играње улоги, студија на случај, демонстрација, игра и слично.

Во однос на професорскиот кадар значајно е развивање на андрагогички вештини во смисла на континуирано развивање на спефицични компетенции: знаење, вештини и способности за поучување на возрасни. Треба да се нагласи андрагошкото усовршување во насока на развивање на мотивациски и комуникациски вештини, стилови на учење, интерактивни методи на предавање, самостојно учење, техники за проценка.

Предизвиците во поучување на возрасни се поврзани со потребата за комплексен начин на разбирање. Формирањето на нови сфаќања и практики кај возрасните станува се попотребно. Значење има создавање на комплексен систем на разбирање на смисла и организирање на искуства. Во овој тип на образование потребен е трансформативен процес на учење. Улогата на емоциите во трансформативно учење е исклучително голема. После завршувањето на одредено ниво потребна е критичка рефлексија.

Образованието на возрасните е интегрирано и има поголеми резултати кога посетителите се вклучени со целото свое јас со знаења, со чувства, искуства, интерси, вредности. Когнитивните аспекти на развојот на личноста се секогаш емоционално опседнати, а емоционалните модели често оставаат траги на когнитивни влијанија. Негативните емоции го нарушуваат процесот на учење, а позитивните емоции го зголемуваат ангажманот за подлабоко учење. Улога секако има и естетското искуство во трансформативни учења.

Образованието на возрасни може преку фокусот на образовен пристап, и да поттикне развој на поширок „поглед на светот". Трансформативното учење е вредно и неопходно во современиот свет, и треба да има потенцијал да го поттикне развојот на посложена рамка на умот, која е неопходна со цел поединците да ги толкуваат своите искуства на критичен начин, со што ќе станат способни да се справат со флуидна и неизвесна реалност.

„Човечкиот капитал" се заснова на знаење и квалификации што овозможуваат индивидуално да се учествува во општеството на глобално ниво.„Социјалениот капитал" е резултат на мрежи во кои луѓето активно учествуваат и така учат да се соочат со предизвик.

„Идентитетскиот капитал" содржи индивидуални карактеристики како што се самодоверба и внатрешна контрола за поддршка на личен развој, при што исто така се претпоставува дека образованието на возрасни има влијание врз оваа форма на капитал. Пошироките придобивки се однесуваат на развој на лични карактеристики и способности, како и социјална интеракција.

Забележани се бројни бенефити по учество во континуирана едукација на возрасни:

Во однос на субјективно искусени промени во личните аспекти кои се клучни во процесот на учење се локус на контрола, само ефикасност, самодоверба.

Во однос на субјективно искусени промени во средината во комплексно и променливо општество се толеранција, чувство дека се има цел во животот, развивање на човечки вештини, промени во однесувањето како резултат на учењето и добро ментално здравје.

И во однос на субјективно искусени промени во социјален домен кои може да се обсервираат преку однесувањето се социјално вклучување, бенефити на работно место, подобрување на фамилијарни односи, подобрување на физичкото здравје, градење на социјални мрежи, доверба во другите .

Генералните бенефити од образованието на ворасни се однесуваат на тоа дека овој тип на образование ги одржува неисцрпно и ги развива предусловите за учење, им овозможува на луѓето да учествуваат и да се вклучат во демократско општество и ја поддржува социјалната инклузија.

ИСТРАЖУВАЊЕ

Со цел да се даде увид во моменталната состојба на застапеноста на институции за образование на возрасни, како и задоволството на лицата во нашата држава беше спроведено истражување.

Генералната хипотеза на истражувањето кое беше дескриптивно гласеше дека има ниско ниво на застапеност на институции за образование на возрасни во државата и ниско ниво на задоволство кај возрасните.

Истражувањето се планираше и реализираше во временски опсег од пет месеци од крај на 2019 и почеток на 2020 година на вкупно 130 испитаници возрасни лица над 30 години, со место на живеење во град, и приградски населби. Испитаниците беа избрани по случаен избор на територија на државата. Беше применета техниката на анкетирање, со инструмент анкетен лист со Ликертова скала специјално адаптитран за проблемот на истражување и структурирано интервју. Просечната возраст на испитаниците беше 42 години, при што од вкупно 130 единици на анализа, од кои 75 или 57.69 % беа од женски пол, и 55 или 42.31% од машки пол.

Најзначајните резултати сублимирани во три дела се однесуваа на тоа кои институции за образование на возрасни ги познаваат; колку се задоволни од достапноста и понудата на овие институции и какво е влијанието на возраста врз можностите за посета на институции за образование на возрасни. После средување на податоците од испитаниците се добија следните резултати: како најпознати институции за образование на возрасните се: Работнички Универзитет Кочо Рацин, Центар за образование на возрасните, Училиште за возрасни- Макаренко Скопје, Работнички Универзитет Пере Тошев Прилеп, Работнички Универзитет Благој Страчковски Велес, Отворен граѓански универзитет за доживотно учење "Гостивар". Во однос на достапноста и понудата на едукативни активности на овие институции најголем дел од испитаниицте 81 или 62.31%сметаат дека не се доволно јавно експонирани курсевите и можностите кои ги нудат и според 72 или 55.38% дека понудата на интересни курсеви е на средно ниво, а најзастапени се курсеви од типот Подготвувачи на слаткарски производи, Фризер, Гипсер-монтер, Шивачи, поконкретно Образование за стручна, техничка и професионална компетентност, а од другите видови се на релативно ниско ниво.

За влијанието на факторот на возраста врз можностите за образование на возрасни, пресметана е вредност на хи квадрат тест на две категории до 40 и над 40 години . Вредноста на хи квадратот од 35.711 укажува на постоење на статистички значајна поврзаност на двете варијабли на ниво на значајност од 0.05.Тоа значи дека возраста влијае на можностите за образование , во прилог на помладите, односно до 40 години.

Резултатите на истражувањето ја потврдија генералната хипотеза на истражувањето дека во државата релативно има ниско ниво на застапеност на институции за образование на возрасни и ниско ниво на задоволство кај возрасните.

Ова насочува дека неопходни се активности во насока на поголема афирмација, медиумско рекламирање на можностите за образование на возрасни, а истовремено внесување на посовремени, интересни и апликативни курсеви и обуки за возрасните.

ЗАКЛУЧОК

Возрасните сами одлучуваат што е важно да учат и очекуваат дека она што го научиле ќе им биде корисно во најскоро време. Тие имаат претходно знаење, вештини и искуство, што им помага да учат, сакаат да учествуваат во активно дизајнирање и спроведување на наставни содржини и во процесот на евалуација на исходите од учењето.

Сепак, поучувањето на возрасни има и свои предизвици како потребата за комплексен начин на разбирање, улогата на емоциите во трансформативното учење, улогата на естетското искуство во трансформативното учење и слично. Едни од забележаните придобивки од образованието кај возрасни се: самоефикасност, зголемена самодоверба, толеранција, добро ментално здравје, социјално вклучување, бенефити на работното место, подобрување на фамилијарни односи, подобрување на здравјето, градење на социјални мрежи и друго.

Денешната понуда на интитуции за образование на возрасни кај нас од вкупно 13 на територија на државата и нивната меѓусебна соработка треба да е основа за нивно зголемување и пласирање низ поголема отвореност на модерни насоки кои ќе бидат привлечни за возрасните особено од типот образование за здравје, благосостојба и семејно живеење, за граѓанска, политичка и компетентност во заедницата и едукација за „самоисполнување. Иако има направено исчекор во однос на осовременувањето потребно е дополнително да се работи. Истовремено треба да се работи на менталитетот на возраните лица кај нас за подигнување на свеста за значењето на образованието на возрасни.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Britanicca, Adult Education, https://www.britannica.com/topic/adult-education 2021
2. CommitToEducation. 2019. UNESCO. ISBN 978-92-3-100336-3.
3. Cox, Elaine (2015). Coaching and Adult Learning: Theory and Practice. New Directions for Adult and Continuing Education. 2015 (148): 27–28
4. Fell-Chambers, Rachael (2014). Adult Education and Health. International Journal of Lifelong Education. 33 (1): 91–93.
5. Kil, M., Operti, F. and Manninen, J. (2012). Measuring Benefits of Lifelong Learning. In: LLLine, Lifelong Learning in Europe. (Issue:) A world of Lifelong Learning: The middle East. Volume 17, pp. 4-5.
6. Larjanko, J. (2016). Adult Education and development. Skills and Competenciies.DVV International.
7. Myers, K., Conte, N., &Rubenson, K. (2014). Adult Learning Typology.
8. Phipps, S. T. A.; Prieto, L. C.; Ndinguri, E. N. (2013).Teaching an old dog new tricks: Investigating how age, ability and self-efficacy influence intentions to learn and learning among participants in adult education". Academy of Educational Leadership Journal. 17 (1): 13–15.
9. UNESCO (2016). 3rd global report on adult learning and education: the impact of adult learning and education on health and well-being, employment and the labour market, and social, civic and community life (PDF). Paris, UNESCO. p. 19. ISBN 978-92-820-1213-0.
10. Ќимова, Ѓ.(2020). Образованието низ призма на психолошките процеси. Меѓународен Центар за Славјанска Просвета, Свети Николе
11. Ќимова, Ѓ.(2019). Училишна педагогија. Здружение за теорија и практика на образованието, Образовни рефлексии, Скопје

364.622-785.24:316.772.2-026.571

Проф. д-р Мирослав Пендаровски
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

Александра Жежова
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Р Северна Македонија

ФЕНОМЕНОТ НА ТИШИНА ВО ГРУПА

АПСТРАКТ: Тишината е еден од најважните аспекти на невербалната комуникација, вид на невербална комуникација која е особено присутна во почетните фази од групната психосоцијална работа. Заедно со вербализацијата, тишината во групата претставува еден од најважните динамски двигатели на невербалната комуникација меѓу членовите на една група. Тишината е всушност мошне сложен групен феномен, кој не претставува само отсуство на говор, туку многу повеќе значи некаква порака, став на групата, мислење и чувство кон членовите, водачот, целите на групата или кон општата атмосфера во групата. Во овој нау;ен труд авторите ги разгледуваат психолошките феномени на тишината во групната психосоцијална работа.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: тишина, психосоцијална група, водач

THE PHENOMENON OF SILENCE IN A GROUP

ABSTRACT: One of the most important aspects of non-verbal communication is the phenomenon of silence that is especially present in the introducing phase of the psychosocial group work. Together with verbalization, the silence in group activity represents one of the most common dynamics of non-verbal communication with members of a group. Silence is a complex group phenomena, which do not represent only the mere presence of speech or total absence od speech, but much more than some message, attitude of the group, thinking and understanding of the common issues. In this study, the authors consider the psychological phenomena of the silence group in the group psychosocial work.

KEYWORDS: silence, psychosocial group, leader

ВОВЕД

Контактот меѓу членовите на една група може да се одвива преку еден од основните канали: вербалниот и невербалниот. Во групната работа, невербалниот канал е исто толку важен колку и вербалниот. Невербалниот модус на комуницирање секогаш е присутен зад секој искажан збор, реченица, став, едноставно, не може да постои говор кој не е следен од некакво телесно движење, гримаса, гестикулација, телесен став. Луѓето многу потешко ги контролираат невербалните знаци на комуникацијата заради тоа што тие се претежно несвесни а со тоа и многу поискрени, за разлика од знаците на говорот кој е најмногу поврзан со свесните мисловни процеси а со тоа е и помалку автентичен и повеќе искривен и нереален, неискрен. Особено кога на било кој начин, вербалната флуентност, говорниот контакт во групата е попречен, се јавува големата важност на невербалниот контакт.

Во таквите ситуации, како што истакнуваат Клајн и соработниците (1996), невербалните комуникациски процеси, кога вербалните отсуствуваат, во една тераписка група го добиваат своето вистинско психодинамско, продлабочено значење и можат да добијат поголема клиничка но и практична социјална пројава. Тие уште истакнуваат дека невербалните канали на комуникација особено често се појавуваат кога во групата постојат многу силни емотивни доживувања кои го спречуваат говорот. Невербалните контакти се дополнение на вербалните комуникациски процеси и се постојана контрола и регулација на говорниот комуникациски модус (според: Klein и сор., 1996).

Значи, може да се извлече заклучок дека невербалниот комуникациски модел постанува особено важен во моментите на вербална непродуктивност на групата и како дополнение на говорот и негова регулација и контрола. Во таа смисла, Клајн уште додава дека невербалниот канал на комуникација преку сите свои можни изрази може да биде:

а) Во склад со вербалната комуникација (конгруентен со говорот) или

б) Во контрадикција со вербалната комуникација/инконгруентен со говорот (според: Klein и сор., 1996).

Доколку вербалната и невербалната комуникација се во контрадикција тогаш доаѓа до т.н. "двојна врска", односно до псевдовзаемност (Klein и сор., 1996). Ова би значело, преведено на практичниот јазик дека, односите во групата кај кои говорот не соодветствува со изразот на телото, фацијалната експресија, гестикулацијата итн., укажуваат на тоа дека се работи за неискрен, псевдо контакт кој се базира на неавтентична искривена слика и испраќа различна порака од онаа која вербално се истакнува.

1. ФЕНОМЕНОТ - ТИШИНА ВО ГРУПНАТА ПСИХОСОЦИЈАЛНА РАБОТА

Тишината е еден од најважните аспекти на невербалната комуникација, односно тип на невербвална комуникација која е особено присутна во почетните фази од групната работа. Заедно со вербализацијата, тишината во група претставува еден од најважните динамички двигатели на невербалната комуникација меѓу членовите на една група. Тишината е всушност мошне сложен групен феномен, кој не претставува само отсуство на говор, туку многу повеќе значи некаква порака, став на групата, мислење и чувство кон членовите, водачот, целите на групата или кон општата атмосфера во групата. Водачот мора постојано да се обидува да ги разбира пораките и значењата на тишината во однос на членовите, целите и задачите на групата или кон него самиот во улогата на водач. Во почетните фази тишината е речиси редовно присутна и тогаш таа може да означува опасност по членовите и тие обично ја избегнуваат обидувајќи се да вербализираат само за да ја прекинат. Во таа смисла, тишината е голем предизвик како за водачот, така и за членовите на групата. Според (Ajdukovic, 1997), соочен со групниот феномен на тишина, водачот на групата може да се почувствува: беспомошен, неуспешен и без контрола над групата.

Но, да видиме што се може тишината да изразува. Таа, може да се забележи, има потенцијал да укаже на две големи категории процеси и ситуации во групата: позитивни и негативни. Кога станува збор за негативните процеси кои ги појаснува или прикажува групата или за кои пренесува порака, може да се

каже дека литературата изобилува со наоди за таквите негативни показатели на тишината. Еве некои од нив:

- Тишината предизвикува анксиозност во групата но е и израз на анксиозноста (Klein, 1996), односно таа укажува на постоење на групна напнатост и анксиозност, но во истовреме таа предизвикува анксиозност со својата егзистенција ;
- Времето поминато во групната тишина е исполнето со напнатост, тескобност. Се избегнуваат погледите меѓу членовите а се воочуваат и многу ситни вознемирени движења (Klein, 1996). Кога присуството на тишина во групата е продолжително во одреден временски период, особено во првите фази на групниот развој, членовите, но понекогаш и неискусниот и невешт водач чувствуваат напната атмосфера и тескобни чувства на нелагодност, непријатност и тенденција да се напушти таквата ситуација преку одбегнување да им се погледне на другите в очи и засраменост ;
- Тишината често е загрозувачка за членовите и кај нив предизвикува страв. Многу често, при групна тишина, членовите имаат дифузно чувство на загрозеност, дека се во некаква опасност, дека нешто ќе се случи и сл., што укажува на моќта на тишината да предизвика силни непријатни емоции. Ваквите емоции почесто се јавуваат кај поинтровертни, посензитивни индивидуи, кај оние кои се повлечени, срамежливи и/или несигурни во себе ;
- Тишината е показател на отпори во групата (Ajdukovic, 1997), односно, таа на водачот му пренесува порака дека во групата постои отпор кај некои членови да се отворат, да споделат или јасно да ги искажат своите ставови. Отпорите понекогаш доаѓаат од несигурноста и стравот кај членовите дека ќе бидат осудувани, критикувани, исмевани итн. ;
- Тишината може да укажува на незаинтересираност кај членовите на групата (Ajdukovic, 1997), околу задачите и целите на групата, околу стилот на водење од страна на водачот итн. ;
- Тишината неретко е показател на постоење прикриена агресија во групата, т.е. таа може да биде индикатор на непријателски ставови и чувства помеѓу некои членови, помеѓу некои членови и водачот на групата или помеѓу членови и групата и нејзините цели ;
- Тишината понекогаш открива несигурност на водачот и/или на членовите околу некои важни прашања какви што се: како да се изгради доверба, колку лично да се откриеме пред другите, дали групата напредува доволно брзо кон целта итн. (Ajdukovic, 1997). Таквите прашања се поставуваат преку значењето на тишината и откриваат сомнеж кај членовите и/или водачот околу продуктивноста на групата во таа смисла и може да укажат на потреба од преиспитување на постоечките цели и начини на кои се работи на нивно остварување итн.;
- Тишината може да укажува на чувства на беспомошност, безнадежност и фрустрација кај членовите и/или кај водачот во поглед на тоа дали напредуваат, дали активно се вклучени, колку целите лично им одговараат, какви се ставовите на другите кон нив и сл., односно, тишината имплицитно укажува на такви сомнежи и фрустрации и чувства на беспомошност преку перцепцијата на членовите на моментите на тишина во групата. Неретко, некои членови додека тишината трае може да помислат: "нема да успеам !", "другите не ме прифаќаат и затоа молчат !", "сигурно не се согласуваат со тоа што го

зборувам !" итн. Таквите мисли и доживувања се, многу често, погрешна интерпретација на тишината. Тоа е така особено во почетните фази се додека членовите не ја прифатат и увидат комлексноста на сите можни групни односи. Понатамошните фази кај членовите ги разбиваат сомнежите околу тишината и се повеќе ги ослободуваат во правец на прифаќање на тишината преку позитивна инерпретација и разбирање на нејзините пораки и нејзино искористување за унапредување на личното групно учество ;

» Тишината понекогаш може да укажува на постоење прикриен конфликт помеѓу членовите или членовите и водачот. Феноменот на тишина, неретко, се појавува како предупредување дека во групата постои потпраговен, премолчен конфликт кој претендира да акумулира големо количество агресија и неподносливост која може да експлодира доколку водачот не ја разбере благовремено ваквата порака на тишината и доколку не ги изнесе на површина несогласностите помеѓу членовите или помеѓу него и членовите ;

» Тишината честопати укажува на отворен напад кон водачот на групата (Klein, 1996), односно, нејзината манифестација е доказ за неслагање на членовите со неговите лични особености, ставови или пак начинот на водење на групата. Во таков случај, водачот би требало уште еднаш да си ја преиспита својата лидерска улога и да увиди кои аспекти на неговата личност или стил на водење на членовите не им одговараат и со кои тие не можат да се сложат, и, согласно тоа, да ги промени колку може или да ги прилагоди на условите во групата. Според некои автори визуелните знаци на состојбата на тишина исполнета со агресија и напад може да бидат: повремени напнати прегледувања на групата, реакции на страв, отворена или прикриена лутина, сомничавост, покривање на лицето со раце итн., кои ги оддава општата кинетика на поединецот во група ;

» Заканувачката тишина може да укажува на можен актинг-оут, т.е. тишината може да предупредува дека некој член е пред големо емоционално изразување или манифетација на силни емоции (Klein, 1996).

Сепак, тишината не само што не значи секогаш негативен показател за нарушена групна структура или динамика, односно нарушени односи, туку напротив, таа многу често е позитивен двигател на некои процеси во групата. Некои позитивни импликации и индикации на постоењето на феноменот тишина се следниве:

» Тишината укажува на увид кај членовите за нешто многу значајно во текот на процесот на групна работа (Klein, 1996), т.е. тишината неретко испраќа порака дека кај членовите се случуваат придвижувања кон поизразен личен развој, промена и надминување кои се очитуваат во последователните увиди. Тишината самата како феномен претходи на моментите на увид во групата ;

» Тишината помага во групата да се издвои значајниот вербален материјал од тривијалниот, т.е., постоењето на тишина ги поттикнува членовите да го селектираат и изнесат она што е суштинско, значајно и вредно, наместо да бегаат од реалните проблеми преку непотребни вербализации ;

- Тишината изразува позитивен личен и групен развој (Ajdukovic, 1997), односно, преку неа може да се прочита пораката дека групата се движи кон остварување на групните цели ;
- Тишината може да е знак дека се случува некаква промена, дека членовите размислуваат за новата групна ситуација или за новиот увид и поинаку ги разбираат новите состојби;
- Тишината им помага на членовите да ги обноват меѓусебните врски или да ги преускладат своите улоги и однесувања во групата (Ajdukovic, 1997). Постоењето на тишината во моментите кога се случува некакво групно преструктурирање укажува на потребата да се преиспитаат групните улоги, норми или позиции за кои мора да е свесен и самиот водач на групата ;
- Тишината ја предизвикува групата да ги надмине стереотипите и да се осмели да ја поднесува тишината како нешто важно за групата ;
- Тишината и помага на групата да ги прошири видиците и да се отвори за прифаќање на пофлексибилни ставови, мислења, доживувања.

2. УЛОГАТА НА ВОДАЧОТ НА ГРУПАТА И НЕГОВОТО СПРАВУВАЊЕ СО ФЕНОМЕНОТ - ТИШИНА

Очигледно е дека тишината е феномен кој не смее да биде занемарен, особено не од водачот на групата. Што се би можел водачот да превземе при појавата на тишина а што не би смеел ? Прво, водачот мора да ја вреднува тишината како нешто важно и да ѝ дозволи да постои онолку долго колку што на групата и е неопходно, и да остане на својот став на одржување на тишината без разлика што тоа е фрустрирачки за групата. Одржувајќи ја фрустрацијата предизвикана од тишината, тој овозможува таа да ги поттикне на активност членовите на групата (Glassman, Kates, 1990).

Тишината секогаш носи некаква порака за групната динамика, и, со оглед на тоа, водачот треба да се потруди да ја разбере автентичната порака и да процени кога е тоа позитивна тишина која треба да се поддржи а кога е тоа негативна фрустрирачка тишина која треба да се прекине. Во секој случај, водачот никогаш не треба да ја прикрива својата фрустрација и неподнесливост на феноменот Тишина преку прекумерно и непотребно зборување. Со тоа, тој оневозможува од тишината групата да извлече некоја важна корист за општа добробит на целата група. Кога водачот ќе добие порака дека тишината е отворен отпор кон него, тој треба да ги преиспита своите компетенции и однесувања во групата како и стилот на водство и да промени секогаш елементи на истите кои се неопходни заради успешна групна функција. Водачот и самиот треба да поттикнува тишина и да ја користи, како што истакнуваат Гласман и Кејтс (1990) како своевидна техника која ќе го потпомогне развојот на групата. Овие автори сугерираат дека тишината е динамска техника, покрај тоа што е дел од групните односи, со која се прикажува и обезбедува почит и подрршка на напорите на членовите кон личен развој. Кога тишината се почитува, особено при сподфелување на некој од членовите пред група, се овозможува чувство на прифатеност кај односниот член и преку рефлексија тој се подржува да биде она што е́, без разлика на групните притисоци тој секогаш да се конформира со групата (Glassman, Kates, 1990). Подршката на ваквата тишина, исто така, овозможува чувство на комоција кај членовите и делумна нивна независност од авторитетот на водачот што двострано е позитивно. Имено, преку овој процес, жленот се поттикнува да биде

слободен, искрен и автентичен а од друга страна, водачот префрла дел од својата опдговорност на членовите со што ги поттикнува на развој а себеси се заштитува од преголема одговороност и изложеност. Ваквата перцепција на тишината како техника во групната работа е одлична практична алатка за секој водач на групи во неговата борба да обезбеди и поддржи позитивни меѓучовечки односи во групата со цел да се остварат групниоте цели. За да ја упразнува успешно и етички оваа техника, водачот треба да има солидни познавања од групната структура и динамика, психологија на малата група но и практични социо-психолошки и психотераписки методи на работа со група. Тој треба самиот да ја предизвика тишината преку воочливо значајно замолчување со израз на заинтересираност, концентрација но и отсуство на пренагласени емоции а на сметка на тоа заземање неутрална благонаклонета емоционална позиција. Згора на тоа, водачот треба да има расчистено со одредени фрустрации поради кои не можел да ја поднесува групната тишина и да остане во неа се додека таа не вроди со плод, без разлика на отпорот на групата.

ЗАКЛУЧОК

Како заклучок за важноста на тишината за севкупните односи во групата, може да се посочат многуте практични и теоретски сознанија на практичарите но и теоретските концепции кои беа разгледувани. Литературата изобилува со примери како тишината го потпомага групниот процес и овозможува остварување на групните цели. Како општа напомена и заклучок за влијанието на тишината врз остварување на групните цели, може да се посочат следниве нешта:

- Почитувањето на феноменот на Тишина во група и нејзиното сериозно земање в предвид во продуктивноста на групата овозможува процес на позитивно придвижување кон целите заради фактот дека тишината секогаш испраќа порака за тоа како групата функционира, колку е ефективна, какви се односите кои го потпомагаат процесот на остварување на целите итн. ;
- Анализата и правилното разбирање на пораките на тишината го опремуваат водачот со повратна информација за тоа колку групните цели се правилно одбрани во поглед на потребите на членовите и дали има потреба од нивна модификација односно замена со други пофункционални, кои ќе предизвикаат поголемо задоволство од групното учество и поголема мотивација за членовите да ги остварат групните цели. Доколку се открие дека тишината е знак на несогласување со групните цели, тогаш таа дава знак дека групата не се движи кон целите или дека тие не одговараат на потребите на членовите или пак дека членовите не се задоволни од ангажманот и стилот на водење од страна на водачот итн. ;
- Пречестата и негативна тишина може да укаже дека постои отпор кај членовите кон целите на групата заради различни причини кои можат да ја намалат групната продуктивност во правец на постигнување на предвидените цели, што на крајот ќе резултира со неуспешен крај на една група ;
- Поддршката на тишината предизвикана заради емоционалните, интелектуалните или социјалните потреби и фрустрации кај членовите на групата, ќе придонесе кон индивидуално придвижување кон остварување на заеничките индивидуални и групни цели и ќе го зголеми

задоволството од групната припадност, ќе ја зголеми кохезивноста и ќе овозможи мотивирање на членовите да продолжат понатаму до крајниот исход - остварување на целите заради кои дошле во групата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ajdukovic, M. 1997. Grupni pristup u psihosocijalnom radu. Zagreb: Drutvo za psiholosku pomoc.
2. Alissi A. 1980. Social group work: Commitments and perspectives. In A. Alissi (Ed.), Perpspectives on social group work practice: A book of readings (pp. 5-33). New York: Free Press.
3. Glassman U., Kates L.1990. Group work: A humanistic approach. London: Sage publications.
4. Yalom & Leszcz. 2005. The theory and practice of group psychotherapy, 5th edition. Basic books.
5. Jankovic J. 2004. Savjetovanje: psihodinamski pristup. Zagreb: Etcetera.
6. Klein A. 1970. Social work through group process. New York: School of social welfare, State university of New York at Albany.
7. Klain E. 1996. Grupna analiza: grupna analiticka psihoterapija. Zagreb: Medicinska naklada.
8. Konopka G. 1983. Social group work: A helping process (3-rd edition). Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall, Inc.
9. Kutter P. 1999. Upoznajte sebe uz pomoc grupe: praksa i teorija grupne terapije. Beograd: Zarko Albulj.
10. Pendaroski M. 2011. Odnosot so adolescentot vo nastavata - eden kompleksen proces. Skopje: Prosvetno Delo, 4,.

159.942:159.923.2]:612.821

Проф. д-р Сашо Манасов
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

Екатерина Сјурдукова
Тамбовски државен универзитет „Г. Р. Державин“
Руска Федерација

“PRUNING” ПРОЦЕС, САМОКОНТРОЛА И КАПАЦИТЕТ НА ВНИМАНИЕ

АПСТРАКТ: При раѓањето, човечкиот мозок ни од далеку не е наполно оформен. Тој продолжува да се усовршува низ целиот наш живот. Нај интензивно развивање на мозокот настанува во детството.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: невронски врски, мозок, емоционална самоконтрола, генетика, навики, доживувања, емоционална интелигенција

“PRUNING” PROCESS – SELFCONTROL AND ATTENTION CAPACITY

ABSTRACT: At birth, the human brain is far from fully formed. It continues to improve throughout our lives. The most intense brain development is in childhood.

KEYWORDS: neuronal connections, brain, emotional selfcontrol, genetics, habits, experiences, emotional intelligence

ВОВЕД

Децата се раѓаат со многу повеќе неврони од оние, кои ќе останат во нивниот мозок како зрели луѓе: со помош на процес познат како **“pruning”(“поткратување“),** мозокот ги губи оние невронски врски кои не се користат доволно, а формира стабилни врски во оние синаптични точки кои се користат најмногу. **“Pruning” ги отстранува непотребните синапси.** Овој процес е постојан и брз – синаптични врски можат да се формираат за денови или дури за часови. **Доживувањето, особено во детството, го дизајнира** (ваја, оформува) **мозокот.**

1. СОЗРЕВАЊЕ НА МОЗОЧНИТЕ ЗОНИ

Револуционерни истражувања и откритие реализирале во 1997 година, добитниците на Нобеловата награда Thorsten Wiesel и David Hubel, и двајцата невролози (neuroscientists) од Велика Британија. Од сите биолошки видови, човекот има потреба од најмногу време за да неговиот мозок целосно созрее. Иако секоја мозочна зона се развива со различна брзина во детството, со почетокот на пубертетот започнува и еден од најзабележителните периоди на “pruning” (“поткратување“) на целиот мозок. Некои од зоните, кои го определуваат емоционалниот живот, созреваат најбавно. Додека сетилните зони се оформуваат уште во раното детство, а лимбичниот систем веќе дејствува пред пубертетот, претфронталниот мозок (седиште на емоционалната самоконтрола, разбирањето

и адекватни реакции) продолжува да се развива до крајот на младоста и се оформува целосно помеѓу 16 и 18 година.

Навиките за управување на емоциите, повторувани многу пати во детството и раната младост (особено преку наставниот предмет "Емоционална интелигенција"), на свој начин помагаат за оформување на овие мозочни шеми. Така детството се претвора во златна можност за оформување на емоционалните склоности за цел живот. Навиките и придобивките од детството, се инкорпорираат (вплетуваат) во основните синаптични врски (кола, шеми) на невронската архитектура и многу тешко можат да бидат променети подоцна. Поради важноста на претфронталниот мозок за управување со емоциите, исклучително долгиот период за оформување на синапсите во оваа област, можеби означува дека, во целокупниот план на мозокот, доживувањата (искуствата) на детето низ годините можат да создадат трајни врски (релации) во регулаторните шеми на емоционалниот мозок.

Без сомнение, за секоја клучна вештина поврзана со емоционалната интелигенција, има критичен период од по неколку години во раното детство. Секој таков период дава можност во детето да се утврдат корисни емоционални навики. Ако тоа не се случи, корегирањето на тие грешки подоцна може да се покаже многу по тешко. "Pruning" ("поткратување") на невронските вериги во детството може да биде основна причина за рани емоционални трауми чие искоренување може да биде тешка, повеќегодишна психотерапија.



Една од најважните емоционални лекции, прифатена уште во раното детство и усовршувана после тоа, е способноста на детето само да си најде утеха (да се смири, да ја контролира и да ја намали вознемиреноста). Детето кое се научува како да се смири ќе развие посилни врски во оваа зона и така во иднина ќе умее подобро само да се утешува кога е вознемирено.

Втор клучен систем кој продолжува да се оформува за време на целото детство е поврзан со vagus nerve ("скитнички нерв"), кој ја регулира работата на срцето и на други делови на телото, и кој истовремено испраќа сигнали на амигдалата и ѝ наредува да започне да лачи котехоламин (catecholamines) кој го спрема (пали) одговорот "бегај или бори се" ("fightorflight"). Истражувачи од Вашингтонскиот универзитет кои го проучувале влијанието на воспитувањето врз децата, откриле дека, емоционално адекватни вештини во претшколско образование придонесуваат за подобро функционирање на vagus nerve ("скитнички нерв") – да го променат тонусот на vagus nerve (тоа е мерка со која се мери колку е возбуден нервот). Така, децата по лесно го потиснуваат дејството на "скитнички нерв" и амигдалата веќе не лачи хормони кои го држат телото непрекинато мобилизирано, и на тој начин и нивното однесување станува по мирно.

Затоа во детството треба да се направи сé што е возможно, за да на детето му дадеме уште од самиот почеток насоки и вештини, кои ќе ги култивираат неговите основни емоционални вештини.

2. САМОКОНТРОЛА И ГЕНЕТИКА

Мозокот е орган кој узрева најпосле во анатомска смисла, зошто расте и се обликува до дваесет и некоја година, а мрежите за внимание (предниот цингуларен кортекс е задолжен за вниманието) се како органи што се развиваат паралелно со мозокот. Уште во рана возраст децата усвојуваат една од првите вештини за самостојна контрола на емоциите, она што има неизмерна важност за судбината во животот – како да ја владеат непокорната амигдала. Ова бара извесно внимание, способност што се буди во третата година, кога детето знае да се фокусира кога ќе посака, да ги занемари дистракциите и да го совлада нагонот.



Епигенетиката, наука за начинот на кој **околината влијае врз нашите гени,** открива дека **НАСЛЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ ГЕНИ не е доволно само по себе за да бидат тие важни. Гените имаат особина** што се сведува на биохемиски прекинувач за палење и гасење – ако никогаш не се запалат, исто е како и да ги нема. Прекинувачот за палење има многу облици: храната што ја јадеме, играта на хемиските реакции во телото, како и **што учиме и работиме.**



Најважна способност што децата ја стекнуваат во предшколка возраст со практикување емоционална интелигенција (програма "ПОЧЕТНА ПРЕДНОСТ" што се практикува во развиените држави) е: СТРАТЕШКА РАСПРЕДЕЛБА НА ВНИМАНИЕТО" (да се борат со искушенијата).

Начинот на кој децата се фокусираат е клучен за СИЛАТА НА ВОЛЈАТА. Најновите истражувања ја покажуваат извонредната важност на силата на волјата во обликување на текот на животот. Во извршното внимание се наоѓа клучот на

самоконтрола. **Таа моќ да се фокусираме на едно нешто и да занемариме сé друго ја одржува силата на волјата која е суштина на авторегулацијата.**

3. ТАЛЕНТ И САМОСВЕСНОСТ

Способноста да забележиме дека нé обзема вознемиреност и да преземеме чекори да се фокусираме, повторно лежи во САМОСВЕСТА, односно САМОКОНТРОЛАТА. Тоа (метазнаење) ни овозможува да го држиме умот во состојба што е погодна за задачата што ја извршуваме во тој момент, било да се тоа математички проблеми, рецепт за готвење, продажен разговор и слично. За што и да имаме најголема дарба (талент), **САМОСВЕСТА ЌЕ НИ ПОМОГНЕ ДА ЈА ПОКАЖЕМЕ ВО НАЈДОБРА СВЕТЛИНА.**

Прашање: Зошто лица со голем потенцијал за учење (и за други активности) понекогаш доаѓаат во тешкотии?

Одговор: Според когнитивната наука (и според најнови истражувања во неврологијата), нивниот **капацитет на внимание е ОГРАНИЧЕН.**

"Оперативниот ум" е **ОБЕМ НА ВНИМАНИЕ** кое ни дозволува да ги опфатиме фактите што се неопходни за исполнување на дадена активност. Тој е место каде се среќаваат МИСЛИТЕ и ЕМОЦИИТЕ. Ни овозможува да ги зачуваме информациите кои се поврзани со тековна активност.

"Оперативниот ум" создава тесно грло (потребен капацитет) кое ни дозволува да имаме во умот определено количество податоци во одреден момент. Кај човек што поседува **ОГРАНИЧЕН КАПАЦИТЕТ НА ВНИМАНИЕ**, неговиот намален капацитет го исполнуваат **ГРИЖИТЕ** (небитни мисли кои го стеснуваат протокот на податоци).

Намалениот капацитет на внимание (кој е недоволен за сеопфатно реализирање на определена активност), може да се зголеми со користење на вештини на емоционална вештина и фокусирано внимание.

Меѓу повеќе нијанси и видови внимание, две се исклучително **важни** за самосвеста:

» **Селективно внимание:** овозможува да се фокусираме на една цел и да ги занемариме сите други.
» **Отворено внимание:** овозможува да примаме информации во широк опсег во светот околу нас и во светот во нас, како и да ги забележиме (ВООЧИМЕ) фините навестувања што инаку би ги пропуштиле.

Крајностите кај овие два вида: **прекумерна фокусираност на само една цел** или прекумерна отвореност кон случувањата околу нас – може наполно да нé спречат да бидеме самосвесни. Извршната функција подразбира СВЕСТ ЗА НАШИТЕ МЕНТАЛНИ СОСТОЈБИ – тоа ни допушта да го следиме својот фокус и да го одржуваме во саканата состојба.

Извршната функција (како што понекогаш се нарекува КОГНИТИВНАТА КОНТРОЛА) може да се научи. Учењето на овие вештини кај децата од предучилишна возраст ги прави многу поподготвени за училишното време, отколку високиот коефициент на интелигенцијата или фактот дека веќе научиле да читаат. Наставниците сакаат ученици со добра извршна функција олицетворена во самодисциплина, контрола на вниманието и способност за противставување на искушенијата. Таквите извршни функции навестуваат добри резултати по математика и по читање во текот на школувањето.

Се разбира дека тоа не важи само за децата. **Таа сила да ја насочиме фокусираноста на еден предмет и да ги занемариме другите, ја сочинуваат СРЦЕВИНАТА НА СИЛАТА НА ВОЛЈАТА.**

Во арената на нашиот ум, силата на волјата претставува боречки двобој меѓу рационалниот и емоционалниот ум. **Силата на волјата ни го одржува фокусот на целите**, и покрај примамливоста на нагоните, страстите, навиките и копнежите. Таа когнитивна контрола претставува ментален систем за **“ладење“** што вложува напори да истраеме на своите цели, без оглед на нашите **“жешки“** емоционални реакции – брзи, нагонски и автоматски.



Слика: Крајности на селективно и отворено внимание

Прекумерна фокусираност само на една цел или прекумерна отвореност кон случувањата околу нас, може **наполно да нé спречат** да бидеме **САМОСВЕСНИ.**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Howard Gardner and Thomas Hatch, "Multiple Intelligences Go to School", Educational Researcher, 2008.
2. Daniel Goleman, "The Psychology of SelfDeception (лукавство)", New York, 2005
3. С. Манасов и И. Манасов, "Емоционална писменост и современ бизнис", Скопје, 2019.
4. Sasho Manasov, "Inteligentni sistemi", Slavjanski Univerzitet, Skopje, 2018.

616.89-008.441.42-053.6

Д-р Вангелица Гаврилова
Проф. д-р Ѓорѓина Ќимова
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

АНОРЕКСИЈАТА - ПРОБЛЕМ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТНАТА ПОПУЛАЦИЈА

АПСТРАКТ: Убавиот надворешен изглед дава сигурност во себе, поголемо вреднување од страна на околината при што понекогаш овозможува и полесна општествена комуникација. Но, доколку посветеноста на изгледот премине одредени граници и телесниот изглед стане опсесија, често се доведува до растројството аноректична, за кое родителите и околината не секогаш се доволно информирани, поради што касно реагираат. Станува збор за болест на исхраната, но и начин на кој личноста се обидува да се справи со своите емоционални проблеми, перфекционализмот, самопочитта.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: аноректична, адолесценти, опсесија, исхрана, растројство

ANOREXIA - A PROBLEM IN ADOLESCENT POPULATION

ABSTRACT: Pretty appearance gives self-confidence, greater appreciation by the environment that sometimes enables easier communication. However, if this commitment to appearance exceeds certain limits and the appearance of the body becomes an obsession, it often leads to anorexia disorder, of which parents and the environment are not always sufficiently informed, as a result of which they react too late. It is an eating disorder, but also a way for a person to try to deal with his emotional problems, perfectionism, self-esteem.

KEYWORDS: anorexia, adolescents, obsession, nutrition, disorder

Аноректичната е често присутна кај адолесцентите. Кај аноректичната има еден цел спектар на специфично однесување, психопатологија и соматски нарушувања. Специфичното однесување е поврзано со исхраната, со волевото самоизгладнување, а основната идеја е што повеќе да се ослаби, односно личноста е целосно насочена кон губење на тежината. Тоа вклучува одбирање на храна која е нискокалорична, прескокнување на оброци, ексцесивно вежбање, повремено земање на пургативи, лаксативи. Со оглед на тоа што ваквото однесување најчесто започнува во периодот на адолесценција, најчесто родителите сметаат дека тоа е добро што нивното дете води грижа за сопственото тело и изглед, така што почетокот поминува доста тивко и незабележано, а всушност може да биде вовед во многу тешко нарушување, бидејќи во самата основа на овој психички проблем лежи патолошкиот страв од храна, односно следствената дебелина. Овие личности и кога ќе стигнат до степен на целосна слабост и изгледаат како „костури", тие всушност самите себе се гледаат во огледало како дебела личност, па дури и се чувствуваат така.

Под болести на исхрана, генерално, се подразбира нарушување на поведението врзано за јадењето, било да станува збор за недоволно внесување на храна или пак преземање на драстични мерки за намалување на телесната тежина. Општо земено растројствата во исхраната вклучуваат негативни чувства кон храната, како и силен дистрес околу телесниот изглед на личноста. Следствено, оваа група на растројства директно влијаат врз функционирањето на телото, па затоа можат да бидат живото загрозувачки, и заслужуваат сериозен пристап. Иако при¬чи¬ните за многу фаталните заболу¬вања може да ги бараме во непра¬ви¬лната исхрана и начин на живот, сепак, кога се збо¬ру¬ва за забо¬лу¬ва¬њата на исхра¬ната, кон¬кретно се мисли на група забо¬лу¬вања кои сво-јот корен го имаат во само¬кри¬ти¬ката, нега¬тив¬ните мисли за сво¬јот изглед и тело, одбив¬но-ста кон хра¬ната, екстрем¬ното нама¬лу¬вање на вне¬сот на храна или пак пре¬ја¬дување, како и навики на јадење кои го нару¬шу¬ваат нор¬ма¬лното функ¬ци¬о¬ни¬рање на телото. Овие навики речиси секо¬гаш се про¬сле¬дени со форми на депре¬сија. Во оваа група забо¬лу¬вања спа¬ѓаат: ано¬рек¬сија, були¬мија и редица забо¬лу¬вања кои не се одде¬лно опре¬де¬лени поради слич¬но-ста. Она што е важно е дека овој тип на забо¬лу¬вања подеднакво ги пого¬ду¬ваат сите опште¬ствени сло¬еви, а нив¬ниот исход може да биде трагичен.

Разбирањето на поимот за растројства во исхраната бара уважување на концептот за преценети убедувања. Иако многу лекари ја сметаат психопатологијата која лежи во основата на абнормалната исхрана како опсесивно-компулсивно однесување или како продукт на делузивни верувања, ниеден од тие концепти не ги опфаќа адекватно, ниту ја преставува карактеристичната и есенцијалната психопатологија, која најчесто се гледа кај растројствата во исхраната. Преценетите верувања, кои стојат зад повеќето акти на тероризам во светот, се движечка сила кај повеќето растројства во исхраната. Преценетите верувања се дефинираат како културно нормативни убедувања, кои одредуваат несразмерна и управувачка страст во животот на индивидуата и кои доминираат со нејзините мисли, емоции и однесување. Однесувањата кои произлегуваат од овие преценети верувања, во своите екстреми, се ризични и го загрозуваат животот без оглед на тоа дали се опасни за индивидуата (аноreксија) или пак за животот на другите (тероризам). Овие верувања не се фиксни, ниту погрешни, како што се тие кај делузиите, не се его-дистонични мисли или однесувања кои постојат кај опсесивно-компулсивното растројство. Размислувањата за намалување на телесната тежина се културен норматив во Америка, меѓутоа, кога секој буден момент и расположение се врти околу преовладувачкото значење на витоста и како таа да се постигне, тогаш тоа претставува психопатолошка категорија, која најдобро се опишува како преценето верување. Разбирањето на природата и дефиницијата за преценетите верувања е неопходно во третманот на растројствата во исхраната на сеопфатен и долгорочен начин.

Постојат разумни обиди за поставување на дијагноза за растројства во исхраната преку биографски анализи на историските фигури, како што е Лорд Бајрон, но тие дијагнози се помалку сигурни од оние кои се добиваат врз основа на медицинските извештаи за специфични случаи. Ричард Мортон, дворски лекар во Англија, опишал два случаи во 1689 година - момче и девојче - кои прилично добро одговараат на сегашните дијагностички критериуми за аноreксија нервоза.

Пациентите биле млади луѓе„со грижи на умот" кои се изгладнувале до исцрпеност без некаква медицинска причина.

Иако самоизгладнувањето многу често денес се означува како анорексија, особините на овој термин се под знак прашалник, бидејќи растројството не е резултат на вистинска анорексија или губење на апетитот, особено во почетокот, како што е случајот со анорексијата кај канцер. Кај иницијалното губење на апетитот не постои абнормалност на мозочните механизми, која би го започнала процесот кон целосно изразен анорексичен синдром, губењето на апетитот настанува во случаите на силна исцрпеност, најверојатно поради кетозата, но степенот на медицинската анорексија повторно варира.

Современите етиолошки размислувања за растројствата во исхраната се околу неколку принципи и интегративната парадигма. Прво, растројствата во исхраната претставуваат бихејвиорални растројства. Може да се присутни сите останати фактори (преценување на витоста, дисторзија во сликата за сопственото тело), но не се поставува дијагноза без абнормалности во исхраната. Растројствата во исхраната на некој начин претставуваат„крадење"на нормалните, невробиолошки регулирани однесувања во исхраната, кои стануваат искривени и се отфрлаат сè додека абнормалните модели на исхраната не станат автономни, како одговор на континуираниот порив за витост и невробиолошкиот страв кој ја условува нормалната телесна тежина. Анорексијата се смета како најсериозен проблем со исхраната кај младата популација, а има мултифакторска етиологија и тешки медицински компликации. Адолесценцијата се смета како најважен развоен фактор кој го зголемува ризикот за овие болести, особено кај девојчињата кои опфаќаат 90 % од болните.

Анорексијата е синдром кој се карактеризира со три есенцијални критериуми. Првиот е самопредизвикано гладување до сигнификантен степен-однесување. Вториот е немилосрден поход по витост и /или морбиден страв од дебелеење-психопатологија. Есенцијалната психопатологија е цврсто поврзана со преценетите убедувања, пред сè, преценетата виткост. Психопатолошкиот мотив за слабеење е особено истакнат кај Американците, додека морбидниот страв од дебелеење, фобично избегнување на нормалната телесна тежина е понагласен кај Британците. Третиот критериум е присуство на медицински знаци и симптоми на изгладнувањето-физиолошка симптоматологија. Во минатото специфичен критериум била аменореа во траење од барем три месеци.

Денес анорексијата спаѓа во групата на психогени растројства при кои потребата за независност на адолесцентот се судира со преголемата контрола од страна на родителите. Ваквата битка се вклопува во културниот контекст кој дава голема вредност токму на телесниот изглед. Рестрикцијата на калориите води до протеинска и калориска малнутриција, придружена со промени на функцијата на ендокриниот, кардиоваскуларниот, бубрежниот и гастроинтестиналниот систем. Класично, кај анорексијата апетитот останува нормален, иако постои силна рестрикција на храната. Болеста ментална анорексија предизвикува голем интерес во современата медицина затоа што бројот на заболени рапидно се зголемува. Инциденцијата е дуплирана во последните две децении, а се смета дека заболуваат 1-2 девојки од 100. Само половина од заболените можат да ја повратат телесната тежина, 5-10 % завршуваат со смрт, околу 6 % имаат компликации, додека 2-3 % извршуваат самоубиство. Со ваквите бројки анорексијата станува сериозен проблем за лекарите, за педијатрите, за психолозите или за психијатрите. Типични

пациенти со ментална анорексија се девојките или младите жени на возраст од 13-20 години, чиј губиток на телесната маса е 15-25 %, со што тие го привлекуваат вниманието на околината и затоа се носат на лекар. Со оглед на тоа што ваков губиток на тежината може да биде од најразлични причини, медицинската евалуација се наметнува како примарна. Се преземаат испитувања како што се: биохемиски анализи на крвта, ацидобазната рамнотежа, урината, анализи на црниот дроб, бубрегот, централниот нервен систем и сл., а потоа, се анализираат навиките на исхраната: колкав е внесот, во кои интервали, каква е елиминацијата, дали има или нема повраќање.

Во денешницата анорексичните девојки се опишуваат како перфектни деца, со високи академски постигања, без да манифестираат некои особености во поведението или емоциите во споредба со нивните врсници. Тие се интелигентни, имаат добри вербални способности, но се нефлексибилни во мисловниот процес. Во нивниот мисловен процес, доминира силен страв од здебелување и речиси не постои желба да излезе од оваа ситуација. Тие работат многу, учат, добиваат високи оценки, а од друга страна, не престануваат со физичките активности како фискултура, аеробик вежби, гимнастички или други вежби. Како да не чувствуваат никаков замор, ниту пречки во функционирањето. Типичните девојки кои имаат анорексија припаѓаат на средни или повисоки класи, со високи цели на постигања, ригидни се во смисла на она што е право а што криво, посебно го вреднуваат телесниот изглед поради што си наметнуваат ригорозни физички вежби. Во групата на анорексични болни можат да се сретнат најчесто професионални балерини, атлетичарки, манекенки или актерки. Родителите на овие девојки обично се строги, имаат силна контрола врз нивното поведение, ако навидум ги поддржуваат. Често во историјата на семејството може да се сретне член кој исто така имал проблеми со телесната тежина. Иако горенаведените карактеристики се класични, анорексичните можат да имаат најразновидни варијации во психолошкиот или во семејниот профил.

Нарушувањата во расположението, анскиозните и опсесивно-компулсивните растројства во детството, како и раното појавување на перфекционистички црти на личноста се важни предиспонирачки фактори на ранливост за развој на растројства во исхраната, особено анорексија нервоза. Кај младите девојки со разнишана самодоверба, на кои им се префрла од семејството или пријателите, или пак, од коментари на авторитативни фигури (лекари, медицински сестри, наставници, тренери), дека треба да ја намалат телесната тежина, се зголемува ранливоста. Често се мери тежината кај учениците без посебна потреба, што неретко резултира со долготраен дистрес. Се на се, студиите на близнаци сугерираат дека околу 17-46 % од варијантите на анорексија и булимија се припишуваат на фактори од средината кои не им се заеднички.

Најчести психолошки фактори кои доведуваат до развој на анорексијата се: ниско самопочитување, чувство на неадекватност или недостиг на контрола над сопствениот живот, депресија, анксиозност, бес или осаменост, болни емоции или стрес. Најважно е рано поставување на дијагнозата и брзо спроведување на лекувањето. Лекувањето е мултидимензионално и подразбира медицинско лекување (болничко) кога е неопходно; психолошко лекување (психотерапија или друг вид на терапија) како и поддршка во групи и социјално ангажирање.

Психотерапијата е неопходна уште од почетокот на лекувањето на анорексијата. Според тоа, покрај воспоставувањето на нормална телесна тежина

и прекинувањето на абнормалните однесувања и претераното вежбање, дел од третманот треба да се насочи кон основната психопатологија на растројството во исхраната. Клучни елементи во третманот се различните психотерапевтски техники кои имаат за цел модифицирање и промена на основните патолошки убедувања и другите дополнителни психопатолошки проблеми. Доказите се на страна на третманите базирани врз когнитивно-бихејвиоралната терапија, слични на тие кои се ефикасни кај булимија нервоза но со нешто помал ефект кај анорексија поради медицинскиот статус на изгладнетите пациенти како и поради етичката неприфатливост на случајниот избор на ниту една психотерапија.

Дополнителни психотерапевтски интервенции кои се базираат на интерперсоналните терапии семејната терапија или психодинамично ориентираните терапии - особено оние кои ја користат само психологијата и фокалните аналитички пристапи - исто така се ефикасни. Едноставната промена на абнормалните однесувања преку бихејвиоралните техники на награда и казна не се покажале како корисни и биле ефикасни само краткорочно, зашто им овозможувале на пациентите брзо со јадење да се извлечат од болница, без притоа да се променат преценетите верувања и искривени когниции. Основата на психотерапевтскиот третман е успешно ангажирање и поврзување со пациентите, зголемување на нивната самосвесност и мотивација за промена, како и нивно убедување и помагање да ги препознаат, предизвикаат и заменат своите преценети верувања кои се однесуваат на желбата за витост, нивниот страв од дебелина како и прифаќање на здравата нормална индивидуализирана телесна тежина и вештините за саморегулација. За адолесцентните пациенти со анорексија нервоза, студиите покажуваат дека за позитивен исход неопходно е вклучување на семејството преку различни елементи на семејна едукација, советување, обучување и терапија, која се инкорпорира во третманот. Индивидуалниот, групниот и семејниот контекст на психотерапијата се ефикасни кога се применуваат во комбинација, која е соодветна за возраста на пациентот.

Индивидуалната психотерапија, индивидуалното психолошко советување, особено когнитивно-бихејвиоралната или интерперсоналната психотерапија, групната психотерапија која го користи когнитивно-бихејвиоралниот пристап и семејната или брачната психотерапија во досегашните истражувања се покажале како успешни при третманот на анорексија. Луѓето со нарушување на исхраната често не препознаваат и не признаваат дека се болни. Токму затоа, може силно да се спротивставуваат на почетокот на лекувањето. Членовите на семејството или другите блиски личности, можат многу да бидат од корист при следењето на личноста која страда од нарушувања во исхраната за придржување кон третманот на рехабилитација. Кај некои личности лекувањето може да биде долготрајно.

Во повеќе истражувања и во повеќе случаи семејната психотерапија се покажала како поуспешна од индивидуалната терапија. И покрај тоа што овој тип на психотерапија, може да функционира добро за децата и родителите, има потенцијал во интимните врски да создаде борба за превласт и да го наруши еднаквото партнерство. Постојат повеќе видови на семејна психотерапија, кои се покажале дека имаат ефект при третман на анорексија кај адолесцентите, вклучувајќи ја и таканаречената обединувачка семејна терапија, во која родителите и детето се состануваат истовремено со ист терапевт, одделна семејна терапија, во која детето и родителите учествуваат во терапијата одделно, со различни терапевти. Без разлика на видот на семејната терапија, се покажало дека со

нејзина помош, 75 % од пациентите имаат одличен исход, а 15 % среден исход од оваа терапија. Застапниците на семејната терапија за адолесценти, тврдат дека е од есенцијална важност да се вклучат родителите во лекувањето на адолесцентот.

Терапевтите кои се најуспешни во работата со пациенти со растројства во исхраната, комбинираат непосесивна срдечност, слобода од контрола или хиерархиски релации кои се засноваат на моќ. Солидно познавање на психотерапевтските вештини, нормалниот човечки развој, семејната динамика и социокултурните влијанија, разбирање на невробиологијата на храната и регулацијата на телесната тежина, како и медицинската симптоматологија на растројствата на исхраната како и капацитет за работа во тим и како лидер.

ЗАКЛУЧОК

Многу ретко личноста која страда од анорексија бара помош за својот проблем, поради што е приоритетно навремено да се нотираат промените во исхраната, но и да се добие психолошка поддршка од стручни лица. Клучна улога има, пред сè, семејството како и останатата социјална средина која ја опкружува. Во случувањата со оваа деструктивна исцрпувачка болест, од особена важност е личноста да се дефокусира од илузијата кон совршенство и да се насочи со љубов и надеж кон подобро, реално утре.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Higgins, A. (2018) The Neurobiology of Anorexia Nervosa, IntechOpen Limited, London
2. Mayo Clinic Staff, (2018) Anorexia nervosa
3. https://www.mayoclinic.org/diseases-conditions/anorexia-nervosa/symptoms-causes/syc-20353591?p=1
4. Копланс и Садок, (2012) Сеопфатен учебник по Психијатрија, Табернакул, Скопје
5. Brown, H. (2007), Brave Girl Eating, A Family's Struggle with Anorexia, Harper Collins E-Books
6. Поп-Јорданова Н., (2005) Анорексија и булимија најчести болести на исхраната, Култура, Скопје

316.624.2:37-057.874

Д-р Валентина Клопчевска
ООУ „Владо Тасевски“ – Скопје
Р. Северна Македонија

Игор Клопчевски
Р. Северна Македонија

УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

АПСТРАКТ: Во овој труд ќе бидат обработени податоци за улогата на училиштето и наставниците како значаен фактор за спречување на малолетничкиот криминалитет и улогата на училиштето во превенција. Малолетничкиот криминалитет ќе биде набљудуван од различни аспекти. Феноменолошкиот или првиот аспект, овде ќе ги проучуваме облиците, појавите, структурата и динамиката на криминалното однесување. Друг аспект се факторите кои доведуваат до малолетнички криминалитет и нивната етиолошка димензија.

Цел на трудот: Да се направи анализа на влијанието на училиштето во превенција на малолетничкиот криминалитет, неговата воспитна функција, која претставува сложен и есенцијален проблем, бидејќи преку неа се прекршуваат:социјалниот, општествениот и моралниот аспект на малолетникот.

Материјали и методи: Направена е писмена анкета, односно анонимен прашалник за ученици од средно образование кои се малолетни и немат наполнето 18 години и преку анализа на добиените резултати да се надмине појавата на малолетничкиот криминалитет, при што се добиени следните резултати:Вкупно се анкетирани 140 ученици средношколци од Скопје од кои машки се 84, женски 56, а по национален состав:Македонци се 55, Албанци 37, Роми 9, останати 18. Не се изјасниле 21.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: криминалитет, училиште, малолетници, превенција

THE ROLE OF THE SCHOOL IN THE PREVENTION OF JUVENILE DELINQUENCY DURING A PANDEMIC

ABSTRACT: This paper will process data on the role of the school and teachers as an important factor in preventing juvenile delinquency and the role of the school in prevention. Juvenile delinquency will be monitored from different angles. Phenomenological or the first aspect, here we will study the forms, phenomena, structure and dynamics of criminal behavior. Another aspect is the factors that lead to juvenile delinquency and their etiological dimension.

Aim of the paper: To analyze the impact of the school in the prevention of juvenile delinquency, its educational function, which is a complex and essential problem, because it violates: the social, social and moral aspects of the juvenile.

Materials and methods: A written survey was conducted, ie an anonymous questionnaire for high school students who are minors and have not reached 18 years of age and by analyzing the obtained results to overcome the occurrence of juvenile crime, where the following results were obtained: A total of 140 were surveyed high school students from Skopje, of which 84 are male, 56 female, and by national composition: Macedonians are 55, Albanians 37, Roma 9, other 18. 21 did not declare themselves.

KEYWORDS: crime, school, juveniles, prevention

ВОВЕД

Во нашето општество во сегашни услови младиот човек сè уште не може да ги задоволи своите егзистенцијални потреби на припадност, не може да го пронајде својот идентитет и својата вредносна ориентација и затоа станува оттуѓен, пасивен и неспособен за револуционерни променина сегашните општествено-дезорганизирани односи.

За појавата на малолетничкиот криминалитет помеѓу средношколците е многу деликатно да се говори и најнапред би требало да се запрашаме и за неговите причинители, последици, бидејки ова претставува значаен општествен проблем, во кое доаѓа до нарушување на социјалното однесување кај младите, се кршат општествено прифатените норми на однесување на малолетникот. Криминалитетот кај младите заслужува целосно внимание, со цел да се намали и влијанието на училиштето во превенција. Со појавата на пандемијата се зголеми сиромаштијата кај нашите граѓани која претставува ризичен фактор за појавата на неприфатливо однесување кај младите. Недостатокот насмисла за поседување на систем на вредности се огледува во нивното барањесмисла во себе и смислата на животот, во деструктивното, асоцијалнотооднесување, во вандализмот, егоизмот и себичноста, во препуштањето нанагонските побуди, злоупотребата на дрога и алкохол, на самоволието,насилството и криминалитетот, кои претставуваат последици од воспитувањето без вредности. Системското и континуираното следење и проучување на малолетничкатаделиквенција и другите општествени појави релевантни за неговиот обем икарактеристики се неопходен услов за успешно планирање, програмирање икреирање на политики за спречување на појавата на на малолетничкатаделиквенција и подобрување на положбата на децата и младите.

Училиштето не смее да ја ограничи својата функција на пренесување на знаења, навики и умеења и во време на пандемија треба да влијае превентивно кај младите. Нетрпеливоста кај младите честите одсуства од настава, нетолеранција помеѓу себе, родителите и општествената средина, придонесуваат за појавата на криминалитет меѓу средношколците.

Воспитно-образовниот процес како внатрешно, така и надворешно треба да се фокусира на основните категории, како и потребата да се влијае врз оформувањето на современата физиономија.

ЕТИОЛОГИЈА И СОЦИО-ПАТОЛОШКИ ПОЈАВИ КАЈ МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

Постојат многу теоретски објаснувања за појавата на малолетничкиот криминалитет (па и на малолетникот), кои според преовладувачкото мислење можат да се поделат во две големи групи:оние кои при објаснувањето на престапничкото поведение во прв план ги стават индивидуалните карактеристики на сторителот и вторите, кои тргнуваат од средината во која лицето живее. Кога се работи на за малолетничкиот криминалитет, таа поделба би моќела да се објаснува да ги сведе два вида:

1) Оние кои сметаат дека био-психо конструкцијата на малолетникот е од одлучувачко влијание за престапничкото однесување на младите и

2) Оние кои акцентот го стават на општественото опкружување.[1]

Во структурата на малолетничката деликвенција, по обем и општествени последици социјално-патолошките појави се наоѓаат пред криминалитетот и останатите видови на престапништва. Тие се во толкава мера изразени во малолетничката популација, што примаат обележја на болест поврзана за младоста, особено кога станува збор за алкохолизам, наркоманија или проституција. Влијанието на алкохолот и наркотиците врз здравјето на младитее значително поизразено, за разлика од возрасните, но со појавата на пандемијата е во пораст. Медицинските испитувања утврдиле дека организмот на младите е 10-20 пати почувствителен на овие средства и дека тие директно се одразуваат на нивното здравје. Недостатокот на одредени витамини, но и консумирање на некои адитиви кои се додаваат во намирници можат да влијаат врз агресивното и неконтролираното криминално однесување на младите, ниското ниво на шеќер (хипогликемија). Изучувањето на хромозомските абнормалности (структура XSS), исто така, се многу популарни во криминологијата која е биолошки ориентирана.

Малолетничкиот криминалитет опфаќа практично многу однесувања, кои не можат да се сметаат како деликвентни во законска смисла, како што се : непослушност, пушење без дозвола, бегање од дома и од училиште, отсуство на почитување на другите луге, скитање и сл.

Миграцијата од руралните во урбаните средини предизвикува стресови и конфликти, судар на традиционалната форма со новата, станбена криза, и придружни проблеми кои често водат до одделни облици на деликвентно однесување.

ВЛИЈАНИЕТО НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНЦИЈА

Училиштето претставува воспитно-образовна институција, во кои воспитната и образовната компонента се интегрирани. Во практика евидентно е нарушување на ова единство, односно видно занемарување на воспитната функција на училиштето, а со тоа и негативни последици врз однесувањето на младите во сите сегменти на животот.

Во услови на современо микро семејство, кога живеат само родители и деца, невработеноста на родителите поради појавата на пандемија, урбаните промени и слично, влијаат врз остварувањето на воспитната функција кај малолетниците. Оттука воспитната функција се повеќе се наметнува на училиштето, но поради пандемијата и он-лајн наставата станува многу покомплексна и потешка за

1. Ѓорѓе Игнатовиќ, Зборник на трудови, Малолетничка правда, од идеја до практика, издавач, Полициска академија-Скопје, 2008, стр 72

остварување. Но, сепак во нашите училишта се уште е изразена интелектуалната компонента, наспроти социо-емоционалниот развој на учениците.

Инцидентите се почести и несоодветното однесување на младите е се поактуелно. Училиштето тртеба да се сврти кон воспитната компонента, кон развивање на други аспекти од развојот на младата личност, а посебно социо-моралниот, социо-економскиот, мотивациониот и волевиот аспект, бидејки овие компоненти се неопходни за остварување на воспитната функција на соодветен и практичен начин.

Животниот пат и особините на личноста на малолетникот по правило имаат влијание на настанатата положба од социјална потреба. Поради тоа, добивањето на целосни релевантни информации за одделните лични, средински и други статусни белези на малолетникот за социјалниот работник, педагогот и психологот, имаат особено значење во дијагностицирањето или квалификацијата на секој случај.

Нашето истражување е извршено во средно стручно училиште он-лајн во кое се анкетирани 140 ученици од кои 84 се машки и 56 се женски, ова можеме да го видиме на следната табела:

Пол	Фреквенца	Проценти
Машки	84	61,42
Женски	56	46,42
Вкупно	140	100,00

Табела бр. 1.

Учениците се анкетирани и по национален состав, за да видиме колку влијае средината и семејството за појавата на малолетничкиот криминалитет.

Национален состав	Фреквенца	Проценти
Македонци	55	39,28
Албанци	37	26,42
Роми	9	6,42
Останати	18	12,85
Не се изјасниле	21	15,00
Вкупно	140	100,00

Табела бр.2.

Овие податоци можеме да ги видиме на следниот графикон:

Графикон бр. 1.

Честопати учениците својот криминалитет го повторуваат, затоа ги прашавме колку од нив ги повторуваат своите дела , при што ги добивме следните податоци:

Повторување на прекршоци	Фреквенца	проценти
многу често	46	32,85
често	23	16,42
ретко	41	29,28
никогаш	12	8,57
без одговор	18	12,85
Вкупно	140	100.00

Табела. Бр.3

Од податоците во табелата можеме да заклучиме дена младите многу често или 32,85% многу често ги повторуваат прекршоците, 16,42% често, ретко се изјасниле 29,28%, никогаш 8,57% и без одговор се 12,85%.

ПРИОРИТЕТИ НА НАСТАВАТА ЗА ВОСПИТНО ДЕЛУВАЊЕ

Програмата во училиштата и функцијата на училиштето во современи услови повеќе се ориентирани на образовниот, за разлика од воспитниот аспект на младиот човек, но во време на пандемија треба де се почитуваат приоритетите. Во таквиот систем недостасува изградувањето на морални норми, на позитивни ставови и на карактерот на личноста, бидејќи програмата е неусогласена со физичките и психичките можности и потреби на младите, нивниот интерес и нивните желби.

Воспитната функција на училиштето е многу сложен и есенцијален проблем, за да може успешно да се реализаита особено сега во време на пандемија, треба успешно да се реализира и за да се задоволат потребите на учениците, потребни се многу промени. Воспитниот аспект иако се одвива он-лајн треба да реализира програми за воспитно делување кои се изработуваат на почетокот на учебната година.

Основна задача на училиштето е да развива:

» Солидарнос-како потреба за заедничко дејствување и материјално морална подршка.

- » Кооперативност (соработка)- основна вредност која се темели на интерактивно учење.
- » Взаемна помош, која е последица на емпатично однесување во моменти на негативни чувства со другите и потреба да им се помогне на оние на кои им е потребна помош.
- » Емпатија која ќе значи соживување со другиот и висок степен на интеракција и комуницирање.

Да го форматираме образованието и да го подигнеме квалитетот за да можеме да се носиме со предизвиците на новото време и кризата која ни ја наметнува пандемијата. Мора да постојат посебни програми и планови кои поаѓаат од добро познавање на појавата, нивните карак-те-ристики, обемот и причината и во кои прецизно, врз основа на сознанијата на науката и искуствата од пракса, ги одредуваат целите, задачите, содржината, методите, мерките и носителите на динамиката.

ЗАКЛУЧОК

Воспитната улога на училиштето има потреба од итна реарфимација. Попречувањето и сузбивањето на деликтите сторени од оваа категоријалица се разликува од постапките кон сторителите на возраст над 18 години.Овде во прв ред треба да се се става акцент на превентивните мерки.Најголемиот број предложени мерки се однесуваат на семејството иучилиштето. Испитаниците ги предлагаат следните мерки: Разговор на родителите со малолетникот, поголема претпазливост од родителите, Ограничување на времето за излегување, пружање на поголема љубов и внимание, помагање на младите во депресивни ситуации и ситуации наздодевност, бидејќи поради тоа младите најчесто се одлучуваат на деликвентно однесување, подобри односи во семејството, воспитување на децата од мали нозе, разговарање за проблемите, построги правила во училиштата, разговор за последиците на деликвентното однесување, квалитетно поминување на слободното време. Потребно е да се изготви систем за вреднување на однесувањето на учениците , механизам за работа во група, чувство на припадност во групата, колаборативни односи, самодоверба, да се потикнива социо-емоционалниот развој, но не смееме да ја занемариме и улогата на родителите.

ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за малолетничка правда „Службен весник на РМ" бр, 87/07,103/08,161/08;
2. Стеван Алексоски, Криминална психологија: (Психосоцијалните фактори на престапништвото на младите), Штип; Прилеп: Педагошки факултет „Гоце Делчев" : П.П.Елвор, 1997 (Кочани : Младост);
3. Татјана Велкова, Повторот кај малолетните сторители на кривични дела, 1999;
4. Д-р Љупчо Арнаудовски, Виолета Чачева, Повторот и повторниците (Повторот кај сторителите на кривични дела), Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при универзитет „Кирил и Методиј" - Скопје, 1979 година;
5. Стеван Алексоски, Криминологија, Штип, 2009 година
6. Бошкович, М, Криминологија, 2006, Нови Сад;
7. Ѓорѓе Игнатовиќ, Зборник на трудови, Малолетничка правда, од идеја до практика, издавач, Полициска академија-Скопје, 2008, стр 72
8. Dinitz, S, The Antisocial Personality, Forensic psychiatry and psychology, F.A Davis, Company, Philadelphia;
9. H. Mannhein, Sumary of the Third Internacional Congress of Criminology, London,1975

376.091-056.26/.36:364-787.7(4)

Доц. д-р Горица Поповска Налевска
Проф. д-р Анита Ристеска
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

АПСТРАКТ: Еден од приоритетите на Европската Унија во областа на високото образование претставува градењето на инклузивен и поврзан систем на високо образование. Инклузијата во високото образование значи поголема вклученост на недоволно претставените групи и групите со посебни потреби во процесот на високото образование. Полека се напушта пристапот дека високообразовниот процес треба да биде само елитистички и ексклузивен, и постепено се свртува кон демократски и инклузивен. И покрај соодветните законски предуслови кои декларативно обезбедуваат спроведување на разумно прилагодување на образовниот систем кон индивидуалните потреби на лицата со попреченост, младите со попреченост се одлучуваат да студираат во помала мера. Една од причините е несоодветниот систем за поддршка во контекст на високото образование. Следејќи го примерот и позитивните искуства од европските држави од формирањето и работата на Центрите за поддршка на студентите со попреченост во трудот презентираме модел на Центар за подршка на студентите со попреченост кој може да биде имплементиран во склоп на универзитетите и факултетите во нашата земја.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: студенти со попреченост, инклузија, високо образование, Центри за поддршка

IMPROVING THE QUALITY OF STUDY OF STUDENTS WITH DISABILITIES BY ESTABLISHING SUPPORT CENTERS FOR STUDENTS WITH DISABILITIES

ABSTRACT: One of the priorities of the European Union in the field of higher education is to build an inclusive and connected system of higher education. Inclusion in higher education means greater involvement of underrepresented groups and groups with special needs in the higher education process. The approach that the higher education process should be only elitist and exclusive is slowly being abandoned, and it is gradually shifting to a democratic and inclusive one. Despite the appropriate legal preconditions that declaratively ensure the implementation of a reasonable adaptation of the education system to the individual needs of persons with disabilities, young people with disabilities decide to study to a lesser extent. One of the reasons is the inadequate support system in the context of higher education. Following the example and positive experiences from European countries from the establishment and operation of the Centers for Support of Students with Disabilities, in this paper

we present a model of the Center for Support of Students with Disabilities that can be implemented within universities and faculties in our country.

KEYWORDS: students with disabilities, inclusion, higher education, Support Centers

ВОВЕД

Клучен принцип за остварување на инклузијата е менување и прилагодување на општествената заедница така што ќе може да ги подржи сите свои членови без разлика на различноста. Инклузивно општество е она кое го подржува, помогнува и олеснува вклучувањето во општествените текови на сите членови вклучувајќи ги и членовите со различна попреченост. Тенденција на повеќето држави во светот е развивање политики за промовирање на инклузијата како важен процес во демократските општества, преку кој се дава еднаква можност за сите и максимална флексибилност во задоволување на специфичните и општествените потреби на поединецот. Имајќи предвид дека инклузијата претставува развоен и динамичен процес, развојното ниво на инклузијата во различни земји се одвива со различно темпо.

Инклузијата во образованието претставува процес на меѓусебно уважување на различноста на секој ученик и на неговите потреби, каде ученикот е во центарот на вниманието, а образовниот систем се справува со предизвиците исправени пред сите ученици. Флексибилноста на образовниот системот се рефлектира и врз методите и материјалите што се користат за да им се овозможи на студентите најефикасен пристап до редовните наставни програми. Суштината на инклузивното образование не е само воспитание и образование на деца и млади со попреченост. Клучните елементи на инклузивната настава во чиј центар се сите деца и млади се: овозможување повеќе патишта на учење; поттикнување кооперативно учење; создавање целисходни наставни можности; развивање атрактивни и флексибилни наставни средини; преосмислување на стратегиите за оценување и менување на улогата на наставниците. "Вклучувањето е процес на решавање и одговарање на разновидноста на потребите на сите ученици преку зголемување на учеството во учењето, културите и заедниците...Тоа вклучува промени и екс-содржини, пристапи, структури и стратегии, со заедничка визија дека ги вклучува сите деца од соодветната возраст и со убедувањето дека редовниот образовен систем е одговорен за образованието на сите деца ". (УНЕСКО, 1994). Во поширока смисла образовната инклузија е целосна воспитно-образовна концепција, постојан и комплексен процес, перманентен и сеопфатен пристап, специфична воспитна филозофија и единствена образовна политика, т.е. прилагодување на сите услови, средината за учење, очекуваните резултати, задачите, наставните форми, методи и се што е потребно за ученикот да напредува во учењето, однесувањето и развојот на сите потенцијали на неговата личност... поаѓајќи од поединецот до целокупната општествена заедница, се треба да биде во духот на инклузијата за целосно да успее.

Инклузивното образование како интегрална компонента на целокупниот образовен систем кој овозможува соодветно образование за сите, ги распознава и почитува различните потреби и способности вклучувајќи различни стратегии на учење. Флексибилноста на системот се рефлектира врз методите и материјалите кои се користат за да им се овозможи на децата со попреченост најефикасен пристап до редовните наставни програми (Јачова, 2002). Инклузивното

образование треба постојано да трпи промени и да се прилагодува на потребите на учениците и студентите со попреченост. Сепак, сеуште постојат многу предизвици пред инклузивното образование, не само во нашата држава, туку и во рамки на Европа. Во земјите постојат многу сличности но и разлики во политичкото уредување и практики кои се применуваат кон спроведување на инклузивното образование. Промените се неопходни, а тие подразбираат и спроведување на законски рамки кои нема да бидат двосмислени, спроведување на соодветни практики и изготвување на студии кои ќе го дополнат квантумот на знаење, практики и компетенции.

МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ НА КОИ СЕ ЗАСНОВА ОБРАЗОВНАТА ИНКЛУЗИЈАТА

Образованието, несомнено, претставува еден од основните постулати, столб на секое општество, без исклучок. Темелите на инклузивното општество произлегуваат и се аналогија на градењето инклузивно образование, бидејќи неспорен е фактот според кој од образованието произлегуваат ученици кои утре ќе станат граѓани на државата, носители на севкупните општествени текови, промени и вредности. Генералните интенции на институциите во нашата држава се националните политики да ги насочат кон креирање инклузивно општество на принципот еднакви права за сите, според кој секој човек има еднакви права иможности, односно почитување на индивидуалните разлики.

Република Северна Македонија е потписник на значајни меѓународни и стратешки документи на кои се заснова инклузивното образование:

- Универзална Декларација на човековите права (10 Декември, 1948)
- Конвенција за правата на детето (ратификувана од РМ 1993 год.)
- Соопштение од Саламанка (1994)
- Светски форум за образование на сите и Рамка за дејствување (Дакар, 2000)
- Конвенцијата на правата на лицата со попреченост (ратификувана од РМ во декември 2011 год.)

Со ратификацијата на Конвенцијата на правата на лицата со попреченост земјата е обврзана да ги почитува индивидуалните и колективните права на граѓаните со попреченост и да создаде целосни услови за нивно остварување како на национално така и на локално ниво.

Извесно е дека воспитанието и образованието на децата и младите со попреченост во нашата земја не се потпира врз долга традиција. Во развојниот период од шеесетина години преземени се следните активности:

- нормативно е регулиран флексибилен систем на воспитание и образование;
- создадена е мрежа на установи што ги задоволува постојните потреби;
- утврден е систем на финансирање;
- обезбеден е задолжителен тимски преглед од соодветни стручни комисии за секое дете пред упатување во соодветна институција;
- воспитно - обазовниот процес се реализира според наставни планови и програми кои содржат специфичности, со што не се доведуваат во прашање општите образовни цели.

Општествените и демократските предизвици со кои се соочуваат земјите не само во Европската Унија, туку насекаде во светот, покажуваат дека високото образование има важна улога во решавање на тие предизвици. Токму поради тоа Европската Унија ја препознава важноста на тоа да се има квалитетно високо образование и со досегашната поддршка во областа на високото образование преку финансиска помош и со политика на соработка, покажува значителен успех. Еден од приоритетите на Европската Унија во областа на високото образование претставува градењето на инклузивен и поврзан систем на високо образование. Инклузијата во високото образование значи поголема вклученост на недоволно претставените групи и групите со посебни потреби во процесот на високото образование. Полека се напушта пристапот дека високообразовниот процес треба да биде само елитистички и ексклузивен, и постепено се свртува кон демократски и инклузивен. Затоа е важно високообразовните институции да ги редефинираат своите мисии, цели и визии и во нив да ги интегрираат демократските и инклузивни принципи.

Инклузијата во процесот на високото образование значи вклучување на сите учесници во процесот на високото образование, без разлика дали се работи за студенти со попреченост, маргинализирани групи на студенти, посебни категории, или надарени и талентирани студенти. Ова значи многу повеќе од само финансиска поддршка на тие студенти, иако и таа е неопходна за студентите кои доаѓаат од семејства со ниски приходи. Идејата за инклузија значи на сите да им се понудат еднакви и фер можности за учење и напредок, овозможување на време, простор, алатки и знаење преку учење и подучување. Овој пристап во образованието бара индивидуален пристап кон секој студент, и студентот се гледа како личност што заслужува внимание, помош, разбирање за да може да постигне успех понатаму. Успехот на инклузивното образование значи прифаќање, разбирање и следење на студентските различности и посебности, и тоа вклучува повеќе аспекти, како физички, когнитивен, академски, социјален и емоционален аспект. Главната идеја во овој процес е сите студенти да се чувствуваат еднакво, со исти можности, да се чувствуваат добредојдено, без разлика на тоа од каде доаѓаат, со какви можности и од какви услови. Ова значи дека во пракса инклузивното образование треба да биде длабоко вкоренето во наставниот план и програма, а не само конкретна интервенција за решавање на проблеми.

Проблемот на еднакви можности во контекст на високото образование се забележува во рамките на поширокатa тема на социјалната димензија во образованието, што е дефинирано во основните документи на Болоњскиот процес (Прашко комунике (2001), Берлинско комунике (2003), Бергенско комунике (2005), Лондонско комунике (2007)).[1] Социјалната димензија на високото образование е институционална мерка што придонесува и поттикнува еднакви можности за запишување на студиите, за време на траењето и крајот на студиите, со посебен акцент на студентите од недоволно застапени групи, кои вклучуваат и студенти со попреченост (Farnell, 2011). Социјалната димензија на високото образование подразбира дека високообразовните институции мора да играат важна улога во намалувањето на социјалните нееднаквости преку поттикнување поголема вклученост на студентите од ранливите социјални групи и со отстранување на пречките за нивно запишување и завршување.

1. http://www.iro.hr/hr/javne-politike-visokog-obrazovanja/pravo-na-obrazovanje/medjunarodni-dokumenti/

Споменатите основни документи на Болоњскиот процес ја охрабруваат и истакнуваат идејата за еднакви можности на сите за пристап до високото образование засновани врз нивните способности (Farnell i Kovač, 2010).

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ОДНОС НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА СТУДЕНТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Попрецизен пристап кон дефинирање на концептот на попреченост беше овозможен со објавувањето на Меѓународната класификација на оштетувања, попречености и хендикеп на Светската здравствена организација во 1980 година. Говорејќи за лица со попреченост, овој документ обезбедува класификација во три ставки: оштетување, попреченост и хендикеп. Оштетување е секоја загуба или отстапување од нормалната ментална, физиолошка или анатомска структура или функција. Попреченост значи какво било ограничување или недостаток (што произлегува од оштетување) на способноста да се изврши активност на начин или до степен што се смета за нормален за човечко суштество. Попреченост, според тоа, значи објективизирање на оштетувањето и на тој начин ги рефлектира нарушувањата на ниво на личноста. Хендикеп е недостаток на одредена индивидуа, што се јавува поради оштетување или попреченост, и го ограничува или спречува да ја исполни својата природна улога во општеството (во зависност од возраста, полот и социјалните и културните фактори). Хендикепот произлегува од непостигнувањата или неможноста за прилагодување на очекувањата или социјалните норми (Marinić, 2008). Најновата верзија на Класификацијата на функционирање, попреченост и здравје на Светската здравствена организација во 2001 година, гледа на функционирањето и попреченоста на индивидуата како резултат на интеракцијата на физичката или менталната состојба на една личност и социјалното и физичкото опкружување. Според оваа класификација, попреченоста не е карактеристика на една личност, туку на низа фактори кои ја создаваат општествената средина.

Во однос на терминологијата во Република Северна Македонија, согласно Извештај на УНИЦЕФ (2014) преку кој се мапираа организациите кои работат во оваа област, токму организациите се изјасниле дека како најсоодветни термини ги прифаќаат „лица со посебни потреби" или „лица со попреченост", но постои голема разноликост и поделеност. Па, така се употребуваат и други термини, како „лица со инвалидност" , „лица со хендикеп", „лица со атипичен развој", „лица со потешкотии во развојот".

Правилникот за оценка на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој (чл.4, Службен весник на РМ бр. 172/2016 год.) ја врши следната класификација:

- лица со попреченост во менталниот развој (лесна, умерена, тешка и длабока)
- лица со оштетен вид (слабовидни и слепи);
- лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
- лица со пречки во телесниот развој;
- лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
- лица со аутизам и друго первазивно развојно растројство;
- хронично болни лица;
- лица со повеќе видови на попреченост (комбинирани пречки во развојот).

Релеванти истражувања покажуваат дека студентите со попреченост се недоволно застапени во високото образование (Macleod and Cebula, 2009). Но, сепак, бројот на студенти со попреченост постојано се зголемува на универзитетите (Department of Education and Training, 2014). Студентите со попреченост продолжуваат да бидат растечка демографска група на факултетските и универзитетските кампуси (Sanford et al., 2011). Според Hurst and Smerdon (2000), 63 % од сите средношколци со попреченост се запишуваат на високообразовните институции. Поголем број од студентите со попреченост имаат тешкотии во учењето, АДХД и нарушувања во менталното здравје (Raue and Lewis, 2011). Голем број од студентите со попреченост се соочуваат со значителни пречки кои негативно се рефлектираат на нивните искуства во високото образование. Во академските институции не постојат ресурси што ќе го направат високото образование подостапно за студентите со различна инвалидност (телесно и сензорно оштетување) ниту, пак, се одвојуваат доволно финансиски средства за физичка адаптација на објектите наменети за теоретска и практична настава, а непостои ни посебен фонд за асистивна технологија и за друга аадаптирана опрема со која би се зголемила ефикасноста во образовниот процес. Архитектонската недостапност на високо образовните институции, недостатокот на психосоцијална поддршка, негативните социјални ставови и социјалната изолација, како и недостатокот на финансиски средства влијаат врз успехот и инклузијата на студентите со инвалидност во високото образование. (Ramot and Feldman, 2003).

Alliston, (2011); Lombardi and Murray, (2011); Cook et al. (2009), истакнуваат дека факултетскиот персонал од женски пол покажува поголемо знаење за попреченостите, подготвеност за прифаќање и поддршка на студентите со попреченост. Резултатите од други истражувања укажуваат дека персоналот што имал контакт со студенти со попреченост има попозитивни ставови кон инклузијата на студентите со попреченост (Bourke, Strehorn and Silver, 2000). Универзитетскиот персонал кој имал почесто контакт со студентите со попреченост покажал и поголеми познавања за попреченоста. (Lombardi and Murray, 2011). Некои студии укажуваат дека универзитетскиот персонал нема солидно разбирање за законодавната институционална политика за инклузија на студентите со попреченост (Abu-Hamour, 2013; Katsiyannis, Zhang, Landmark and Reber, 2009; Murray, Flannery and Wren, 2008).

Во истражувањето „Анализа на условите за лицата со посебни потреби во рамките на средното и високото образование“спроведено во Република Северна Македонија од страна на Младинскиот образовен форум (2018) изнесени се клучните заклучоци:

- недостига јасно дефинирана законска рамка за високото образование на лицата со посебни потреби;
- недостигаат архитектонски услови т.е физички пристап внатре и надвор во високообразовните институции;
- недостигаат прилагодени хидиенски услови (функционални тоалети) за одредени студенти со посебни потреби;
- најголем дел од вработениот наставен кадар не е подготвен за работа со студенти со различен вид на попреченост;
- недостаток на прилагодени материјали за учење (книги, учебници, скрипти);
- недостаток од приспособување на наставата, начините на проверка и оценување на знаењата на студентите со попреченост;

» непостоење на асистивна технологија во најголем дел од високообразовните институции.

Овозможувањето на вертикална проодност во образованието последниве години само малку ја измени сликата за продолжување на високо образование на младите луѓе со попреченост. Недоволно мотивирачкото средно образование, како и недоволната поддршка понатаму и придонесува високото образование сеуште да не е предизвик за оваа група младинци. Оние кои се решаваат да бидат дел од високообразовниот процес се соочуваат со низа проблеми. Инклузивното високо образование мора да биде дел од заложбите за инклузивното образование воопшто.

Како особено важни за процесот на поголема инклузија на лицата со попреченост е воспоставувањето на Национален регистар на лица со попреченост. Во нашата земја не постои сигурен и систематски начин за собирање податоци за лица со попреченост односно нема регистар на лица со попреченост ниту број на ученици/студенти со попреченост. За потребите и подготовката на овој научен труд направена е анализа на документација со која располагаат единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, а која се однесува на бројот на активни студенти со попреченост на додипломски студии во учебната 2020/2021 и дипломирани студенти во последните пет години 2016-2021. Резултатите се презентирани во Табела 1.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје		
Единици	активни студенти со попреченост во 2020/21	дипломирани студенти со попреченост во период 2016-2021
Градежен факултет	2	
Правен факултет „Јустинијан Први“	1	2
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер	1	1
Факултет за земјоделски науки и храна	1	/
Фармацевтски факултет	4	/
Филозофски факултет	9	10
Филолошки факултет „Блаже Конески“	6	2
Машински факултет	/	1
Факултет за електотехника и информациски технологии	1	1
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“	5	2
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола		
Факултет за туризам и угостителство	/	3
Висока медицинска школа	/	1
Економски факултет	3	1
Факултет за информатички и комуникациски технологии	/	1
Вкупно	33	25

Табела 1. Запишани студенти со попреченост во 2020/21 и дипломирани студенти со попреченост во период 2016 - 2021

Од добиените резултати можеме да видиме дека во 2020/21 година имаме мал пораст на студенти со попреченост во однос на изминатите пет години, но очиглено е дека бројките се незначителни во однос на вкупниот број на запишани студенти и на двата Универзитети. Исто така не постојат истражувања во кои е направена статистичка анализа колку од запишаните студенти со попреченост го завршиле/не го завршиле високото образование, што секако може да претставува предмет за ново истражување.

ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

И покрај соодветните законски предуслови кои декларативно обезбедуваат спроведување на разумно прилагодување на образовниот систем кон индивидуалните потреби на лицата со попреченост, младите со попреченост се одлучуваат да студираат во помала мера. Причините за ова можат да бидат различни: од архитектонските бариери, сопствените и ставовите на животната средина за вештините и способностите на лицата со попреченост, но и честопати несоодветниот систем за поддршка во контекст на високото образование. Со цел да им обезбеди на сегашните и идните студенти со попреченост услови за квалитетно и подеднакво достапно образование и успешно студирање, голем дел од универзитетете во светот, меѓу кои и универзитети од држави на Балканскиот полуостров (Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Словенија) формираа универзитетски центри/канцеларии за студенти со попреченост кои обезбедуваат поддршка при прилагодување на часовите и испитите според видот на попреченост, обезбедуваат поддршка при решавање на специфичните потреби на студентите со попреченост, информирање и сензибилизација на академската заедница, информирање на сегашните и потенцијалните студенти со попреченост за можностите за поддршка во рамките на Универзитетот односно подобрување на квалитетот на студирање на студентите со попреченост.

Следејќи го примерот и позитивните искуства од формирањето и работата на Центрите за поддршка на студентите со попреченост во трудот презентираме модел на Центар за подршка на студентите со попреченост кој може да биде имплементиран во склоп на универзитетите и факултетите во нашата земја.

Инклузивноста во една високообразовна институција значи менување на целокупната клима на образовниот процес во таа институција, посветен тим кој ќе се труди не само да ја внесе инклузијата како поим во институцијата, туку и да се погрижи тие принципи и правила да се имплеменитраат, да се почитуваат и да се надградуваат.

Еден од условите за успешна инклузија е обезбедување тимски приод при решавањето на проблемите и задоволувањето на потребите на студентите од ранливите групи. Така, поддршката при спроведувањето на инклузивните процеси во рамките на Универзитетот треба да биде обезбедена од страна на Центарот за поддршка на студентите со попреченост кој треба да се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на универзитетот, односно да раководи и ги спроведува сите инклузивни процеси, соработува со професорите што се вклучени во образовниот процес на студентите со попреченост, со цел да се најдат оптимални решенија за сите тешкотии и предизвици со кои може да се соочат. Центарот треба да работи во координација со менторите на студентите со цел да се овозможи тимски приод и услугата да се адресира транспарентно.

Работата на Центарот треба да биде водена од страна на координатор за советодавна работа со студентите со попреченост, Совет на Центарот составен од членови од редот на наставниот кадар на Универзитетот од области релевантни за работата на Центарот и претставник од редот на студентите со попреченост.

Предлог активности кои треба да ги реализира Центарот за поддршка на студентите со попреченост се:

ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ.

Во нашата земја не постои сигурен и систематски начин за собирање податоци за лица со попреченост односно нема регистар на лица со попреченост ниту број на ученици/студенти со попреченост. Центарот може да формира регистар на студенти на попреченост во рамките на соодветниот Универзитет/факултет преку пополнување на анкетни прашалници со запишаните студенти со попреченост креку кои ќе се собираат искуства и информации за потребите на студентите, со цел да се испланираат активностите на Центарот, но и со цел да се следат индикаторите за зголемување на пристапот до поквалитетно високо образование.

КРЕИРАЊЕ ВЕБ-СТРАНИЦА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Веб – страницата треба да содржи информации за активностите на Центарот, поддршка што студентите можат да ја добијат врз основа на попреченост во системот на високо образование, објавување стипендии, конкурси и слично, едукативни материјали (брошури, прирачници...) и слично.

СТУДЕНТИ-АСИСТЕНТИ ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Еден од клучните проблеми на студентите со попреченост се однесува на просторната пристапност. Просторните бариери го попречуваат и/или спречуваат пристапот, движењето, престојот, работата и образованието (Barić и сор., 2012). Со цел да се надминат просторните бариери, но и да се промовира социјалната димензија на високото образование, пожелно е ангажирање на студенти асистенти кои ќе им даваат поддршка на студентите со попреченост. Поддршката за студенти со попреченост претежно треба да вклучува поддршка за доаѓање/одење на факултет и движење низ областа, поддршка за решавање на некои административни процедури, поддршка за набавка на литература и фотокопирање, сето тоа во согласност со претходно дефинираните потреби на студентите со попреченост. Покрај промовирањето на социјалната димензија на високото образование, оваа активност обезбедува соодветна и неопходна поддршка на студентите со попреченост, додека ангажирањето студентски асистенти презема чекори за да ја сензибилизира академската заедница за специфичностите на студирање на студентите со попреченост.

ИФОРМИРАЊЕ И СЕНЗИБИЛИЗИРАЊЕ НА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОДНОС НА СТУДИРАЊЕТО НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Ваквата активност подразбира континуирано реализирање на трибини, предавања, работилници со академската заеница со цел нивно информирање, сензибилизирање и едуцирање за спесифичните состојби на студентите со попреченост, но и нивните можности, способности и начини како поуспешно

да бидат вклучени во сите општествени текови и активности. Интерактивните средби и предавања ќе им овозможат на академската заедница директно да ги слушнат искуствата на студентите со попреченост и со тоа да направат чекор кон сензибилизирање на академската заедница за специфичностите на студирањето на студентите со попреченост. Досегашното искуство и истражувањата укажуваат на тоа дека спроведувањето на образованието пред се за наставниците, а потоа и административниот персонал за специфичностите и начините на прилагодување на академското опкружување на студентите со попреченост е крајно неопходно.

ИНДИВИДАЛИЗИРАНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

Промовирањето на индивидуализиран пристап во наставата подразбира мноштво прилагодувања, пред сè, наставни методи и техники, на одреден студент со попреченост за да не се загрозат дефинираните академски стандарди (Fajdetić и сор., 2012). Клучни бариери за високото образование за студентите со попреченост често се недоволната сензибилизираност и едуцираност на наставниот кадар за соодветно прилагодување на наставата и начинот на следење на постигнувањата на студентите со попреченост. Обврска на наставниците е да им овозможат на сите свои студенти да стекнат еднакви резултати на учење на таков начин што учениците со попреченост нема да бидат ослободени од одредени активности, туку да најдат креативни начини преку кои студентите ќе ги исполнат барањата на одделните наставни содржини и покрај нивните тешкотии. Сепак, прилагодувањето на академските активности кон специфичните потреби на студентите со попреченост честопати недостасува како резултат на нефлексибилноста на универзитетскиот персонал или недостаток на знаење, вештини и компетенции за начините и методите на прилагодување, како резултат на недостаток на јасни упатства или процедури за справување со студенти со попреченост. Последица е дека или се намалува квалитетот на студиите или се намалува можноста за пристап до студентски обврски и права. Имено, еден од начините за изедначување на можностите за студирање на студенти со попреченост е адаптација на технологијата за испитување, која, во зависност од видот на попреченоста, може да вклучува употреба на специјални помагала, прилагодени материјали за испитување, продолжено време на испит, замена на писмениот испит со усмен и слични форми на прилагодување во зависност од попреченоста.

СЛЕДЕЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Квалитетот во науката и високото образование е мултидимензионален и динамичен концепт, во кој акцентот е ставен на исполнување на општо прифатените стандарди и очекувања на општеството како целина, стремејќи се кон континуирано подобрување на сите процеси и нивните исходи. Во високото образование, осигурувањето на квалитетот е сеопфатен поим кој обично вклучува политики, процеси, активности и механизми со кои се препознава, одржува и развива квалитетот на високото образование. Некои од индикаторите за квалитет во високото образование во контекст на студентите со попреченост може да бидат: интересот за студирање на лицата со попреченост, достапни ресурси за студенти со попреченост, број на студенти со попреченост, постигнатиот успех на студенти

со попреченост на испити, напуштање на студиите на студенти со попреченост, дипломирани студенти со попреченост и сл. Неопходно е изготвување на Правилник за студирање на студентите со попреченост и Акционен план за одреден временски период во кој ќе се планираат активностите за подобрување на квалитетот на студирање на студентите со попреченост.

СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ НА ПОЛЕТО НА СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Меѓусебната соработка ќе овозможи вмрежување, размена на искуства, заеднички активности и реализирани проекти, од кои крајната цел е подобрување на условите за социјална и образовна инклузија на лицата со попреченост. Искуствата покажуваат дека преку проектни активности и грантови може да се подобри инфраструктурната пристапност, опремување на кабинетите со соодветни дидактички помагала и ассистивна технологија, семинари за наставниот кадар и сл.

ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Промотивно-презентациските активности треба да се спроведуваат со цел информирање на сегашните и идните студенти со попреченост за работата на Центарот и за правата и поддршката што можат да ја добијат. Активностите треба да вклучуваат изработка на тематски летоци, едукативни брошури, снимани видеа, промотивни штандови кои ќе бидат од информативен карактер не само за тековните и идните студенти со попреченост туку и за поширокатa јавност.

ЗАКЛУЧОК

Инклузијата во образованието претставува процес на меѓусебно уважување на различноста на секој ученик/студент и на неговите потреби, каде што ученикот е во центарот на вниманието, а образовниот систем треба да се справи со предизвиците исправени пред сите учесници. Ова подразбира материјална, финансиска и кадровска подготвеност на високообразовните институции да одговорат на потребите на различните студенти, овозможување на наставни програми и помагала што ќе бидат адаптирани на индивидуалните капацитети и потреби и ќе одговараат на нивните афинитети. И покрај постоечкото законодавство и политики, истражувањата покажуваат дека дискриминацијата врз основ на ментална и телесна попреченост е широко распространет феномен во државата. Перцепцијата за дискриминацијата врз основ на ментална и телесна попреченост е доста висока - 42%. (Поповиќ, Михаиловска, 2013). Доколку овие податоци се споредат со податоците од, на пример, образованието и вработувањето на лицата со попреченост, шансите за самостоен живот, мобилност и учество во креирањето на политиките и донесувањето одлуки, огромната разлика меѓу перцепцијата и праксата станува многу очигледна.

Студентите со попреченост продолжуваат да бидат растечка демографска група на факултетските и универзитетските единици. Во академските институции не постојат ресурси што ќе го направат високото образование подостапно за студентите со различна попреченост ниту пак, се одвојуваат доволно финансиски средства за физичка адаптација на објектите наменети за теоретска и практична настава, а не постои ниту посебен фонд за асистивна технологија и за друга

адаптирана опрема со која би се зголемила ефикасноста во образовниот процес (Dimitrova-Radojičić, 2019).

Архитектонската недостапност на високообразовните институции, недостатокот на психосоцијална поддршка, негативните социјални ставови и социјалната изолација, како и недостатокот на финансиски средства, влијаат врз успехот и инклузијата на студентите со инвалидност во високото образование. Затоа, за да им станат достапни академските институции на лицата со инвалидност, важно е соодветно и наменски да се проектираат буџетските средства во државата, а и на самите универзитети (Ramot and Feldman, 2003); покрај стипендиите за студентите треба да се обезбедат средства за физичко адаптирање на објектите наменети за високообразовна дејност, набавка на компјутери, асистивна технологија и друга адаптирана опрема за поефикасно следење и совладување на програмските содржини (Dimitrova-Radojičić, 2019).

Неопходна е потребата од спроведување на сериозни реформи со кој ќе се подобрат условите за лицата со попреченост во високо образование, психосоцијалната поддршка, сервисите за поддршка и независно живеење, подигнување на јавната свест и борба за искоренување на дискриминацијата. Со основањето на Центар за поддршка на студентите со попреченост ќе се направи значаен чекор кон препознавање на важноста на еднаквите можности во образованието и обезбедување услови за квалитетно и подеднакво достапно и успешно студирање на студенти со попреченост. Активностите на Центарот ќе ги преземат првите чекори кон имплементација на законски регулаторни и стратешки документи кои ја нагласуваат обврската на високообразовните институции да ги изедначат можностите на студентите со попреченост во системот на високо образование.

ЛИТЕРАТУРА

1. Abu-Hamour, B. (2013). Faculty Attitudes toward Students with Disabilities in a Public University in Jordan. International Education Studies, 6(12), pp. 74-81.
2. Alliston, J. R. (2011). Postsecondary education of students with disabilities: Review of faculty and of students with disabilities perceptions for training. PhD. Re-trieved from ProQuest Dissertations & Theses Global.
3. Barić, A., Dolanc, I., Haničar, E., Pavlović, N., Španić, D., Udiljak-Bugarinovski, Z. (2012). Prostorna pristupačnost. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu.
4. Bourke, A. B., Strehorn, K. C., and Silver, P. (2000). Faculty members' provision of in-structional accommodations to students with LD. Journal of Learning Disabiliti-es, 33(1), pp. 26-32.
5. Cook, L., Rumrill, P. D., and Tankersley, M. (2009). Priorities and understanding of fac-ulty members regarding college students with disabilities. International Journal of Teaching and Learning in Higher Education, 21, pp. 84-96
6. Department of Education and Training. 2014. Appendix 5: Equity Performance Data for 2013. Available at: http://docs.education. gov.au/documents/2013-appendix-5-equity-performance-data [Accessed 20 Apr. 2018]
7. Dimitrova-Radojičić D, (2019). Attitudes and knowledge about inclusive education of students with visual impairment: Elementary and high school teachers, 7th ICEVI Balkan conference "Free access, real educational inclusion and unlimited technology", Sofia, Bulgaria.
8. Fajdetić, A., Farnell, T., Jokić-Begić, N., Miholić, D., Pribanić, Lj., Sekušak-Galešev, S. (2012). Opće smjernice. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu.

9. Farnell, T. (2007). Ljudsko pravo na visoko obrazovanje u Hrvatskoj. Političko obrazovanje, 3(3-4), 103-110.
10. Farnell, T., Kovač, V. (2010). Uklanjanje nepravednosti u visokom obrazovanju: prema politici» proširivanja sudjelovanja «u Hrvatskoj. Journal Revija za socijalnu politiku,Vol.17 Iss.2 pp.257-275.
11. Hurst, D., and Smerdon, B. (Eds.). (2000). Postsecondary students with disabilities: Enroll-ment, services, and persistence. Washington, DC: U.S. Department of Education, Office of Educational Research and Improvement.
12. Јачова З. Самарџиска Панова Љ. Лешковски И. Ивановска М. (2002), Прирачник за проектот инклузија на деца со посебни образовни потреби во редовните училишта во РМ. Скопје: Биро за развој на образованието.
13. Lombardi, A. R., and Murray, C. (2011). Measuring university faculty attitudes toward disability: Willingness to accommodate and adopt Universal Design principles. Journal of Vocational Rehabilitation, 34(1), pp. 43-56. Lombardi, A., C. Murray, and J. Kowitt. 2016. "Social Support and Academic Success for College Students with Disabilities: Do Relationship Types Matter?" Journal of Vocational Rehabilitation, 44, pp. 1-13.
14. Marinić, M. (2008). Jesu li osobe s invaliditetom «invalidi»? Pitanje konceptualne naravi, ali i potreba izjednačavanja mogućnosti. Društvena istraživanja, 17(1-2), 93-94.
15. Macleod, G., and Cebula, K. R. (2009). Experiences of disabled students in initial teacher education. Cambridge Journal of Education,39, pp. 457-472.
16. Младинскиот образовен форум, (2018). Анализа на условите за лицата со посебни потреби во рамките на средното и високото образование, Скопје: ФООМ.
17. Поповиќ, М. Михаиловска, Ј. (2013). Барометар на еднакви можности. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.
18. Raue, K., and Lewis, L. (2011). Students with disabilities at degree-granting postsecondary institutions. (NCES2011-018). U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics. Washington, DC: U.S. Government Printing Office.
19. Ramot, A., and Feldman, D. (2003). Providing accessibility of the Hebrew University for people with disabilities, Har Hatzofim campus, Jerusalem. Shekel — community services for the disabled, the Israeli center for accessibility (Hebrew).
20. Sanford, C., Newman, L., Wagner, M., Cameto, R., Knokey, A., and Shaver, D. (2011, Sep-tember). The Post-High School Outcomes of Young Adults with Disabilities up to 6 years After High School: Key Findings from the National Longitudinal Transition Study2 (NLTS2). (NCSER 2011-3004). Menlo Park, CA: SRI International.
21. Закон за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09),
22. UNESKO (1994). The Salamanca Statement and Framework on Special Needs Edukation. Paris: UNESKO.
23. УНИЦЕФ, (Декември, 2014), Извештај за Мапирање на организациите во областа на попреченост, Скопје, стр. 14.
24. Закон за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09).

37.018.48
37.018.43:004]:616.98:578.834
37.011.3-051:[37.018.43:004}:616.98:578.834

Доц. д-р Горица Поповска Налевска
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

ВАЖНОСТА НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈОТ НА ДИГИТАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ

АПСТРАКТ: Развојот и унапредувањето на концептот на доживотно учење е неопходно за успешна транзиција кон општество и економија втемелена на знаење. Во последниве години, се позастапено е мислењето дека формалното (традиционално) образование не одговара на потребите на младите за „новата писменост" што „дојде" со „нова технологија".
Пандемијата предизвикана од Ковид 19 отвори многу прашања за начинот на функционирање на образовниот процес, но најмногу проблеми беа поврзани со подготвеноста на наставниците за соочување со дигиталната настава. Преминот од кабинетска настава во дигитална настава не е воопшто едноставен зафат, поради тоа што освен соодветна техничка инфраструктура ја наметна и потребата од одредено ниво на познавање дигитални вештини и компетенции, но и педагошки вештини потребни за новиот менаџмент во училниците. Оттука фокусот на овој научен труд е ставен на потребата од професионален развој на наставниците за развивање на нивните дигитални компетенции.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: доживотно учење, наставници, дигитални компетенции, професионален развој

THE IMPORTANCE OF LIFELONG LEARNING AND THE DEVELOPMENT OF TEACHERS' DIGITAL COMPETENCIES

ABSTRACT: The development and advancement of the concept of lifelong learning is essential for a successful transition to a knowledge-based society and economy. In recent years, there has been a growing perception that formal (traditional) education does not meet the needs of young people for the "new literacy" that "came" with "new technology".
The pandemic caused by Covid 19 raised many questions about how the educational process works, but most of the problems were related to the readiness of teachers to face digital teaching. The transition from classroom teaching to digital teaching is not an easy task at all, because in addition to the appropriate technical infrastructure, it has imposed the need for a certain level of knowledge of digital skills and competencies, but also pedagogical skills needed for new classroom management. Hence the focus of this scientific paper is on the need for professional development of teachers for raising their digital competencies.

KEYWORDS: lifelong learning, teachers, digital competencies, professional development

ВОВЕД

Денес, земјите во светот се соочени со многу предизвици. Ги чувствуваме ефектите од глобализацијата и брзите промени на пазарот на трудот базирани на брзиот технолошки развој. Сé повеќе се нагласува потребата од општество базирано на знаење, каде обуката и едукацијата ќе се стават на прво место. Во таквото општество во кое живееме и ние денес, не треба само да ги надградуваме нашите веќе стекнати вештини, туку треба постојано да стекнуваме нови - што е и целта на доживотното учење. Доживотното учење се однесува на учење за време на целиот живот заради унапредување на знаењето, вештините и компетенциите во рамки на личното, граѓанското, општественото и професионалното делување на поединецот. Доживотното учење не е само еден аспект од образованието и обуката, тоа мора да стане водечки принцип во континумот на образовниот систем. Тоа треба да претставува заеднички покрив под кој треба да бидат обединети сите видови на предавање и учење.

Заседанието на Евротскиот совет во март 2000 (Europen Council, 2000; Presidency Conclusions, Direktorate - General for the Presidency, Lisabon, стр.7) претставува пресврт во одредувањето на политиката и дејствувањето на Европската Унија во поглед на доживотното учење. Заклучоците донесени на ова заседание потврдуваат дека унапредувањето на концептот на доживотно учење е нужно за успешна транзиција кон општество и економија втемелена на знаење. Во 2000 година е публициран најзначајниот документ на Европската комисија: Меморандум на доживотно учење во кој се дефинирани нови основни вештини кои се потребни за активно учество во општетството и тоа: 1) Комуникација на мајчин јазик; 2) Комуникација на странски јазик; 3) Математички компетенции и основни компетенции во науката и технологијата; 4) Дигитални компетенции; 5) Учење како да се учи; 6) Социјални и граѓански компетенции; 7) Чувство за иницијативност и претприемништво; 7) Културна свест и изразување.

Ковид-19 донесе нова реалност на светско ниво. Пандемијата отвори многу прашања за начинот на функционирање на образовниот процес, но најмногу проблеми беа поврзани со подготвеноста на наставниците за соочување со дигиталната настава. Затекнати во брзата и на моменти драматична промена, од нив се очекуваше целосна подготвеност, со информатички, комуникациски и технолошки компетенции, но и со педагошки вештини потребни за новиот менаџмент во училницата. Одеднаш системите го ставија фокусот на потребата од професионален развој на наставниците, разбирајќи дека ним им требаат дигитално знаење, флексибилност, поголема слобода во реализацијата на содржините и поголеми можности за креативност во рамките на наставните програми.

Во секоја земја треба да се спроведат соодветни политички мерки со цел промовирање на професионален развој на наставниците и стручните соработници во училиштето. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците како и континуираниот развој на училиштето треба да се разгледуваат од аспект на нивното единство и да се промовираат во природно поврзани и меѓузависни процеси. Доживотното учење треба да овозможи други модели и патишта за учење, како независно учење, училишното искуство и вклученоста во проекти за подобрување на училиштето треба да се ценат и формално да се признаваат и разните начини на стекнување на знаења, по можност и да се сертифицираат. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците имаат смисол само ако се поврзани со унапредување на квалитетот на образованието на ученикот.

ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛЕНИОТ РАЗВОЈ ВО ФУНКЦИЈА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Професионален развој подразбира секојдневно професионално и лично растење, долготраен, конитнуиран процес кој започнува од почетокот на подготовката за одредена професија и трае до крајот на работниот век, процес кој се реализира на најразлични начини кој подразбира оспособување со нови знаења, вештини, способности, стратегии, во соодветните области. Доживотното учење и континуираниот професионален развој се главни механизми кои го поттикнуваат личниот раст и развој и спречуваат стагнација и рутина во животот на човекот.

Барањата од училиштата, наставниците и стручните соработници во современото комплексно и динамично општество стануваат се посложени и во тој контекст од нив се очекува постојано професионално да се развиваат. Основната дејност на образованието е да делува во насока на поддршка на развојот на млади луѓе кои лесно ќе се вклопат во модерниот иглобализираниот свет. За остварување на оваа цел неопходен е континуиран професионален развој на наставниците и училишниот тим. Истражувањата покажуваат дека способноста, искуството и образованието на наставниците имаат големо влијание врз постигањата и успехот на учениците. Науките за образованието, во последно време, доаѓаат до нови сознанија за ефективни приоди во учењето и наставата. Оттука професионалниот развој на наставниците е најпродуктивното вложување кое може да резултира со подобрување на постигањата на учениците.

Професионалниот развој како стручно усовршување се остварува преку активно вклучување во сите форми на учење (формално, неформално, информално), што воедно ја наметнува и потребата од соодветно вреднување на сите видови на учење од страна на институциите. Планирањето на стручното усовршување треба да опфати вклучување на вработените во различни форми на стручно усовршување, а изборот треба да се прави во зависност од потребите на поединецот и институцијата во која тој е вработен, имајки ги во предвид специфичностите на секоја од формите за стручно усовршување.

Иако подготвувањето на личниот план за професионален развој е законска обврска, тој, исто така, е дел од секоја добра политика за професионален развој во училиштето и на него првенствено треба да се гледа како на алатка за подобро организиран и поефективен професионален развој на секој поединец во училиштето. Подготвувањето и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот/стручниот соработник му овозможува:

- систематично развивање на компетенциите што му се потребни;
- подобрување на воспитно-образовната работа;
- достигнување на стандардите за повисоки звања и напредување во кариерата

За да се изработи остварлив годишен личен план за професионален развој потребно е да се земат предвид, од една страна, сознанијата од самопроценката на сопствените компетенции, потреби, интереси, професионални аспирации, а од друга страна, приоритетите на училиштето и реал ните можности за остварување на желбите и плановите (на пр., финансиски средства, достапност на одредени облици на стручно усовршување и сл.).

Во услови на постојано воведување реформи во воспитно-образовниот систем, крајниот ефект од овие реформи зависи од наставникот како движечка алка на воспитно –образовниот процес. Во услови кога современото општество е определено како општество на знаење, наставникот како важна фигура во воспитно-образовниот процес е поставен пред голем предизвик. Од една страна треба да ги подготви учениците да се справат со предизвиците на современото општество, но од друга страна е потребно и тој самиот да се подготви и прилагоди за новото време. Затоа се поставува задачата и потребата од изградување на „наставник за новото време". Оттука, дефинирањето и познавањето на основните професионални компетенции на наставниците се многу актуелно прашање, анализирано во бројни документи, студии и публикации. Нивната актуелност е резултат на современите општествени промени според кои образованието и во негов контекст доживотното учење се водечка сила во одговорот и адаптацијата на промените.Со ова концептот на доживотното учење како концепт на стекнување на знаења, навики, вештини и способности по завршувањето на иницијалното образование и како форма на адаптација на промените преку континуирано образование, дообразование и самообразование се императив на современото општество. Ова неминовно се однесува и на сегментот на развој на дигитални компетенции на наставниците.

Дигиталната компетентност не значи само пристап до информациски и комуникациски технологии и нивни примена, но и соодветно знаење, вештини и ставови кон нив. Имено, тоа подразбира развој на вештини на поединецот безбедно и критички да ја користи информациско - комуникациската технологија (ИКТ) за работа, за личен и социјалниот живот како и за комуникација. Тоа значи дека поединецот треба да е способен за пребарување, собирање, обработка дигитални информации, употреба на Интернет услуги, како и помагала (графикони, презентации, итн.), способност да се користат ИКТ на креативен и иновативен начин, да се има развиен позитивен став и чувствителност кон безбедно користење на Интернет (Marcetić, Krstanović, Uzelac, 2010). Дигиталната писменост, како компонента, е суштински поврзана со уште две компоненти: критичко размислување со користење на нови технологии (ни дава објаснување зошто ни требаат различни дигитални алатки), и медиумска писменост (ни дава причина да размислуваме зошто некоја информација пратена преку дигитален ресурс постои, која е нејзината цел, како е создадена, како може да се провери, дали може, треба и смее да се толкува или менува). Без критичкото размислување, за многу чинители на образовниот процес, дигиталната писменост ќе се сведе на користење на презентациски алатки, што патем, ќе ја уназадуваат интеракцијата во училницата, без разлика дали е виртуелна или класична.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е да се испитаат ставовите на наставниците во однос на нивните дигитални компетенции и реализацијата на онлајн настава.

Истражувањето е со квантитативно - квалитативен карактер при што податоците за проблемот се добиваат преку анкетирање на наставниците,а потоа следува нивна дескрипција.

Задачи на истражувањето

1. Да се испитаат ставовите на наставниците во врска со примената на ИКТ во наставата;
2. Да се испитаат компетенциите на наставниците за реализирање на онлајн настава;
3. Да се испитаат ставовите на наставниците во однос на потребата од дополнителни едукации за зголемување на нивните дигиталните компетенции.

Техники и инструменти на истражувањето

За потребите на истражувањето конструиран е анкетен прашалник составен од прашања од затворен и отворен тип и чек листа.

Примерок на истражување

Примерокот на истражувањето опфаќа наставници од одделенска и предметна настава од основните училишта во Република Северна Македонија. Примерокот на истражување е по пат на случаен избор и го сочинуваат 150 наставници од основни училишта и тоа 40 наставници од одделенска и 110 наставници од предметна настава.

Анализа и дискусија на резултатите

Една од поставените задачи на истражувањето беше испитување на ставовите на наставниците за нивните предходни искуства во однос на реализација на онлајнастава и учење на далечина.

График 1. Предходни искуства со онлајн настава и учење на далечина

Добиените резултати, претставени во График 1, покажуваат поделени ставови на наставниците во однос на нивните предходни искуства и тоа најголем дел или 38% од наставниците одговорија воопшто не, 37% одговорија малку, 23% одговорија доволно и само 3% одговорија многу, односно сумирано дури 75% од наставниците воопшто или малку имаат искуство со онлајн настава и учење на далечина.

Комјутерот како наставно помагало е често е користен во наставата, односно 64% од наставниците одговорија дека често го користат компјутерот во

наставата, 30% одговорија понекогаш ,4% ретко додека 2% одговорија никогаш. Овој податок понатаму во голема мера влијае врз квалитетот и користењето на дигиталните алатки за време на далечинската настава.

График 2. Приказ на користењето на компјутер како наставно помагало во тек на редовна настава

Целосното реализирање на настава онлајн и на далечина во време на здравствената пандемија, ја наметна неопходноста од користење на разновидни дигиталните алатки и платформите за далечинско учење кои предходно не беа или многу малку беа користени од страна на наставниците. Сето ова ја наметна потребата од дополнителни обуки за развој на нивните дигитални компетенции.

График 3.Приказ на обученоста на наставниците за реализиање учење на далечина

Основен проблем што се јавува во почетокот на учебна 2020/21, е опременоста со техничките помагала (пред сè, лаптопи и компјутери) за одржување на задолжителната онлајн настава и обученоста на наставниците за користење на разновидни дигиталните алатки и платформите за далечинско учење. Според одговорите на испитаниците само 1% одговорија дека многу се обучени за реализирање на учење на далечина, 30% одговорија со малку, 33% доволно и 36% воопшто не се чувствуваат обучени за реализирање на учење на далечина. Сумирано најголенм дел 66% од наставниците се изјасниле дека воопшто не и малку се обучени за реализирање на учење на далечина.

Ваквите ставови на наставниците упатуваат и на очекувани одговори во однос на потребата од дополнителни обуки за развој на нивните дигитални компетенции, односно 81% се изјасниле дека имаат потреба од вакви обуки.

График 4. Потреба од дополнителни обуки за развој на дигитални вештини

Иако денес, повеќе од кога било, достапни се многу дигитални алатки кои можат да се користат за спроведување на настава, сепак наставниците од нашата земја се соочуваат со предизвици во однос на користење на истите во периодот кога наставата се спроведува на далечина.

ЗАКЛУЧОК

Европските земји сè повеќе ја нагласуваат потребата целосно да се признае знаењето на поединецот, неговите вештини и компетенции - оние што ги стекнал не само на училиште и универзитет, туку и преку друг вид образование и обука, надвор од формалниот систем. Ова бара нови пристапи за да се провери, идентификува со документ и да се оцени неформалното образование, што го прави употребливо за понатамошни студии или напредок во работата.

Во последниве години, се позастапено е мислењето дека формалното (традиционално) образование не одговара на потребите на младите за „нова писменост" што „дојде" со „нова технологија". Потребата од „нова педагогија" (Fullan & Langworthy, 2014) произлегува од фактот дека денешното формално образование (засновано врз индустрискиот модел) е инертено, круто, застарено, со еден збор, некомпатибилено со „новата технологија ".

Покрај воведување на новите информациско-комуникациски технологии (ИКТ) во сите сегменти на дејствување, образованието на 21 век претпоставува интензивирање на ИКТ образованието и обука, компјутерско оспособување/ писменост на младите и возрасните, задолжително формално и неформлно информатичко образование и континуирано унапредување на образовниот систем. Во склоп на овие концепти, ИКТ не претставува само средство за реализација на образовните цели туку значаен фактор во комплетно реструктурирање на образовниот систем, воведување на нови интерактивни и партиципативни модели на настава, нова образовна педагогија, континуирано и доживотно учење. Следејќи го развојот на информатичко-комуникациските технологии, образованието денес не се ограничува само на она што е задолжително. Модерниот поединец сака да се развива и учи повеќе за темите предвидени со наставните планови и

програми, но и пошироко. Со воведување на е-учењето како надополнување на традиционалниот начин се овозможува ученикот да биде центар на образовниот процес и да преземе одговорност за резултатот од образованието. Наставникот добива зголемено значење за процесот, а неговата улога се променува, тој е ментор, координатор и учесник во образовнот процес. Целисходен педагошки процес имплементираат само наставници кои постојано вложуваат во својот личен и професионален развој, кои ги користат своите знаења во секојдневната практична работа и кои соработуваат со останатите учесници во креирањето на доживотното учење.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Fullan, M. & Langworthy, M. (2014). A Rich Seam: How New Pedagogies Find Deep Learning, London: Pearson.
2. Јованов.И.,Станковски.И.(2020). Предизвици од спроведувањето на далечинското учење во време на Ковид - 19 во средното образование. Република Северна Македонија: Фондација Конрад Аденауер.
3. Јурић.С., Марковић .С., Југослава. Л., Алексић .Д.М., Мијатовић .Г.(2014), Примена информационо комуникационих технологија у настави,Београд:Завод за унапређивање образовања и васпитања.
4. Marcetić, A., Krstanović, I., Uzelac, Z. (2010). Ključne kompetencije za cjeloživotno učenje –digitalna kompetencija, U: Novi izazovi, CARNetova korisnička konferencija, Hrvatska akademska i istraživačka mreža – CARNet.
5. https://cuc.carnet.hr/2010/dokumenti?dm_document_id=56&dm_det=1
6. Kuzmanović.D.R.(2017),Empirijska provera konstrukta digitalne pismenosti I analiza prediktora postignuca,Beograd:Filozofski faklutet.
7. Метаморфозис. (2020). Состојбите и предизвиците за проведување онлајн наства во основните училишта - Извештај. Република Северна Македонија: Фондација Метаморфозис.
8. Sakic.T. (2018). Mishlenja i stavovi ucitelja I nastavnika razredne i predmetne nastave o e-ucenju u osnovnoj skoli. Zagreb: Uciteljski fakultet.
9. Vučinić-Marković. K., Rakočević.V., Marković, O.(2020). Osnovne metodičke smjernice za organizaciju i sprovođenje učenja na daljinu u uslovima vanrednih okolnosti. Podgorica: Udruženje pedagoga Crne Gore.

37.018.43:004(497.7)

Фроска Смилкова
ООУ „Маршал Тито“ - с.Муртино, Струмица
Р. Северна Македонија

АНАЛИЗА НА СТАВОВИТЕ НА ОСНОВЦИТЕ ЗА ОНЛАЈН НАСТАВАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПСТРАКТ: Новата средина создадена од ИКТ, предводена од Интернетот, влијае на промените во областа на образованието, суштински менувајќи го процесот на образование и традиционалните методи на настава. Во последните децении, употребата на разни технологии и дигитални медиуми создаде нови алатки и методи за пренос на знаењето. Денес, местото од кое се образува едно лице не мора да биде училиштето или друга образовна институција, туку тоа може да биде од дома, од работа или кое било друго место. Ова се различни варијанти на учење на далечина со помош на технологија и Интернетот, и со употреба на разни методи и алатки, како што се материјалите за е-учење, предавања преку Интернет или Веб-венари, е-книги, социјални мрежи итн.
Оттука, учењето подразбира употреба на електронски медиуми и технологија во служба на образованието, односно информатички и комуникациски технологии (ИКТ) во спроведувањето на образовниот процес. Кога процесот на настава целосно се потпира на употребата на интернетот со посредство на ИКТ, тогаш станува збор за една од формите на далечинско образование, т.е. онлајн настава. Може да се разликуваат четири начини на организирање на наставата: настава во училница (без технологија), настава во училница поддржана од технологија, мешана организирана настава (училница и онлајн) и настава преку Интернет.
Истражувањето за ставовите на учениците за онлајн образование во С. Македонија произлезе од потребата да се пристапи кон темата за учење од далечина преку преглед на нивните очекувања, техничка подготвеност и подготвеност да научат и да напредуваат на овој начин, посебно имајќи ја предвид сегашната сосотојба со глобалната пандемија предвизикана од ковид-19 во нашпатра земја.
Резултатите од истражувањето ќе имаат корист за сите оние кои се вклучени во процесот на спроведување на онлајн настава и дека ќе овозможи подобар трансфер на знаење во ова време на глобална пандемија која го зафати целиот свет.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: образование, настава, онлајн, техмологија, интернет

ANALYSES OF THE ATTITUDES OF PRIMARY SCHOOL STUDENTS ABOUT THE ON-LINE TEACHING IN NORTHERN MACEDONIA

ABSTRACT: The new community created of IKT, guided by Internet, has influenced the changes in the education area, essentially changing the process of education and traditional methods in teaching. In recent decades, the use of various technologies and digital media has created new tools and methods for conveying knowledge. Today, the place from where one person is educated, doesn’t have to be the school or other educational institution, but it can be done from home, work or any other place. These are different variants of long distance learning with the help of the technology and Internet, and with the use of different methods and tools, as the materials for

Како ќе се разбере односот помеѓу интеракцијата и комуникацијата зависи како ќе се дефинираат секој од тие поими. Интеракцијата може да се одреди како активност помеѓу две или повеќе единки при што едната единка влијае на однесувањето на другата единка. Тоа ни дава слобода комуникацијата да ја третираме како вид на интеракција. Комуникацијата е таков вид на интеракција каде што врската помеѓу поединците се остварува преку дразби кој што се нарекуваат знаци.

Грауман(Grauman,1972) вели дека кога помеѓу две или повеќе особи постои взаемност во однесувањето – на пример во разговор, игра, љубов, омраза – во тој случај зборуваме за социјална интеракција или меѓучовечка комуникација.

Поимот комуникација се смета дека е на пониско ниво од поимот интеракција, тоа е така бидејќи комуникацијата секогаш преставува интеракција, но вид на интеракција кое има спечифично обележје – врска помеѓу знаци. Иако комуникацијата е вклучена во сите видови на интеракција, сепак комуникација и интеракција не се едно исто. Комуникацијата постои при формирање на импресија за одредена особа, без комуникација неможе да се јави наклонетост или ненаклонетост, исто така не е возможна ни групната интеракција. Но, покрај комуникацијата во споменативе односи постојат и други односи и активности освен комуникацијата: атрибуциони, емоционално реагирање и разни видови на интерперсонални односи и активности. За тие видови на интеракција комуникацијата е само предуслов и дел на интеракциски активности, средство,но не и суштинска одлика.

ВИДОВИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Човековата комуникација е разноврсна и може да се разликуваат повеќе видови на комуникација кај човекот, а пред се комуникација која што се заснова на сигнали и комуникација која што ги користи симболите. Комуникацијата која што ги користи сигналите се заснова на паралингвистички знаци, на гласовни карактеристики кој што го пратат говорот. Но, комуникацијата може да биде заснована на движењата и положбата на телото.

Втора многу значајна поделба на комуникацијата е:

1. Вербална комуникација – се служи со говорот или писмено фиксирани зборови или врски на зборови.
2. Невербална комуникација – потполно е различна и одвоена од говорот

Следна значајна поделба на комуникацијата е според тоа дали се служи со гласови, односно посебни знаци на гласот или не се служи со нив, според тоа се дели на: гласовна и негласовна комуникација. Човековиот говор претставува гласовна комуникација.

Како важна врста на комуникација која што може да се третира како спротивна од интерперсоналната комуникација помеѓу две особи е комуникација преку која што пораките не им се праќаат само на една особа, туку тие се секогаш наменети на поголем број на особи – Тоа е масовна комуникација – комуникација преку штампа, радио, телевизија, филм. Овој вид на комуникација секогаш доаѓа до поголем број на особи и има значајно влијание на друштвено важни ставови и постапки на луѓето.

УСПЕШНА И НЕУСПЕШНА КОМУНИКАЦИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА

Во процесот на комуникацијата се јавуваат различни тешкотии и пречки, поголеми или помали несогласувања кој што комуникацијата ја прават неуспешна. Кога комуникацијата не е успешна таа ја губи својата основна функција – функција на пренесување и размена на информации, значење, идеи и сл. Неуспешната комуникација преставува додатен извор на судир и дезинтеграција на претходно воспоставените односи. Неуспешната комуникација го отежнува животот на луѓето и функционирањето во организацијата. Од сето ова произлегува дека успешната комуникација е една од основните и најзначајните работи во животот на секој човек и сите друштвени групи.

Успешна комуникација е онаа комуникација која што овозможува пренесување на пораки со чија помош се зголемува степенот на функционална организираност на севкупна интеракција помеѓу социјалните ентитети која допринесува за остварување на целите на интеракција. Успешноста на комуникацијата зависи од улогата која што во комуникацијата ја имаат учесниците во комуникацијата.

НЕВЕРБАЛНА КОМУНИКАЦИЈА

Изучувањето на невербалната комуникација потекнува од понов датум во однос на вербалната комуникација. Постојат многу поделби во невербалната комуникација во кој се трудиме да направиме разлика што припаѓа во вербалниот, а што во невербалниот облик на човековата комуникација. Laver I Haceson во 1972год.зборуваат за четири основни категории:

» вокално – вербално (изговорени зборови како лингвистичка единица)

» вокално – невербално (говорно нагласување,квалитет на гласот)
» невокално – вербално (ги вклучува сите напишани и штампани зборови како лингвистичка единица)
» невокално – невербално (во која се вклучува положбата на телото, лицето, гесикулација итн.)

Постојат неколку димензии во изучување на невербалната комуникација.

» Прва димензија е Длабочина во невербалната комуникација. Невербалната комуникација може да ни даде одраз на нечие Его, нешто стекнато, очигледно, достапно, условно, нешто што е прашање на перспектива, моментално расположение, таа комуникација може да биде и суштина не само на човековата личност и идентитет, на извесен начин може да биде и суштина на неговата судбина. Сликата на човекот, моменталниот израз на лицето може да ни каже многу повеќе за човекот, отколку што би можел да ни го каже тоа со зборови.
» Втора димензија на невербалната комуникација е Субјективизам и објективност на изразот, од невербалната комуникација се бара во исто време да биде доволно субјективна да не ја издаде својата суштина, но и доволно објективна за да биде достапна и прифатлива за надворешната средина.
» Трета димензија е Пасивност или Активност, постојат луѓе кој што се спонтани, активни, вешти и со своето лице, тело, раце, нозе. Но, постојат и луѓе кој што се трапави и се доживуваат како да се заробени во своето тело и кој што пасивно се однесуваат во својата невербална експресија и на таквите луѓе им е потребна помош, едукација доколку вршат работа во која што покрај зборот им е потребна и активност на телото.
» Четврта димензија е Континуитет во времето, просторот и одредена ситуација. Вродените фактори на невербалната комуникација од една страна се флексибилни, а од друга страна се отпорни на промени.
» Петта димензија е Автентичност, односно степенот колку еден невербален акт е автентичен или не.
» Шеста димензија е Степенот на партиципација на изразот во лицето, слобода да се избере и да се изрази чувство,став,мисли или било што длабоко и достапно од нашиот личен асортиман.

ЗАКЛУЧОК

Човековата комуникација доживува револуционерни промени. Новото доба носи и нови проблеми во комуникацијата. Лошата комуникација во поголем број на случаи води до слаб успех во извршување на работните задачи и воспоставување на лоши односи во колективот. Лошата комуникација во организацијата како што може да ги оддели членовите во семејството и партнерите, исто така може да му пречи на работникот во неговата работа во организацијата, што може да доведе до отфрлање, повлекување, беспомошност и сл. Доколку навремено не се отстранат причините за лоша комуникација може да дојде до трајно нарушување на односите во организацијата и до постигнување на лош устех на самата организација.

Во процесот на комуникација, квалитетот на комуникацијата зависи од начинот дали сме добри слушатели или сме сослушани. Некои луѓе ги сакаат оние што многу зборуваат,а некои не.Но, сите ги сакаат добрите слушатели.

Кога сме во комуникација со нашиот претпоставен мудро е внимателно да го сослушаме нашиот шеф што има да каже пред да направиме било што. Подобро е во целост да го разбереме неговото гледиште и да му покажеме дека сме го сослушале. Доколку му покажеме дека добро сме го сослушаме и сме ги разбраме идеите кои што нему му се важни нема да мораме да ги трпиме последиците поради направените гришки.

ЛИТЕРАТУРА

1. Креќ,Д.Крачфилд,Р.С. И Балаки Е.Л. - Језик и комуницирање – појединац у друштву – Завод за уџбенике и наставна средства – Београд,1972
2. Мандиќ Т.:Комуникологија – психологија комуникације – Народна библјотека Србије,Београд
3. Рот,Н.:Основи социјалне психологије – Завод за уџбенике и наставна средства,Београт,1994
4. Рот,Н.:Општа психологија – Завод за уџбенике и наставна средства,Београд,1990
5. Рот,Н.:Знакови и Значења,вербална и невербална комуникација – Плато,Београд,2000
6. Хавелка Н.:Социјална перцепција – Завод за уџбенике и наставна средства,Београт,1992
7. Miljković, D., Rijavec, M. (2007.). Organizacijska psihologija – odabrana poglavlja. Zagreb: IEP/D2.
8. Moorhead, G., Griffin, R.W. (2004.). Organizational behavior. Managing People and Organizations.
9. Boston: Houghton Mifflin Company.

159.942.016.6
316.642.2

М-р Драган Јовановски
Р. Северна Македонија

ОДНОС НА ПАРТНЕРСКИТЕ СТИЛОВИ НА АФЕКТИВНАТА ПРИВРЗАНОСТ И ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА - ТЕМНА ТРИАДА

АПСТРАКТ: Основата на овој труд е поврзувањето на два различни психолошки концепти како што се афективната приврзаност со нејзината специфичност изразена преку партнерските блиски врски и особините на личноста изразени преку темните црти на личноста. Целта ни беше, да испитаме дали постои поврзаност на стиловите на партнерската афективна приврзаност со темните црти на личноста. Во истражувањето учествуваа 140 испитаници кои ги пополнаа прашалниците за искуствата во нивните блиски врски и прашалникот на темната тријада. Податоците се добиени со методите хартија-молив и он - лине со Google form преку социјалната мрежа facebook. Спроведените статистички анализи ни покажаа дека темните особини се најмалку изразени кај испитаниците со сигурниот стил на афективната партнерска приврзаност кај кои се дефинирани внатрешните афективни работни модели кои се изразени со позитивна слика за себе (ниска-анксиозност) и позитивна слика за другите (ниско-одбегнување), кои претставуваат основа за изградба на квалитетни партнерски односи со доверба и стабилност, додека најголема изразеност на темните особини је изразена кај испитаниците со дезорганизиран стил кои се дефинирани со внатрешните афективни работни модели кои се изразени со негативна слика за себе (висока анксиозност), и негативна слика за другите (високо одбегнување), кај кои постои голема зависност од своите партнери и во исто време и страв од таа зависност, односно блискот, поради можноста да ги откријат своите негативности и слаби страни.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Афективна приврзаност, партнерски стилови, темна тријада и особини на личноста

ОДНОС НА ПАРТНЕРСКИТЕ СТИЛОВИ НА АФЕКТИВНАТА ПРИВРЗАНОСТ И ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА - ТЕМНА ТРИАДА

ABSTRACT: The basis of this work is the connection of two different psychological concepts, such as the affective attachment to its specificity expressed through the close partners and the personality traits expressed through the dark features of the personality. Our goal was to examine whether there is a connection between the styles of the partner's affective attachment and the dark features of the personality. The research involved 140 respondents who filled in the questionnaires for the experiences in their close connections and the questionnaire of the dark triad. The data were obtained using the paper-pencil methods and online with Google form via the social network Facebook. The conducted statistical analyzes did not show that the dark traits are the least pronounced in the respondents with the safe style of the affective partner attachment, in which the internal affective work models are defined, which are expressed in a positive image for oneself (low-anxiety)), which are the basis for building quality partnerships with trust and stability, while

the greatest expression of dark traits is expressed in respondents with disorganized style, which are defined by internal affective work models that are expressed with a negative image of themselves (high anxiety), and a negative image of others (high avoidance), who are highly dependent on their partners and at the same time afraid of that dependence, ie closeness, due to the possibility of revealing their negatives and weaknesses.

KEYWORDS: Affective attachment, partner styles, dark triad and personality traits

ВОВЕД

Целта на предметното истражување е да се истакне важноста на теоријата за афективна поврзаност, посебно кај возрасната популација и нејзиното влијание на меѓусебните партнерски или љубовни блиски односи. Оваа теорија го дефинира развојниот, емоционалниот и социјалниот аспект на човекот и тоа дека тие аспекти се меѓусебно теоретски и емпириски поврзани (Bowlby, 1988). Творецот на оваа теорија е британскиот детски психијатар и психоаналитичар Bowlby John. Сакаме да го прошириме знаењето за теоријата на афективна приврзаност преку испитување на односите помеѓу сигурниот и несигурните стилови на афективната приврзаност, а во однос на изразеноста на цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Со оглед на тоа дека не постојат многу истражувања за нивната поврзаност, се укажува потреба за испитување на влијанието на стиловите на афективната партнерска поврзаност врз особините на личноста од спектарот на темната тријада. Теоријата за афективна поврзаност се ослонува на психодинамскиот пристап каде се дава значење на односот помеѓу детето и мајката, афективниот аспект кој е претставен според квалитетот на афективната приврзаност, која се огледа преку однесувањето да би се градела и одржувала блискоста со примарната личност, односно примарниот старател, потоа на бихевиоралниот аспект кој се застапува преку однесувањето на мајката и детето и заклучокот од опсервациите на однесувањата. Истражувањата на Ким Бартоломева и Хоровитз (Kim Bartolomeow i Horowitz, 1991; според Jerkovic, 2005), истакнаа дека постојат значајни релации помеѓу афективната приврзаност кај возрасната популација со нивните љубавни искуства. Овие истражувања се ослонуваат на наведените истражувања на Хазан и Шејвер со нивниот тест Attachment Style Prototipes, ASP, (Hazan i Shaver,1987). Според наведените резултати од истражувањата на Бартоломева (Bartolomew, 1990, според Стефановиќ-Станојевиќ, 2011) добиени се 4 доминантни стилови на афективната приврзаност кај партнерските врски:

1. Сигурниот стил на партнерската афективна приврзаност претставува позитивен внатрешен модел за себе и за другите, со ниска анксиозност и ниско одбегнување, што значи дека овие поединци во интимните врски се осеќаат слободно, лагодно и со поверење во своите партнери од кои очекуваат и бараат подршка кога ќе им биде потребна. Способни се да ја одржуваат уравнотеженоста помеѓу личната слобода и потребата да припаѓаат на партнерот. Проблемите ги решаваат со отворен и искрен разговор.
2. Отфрлувачкиот стил на партнерската афективна приврзаност содржи позитивен модел за себе со ниска анксиозност и негативен модел за другите, изразен со високо одбегнување. Овој стил е изразен преку стравот од блискоста со партнерот поради негативните очекувања

кои се интернализирани во внатрешниот работен модел за другите. Позитивната слика за себе е створена со помош на одбрамбен механизам негирање на важноста на блиските фигури и со зголемување на вредноста за независност. Во ретките врски што ги имаат тие немаат значајни очекувања од партнерот. Додека, ако имаат чести врски, тие се карактеризираат со незаинтересираност за партнерот.

3. Преокупираниот стил на партнерката афективна приврзаност е дефиниран со негативниот модел за себе и високата анксиозност и позитивниот модел за другите со ниско одбегнување. Тие имаат интернализиран став дека не се вредни и се плашливи. Силно се врзуваат за своите партнери и на тој начин ја одржуваат позитивната слика за себе. Оптеретени се со потребата да припаѓаат и несигурноста ја намалуваат со посесивност и контрола на партнерот.
4. Плашливиот стил на партнерската афективна приврзаност е одреден со негативниот модел за себе и висока анксиозност и негативниот модел за другите со високо одбегнување. Овие личности сакаат привреженост, бидејќи преку односот сакаат да се потврдат себе си како вредни особи. Додека во исто време се плашат дека ќе бидат одбиени и затоа избегаваат блискост. Поради овие причини тие имаат ретки врски, и кога ги имаат тие не се складни.

Супклиничката форма на психопатијата, нарцизмот и макијавелизмот претставуваат скуп на друштвено непосакувани и неадекватни особини на личноста наречен Темна тријада која може да се опише како еден облик на девијантна социјализација која е карактеризирана со проблеми во меѓучовечките односи и изолирање од другите луѓе. Според Jones i Paulhus (2011), темната тријада претставува комбинација на предиспозиции за неосетливост и лакомост и се однесува на образоци на однесување кое е усмерено кон искористувањето на другите како би се себично задоволиле личните интереси и потреби. Темната тријада се однесува на цртите на личноста кои се наоѓаат во распонот на нормалното функционирање во општата популација и затоа се нарекуваат супклинички конструкти, додека терминот клинички се однесува на оние црти на личноста кои се во клиничкиот или форензичкиот третман. Макијавелизмот, нарцизмот и психопатијата се три посебни варијабли и нивната концептуализација е спектар на димензии со различни однесувања и особини со кои е застапена аверзивната страна на личноста. Тие имаат различна историја али меѓусебно имаат јаки емпириски врски. Исто така е и со концептот Темна тријада врз другите варијабли. Во истражувањето на Jonason, Lyons и Bethell (2013), се испитувани концептите темна тријада и афективната поврзаност на примерок од N=352, и е добиена позитивна поврзаност на макијавелизмот со сите три несигурни обрасци анксиозност, одбегнување и дезорганизираност на афективната поврзаност. Додека со сигурниот образец има негативна поврзаност. Психопатијата е позитивно поврзана со одбегнувачкиот и дезорганизираниот образец, а негативно е поврзана со сигурниот образец на афективната поврзаност. Не е пронајдена статистички значајна поврзаност со анксиозноста. Нарцизмот е позитивно поврзан со сигурниот образец и не е поврзан со несигурниот образец на афективната поврзаност Jonason, P.K., Lyons, M., & Bethell, E. (2013

МЕТОДОЛОГИЈА

Испитаници

Во истражувањето учествуваа 140 испитаници и тоа од студентската популација на студентки и студенти со редовен и вонреден статус од сите факултети на Меѓународниот Славјански Универзитет Гаврило Романовиќ Державин во Битола. Примерокот е изабран на пригоден начин, составен од испитаниците кои беа достапни во моментот на испитувањето. Податоците се добиени преку потребните психолошки инструменти со методата хартија - молив пред да започнат предавањата и со on line методата преку социјалната друштвена мрежа facebook. Примерокот го сочинуваат присутните студентки и студенти кои сакаа доброволно да пристапат во истражувањето. Детално е објаснето дека истражувањето има исклучително научна истражувачка цел и дека во потполност е анонимно и на доброволна основа.

Инструменти

За ова истражување планираме да користиме три инструменти. Прв инструмент би бил прашалникот со демографските податоци за испитаниците. Втор инструмент е прашалникот за афективните искуства во блиските партнерски врски, кој е конструиран од авторите Kamenov i Jelic (2003), врз основа на изворниот прашалник кој направен од авторите Brennan, Clark i Shaver (1995), според Stefanovic-Stanojevic, 2005). Сигурноста според Cronbach alfa коефициентот за субскалата анксиозност изнесува помеѓу .80 и .88, додека за скалата избегнување изнесува помеѓу.80 и .83. Сигурноста на двете димензии од прашалникот за афективната приврзаност кај партнерските односи кој се однесува на овој примерок е примерена и изнесува (α = .76 за анксиозноста и α = .76 за избегнување. Третиот инструмент е краткиот прашалник на Темната Тријада, (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014) кој ги мери цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Прашалникот се состои од три субскали и секоја субскала содржи по девет ајтеми. Пред да се обработаат податоците добиени во прашалникот, потребно е да се изврши декодирање на одредени ајтеми. Сигурноста на изворниот прашалник СД3 мерена со Cronbach alfa коефициентот изнесува α = .74 за макијавелизам, α = .77 за нарцизам и за психопатија α =.80 и за темната тријада .77. Сигурноста на димензиите од конструктот темна тријада која е добиена на овој примерок ни укажува дека постои потреба да се спроведе факторска анализа со цел на попрецизно одредување на латентните димензии. (α = .62 за макијавелизам, α = .50 за нарцизам и α = .72 за психопатија).

Постапка

Во истражувањето ќе го користиме квантитативниот метод бидејќи постојат квалитетни и проверени инструменти за мерење на наведените варијабли на скалите кои користат емпириски вредности, а кои ги одбравме во ова истражување. Според (Milas, 2009), квантитативниот начин на истражување е природен и адекватен во истражувањата каде се користат емпириски претпоставки со цел да се зголеми сознанието за објективната стварност. Добиените резултати ќе се внесат во програмата Excel каде ќе се направи база од сите податоци кои ќе се добијат со методата хартија- молив и исто така и податоците кои ќе се добијат преку GOOGLE формата ќе се внесат во Excel. Така добиената база на податоци ќе се преконтролира и ќе се израчунаат основните

операции преку дескриптивната статистика. Во статистичката програма "R" ќе се проверат дистрибуциите на податоците дали се нормални како би знаеле кои статистички операции ќе ги употребиме од инференцијалната статистика, односно параметриска или непараметриска статистика. Прикажувањето на резултатите е организирано во повеќе помали целини. После проверката на факторска структура на инструментите, прикажани се дескриптивните податоци и матриците на корелациите кои се израчунати на добиените латентни димензии, додека во наредниот дел е спроведена регресивната анализа со цел да се утврдат предиктивностите на оделните стилови на афективната приврзаност за генералниот фактор на темните особини.

Резултати

После утврдувањето на факторската структура на прашалникот со следниот чекор пристапивме на иницијалните анализи, а со цел да направиме дескрипција на примерокот со оглед на стилот на афективната приврзаност. Со оглед на тоа дека факторската структура на прашалникот за мерење на стиловите на афективната приврзаност е потврдена сега целта ни е да ја направиме класификацијата како што е поставена во теоретскиот дел од авторките на овој прашалник. Групирањето на испитаниците се пристапи на следниот начин: испитаниците кои на двете скали постигнаа резултат поголем од 36 поени категоризирани се како испитаници со дезорганизиран образец на приврзаност. Испитаниците кои на двете скали постигнаа резултат помал од 36 поени категоризирани се како испитаници со сигурен стил на приврзаност. Испитаниците кои на скалата за анксиозност постигнаа повеќе од 36 поени категоризирани се како испитаници со окупиран образец на приврзаност. Испитаниците кои на акалата за одбегнување постигнаа резултат поголем од 36 поени категоризирани се како испитаници со отфрлувачки стил на приврзаност. Со наведеното групирање се направени категориите на испитаниците во партнерски стилови на афективната приврзаност кои се приказани во графот 1.

1.	Сигурни 29% = 40
2.	Отфрлувачки 26% = 37
3.	Окупирани 19% = 26
4.	Дезорганизиран 26% = 37



Графикон бр. 1. Категоризација на испитаниците во примерокот со оглед на стилот на афективната приврзаност

Дескриптивни податоци и иницијални анализи

		M	SD	C	min	max	raspon
отфрлувачки (n = 37)	психопатија	0.02	1.08	-0.04	-1.74	2.57	4.31
	манипулација	-0.13	1.01	-0.17	-1.96	2.06	4.01
	репутација	-0.38	1.15	-0.42	-2.86	1.86	4.72
	самопредставување	0.17	1.10	0.09	-2.27	2.71	4.98
	скромност	-0.14	0.93	-0.05	-2.55	1.63	4.18
	темна особина	-0.25	0.98	-0.50	-2.76	1.50	4.26
окупирани (n = 26)	психопатија	0.20	0.95	0.20	-1.62	1.98	3.60
	манипулација	0.12	0.82	0.13	-1.17	2.24	3.40
	репутација	0.22	0.90	0.30	-1.63	1.54	3.17
	самопредставување	-0.31	0.76	-0.39	-1.76	1.23	2.99
	скромност	0.39	0.85	0.36	-0.92	2.27	3.19
	темна особина	0.37	0.77	0.28	-0.73	1.99	2.72
дезорганизирани (n = 37)	психопатија	0.26	1.09	0.03	-1.97	2.77	4.74
	манипулација	0.35	1.03	0.19	-1.67	2.85	4.52
	репутација	0.38	0.78	0.50	-1.66	1.84	3.50
	самопредставување	0.01	1.03	0.03	-2.09	2.06	4.15
	скромност	-0.14	1.04	-0.17	-2.74	1.69	4.43
	темна особина	0.34	0.90	0.26	-1.13	2.06	3.19
сигурни (n = 40)	психопатија	-0.38	0.78	-0.38	-1.91	1.41	3.32
	манипулација	-0.25	1.01	-0.41	-1.83	3.14	4.97
	репутација	-0.09	1.00	0.22	-2.94	1.35	4.30
	самопредставување	0.07	1.03	0.12	-2.39	2.55	4.94
	скромност	-0.06	1.08	-0.03	-1.96	2.44	4.41
	темна особина	-0.33	1.10	-0.50	-2.03	2.67	4.70

Табела1. Дескриптивни податоци на варијабли на темноте црти на личноста во однос на стилот на привржаноста на испитаниците

Табелата 1. прикажува одредени образоци кои се јавуваат во примерокот на испитаниците. Така на пример сигурно приврзаните испитаници имаат најповеќе негативни аритметички средини на темните особини на личноста кога се гледа поединечно и најнизок резултат на генералната мерка на темната личност. Додека од друга страна можеме да видиме дека профилот на дезорганизираните испитаници опишува најнеповолен однос на особините: високи се на сите темни особини, додека ниско се на скромноста која се темели доминантно на ајтемите на нарцизмот кои се мерени во спротивниот смер во однос на поголемиот број. Исто така варијабилноста на скалата на темните особини на личноста кај окупираните е нешто помала од варијабилноста на другите групи. И поред тоа што профилите на сигурните и отфрлувачките испитаници меѓусебно се слични, табелата укажува на разлики на аритметичките среддини на скалите за на манипулација и репутација чие тестирање е прикажано во наредниот дел од табелата. Според тоа што формираните групи се приближни во однос на нивната големина, сепак релативно големите стандардни девијации во споредба со разликите меѓу аритменичките средини ја намалуваат снагата на спроведените постапки на

инференцијалната статистика и со тоа од посебна важност е во анализата да се пристапи со одредена доза на внимателност.

	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)	(6)	(7)	(8)	(9)	(10)	(11)	(12)	(13)
(1) возраст	1												
(2) пол	.22	1											
(3) најдолга врска	.26	-.08	1										
(4) број на врски	.42*	.16	.04	1									
(5) сегашна врска	.07	-.11	.07	.06	1								
(6) психопатија	-.08	.08	0	-.13	.02	1							
(7) манипулација	-.03	-.06	.03	.05	-.02	.30*	1						
(8) репутација	-.23	-.18	0	-.10	.01	.21	.22	1					
(9) самопредставување	-.09	.05	-.07	-.10	-.08	-.21	-.21	-.13	1				
(10)скромност	-.11	-.05	.03	-.01	.29*	.04	.17	-.08	-.14	1			
(11) Генерална темна особина	-.10	-.07	.05	-.03	.08	.68*	.72*	.52*	-.60*	.28*	1		
(12) анксиозност	.05	-.02	.10	.11	.03	.30*	.30*	.28*	-.07	.10	.38*	1	
(13) избегнување	-.04	.05	-.08	-.01	-.18	.15	.15	.06	.14	-.23	.05	.07	1

Табела 2. Карта на корелации измеѓ темните особини на личноста, димензиите на афективната приврзаност и контролните фактори со Бонфероииевата корекција на нивото на значајноста

Во табелата 2. на предметната матрица на корелации можиме да видиме дека најсилно се истакнуваат корелациите на поединечните темни црти на личноста со генералната темна црта на личноста (r = .68 со психопатија,r = .72 со манипулација, r = .52 со репутација, r = -.60 со самопредставување,r = .28 со скромност) и корелацијата помеѓу возраста и бројот на претходни партнерски врски (r = .42).

Регресиски анализи

Во овој дел се претставени резултатите од Хиерархиската повеќекратна, односно секвенцијалната регресија, со која варијаблите ќе ги внесуваме постепено во блокови и по одреден распоред.

Стиловите на афективната приврзаност како предиктори на генералната темна црта на личноста

Сите три модели се покажаа статистички значајни (F(3, 136) = 5.23, p = .002, R2adj= .084 за моделот 1, F(5, 134) = 3.58, p = .004, R2adj= .085 за моделот 2 и F(8, 126) = 2.12, p = .039, R2adj= .063 за моделот 3).

	модел 1			модел 2			модел 3		
	B	ст. грешка	t	B	ст. грешка	t	B	ст.грешка	t
(сигурни)	-0.33	0.152	-2.16*	0.04	0.333	0.11	-0.22	0.460	-0.48
окупираниі	0.70	0.242	2.89**	0.73	0.243	3.00**	0.74	0.249	2.98**
отфрлувачкиі	0.08	0.219	0.36	0.10	0.220	0.46	0.23	0.225	1.03
дезорганизираниі	0.67	0.219	3.06**	0.67	0.220	3.07**	0.68	0.222	3.06**
возраст				-0.02	0.014	-1.15	-0.02	0.016	-1.12
пол				-0.15	0.230	-0.64	-0.08	0.239	-0.33
број на врски							0.01	0.043	0.15
најдолга врска							0.06	0.117	0.50
момент статус							0.09	0.175	0.51
Белешка: * p < .05, ** p < .01									

Табела 3. Резултати на линеарните регресии со генералната компонента на темните особини на личноста како критериум

ДИСКУСИЈА

Во табелата 3. се прикажани резултатите од анализата на варијансите на партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на генералната темна црта на личноста (јадро на темните особини) во ова истражување. Според добиените резултати можиме да видиме дека помеѓу испитаниците со дефиниран сигурен стил и испитаниците со дефиниран окупиран стил на афективната партнерска приврзаност постои статистичка значајна разлика во однос на конструктот генерална темна црта на личноста што е во склад со теоретските поставки. Испитаниците со окупиран стил на афективната партнерска приврзаност се карактеризираат со негативен модел за себе и позитивен модел за другите, односно со висока анксиозност и ниско одбегнување. Во склад со овие поставки тие имаат само себе ниско почитување и тоа е нивната почетна позиција при што очекуваат од партнерот да ги компензира нивните недостатоци кои се огледаат преку страв од напуштање, страв од откривање на своите слабости и поради тоа ти се склони на претерана контрола и преголеми барања кон своите партнери. Додека испитаниците со сигурен стил на афективната партнерска приврзаност имаат ниска анксиозност и ниско одбегнување и во склад со овие теоретски поставни тие поаѓаат од позиција дека веруваат со себе и во своите партнери и на тие основи ги градат партнерските односи, додека потенцијалните конфликти ги разрешуваат со искрена и отворена комуникација. Од наведените карактеристики можиме да приметиме дека постојат сличности помеѓу карактеристиките на генералната темна црта на личноста како што се манипулацијата и задоволување првенствено на своите потреби со карактеристиките на окупираниот стил на приврзаноста како што се поставувањето на барања да се надокнадат сопствените слабости при што се служат со емоционална манипулација да ги остварат своите цели.

Од резултатите за постоењето на разлики помеѓу сигурниот стил и отфрлувачкиот стил на партнерската афективна приврзаност кон изразеноста

на генералната темна црта на личноста можиме да видиме дека постои разлика која е мала и не е статистички значајна. Оваквите резултати ни покажуваат дека позитивната слика за себе кај испитаниците со отфрлувачкиот стил ги дефинира како самодоволни и супериорни и немаат потреба да манипулираат со своите партнери кои ги избегаваат во односите и поради тие причини нивните врски се краткотрајни. Додека разликата помеѓу сигурниот и дезорганизираниот стил на партнерската афективна приврзаност во однос на генералната темна црта на личноста е статистички значајна и е највисока во однос на предходните разлики помеѓу стиловите. Ваквите резултати се во склад со теоретските поставки кои ги наведовме дека испитаниците со ваквиот стил имаат негативен модел за себе и на тоа кај нив е присутна висока анксиозност која ги прави зависни од својот партнер од кого стално бараат потврда за своите вредности како би ја намалиле својата анксиозност и тоа претставува постојан образец на однесување. А во исто време поради негативниот модел на другите тие се плашат од својот партнер дека ќе ја открие нивната слабост и поради тоа ќе ги напушти. Поради тоа тие ја користат емоционалната манипулација кон партнерот како би го приморале да биде со нив а во исто време своето самопочитување кое е ниско го бранат со затвореност во себе и неискреност. Поради овие причини наведените личности кај кои е изразен дезорганизираниот стил на партнерската афективна приврзаност тие имаат ретки врски кои траат кратко и за тоа време владее конфликтен однос. Во табелатав 3. се прикажани резултатите од регресивната анализа преку трите модели на предиктори на зависната варијабла генералната темна црта на личноста. ($F(3, 136) = 5.23$, $p = .002$, $R2adj= .084$ za model 1, $F(5, 134) = 3.58$, $p = .004$, $R2adj= .085$ za model 2 te $F(8, 126) = 2.12$, $p = .039$, $R2adj= .063$ za model 3), * $p < .05$, ** $p < .01$. Во првиот модел предикторите претставени преку стиловите на партнерската афективна приврзаност детерминираат 8,4% од варијансата на зависната варијабла генерална темна црта на личноста. а како поединачна варијабла кој најповеќе придонесува во варијансата е дезорганизираниот стил со вредноста $b = .67$. Во вториот модел поред стиловите на приврзаноста како предикторски блок се додадени и варијаблите возраст и пол кои не покажаа доволно влијание на статистичката значајност на моделот, освен што го намалија негативното влијание на сигурниот стил на генералната темна црта на личноста. Во овој модел придонесот на предикторите во варијансата на зависната варијабла изнесува 8,5%, а поединачна варијабла која најповеќе ја детерминира варијансата на зависната варијабла е окупираниот стил со вредноста $b = .73$. Третиот модел со блокот на искуствените варијабли бројот на врски, времетраењето на врската и моменталниот партнерски статус не влијаеа на статистичката значајност и во овој модел предикторите придонесоа во варијансата на зависната варијабла генерална темна црта на личноста со вредност 6,3%. Додека поединечна варијабла кој најповеќе придонесува врз варијансата на генералната темна црта на личноста е варијаблата окупиран стил со вредност $b= .74$. Резултатите укажуваат дека сите три модели се покажаа статистички значајни и влијанието на искуствените предиктори не доведе до никакви промени во статистичката значајност што ни покажува дека искуството има маргинален ефект врз нивото на значајноста на односот помеѓу стиловите на приврзаноста и генералната темна црта на личноста. После обработката на резултатите и анализата на истите потребно е да ги нагласиме позитивните импликации и појавените ограничувања и недостатоци во ова истражување

без оглед на тоа што ова истражување беше методски добро испланирано. Недостатоците на ова истражување во прв ред се однесуваат на изборот на примерокот кој во нашиот случај беше формиран на пригоден начин, односно со достапните испитаници во одреден момент и на одредено место со методата хартија молив и on line анкета преку друштвената мрежа Facebook, со пополнување на on line прашалникот направен во Google form. Исто така прашалниците не се валидирани за македонската популација и примерокот беше првенствено формиран од студенти и не може да се генерализира на популација. Приметно е дека примерокот беше неискусен за учество во ваков вид на истражување, бидејќи имаше изоставени одговори, неправилно пополнети прашања кои беа изоставени од понатамошната обработка на резултатите. Пополнувањето на прашалниците он лине покажа и доста предности, поради поголемиот чувство на анонимност, додека присутноста на истражувачот може да придонесе нелагодност, несигурност или социјално пожелно пополнување на прашалниците кои вклучуваат разни облици на кои испитаниците би можеле социјално прифатлиуво да одговараат. Потоа како ограничување во ова истражување се покажа неравномерноста меѓу половите, што се одрази врз изоставување на истражување на одредени проблеми и хипотези и било би корисно во идните вистражувања половите да бидат застапени во приближна бројна еднаквост. Препорака за идните истражувања би била да се користи некоја скала на социјално прифатливите одговорања како би можеле тие одговори да се исклучат од анализата на податоците. Мислам дека ова истражување дава увид во предметната проблематика како што е теоријата на афективната приврзаност, а и во концептот н темните особини на личноста преку содржините на прашалниците каде испитаниците имаа прилика да размислат за своите ставови околу поставените прашања и дадените одговори на нив. Како практична импликација на ова истражување може да се види кај клиничката, детската, социјалната и психологијата на личноста преку сознанијата за важноста на афективната приврзаност и нејзината важност за правилниот одгој на детето и постапување на родителите, особините на личноста и социјалните блиски односи.

ЛИТЕРАТУРА

1. Bowlby, J. (1988), A secure base, New York: Basic Book.
2. Bartholomew, K., Thompson, J.M. (1990). The application of attachment theory tocounseling psychology.The Counseling Psychologis
3. Bartolomew, K., Horowitz. L.M.(1991). Attachment Styles Among Young Adults: Test of a Fourcategory Model Journal Of Personality and Social Psychology.
4. Brennan, K. A., Clark, C. L., & Shaver, P. R. (1998). Self-report measurement of adult attachment: An integrative overview. In J. A. Simpson & W. S. Rholes (Eds.), Attachment theory and close relationships (pp. 46-76). New York: Guilfor.
5. Jonason, P.K., Lyons, M., & Bethell, E. (2013): The making of Darth Vader: Parent-child care and Dark Triad. Personality and Individual Differences, 67, str. 30-34.
6. Jones, D. N. i Paulhus, D. L. (2011). Differentiating the Dark Triad Within the Interpersonal Circumplex, u L. M. Horowitz i S. Strack, Handbook of interpersonal psychology: Theory, research, assessment, and therapeutic interventions, str. 249-269. New York: Wiley & Sons
7. Jones, D. N., i Paulhus, D. L. (2014). Introducing the Short Dark Triad (SD3): A brief measure of dark personalities. Journal of Research in Personality, 21, 28-41.
8. Kamenov, Ž. i Jelić, M. (2003). Validacija instrumenta za mjerenje privrženosti u različitim vrstama bliskih odnosa: modifikacija Brennanova inventara iskustava u bliskim vezama. Suvremena psihologija.
9. Milas, G. (2009). Istraživačke metode u psihologiji i drugim društvenim znanostima. Jastrebarsko: Naklada Slap

159.923:7.071

Маријана Софронијоска Тинтар
Јелена Цветковска
Гордана Кирацовска
Институт за психологија, Филозофски факултет – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Р. Северна Македонија

ЦРТИ НА ЛИЧНОСТА КАЈ УМЕТНИЦИ И ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ЗАНИМАВААТ СО УМЕТНОСТ

АПСТРАКТ: Истражувањето има за цел утврдување на индивидуалните разлики на личносните црти како детерминанти на уметничките тенденции, интереси, знаења и проценка, кои најдобро ја илустрираат уметничката личност. Спроведено е врз пригоден примерок од 100 испитаници, од кои едната половина се уметници, додека другата не. Наодите од тестирање на меѓусебните разлики во однос на петте личности црти, сугерираат дека помеѓу нив е пронајдена статистички значајна разлика во однос на екстравертноста и отвореноста кон искуства во прилог на уметниците, додека во однос на останатите црти не се пронајдени статистички значајни разлики.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Црти на личност, уметници, не-уметници

PERSONALITY TRAITS IN ARTISTS AND NON–ARTISTS

ABSTRACT: The research aims to determine the individual differences in personality traits as determinants of artistic tendencies, interests, knowledge and assessment, which best illustrate the artistic personality. It was conducted on a convenient sample of 100 respondents, one half of whom are artists, while the other is not. The findings from testing the differences between the five personality traits suggest that a statistically significant difference was found between them in terms of extraversion and openness to experiences in favor of the artists, while no statistically significant differences were found in relation to the other traits.

KEYWORDS: Personality traits, artists, non-artists

ЦРТИ НА ЛИЧНОСТ

Персонологијата е интегративна гранка во областа на психологијата која овозможува разбирање на личноста во целост и која е основа на успешното работење со и за луѓе. Во денешното време спознанието за човекот е поголемо од било кога. Меѓутоа, сосем е јасно: човекот е најсложено и најтаинствено суштество.

Дистинктивната одлика на човекот е личноста. Тоа е всушност она што е најважно кај човекот, а воедно претставува негов управувачки дел. Личноста често е определена како средишен дел на менталноста поврзан со општеството и околината (Јанаков, 2018).

Според Г. Олпорт (Allport, 1937; Olport, 1967, според Јанаков, 2018) личноста е динамична организација на индивидуата која го определува нејзиното поведение и мислење. Личноста и нејзиното оценување се тесно поврзани со јазикот (Pervin & John, 1999). Сите јазици и култури имаат зборови кои опишуваат карактеристики

на личноста, индивидуалнин разлики кои обично се однесуваат на стилови на мислење, однесување или чувствување (Dixon, 1977).

Факторите на личноста се централни во формирањето на сржта на личноста, но тие не ги опфаќаат само индивидуалните разлики на тие фактори, туку опфаќаат и други психолошки механизми и процеси од самата позадина на тие фактори (Funder, 1997). Цртите на личноста ги рефлектираат карактеристичните обрасци на мислите, чувствата и однесувањето на луѓето, кои подразбираат конзистентност и стабилност. Така, оној дел од психологијата кој се занимава со проучување на личносните црти се потпира на идејата дека луѓето се разликуваат едни од други во однос на основните личносни димензии кои опстојуваат со текот на времето и низ различни ситуации.

Истражувачите сеуште дебатираат околу тоа колку фактори се доволни да ја опишат една личност, но најшироко прифатен модел на личносните црти е моделот на петте фактори кој ќе биде презентиран во продолжение.

Невротицизмот е димензија на личноста која всушност претставува континуум од емоционална стабилност до емоционална нестабилност. Луѓето со ниско ниво на невротицизам се слабо прилагодени во средината и имаат ниско ниво на самодоверба (Haslam, 2007). Спротивно на тоа, оние со високо ниво на невротицизам покажуваат смиреност и подобро справување со стресни ситуации. Важно е да се напомене дека невротицизмот се однесува на нормална личност (Costa & McCrae, 1992).

Екстравертноста претставува фактор кој во себе вклучува друштвеност. Но, екстравертноста вклучува многу повеќе од друштвеност, содржи одредено ниво на енергија и активност, потрага по возбуда и тенденција кон позитивни искуства (Haslam, 2007).

Отвореност кон искуства е доменот кој опфаќа имагинација, естетика, интелектуална љубопитност и ценење на убавината и уметноста. Луѓето кои имаат низок скор на оваа димензија се склони кон социјална конзервативност, но сепак не треба да се сметаат за диктатори (Costa & McCrae, 1992).

Соработливоста вклучува кооперативност и задоволство во одржувањето интерперсонални релации. Тоа е црта со два екстрема, од сочувство до антагонизам. Индивидуи со низок скор на оваа скала се иритирачки, себични, промислени и непријателски настроени. Додека пак, оние со висок скор на овој фактор се дарежливи и покорни, генерално карактеризирани како „луѓе од доверба" (Haslam, 2007).

Совесноста помеѓу јавноста е позната како „карактер" (Haslam, 2007). Но, оваа личносна димензија всушност означува: самодисциплина, тежнеење кон успех, ред, компетентност (Серафимовска и Марковиќ, 2013). Според Коста и МекКре лицата со низок скор на оваа димензија се склони кон хедонизам и ниски морални вредности.

УМЕТНОСТ

За прашањето околу уметноста се дискутирало уште од дамнешно време. Таа била предмет на дискусија на многу филозофи, психолози и разни истражувачи кои се обидувале да дадат соодветна дефиниција за тоа што се подразбира под поимот уметност. Понекогаш тие дискусии биле теоретски, некогаш статистички, но понекогаш и хумористични.

Уметноста е човечка активност или производ што има за цел да ги стимулира човечките сетила, како и човечкиот ум и дух. Уметноста е активност создадена со намера да пренесе одредени емоции и идеи. Дефинирањето на границите на уметноста е субјективен чин, а потребата за уметност обично се нарекува човечка креативност.

Едно е сигурно, уметноста е второто име на креативноста. Според Стернберг (Sternberg, 2006) креативноста бара инвестирање на шест различни, но меѓусебно поврзани ресурси: интелектуални способности, знаење, стилови на мислење, личносни димензии, мотивација и околина. Секое ниво на овие ресурси е извор на индивидуални разлики. Сите форми на уметничко изразување во суштина претставуваат помалку церебрална т.е. когнитивна, а повеќе афективна ментална содржина (Cook, 1959, според Kemp, 1996, според Михајловски, 2010). Но, друга важна детерминанта на индивидуалните разлики во уметничките преференции е стручниот интерес, притоа од особено значење е дали некој се гледа себеси повеќе како научник или уметник (Chamorro-Premuzic, Reimers, Hsu & Ahmetoglu, 2008). Поинаку кажано, креативноста е ценет ресурс.

Уметноста е дел од секојдневниот живот, но нејзината важност покажува интериндивидуални варијации: некои индивидуи не преферираат галерии, додека на другите едноставно тоа им претставува задоволство. Сепак, психолозите ретко ги истражуваат овие индивидуални разлики. Тука се проценува улогата на воспоставените фактори на личност како детерминанти на уметничките склоности, интереси, знаење и проценка.

Кои црти на личност се потребни за една личност да се нарече „уметничка"? Иако уметноста отсекогаш играла фундаментална улога во човечкото општество, психолозите во голема мера го игнорирале прашањето зошто некои индивидуи се позаинтересирани за уметноста од другите, факт што се манифестира уште од најрана возраст. Оттаму, во фокусот на ова истражување се можните фактори на индивидуални разлики што најдобро можат да ја опишат - и до одреден степен да ја објаснат - уметничката личност.

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Голем број иницијални студии во кои се споредуваат уметниците, обично дефинирани според нивните креативни карактеристики на личноста, со лица кои не се занимаваат со уметност, откриваат дека уметниците имаат екстраординарни стилови на размислување и различни начини на перцепција на реалноста; тие исто така, имаат подоминантни, авантуристички и боемски личносни карактеристики (Eiduson, 1957; Drevdahl & Cattell, 1958).

Дута Поj (1996) врши компарација на уметниците со не-уметници користејќи го тестот на Кател за 16 персонални фактори и добиените наоди сведочат дека уметниците се повеќе интровертни, независни и пријателски настроени од другите. Feist (1998), во сеопфатна мета-аналитичка студија ги споредил уметниците со не-уметниците и објавил дека уметниците се: поотворени за нови искуства, помалку конвенционални, посамоуверени, помотивирани и амбициозни, доминантни, импулсивни.

Истражувачката литература, насочена кон уметнички личности, има тенденција да изразува некои специфични карактеристики што ги опишуваат личносните карактеристики на индивидуи од областа на музиката и визуелните уметности. Кемп (1996) ги споредил особините на личноста на студенти по музика,

професионални музичари и лица кои не се занимаваат со музика и утврдил дека музичарите се поинтровертни. Дајс и О'Конор (1994) споредиле рок и кантри музичари со слична група врз примерок составен од универзитетски студенти од машки пол и објавиле дека музичарите се поарогантни, подоминантни, екстравертни, отворени за искуства и повеќе невротични отколку оние кои не се занимаваат со музика. Авторите истакнуваат дека невротичноста може да биде неопходна во некои музички настапи, оттаму оваа одлика има тенденција да ги зголеми емотивните и драматичните аспекти на изведбата на музичарот. Криб и Григори (1999) ги споредиле типовите на личност на оркестарските музичари користејќи го инвентарот на личноста на Ајзенк и откриле дека невротичните одлики се почести кај музичари на жичани инструменти, додека танчерите имаат тенденција да бидат поблагородни и помалку се плашат од преземање ризици.

Вуст и сор. (2010) ги споредиле студентите кои студираат класична музика и оние кои студираат ритми во Данска музичка академија. Откриваат дека студентите кои студираат ритам постигнале значително повисоки резултати во категоријата на потрага по сензации отколку оние што студирале класична музика. Од друга страна, кај класичните студенти нивото на вознемиреност е повисоко отколку кај ритмичките студенти. Дополнително, Стил и Јанг (2011) ги споредиле типовите на личност на студенти на додипломска музика со студенти на музикотерапија преку примена на Маерс-Бригсов тест за личност (Myers-Briggs Personality Test-MBTI). Откриле дека студентите по музичко образование имаат тенденција да бидат повеќе екстравертни отколку студентите за музичка терапија. Тие исто така изјавиле дека типовите на личност на студенти по музичко образование се идентификувани како екстравертни, интуитивни, емотивни и осудувачки.

Понатаму, Камерон, Дафи и Гленрајт (2014) ги истражувале карактерните црти на поп музичарите (бас гитаристи, тапанари, гитаристи и вокалисти) со користење на Инвентарот на големите пет (The Big Five Inventory–BFI) и откриле дека вокалистите се повеќе екстравертни отколку бас гитаристите.

Интересно е да се напомене дека музичарите отсекогаш биле предмет на истражувачки интерес. Тие биле оценувани врз основа на нивните личносни карактеристики. Личносните карактеристики на индивидуите заинтересирани за визуелните уметности, од друга страна, не биле толку темелно истражувани. Сепак, студиите генерално се фокусирале на односот помеѓу креативноста и психопатолошки карактеристики кај поединци заинтересирани за визуелни уметности.

Кларк и Гип (1989) спровеле истражување со уметници/наставници, кои промовирале обука за визуелни и уметнички перформанси во средните училишта и откриле дека тие поседуваат високо интуитивна и оценувачка личност, но не биле специфично интровертни или екстравертни. Пер и Бејоглу (2011) споредиле студенти по математика, уметност (сликари) и општествени науки и откриле дека екстравертноста, интуицијата и просудувањето биле повисоки кај студентите по уметност отколку кај студенти кои студираат математика и општествени науки, според типот на Мајер-Бригс Индикатор.

МЕТОД

Испитаници

Ова истражување е спроведено на пригоден примерок од 100 (N=100) испитаници од кои 50 испитаници се уметници, а останатите 50 испитаници не се. Испитаниците се на возраст од 25 до 45 години, со просечна возраст од 32,3 години. Во рамките на двете групи, испитаниците се изедначени по пол, односно во двете групи учествуваа по 25 мажи и 25 жени. Во групата на уметници учествувале 14 ликовни уметници, 12 вокалисти, 13 музичари и 11 танчери. Во групата на лица кои не се занимаваат со уметност учествувале 15 административни работници, 15 здравствени работници 9 економисти, 5 правници и 6 лица кои работат во продажба.

Инструмент

За мерење на димензиите на личноста беше употребен The Big Five Inventory (BFI) од John, Donahue & Kentle, 1991 година. Инструментот е преземен од прирачник достапен на интернет (John & Strivastava, 1995) а подоцна е адаптиран на македонски јазик. BFI е стандардизиран инструмент за мерење на петте црти на личноста (според петтофакторскиот модел на личност), а содржи 44 ајтеми, кои се поделени во 5 скали (екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства). Екстравертноста и невротицизмот содржат 8 ајтеми; соработливоста содржи 9 ајтеми додека отвореноста кон искуство содржи 10 ајтеми. Се одговара на Ликертова скала од 1 до 5, каде што: (1 – воопшто не се согласувам / 5 потполно се согласувам), а 16 ајтеми се бројат реверзно. Коефициентите за релијабилност се движат во опсег од 0,79 до 0,88. Коефициентите на стандардизирана валидност се движат од 0,90 до 0,94 (John & Strivastava, 1995). Понизок скор означува помала изразеност на одредена личносна црта, а повисок скор означува повисока изразеност. Релијабилноста во ова истражување изнесува 0,70.

Постапка

Истражувањето беше спроведено електорнски (online), односно инструментот беше испратен до испитаниците преку e-mail и преку социјалните мрежи. Учеството во истражувањето беше доброволно, а при испраќањето на линкот од инструментот, на испитаниците им беше објаснето дека истото е анонимно а податоците ќе бидат употребени исклучиво за потребите на ова истражување и нема да се користат за друга намена. Истражувањето беше спроведено во месец април, 2021 година, а одговарањето на инструментот траеше околу 15 минути.

Хипотеза

Дефинирањето на хипотезата во ова истражување произлезе од проучувањето на релевантните истражувања кои ја испитуваат разликата помеѓу уметниците и лицата кои не се занимаваат со уметност во однос на цртите на личноста. Со оглед на тоа дека повеќето истражувањата потврдуваат дека постои разлика меѓу нив, основната хипотеза за истражувачкиот проблем гласи:

„Уметниците имаат повисоко истакната екстраверзија и отвореност кон искуства од лицата кои не се занимаваат со уметност, а во однос на согласноста, совесноста и невротицизмот не постојат значајни разлики помеѓу двете групи".

Резултати

Во продолжение се прикажани резултатите на испитаниците за испитуваните варијабли. За тестирање на истражувачката хипотеза користени се мерки на централна тенденција, мерки на варијабилност и t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметичките средини кај двете испитувани групи. Добиените податоци беа статистички обработени во програмата SPSS-26.

	N	Min	Max	M	SD	Shapiro – Wilk (statistic)	Shapiro – Wilk (p)
Екстравертност	50	18	39	29,76	5,02	0,972	0,283
Согласност	50	23	45	35,08	5,01	0,980	0,563
Совесност	50	19	45	35,88	6,61	0,946	0,004
Невротицизам	50	8	36	22,72	7,02	0,971	0,251
Отвореност кон искуства	50	31	50	41,18	4,76	0,970	0,223

Табела 1. Дескриптивни статистици за варијаблите екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства кај уметници

Во табела 1 се прикажани резултатите од тестирањето на варијаблите во однос на опсегот на скорови, просечната вредност, стандардното отстапување и Шапиро – Вилк тестот за нормалност на дистрибуциите кај лицата кои се занимаваат со уметност.

Опсегот на скорови за варијаблата екстравертност се движи од 18 до 39. Аритметичката средина изнесува M=29,76, а SD=5,02. Опсегот на скорови за варијаблата согласност се движи од 23 до 45. Аритметичката средина изнесува M=35,08 а SD=5,01. Опсегот на скорови за варијаблата совесност се движи од 19 до 45. Аритметичката средина изнесува M=35,88, а SD=6,61. Опсегот на скорови за варијаблата невротицизам се движи од 8 до 36. Аритметичката средина изнесува M=22,72, а SD=7,02. Опсегот на скорови за варијаблата отвореност кон искуства се движи од 31 до 50. Аритметичката средина изнесува M=41,18, а SD=4,76.

Според Шапиро–Вилк тестот, нормално дистрибуирани се варијаблите екстравертност каде што W = 0,972, p > 0,05, согласност каде што W = 0,980, p > 0,05, невротицизам каде што W = 0,971, p > 0,05 и отвореност кон искуства каде што W = 0,970, p > 0,05. Варијаблата совесност каде што W = 0,946, p < 0,05 не е нормално дистрибуирана.

	N	Min	Max	M	SD	Shapiro – Wilk (statistic)	Shapiro – Wilk (p)
Екстравертност	50	16	40	27,64	5,68	0,975	0,362
Согласност	50	18	44	36,04	4,92	0,926	0,004
Совесност	50	21	45	36,44	6,65	0,898	0,000
Невротицизам	50	12	38	23,12	6,55	0,974	0,326
Отвореност кон искуства	50	21	43	32,40	4,66	0,987	0,867

Табела 2. Дескриптивни статистици за варијаблите екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства кај лицата кои не се занимаваат со уметност

Во табела 2 се прикажани резултатите од тестирањето на варијаблите во однос на опсегот на скорови, просечната вредност, стандардното отстапување и тестот за нормалност на дистрибуциите кај лицата кои не се занимаваат со уметност.

Опсегот на скорови за варијаблата екстравертност се движи од 16 до 40. Аритметичката средина изнесува M=27,64, а SD=5,68. Опсегот на скорови за варијаблата согласност се движи од 18 до 44. Аритметичката средина изнесува M=36,04, а SD=4,92. Опсегот на скорови за варијаблата совесност се движи од 21 до 45. Аритметичката средина изнесува M=36,44, а SD=6,65. Опсегот на скорови за варијаблата невротицизам се движи од 12 до 38. Аритметичката средина изнесува M=23,12, а SD=6,55. Опсегот на скорови за варијаблата отвореност кон искуства се движи од 21 до 43. Аритметичката средина изнесува M=32,40, а SD=4,66.

Според Шапиро – Вилк тестот, нормално дистрибуирани се варијаблите екстравертност каде што W = 0,975, p > 0,05, невротицизам каде што W = 0,974, p > 0,05 и отвореност кон искуства каде што W = 0,987, p > 0,05. Варијаблите согласност каде што W = 0,926, p < 0,05 и совесност каде што W = 0,898, p < 0,05 не се нормално дистрибуирани.

Наоди од тестираната хипотеза

		N	M	SD	df	t	p
Екстравертност	Уметници	50	29,76	5,025	98	1,977	0,05
	Лица кои не се занимаваат со уметност	50	27,64	5,681			
Согласност	Уметници	50	35,08	5,010	98	-0,966	0,34
	Лица кои не се занимаваат со уметност	50	36,04	4,924			
Совесност	Уметници	50	35,88	6,614	98	-0,422	0,67
	Неуметници	50	36,44	6,652			
Невротицизам	Уметници	50	22,72	7,022	98	-0,294	0,76
	Лица кои не се занимаваат со уметност	50	23,12	6,555			
Отвореност кон искуства	Уметници	50	41,18	4,762	98	9,318	0,00
	Лица кои не се занимаваат со уметност	50	32,40	4,660			

Табела 3. Разлики помеѓу уметници и лица кои не се занимаваат со уметност во однос на цртите на личноста: екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства.

Во табела 3 се прикажани резултатите од тестирањето на разликите помеѓу уметниците и лицата кои не се занимаваат со уметност во однос на петте црти на личноста: екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства. Во однос на екстравертноста, пронајдена е статистички значајна разлика (t(98)= 1,977, p<0,05), односно уметниците имаат поистакната екстравертност за разлика од лицата кои не се занимаваат со уметност. Исто така, и кај отвореноста кон искуства пронајдена е статистички значајна разлика (t(98)= 9,318, p<0,01), односно уметниците имаат поистакната отвореност кон искуства за разлика од лицата кои не се занимаваат со уметност. Не е пронајдена статистички значајна

разлика во однос на согласноста (t(98)= -0,966, p>0,05), совесноста (t(98)= -0,422, p>0,05) и невротицизмот (t(98)= -0,294, p>0,05) помеѓу уметниците и лицата кои не се занимаваат со уметност.

Согласно добиените наоди, истражувачката хипотеза *„Уметниците имаат повисоко истакната екстраверзија и отвореност кон искуства од лицата кои не се занимаваат уметност, а во однос на согласноста, совесноста и невротицизмот не постојат значајни разлики помеѓу двете групи"* **е потврдена.**

ЗАКЛУЧОК

Трудот беше насочен кон добивање на наоди за тоа, каква е личноста или кои црти на личност се доминантни кај уметниците во однос на лицата кои не се занимаваат со уметност. Целта беше да се увиди дали постојат разлики помеѓу овие две групи. Идејата според која отвореноста кон искуства и екстравертноста се поистакнати кај уметниците е поддржана во литературата. Мета-анализата на Феист (1998) го даде можеби најсилното образложение за важноста на оваа врска, особено во однос на разликата помеѓу креативните наспроти некреативните научници и уметниците наспроти не-уметниците. Во мета анализата на Феист (1998) пронајдено е дека личносните димензии се во особена поврзаност со креативноста, а посебно отвореноста кон искуства и екстравертноста кои се пронајдени како поистакнати кај уметници за разлика од оние кои не се уметници. И според Кауфман и сор. (2014) отвореноста кон искуства и екстравертноста се поистакнати кај уметниците наспроти останатата испитана група научници, односно отвореноста кон искуства и екстравертноста подобро ја предвидуваат креативноста кај уметниците, а кај научниците интелигенцијата е подобар предиктор за разлика од личносните црти. Резултатите добиени во ова истражување, според кои отвореноста кон искуства и екстравертноста се поситакнати личности црти кај уметниците наспроти лицата кои не се занимаваат со уметност, се во согласност со горенаведените истражувања. Истражувачката хипотеза беше потврдена.

Сепак ова истражување има и одредени недостатоци. Истражувањето е спроведено врз недоволно голем примерок на испитаници, а истовремено истиот не е репрезентативен за целата популација, па оттука резултатите не можат да се генерализираат надвор од испитуваната група.

Како препорака за следни истражувања, би било добро да се спроведат слични истражувања, во кои би се опфатиле поголеми групи на испитаници, како и според интервалот на занимавање со уметнички активности. Имено, би можело да опфаќа испитаници кои практикуваат уметнички активности 2, 4 или 7 пати во неделата. Ова би помогнало за да се утврдат не само разликите помеѓу групата на лица кои се занимаваат со уметнички активности, туку и поврзаноста на секоја од групите со варијаблите екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства. Ваков тип на истражувања би можеле да се прошират и со вметнување на нови варијабли како креативност и интелигенција со цел да се увиди поврзаноста со личноста.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Booker, B. B., Feam, M., & Francis, L. J. (2001). The personality profile of artists. The Irish Journal of Psychology, 22(3-4), 277-281.
2. Cameron, J.E., Duffy, M., & Glenwright, B. (2014). Singers take center stage! Personality traits and stereotypes of popular musicians. Psychology of Music, 1–13. https://doi.org/10.1177/0305735614543217
3. Clarke, J. R., & Gipe, J. P. (1989). Psychological characteristics, teaching beliefs and teaching behaviors of artist/teachers. Paper presented at the Annual Meeting of NETWORK: Washington D.C., October 1989. https://eric.ed.gov/?id=ED314383
4. Cribb, C., & Gregory, A.H. (1999). Stereotypes and personalities of musicians. The Journal of Musicans,133(1), 104-114. https://doi.org/10.1080/00223989909599725
5. Chamorro-Premuzic, T., Reimers, S., Hsu, A. & Ahmetoglu, G. (2008). Who art thou? Personality predictors of artistic preferences in a large UK sample: The importance of openness. British Journal of Psychology, 0(0), 1–16. doi: BJP 648—12/9/2008—RAJADURAI—306767
6. Costa, P. T., & McCrae, R. R. (1992). Revised NEO Personality Inventory (NEO PI-R): Professional Manual. Odessa: Psychological Assessment Resources, Inc.
7. Dixon, R. M. W. (1977). Where have all the adjectives gone? Studies in Language, 1, 19-80.
8. Drevdahl, J. E., & Cattell, R. B. (1958). Personality and creativity in artists and writers. Journal of Clinic Psychology, 14(2), 107-111. https://doi.org/10.1002/10974679%28195804%2914:2%3C107::AID-JCLP2270140202%3E3.0.CO;2-T
9. Dutta, R. D. (1996). Personality model of fine artists. Creativity Research Journal, 9(4), 391-394. https://doi.org/10.1207/s15326934crj0904_10
10. Dyce, J. A., & O'Connor, B. P. (1994). The personalities of popular musicians. Psychology of Music,22, 168-173. https://doi.org/10.1177/0305735694222006
11. Eiduson, B. T. (1957). Artist and Non-artist: A Comparative Psychological Study. Unpublished doctoral dissertation. LA: University of California.
12. Feist, G. J. (1998). A meta-analysis of personality in scientific and artistic creativity. Personality and Social Psychology Review,2(4), 290-309. https://doi.org/10.1207/s15327957pspr0204_5
13. Funder, D. C. (1997). The personality puzzle. New York: W. W. Norton & Company.
14. John, O. P., & Strivastava, S. (1995). The Big-Five trait taxonomy: History, measurement, and theoretical perspectives. In L. A. Pervin & O. P. John (Eds.), Handbook of personality: Theory and research (Vol. 2, pp. 102–138). New York: Guilford Press.
15. Јанаков, Б. (2018). Основи на персонологијата 1. Скопје: Филозофски факултет.
16. Јанаков, Б. (2018). Основи на персонологијата 2. Скопје: Филозофски факултет.
17. Haslam, N. (2007). Introduction to personality and intelligence. Los Angeles: Sage Publications.
18. Kaufman, S. B., Quilty, L. C., Grazioplene R. G., Hirsh, J. B., Gray, J. R., Peterson, J. B., & DeYoung, C. G. (2016). Openness to Experience and Intellect Differentially Predict Creative Achievement in the Arts and Sciences. Journal of Personality, 84 (2), 248 – 258.

19. Kemp, A. E. (1996). The musical temperament: Psychology and personality of musicians. US: Oxford University Press. https://doi.org/10.1093/acprof:oso/9780198523628.001.0001
20. Михајловски, З. (2010). Особини на личност кај поединци професионално определени за музичка уметност. Скопје: Необјавена докторска дисертација.
21. Pervin, L. A. & John, O.P. (Eds.) Handbook of personality: Theory and research (2rd ed.). New York: Guilford, 1999.
22. Per, M., & Beyoğlu, A. (2011). Personality types of students who study at the departments of numeric, verbal and fine arts in education faculties. Procedia Social and Behavioral Sciences, 12, 242–247. https://doi.org/10.1016/j.sbspro.2011.02.032
23. Steele, A. L., & Young, S. (2011). A descriptive study of Myers-Briggs personality types of professional music educators and music therapists with comparisons to undergraduate majors. Journal of Music Therapy, 48(1), 55-73. https://doi.org/10.1093/jmt/48.1.55
24. Sternberg, R. J. (2006). The Nature of Creativity. Creativity Research J0urnal, 18(1), 87-97.
25. Серафимовска, Е. и Марковиќ, М. (2013). Опис на тестот НЕО ПИ-3. Годишник на ИСППИ, 37(1), 9-15.
26. Vuust, P., Gebauer, L., Hansen, N. C., Jorgensen, S. R., Moller, A., & Linnet, J. (2010). Personality influences career choice: Sensation seeking in professional musicians. Music Education Research, 12(2), 219-230. https://doi.org/10.1080/14613801003746584

613.83-053.6(497.721)
159.922.8:613.83(497.721)

Д-р Адриана Богдановска Тоскиќ
Анита Стоилковска
ЈЗУ Општа болница Куманово, Оддел за психијатрија со Центар за зависности
Р. Северна Македонија

БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ КАКО РИЗИЧЕН ПРЕДИЗВИК ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

АПСТРАКТ: Адолесценцијата како развоен период е вулнерабилна во многу свои аспекти. Ваквата вулнерабилност ги прави адолесцентите подложни на развој на болести на зависност. Истражувањето е спроведено преку испитување на 100 корисници на Центарот за зависности при ЈЗУ Општа болница Куманово со апликација на прашалник. Добиените резултати говорат во прилог за прв контакт со психоактивни супстанци и почетна редовна употреба на психоактивни супстанци во тек на адолесценција, со најголема фрекфенција во постадолесценција/рана зрелост (18-21 година) и пик околу 19 годишна возраст. Дискусијата ги компарира резултатите со други официјални резултати и дава препораки за периодот за стратегии за превенција и рано откривање.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: адолесценција, ризик, болести на зависност, психоактивни супстанци

ADDICTIVE DISEASES AS A RISKY CHALLENGE IN ADOLESCENCE

ABSTRACT: Adolescence as a developmental period is vulnerable in many aspects. Such vulnerability makes adolescents susceptible to developing addictive diseases. The research was conducted by examining 100 users of the Center for Addictions, PHI General Hospital Kumanovo with a questionnaire application. The obtained results speak in favor of the first contact with psychoactive substances and the initial regular use of psychoactive substances during adolescence, with the highest frequency in post-adolescence/early maturity (18-21 years) and peak around 19 years of age. The discussion compares the results with other official results and makes recommendations for the period for prevention and early detection strategies.

KEYWORDS: adolescence, risk, addictive diseases, psychoactive substances

ВОВЕД

Адолесценцијата како транзициски период од детството во зрелото доба е комплексен процес кој вклучува биолошки, психолошки, социолошки и когнитивно-бихејвиорални промени. Промените во адолесценцијата се одвиваат во етапи и според Американската Академија на Педијатри, адолесценцијата е поделена на три периоди: рана адолесценција од 11 до 14 годишна возраст, средна адолесценција од 15 до 17 годишна возраст и доцна адолесценција од 18 до 21 годишна возраст.[1] Но се почестото одложување на времето на транзицијата на улоги, вклучувајќи го завршувањето на едукацијата, стапувањето во брак,

1. https://www.aap.org/en-us/advocacy-and-policy/aap-health-initiatives/adolescent-sexual-health/Pages/Stages-of-Adolescent-Development.aspx

родителството, ја менува општата перцепција кога почнува зрелото доба. Ваквото поимање на животните фази ја пролонгира адолесценцијата до 24 годишна возраст.[2] И во овој смисол зборуваме за постадолесценција или рана зрелост по 21 годишна возраст до 24 годишна возраст.

Како сам по себе транзициски период, кога се одвиваат најголемите телесни и ментални промени во поединецот, како и позиционирање во интерперсоналните релации и општествени контексти, адолесценцијата е најголем развоен предизвик. Од психолошки аспект, психолошки задачи во адолесценцијата се: развој на задоволителна и реалистична телесна слика, развој на зголемена независност од родителите и адекватни капацитети за самогрижа и регулација, развој на задоволителни релации вон семејството, развој на соодветна контрола и експресија на зголемениот сексуален нагон, консолидација на идентитетот вклучително на персонален морален код и планови за професијата и економска независност.[3] Задачите во адолесценцијата поставени на психодинамската подлога кога се прави рекапитулација на сите претходни фази со фокус на достигање на зрелата сексуалност и идентитет во социолошкото и социјалното поле, го прават овој период вулнерабилен и ризичен за развој на психолошки нарушувања. Според СЗО, во адолесцентниот период (адолесценција во потесна смисла од 10 до 19 години), околу 10-20% од адолесцентите имаат психички нарушувања. Меѓу овие нарушувања, кај адолесцентите доминираат растројства на расположението, поконкретно депресија како четврта водечка причина за болест во средна адолесценција и петнаесетта во рана адолесценција, анксиозност како деветта водечка причина за болест во средна адолесценција и шеста во рана, бихејвиорални нарушувања (АДХД, антисоцијално однесување) како втора водечка причина во рана адолесценција и единаесетта во средна, како и ризично однесување што вклучува употреба и злоупотреба на супстанци.[4]

Болестите на зависност кои покрај индивидуалната патологија и страдање, имаат и општествени консеквенци, се специфично поврзани и со адолесцентниот период. Почетната употреба и злоупотреба на алкохол и психоактивни супстанци во најголем процент е во адолесценцијата. Доколку првата употреба на алкохол и психоактивни супстанци се случил во адолесценцијата, поголема е веројатноста за развивање и на зависност. Националниот институт за злоупотреба на дроги на САД и други национални агенции, во периодичните извештаи за употреба на нелегални дроги во 2012 година процениле дека 22 милиони луѓе постари од 12 години (околу 10% од општата популација) можело да се квалификуваат со растројство поврзано со супстанци. Со оглед на возраста, оние кои почнале да користат дроги на помала возраст (14 години или помлади) многу поверојатно ќе станеле зависни од оние кои почнале со употреба на подоцнежна возраст. Меѓу возрасните на 21 година или постари кои прв пат пробале алкохол на возраст од 14 години или помлади, 15% биле класифицирани како зависни од алкохол споредено со 3% на оние кои првпат употребиле алкохол на возраст од 21 година или постари.[5] Како етиолошки фактори за развој на болести на зависност се

2. Prof Susan M Sawyer, MD, Peter S Azzopardi, PhD, Dakshitha Wickremarathne, MDS, Prof George C Patton, MD, The Lancet Child and Adolescent Health, VOLUME 2, ISSUE 3, P223-228, MARCH 01, 2018, DOI:https://doi.org/10.1016/S2352-4642(18)30022-1

3. Martin A., Volkmar R. F., Bloch M., Ed., Lewis's child and adolescent psychiatry: a comprehensive textbook, 5th ed., Lippincot Williams & Wilkins, 2018, p. 318

4. https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/adolescent-mental-health

5. Sadock J. B. MD, Sadock A. V. MD, Ruiz P. MD, Synopsys of Psychiatry, Behavioral science/Clinical Psychiatry 11th ed., Wolters Kluwer, 2015, p. 617

наведуваат генетски, неврохемиски, психодинамски, социјално-бихејвиорални. Во адолесценцијата се надодаваат и дополнителни ризик фактори: наследни фактори како модели за зависничко однесување и други психијатриски растројства, фактори на околината кои ги вклучуваат фамилијарните карактеристики – семејно функционирање, родителски практики и негрижа за деца, како и контекстуални фактори од тип: влијание од друштво, достапност на супстанци и можности за конзумација. Интеракцијата на овие наследни и фактори на околина ги детерминира опсервирачките карактеристики на индивидуата и нејзиното однесување, односно фенотипот како употреба на алкохол и супстанци.[6] Всушност самата структура на личноста е пресудна во подложноста кон развивање зависност, а во адолесцентното доба кога таа е се уште во развој без доволно развиени капацитети за саморегулација, тенденцијата кон ризично однесување е зголемена. За спречување на болестите на зависност влијаат и протективни фактори кои произлегуваат од индивидуата на адолесцентот и од околинските услови: стабилен семеен живот, силни врски со родителите и конзистентна родителска супервизија, инвестирање во академски достигања и друштво кое промовира просоцијални семејни и школски однесувања.

СОПСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето е спроведено преку репрезентативен примерок на корисници на Центарот за зависности во склоп на психијатрискиот оддел во ЈЗУ Општа болница Куманово. Корисниците во Центарот се на метадонска супституциона терапија како третман на претходно развиена зависност од опијати.

Цели: Цел на истражувањето е добивање увид за животниот период кога бил првиот контакт со психоактивни супстанци кај веќе регистрирани зависници кои се на метадонска супституциона терапија. Исто така цел е и добивање увид кога започнал развојот на зависност кај нив. Соберени се и податоци за видот на психоактивната супстанца со која имале прв контакт, како и за видот на активната супстанца која почнале редовно да ја користат. Исто така цел беше и да се провери трендот за периодот во кој почнува зависноста во однос на светските статистики, како и да се дојде до одредени заклучоци за фокус групите за превенција.

Методологија: Истражувањето е извршено на 100 корисници во Центарот за зависности во склоп на психијатрискиот оддел во Општа болница Куманово. Испитувањето е спроведено со директен контакт со испитаниците преку пополнување на прашалник кој опфаќа податоци за периодот на прв контакт со психоактивни супстанци, периодот на почеток на редовна употреба на психоактивни супстанци, како и видот на истите. Потоа е извршена статистичка обработка на податоците.

Резултати: Според полот испитани се 96 мажи и 4 жени кориснички на метадонска супституциона терапија. Според возраста поделени се во пет категории: на возраст од 21 до 30 години 5 корисници, на возраст од 31 до 40 години 42 корисници, на возраст од 41 до 50 години 46 корисници и на возраст над 50 години 7 корисници.

За периодот кога прв пат пробале психоактивна супстанца добиени се следниве резултати: во рана адолесценција меѓу 11 и 14 годишна возраст 10 (10%), во средна адолесценција меѓу 15 и 17 години 25 (25%), во доцна адолесценција

6. Dawn L. Thatcher, Ph.D. and Duncan B. Clark, M.D., Ph.D., Adolescents at Risk for Substance Use Disorders Role of Psychological Dysregulation, Endophenotypes, and Environmental Influences, Alcohol Res Health. 2008; 31(2): 168–176.

меѓу 18 и 21 година 37 (37%), во постадолесценција/рана зрелост меѓу 22 и 24 години 16 (16%) и над 25 годишна возраст 12 (12%). Најчестата возраст на која корисниците на Центарот пробале психоактивна супстанца е 19,09 години. Во адолесцентниот период во потесна смисла до раната зрелост веќе 78% од корисниците пробале психоактивна супстанца. Додека во поширокот сфаќање на адолесцентниот период, до 24та година дури 88% од испитаниците пробале психоактивна супстанца. Периодот на доцна адолесценција и постадолесценција/рана зрелост е кога најмногу корисници пробуваат првпат психоактивна супстанца – 62%.

За периодот кога почнале редовно да употребуваат психоактивна супстанца добиени се следниве резултати: во рана адолесценција меѓу 11 и 14 годишна возраст 5 (5%), во средна адолесценција меѓу 15 и 17 години 23 (23%), во доцна адолесценција меѓу 18 и 21 година 35 (35%), во постадолесценција/рана зрелост меѓу 22 и 24 години 22 (22%) и над 25 годишна возраст 15 (15%). Најчестата возраст на која корисниците на Центарот почнале редовно да користат психоактивна супстанца е 19,44 години. Во адолесцентниот период во потесна смисла до раната зрелост 63% од корисниците почнале редовно да користат психоактивна супстанца, а при пошироко разбирање на адолесцентниот период до 24та година дури 85% од испитаниците почнале со редовна употреба на психоактивни супстанци. Во периодот на доцна адолесценција и постадолесценција/рана зрелост најмногу корисници почнуваат редовно да употребуваат психоактивна супстанца – 58%.

За видот на психоактивна супстанца која првпат ја пробале корисниците во Центарот се добиени следниве резултати: хероин 70 (70%), марихуана 27 (27%) и екстази 3 (3%).

За видот на психоактивна супстанца која почнале редовно да ја користат корисниците во Центарот се добиени овие резултати: хероин 93 (93%), кокаин 3 (3%) и екстази (3%).

ДИСКУСИЈА

Претставеното истражување го проучува почетниот период кога првпат се пробува психоактивна супстанца и кога се почнува со редовна конзумација на психоактивни супстанци кај веќе регистрирани зависници од опијати кои се на метадонски супституционен третман во Центарот за зависности при ЈЗУ Општа болница Куманово. При истражувањето се тргна од претпоставката дека за највулнерабилен период за развој на болести на зависност се јавува адолесценцијата.

Нашите резултати ги потврдија нашите претпоставки дека адолесцентниот период е најкритичен за појава и развој на болести на зависност. Имено меѓу нашите испитаници дури 88% првпат пробале психоактивна супстанца во адолесценцијата (од 11 до 24 години) и високи 85% почнале редовно да користат психоактивни супстанци во истиов период. *Најчестата возраст на која корисниците на Центарот пробале психоактивна супстанца е 19,09 години, а на 19,44 години почнале со редовна употреба. Како најкритичен период од адолесценцијата се јавува доцната адолесценција (од 18 до 21 година) и постадолесценцијата/раната зрелост (од 22 до 24 години), кога најголем број испитаници (62%) првпат пробале психоактивна супстанца и исто најголем број испитаници (58%) почнале со редовна употреба.* Има совпаѓање од 76% за видот

на психоактивната супстанца која првпат е пробана и со која се продолжило со редовна употреба. Кај корисниците во Центарот кои имале развиено зависност од опијати, најчесто и прва пробана психоактивна супстанца била хероинот (полусинтетски дериват на опиумот) во 70%.

Според првото истражување на репрезентативен примерок од 10123 адолесценти на возраст од 13 до 18 години, за присуство на ментални заболувања меѓу адолесцентите во САД, преваленцата на ментални заболувања била 22,2%, каде растројствата поради употреба на супстанци – болести на зависност се јавуваат со 11,4% учество, со средно појавување на 15 години.[7] Националниот институт за злоупотреба на дроги на САД излегува со податоци дека поголемиот дел на оние кои имаат растројство поради злоупотреба на психоактивни супстанци (болест на зависност), почнале да користат психоактивни супстанци пред 18та година и го развиле растројството на 20 годишна возраст.[8] Бројот на нови случаи на зависност од супстанци е редок пред 10 годишна возраст, пикот го достигнува околу 20 годишна возраст и опаѓа потоа, а нови случаи се невообичаени по 25 годишна возраст.[9]

Споредувајќи ги податоците од нашето истражување и горенаведените податоци, произлегува позитивна корелација дека адолесценцијата е критичниот период за развој на болести на зависност. Најчеста возраст во нашето истражување на која настанала првата употреба на психоактивна супстанца (19,09 години) е повисока од наведените истражувања во САД, каде возраста е под 18 години. Возрастите на кои се почнува со редовна употреба на психоактивни супстанци корелираат – 19,44 години со 20 годишна возраст. Пикот на нови случаи на болести на зависност околу 20 години, коренспондира и со податоците од нашето истражување (19,44 години).

Потребно е да се потенцира дека доцната адолесценција и постадолесценцијата/рана зрелост се периоди кога е нафрекфентна и првата употреба и почетната редовна употреба на психоактивни супстанци. Причините за оваа честота би требало да се бараат во се поголемата самостојност, намалена родителска контрола, поголема достапност до дрога,[10] како и завршувањето на средното образование кога е поголема структуираноста на времето и надзорот врз адолесцентот. Овој податок е значаен и во смисол на опсмислување на стратегиите за превенција и рано откривање на болестите на зависност, како и воочување на етиолошките и ризик фактори во овој период кои доведуваат до подложност за развивање на болести на зависност. Според ова стратегиите за превенција на болести на зависност треба да се спроведуваат уште во основните училишта со континуирана едукација и мониторинг во средните училишта.

7. Kathleen Ries Merikangas, Jian-ping He, Marcy Burstein, Sonja A. Swanson, Shelli Avenevoli, Lihong Cui, Corina Benjet, Katholiki Georgiades, Joel Swendsen, Lifetime Prevalence of Mental Disorders in U.S. Adolescents: Results from the National Comorbidity Survey Replication–Adolescent Supplement (NCS-A), Journal of the American Academy of Child & Adolescent Psychiatry, Volume 49, Issue 10, 2010, Pages 980-989, ISSN 0890-8567, https://doi.org/10.1016/j.jaac.2010.05.017.
(https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S0890856710004764)
8. https://www.drugabuse.gov/publications/principles-adolescent-substance-use-disorder-treatment-research-based-guide/introduction
9. Thapar A., Pine S. D., Leckman F. J, Scott S., Snowling J. M., Taylor E., Rutter's Child and Adolescent Psychiatry, 6th ed., John Wiley & Sons, Ltd, 2015, p.931
10. Thapar A., Pine S. D., Leckman F. J, Scott S., Snowling J. M., Taylor E., Rutter's Child and Adolescent Psychiatry, 6th ed., John Wiley & Sons, Ltd, 2015, p.937

ЗАКЛУЧОК

Адолесценцијата како развоен период со многу развојни задачи преку кои се формира личноста, носи бројни предизвици за совладување. Болестите на зависност кои имаат реперкусии и врз физичкото и врз менталното здравје на поединецот, како и врз неговото општествено позиционирање и достигнувања, најчесто почнуваат во адолесцентниот период што е потврдено и со нашето истражување, каде пикот е на 19,44 годишна возраст. Ова носи импликации кои треба да се земат во предвид при креирање стратегии за превенција и ран скрининг.

159.9:364.69]:616.98:578.834(470+571)

Ольга Юрьевна Зотова
Мария Владимировна Бызова
Ольга Сергеевна Солодухина
Факультет социальной психологии, Гуманитарный университет – Екатеринбург
Российская Федерация

ПСИХОЛОГИЧЕСКАЯ БЕЗОПАСНОСТЬ ДЕТЕЙ В ПЕРИОД ПАНДЕМИИ

АННОТАЦИЯ: Пандемия COVID-19 представляет собой опасное скопление факторов риска для психологической безопасности детей и подростков огромных масштабов: реорганизация семейной жизни, сильный стресс, страх смерти родственников, экономический кризис, отсутствие контроля со стороны сверстников и учителей в школе. По результатам проведенного исследования было выявлено, что подростки в период пандемии стали более ответственными, самостоятельными и стрессоустойчивыми, так как внешняя угроза стимулирует внутренние резервы обучающихся, подталкивая их к более взрослому и осмысленному взгляду на вещи. Младшие подростки всё ещё по большей части контролируются родителями, поэтому их осознанность в период пандемии возрастает чуть меньше.

КЛЮЧЕВЫЕ СЛОВА: пандемия COVID-19, психологическая безопасность, подростки

PSYCHOLOGICAL SECURITY OF CHILDREN DURING THE PANDEMIC

ABSTRACT: The COVID-19 pandemic represents dangerous overcrowding of large-scale risk factors for psychological security of children and teenagers: a rearrangement of family life, stress, fear of relatives' death, economic crisis, the lack of teachers and peers' control at school. The findings of the survey conducted indicated that in time of the pandemic teenagers have become more responsible, self-sufficient and stress-resistant since an external threat stimulates inner resources of students pushing them to a more grown-up and meaningful view of things. Younger adolescents are still under greater parental control, and that is why their awareness during the pandemic grows at a slower pace.

KEY WORDS: the COVID-19 pandemic, psychological security, teenagers

ВВЕДЕНИЕ

Пандемия COVID-19 привела к нарушению психологической безопасности и длительному стрессу. Меры безопасности, принятые для борьбы с пандемией, имеют самые разные последствия для людей. Исследования пандемий, с которыми столкнулись с течением времени таких, как SARS, Эбола, H1N1 и нынешний COVID-19, показывают, что психологические эффекты заражения и карантина не ограничиваются страхом заразиться вирусом (Barbisch et al., 2015). Существуют некоторые элементы, связанные с пандемией, которые больше влияют на население такие, как разлука с близкими, потеря

свободы, неуверенность в развитии болезни и чувство беспомощности (Li & Wang, 2020). Эти аспекты могут привести к драматическим последствиям таким, как рост самоубийств (Kawohl & Nordt, 2020). Суицидальное поведение часто объединено с чувством гнева, связанным со стрессовым состоянием, широко распространенным среди людей, которые жили/живут в наиболее пострадавших районах (Mamun & Griffiths, 2020). В свете этих последствий необходима тщательная оценка потенциальных преимуществ карантина с учетом высоких психологических издержек (Mazza et al., 2020).

Изменения, вызванные пандемией, не могли не коснуться психологической безопасности как отдельных людей, так и всего общества в целом. В связи с чем, понимание факторов, влияющих на психологическую безопасность, предоставляет собой ценную информацию для управления пандемией и ее последствиями.

Одна из основных эмоциональных реакций во время пандемии – страх. Человек, как и другие животные, обладает набором защитных механизмов для борьбы с экологическими угрозами. Отрицательные эмоции, возникающие в результате угрозы, могут заражать окружающих, а страх может сделать угрозу неотвратимой. Апелляция к страху заставляет людей менять свое поведение.

Если люди чувствуют, что способны справиться с угрозой, то это приводит к конструктивным стратегиям поведения. Если же люди чувствуют себя беспомощными, это ведет к оборонительным реакциям. Таким образом, сообщения, вызывающие сильный страх будут эффективны только тогда, когда люди испытывают уверенность в том, что справятся с данной ситуацией.

В России сейчас проживает свыше 26 млн. детей, что составляет приблизительно 23,3% населения страны. Дети представляют собой наиболее ценный ресурс страны, залог ее будущего развития и социально-экономического роста, в связи с чем большую актуальность в современном мире приобретает формирование психологической безопасности у детей и подростков, как состояния личности, при котором она способна удовлетворять базовые потребности в самосохранении и восприятии собственной психологической защищенности в социуме. Пандемия COVID-19 значительно изменила жизнь детей и подростков. Социальное дистанцирование, прерывание привычного школьного распорядка, нарушение социальных связей со сверстниками будут иметь длительные последствия, связанные как с академической неуспеваемостью, так и проблемами в социальной и эмоциональной сфере. Стигма и дискриминация, связанные с COVID-19, могут сделать детей более уязвимыми перед лицом насилия и психосоциального давления. Изоляция и стресс, связанные с COVID-19, также могут привести к более высокому уровню подростковой депрессии, беспокойства, агрессии.

Большую социальную значимость в настоящее время приобретают целый спектр угроз для детей и подростков, связанных с пандемией COVID-19: проблемы психического здоровья, связанные с карантином, включают депрессию, плохое настроение, раздражительность, бессонницу, гнев и эмоциональное истощение. Кризис COVID-19 включает в себя многочисленные характеристики, наблюдаемые в массовых травматических событиях, поэтому можно ожидать увеличения ПТСР во время и после пандемии. В исследованиях, проведенных после эпидемий H1N1 и SARS в Центральной и Северной Америке, критериям посттравматического стрессового расстройства соответствовали 30% детей, которые были

изолированы или помещены на карантин. Еще одна угроза, связанная с пандемией – это увеличение количества времени, проведенном в сети Интернет, что ведет к повышенному риску сексуальной эксплуатации в Интернете. Помимо этого, слияние коронавируса и экономического коллапса может привести к гротескным формам проявления стремления к острым ощущениям и протестам.

Таким образом, пандемия COVID-19 представляет собой опасное скопление факторов риска для психологической безопасности детей и подростков огромных масштабов: реорганизация семейной жизни, сильный стресс, страх смерти родственников, экономический кризис, отсутствие контроля со стороны сверстников и учителей в школе.

По результатам последних исследований, проведенных во время пандемии COVID-19, дети и молодые люди особенно подвержены риску развития тревожных симптомов (Iasevoli et al., 2020). Многие родители наблюдали эмоциональные и поведенческие изменения у своих детей во время карантина: симптомы, связанные с затруднением концентрации внимания, скукой, раздражительностью, беспокойством, нервозностью, чувство одиночества, беспокойства и беспокойства. Данные, собранные на выборке студентов колледжей во время распространения эпидемии в Китае, показали, как уровень тревожности у молодых людей опосредован определенными защитными факторами, такими как проживание в городских районах, экономическая стабильность семьи и т.д. А заражение родственников или знакомых приводит к обострению тревожных симптомов (Cao et al., 2020). А также, экономические проблемы и замедление академической активности связаны с симптомами тревоги (Alvarez et al., 2020). Кроме того, онлайн-опрос, проведенный среди населения Китая в целом, показал, что студенты колледжей более подвержены стрессу, тревоге и депрессии, чем другие, во время пандемии. Эти результаты предполагают мониторинг и укрепление психического здоровья молодежи с целью снижения негативного воздействия карантина (Li et al., 2020).

Реакция детей на стрессовые события уникальна и разнообразна. Некоторые дети могут быть раздражительными или навязчивыми, а некоторые могут регрессировать, требовать дополнительного внимания или испытывать трудности с самообслуживанием, сном и едой. Новое и вызывающее поведение – это естественная реакция, и взрослые могут помочь, проявив сочувствие и терпение, а также спокойно установив ограничения, когда это необходимо. В связи с чем изучение психологической безопасности детей во время пандемии является актуальным, в том числе и для смягчения потенциально разрушительных последствий.

МЕТОДИКИ

Для выявления степени удовлетворенности потребности в безопасности подростка нами был выбран опросник «Оценка удовлетворенности личности в потребности безопасности» О. Ю. Зотовой. Опросник представляет собой перечень из семи потребностей, которые необходимо оценить по пятибальной шкале: от +2 до -2. В оригинальный вариант опросника для оценки удовлетворенности входят следующие потребности: потребность в стабильности; потребность в законе, порядке; потребность в предсказуемости событий; потребность в надежной работе со стабильным заработком; потребность быть любимым, желанным; потребность быть защищенным от опасностей и враждебного мира; потребность в защищенности от реальных чрезвычайных обстоятельств (война, общественные беспорядки). Так как исследование направлено на изучение психологической безопасности подростков, позиция «потребность в надежной работе со стабильным заработком» была заменена на более актуальную для школьников позицию «Потребность в комфортном обучении, хороших результатах учебы». Количество набранных баллов удовлетворенности психологической безопасностью складывается из суммы баллов оценки каждой из семи потребностей.

Для диагностики удовлетворенности подростков социальной средой была составлена анкета включающая 25 закрытых вопросов с выбором из четырех вариантов ответа, а также шкалу Лайкерта для определения изменений в основных сферах социальной жизни подростка в период пандемии. Закрытые вопросы анкеты затрагивают пять разделов социальной жизни подростка, влияющих на его ощущение собственной психологической безопасности: стремление к развитию; конструктивное разрешение конфликтных ситуаций; осознанность; удовлетворенность отношениями в семье; удовлетворенность социальной средой школы. Изменения в социальной жизни ребёнка в период пандемии измеряются с помощью шкалы Лайкерта.

Исследование проходило на базе МАОУ СОШ № 36 г Екатеринбурга. В исследовании приняло участие 86 человек, учеников 6, 8 и 10 классов: 31 подростков 11–12 лет, 30 подростков 13–14 лет и 25 подростка 15–16 лет. Выборка уравнена по полу.

РЕЗУЛЬТАТЫ

Для выявления степени удовлетворенности потребности в безопасности подростков был проведен опросник «Оценка удовлетворенности личности в потребности безопасности» О. Ю. Зотовой. Нами были получены следующие результаты: средний балл удовлетворенности потребности в безопасности у опрошенных подростков – 7,34, что говорит о том, что потребность в безопасности большинства подростков удовлетворена. Средний балл удовлетворенности потребности в безопасности младшей подростковой группы составляет 8,55 баллов, что может говорить о том, что подростки 11–12 лет в большей степени удовлетворены собственной безопасностью. Средний балл средней подростковой группы составляет 5,82 балла, а старшей подростковой группы – 7,74 балла, что также является стабильно высоким показателем.

Подростки 13–14 лет, хоть и обладают высоким средним уровнем удовлетворенности потребности в безопасности, всё же имеют более низкий балл в сравнении со старшей и младшей подростковыми группами. Такое

распределение баллов может быть возможным из-за того, что младшие подростки в ощущении собственной безопасности более ориентируются на родительскую защиту и заботу, в то время как старшие подростки уже достаточно самостоятельны, чтобы позаботиться о себе. Подростки средней подростковой группы наиболее уязвимы для чувства небезопасности, так как они постепенно стараются освободиться от родительской опеки, заявить о себе, но в то же время, они ещё не обладают достаточной самостоятельностью, чтобы полноценно позаботиться о себе.

Изменения у опрошенных подростков в осознанности во время пандемии, в среднем положительные (+3 балла). Это говорит о том, что большинство подростков в период пандемии стали более ответственными, самостоятельными и стрессоустойчивыми, так как внешняя угроза стимулирует внутренние резервы обучающихся, подталкивая их к более взрослому и осмысленному взгляду на вещи. Средний балл изменений в осознанности в младшей подростковой группе составляет +2, в средней подростковой группе – +3, в старшей подростковой группе – +3.

Подростки 13–14 и 15–16 лет в большей мере проявляют ответственность, способность отвечать за свои поступки и сознательность в поведении, так как имеют более широкое и полное представление о пандемии и её влиянии на различные сферы жизни, что вызывает усиления стремления сохранить контроль над собственной жизнью даже в критической ситуации. Младшие подростки всё ещё по большей части контролируются родителями, поэтому их осознанность в период пандемии возрастает чуть меньше.

Изменения у опрошенных подростков удовлетворенности отношениями в семье во время пандемии, в среднем положительные (+4 балла), что говорит о том, что большинство подростков в период самоизоляции стали больше проводить времени со своей семьёй и наладили позитивные отношения со своими близкими. Средний балл изменений удовлетворенности семейными отношениями в младшей подростковой группе составляет +4, в средней подростковой группе – +4, в старшей подростковой группе – +4.

Удовлетворенность отношениями в семье во время пандемии возросла во всех подростковых группах. Это можно объяснить тем, что все опрошенные классы были переведены на дистанционное обучение, что позволило детям больше времени проводить дома, со своей семьёй, и стало значимым условием для вовлечения родителей и детей в дела друг друга.

Изменения у опрошенных подростков удовлетворенности социальной средой школы во время пандемии, в среднем незначительные положительные (+2 балла), что говорит о том, что большинство опрошенных подростков чуть больше удовлетворены дистанционным обучением, чем очным. Средний балл изменений удовлетворенности социальной средой школы в младшей подростковой группе составляет +1, в средней подростковой группе – +1, в старшей подростковой группе – +2.

Удовлетворенность социальной средой школы во время пандемии больше возросла у старших подростков, что может быть следствием большей самостоятельности подростков 15–16 лет. Они в состоянии грамотно организовывать своё время и обучаться без присмотра педагога, в то время как подростки 11–14 лет сильнее нуждаются в руководстве.

Наибольшее число учеников, неудовлетворенных изменениями в условиях обучения, принадлежит к средней подростковой группе. В младшем подростковом возрасте ребенок зачастую воспринимает дистанционное обучение, как игру, ему нравится смена формата, возможность больше времени проводить дома, облегчение учебного процесса за счет того, что основная ответственность за школьную подготовку младшего подростка ложится на плечи родителей. Старшие подростки понимают все преимущества и сложности дистанционного обучения, но они имеют необходимую самостоятельность, чтобы контролировать свою учебную деятельность и заниматься также успешно, как и до пандемии. Подростки 13–14 лет наиболее уязвимы при смене формата обучения, так как они не могут целиком полагаться на помощь родителей в новых условиях, но также ещё не всегда способны регулировать собственную учебную деятельность.

ВЫВОДЫ

Степень удовлетворенности потребности в безопасности подростков разных возрастных групп – стабильно высокая. Школьники средней возрастной группы, показывая общий высокий уровень удовлетворенности потребности в безопасности, все же имееют более низкий балл в сравнении со старшей и младшей возрастной группой. Это связано, возможно, с тем, что они наиболее уязвимы для чувства небезопасности, так как постепенно стараются освободиться от родительской опеки, но еще не обладают достаточной самостоятельностью.

В период пандемии старшие подростки испытывают большую необходимость в восполнении информационного недостатка, так как чувствуют ответственность перед предстоящими экзаменами и скорым началом самостоятельной жизни. Они удовлетворены социальной средой школы, в состоянии грамотно организовывать своё время и обучаться без присмотра педагога, в то время как подростки 11–14 лет более нуждаются в руководстве. Младшие подростки всё ещё контролируются родителями, поэтому их осознанность в период пандемии возрастает чуть меньше. Подростки 13–14 лет наиболее уязвимы при смене формата обучения, так как они не могут целиком полагаться на помощь родителей в новых условиях, но также ещё не всегда способны регулировать собственную учебную деятельность.

Изучение особенностей формирования психологической безопасности современных детей и подростков делает одной из важнейших проблем современности поиск взаимосвязи закономерностей и механизмов психологической безопасности, представлений о безопасности и состояния безопасности с поведенческими проявлениями во взаимодействии со значимыми взрослыми, а также эффективности стратегий преодоления ситуаций, содержащих угрозу психологической безопасности личности, и их реализации в моделях поведения.

Большую научную значимость представляет собой работа с психологической безопасностью как с эффективной терапевтической стратегией, которая предполагает, что отсутствие состояния безопасности способствует уязвимости личности, и что путь к восстановлению заключается не только в облегчении негативных симптомов, но и в повышении психологической безопасности детей и подростков, которая улучшает индивидуальную устойчивость и формирует буфер против жизненных стрессов.

СПИСОК ЛИТЕРАТУРЫ

1. Alvarez, F., Argente, D., & Lippi, F. (2020). A simple planning problem for Covid-19 lockdown. Covid Economics, 14, 1–32.
2. Barbisch, D., Koenig, K., & Shih, F. (2015). Is there a case for quarantine? Perspectives from SARS to Ebola. Disaster Medicine and Public Health Preparedness, 9, 547–553.
3. Cao, W., Fang, Z., Hou, G., Han, M., Xu, X., Dong, J…., & Zheng, J. (2020). The psychological impact of the COVID-19 epidemic on college students in China. Psychiatry Research, 287, 112934.
4. Iasevoli, F., Fornaro, M., D'Urso, G., Galletta, D., Casella, C., Paternoster, M…., & de Bartolomeis, A. (2020). Psychological distress in patients with serious mental illness during the COVID-19 outbreak and one-month mass quarantine in Italy. Psychological Medicine, 1–3.
5. Kawohl, W., & Nordt, C. (2020). COVID-19, unemployment, and suicide. Lancet Psychiatry, 7(5), 389–390.
6. Li, L. Z., & Wang, S. (2020). Prevalence and predictors of general psychiatric disorders and loneliness during COVID-19 in the United Kingdom. Psychiatry Research, 291, 113267.
7. Li, S., Wang, Y., Yang, Y., Lei, X., & Yang, Y. (2020). Analysis of influencing factors of anxiety and emotional disorders in children and adolescents during home isolation during the epidemic of novel coronavirus pneumonia. Chinese Journal of Child Health Care, 28, 1–9.
8. Mamun, M. A., & Griffiths, M. D. (2020). First COVID-19 suicide case in Bangladesh due to fear of COVID-19 and xenophobia: Possible suicide prevention strategies. Asian Journal of Psychiatry, 51, 102073.
9. Mazza, C., Ricci, E., Biondi, S., Colasanti, M., Ferracuti, S., Napoli, C…., & Roma, P. (2020). Nationwide Survey of Psychological Distress among Italian People during the COVID-19 Pandemic: Immediate Psychological Responses and Associated Factors. International Journal of Environmental Research and Public Health, 17(9), 3165.

616.891.6:616-051-057]:616.98:578.834(497.7)

Кристина Лазаревска
Д-р Ивица Бојовски
Доц. д-р Наташа Ефтимовска Отовик
Република Северна Македонија

АНКСИОЗНОСТ КАЈ ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНА ПАНДЕМИЈА ОД SARS – COV 2 (COVID – 19)

АПСТРАКТ:
Предмет: Предметот на истражувањето беше да се утврди појавата и нивото на анксиозност кај здравствените работници во Република Северна Македонија. Колку пандемијата со корона вирусот влијае на појавата на анксиозност и зголемен стрес кај нив, дали истите се плашат од вирусот, колку се загрижени од заразување на себе и најблиските.
Цел: Целта на истражувањето беше да откриe дали постои соодветна конекција помеѓу моменталната состојба со пандемијата и зголемување на нивото на анксиозност кај медицинските работица.
Примерок: За потребите на истражувањето беа дистрибуирани прашалници до 140 здравствени работица од различни делови на државата. Анкетата беше извршена на испитаници кои работата во примарното, секундарното и терцијалното здравство.
Методи: Анкетниот прашалник кој беше дистрибуиран електронски до сите испитаници содржеше прашања од скалата на Back односно BAI скалата со вкупно 21 тврдења (симптоми карактеристични за анксиозност).
Резултати: Истражувањето покажува дека испитаниците во последните седум дена најмногу се сензитивни на ставот од корона вирусот односно дека ќе бидат заразени и ќе заразат некој од своите најблиски, иритабилноста односно нервозата, но и чувството на несигурност. Ова истражување меѓу другото открива и дека кај здравствените работници кои учествуваа во анкетата повеќе се забележува сензибилност на психосоматските отколку на соматските симптоми на анксиозност.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: анксиозност, симптоми, здравствени работници, SARS - Cov -2

APPEARANCE OF ANXIETY WITHIN MEDICAL WORKERS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN TERMS OF A GLOBAL PANDEMIC OF CARS – COV 2 (COVID -19)

ABSTRACT:
Subject: The subject of the research was to determine the occurrence and level of anxiety among health professionals in the Republic of Northern Macedonia. How much does the coronavirus pandemic affect the occurrence of anxiety and increased stress in them, are they afraid of the virus, how much are they worried about infecting themselves and their loved ones.
Aim: The aim of the study was to find out if there is an appropriate connection between the current situation with the pandemic and the increase in the level of anxiety in the medical profession.

Sample: For the needs of the research, questionnaires were distributed to 140 health workshops from different parts of the country. The survey was conducted on respondents working in primary, secondary and tertiary health care.
Methods: The survey questionnaire that was distributed electronically to all respondents contained questions from the Back or BAI scale with a total of 21 statements (symptoms characteristic of anxiety).
Results: The research shows that the respondents in the last seven days are most sensitive to the attitude of the coronavirus, ie that they will be infected and will infect one of their loved ones, irritability or nervousness, but also the feeling of insecurity. This research, among other things, reveals that the health professionals who participated in the survey are more sensitive to psychosomatic than to somatic symptoms of anxiety.

KEYWORDS: anxiety, symptoms, healthcare professionals, SARS - Cov -2

ВОВЕД

Втора година по ред како на глобално ниво така и во Република Северна Македонија здравствените работници и воопшто целиот здравствен систем се соочува со огромен притисок поради пандемијата од корона вирусот која сеуште е присутна. Глобалната пандемија со корона вирусот предизвика отворање на прашањето за менталното здравје на населението во услови на опасност од вирусот, изолација, социјално дистанцирање и забрани за движење.

Имајќи предвид дека постоеја неколку пикови на вирусот од неговиот почеток па се до денес, притисокот, особено кај здравствените работници бележеше константно зголемување и тоа подеднакво кај: примарното, секундарното и терцијалното здравство. Оттука, повеќето здравствени работници (особено медицинските сестри и доктори како и другиот здравствен персонал кој директно работеше со ковид пациенти во Ковид центрите како и останатите делови во клиниките низ државата) се соочува и се соочуваат со значителни потешкотии во однос на нивното работење и постигнувањето на баланс со секојдневните обврски па истите како резултат на недоволно време за одмор, постојано и продолжено работно време како и целосното изложување на опасноста од новиот вирус и стравот дека може да ги заразат своите најблиски. Како и во другите држави така и во Северна Македонија ова предизвика повеќе здравствени работници да се соочат со зголемено ниво на стрес на работно место, а со тоа и анксиозност како резултат на негативното влијание од работењето. Токму поради тоа, овој труд се занимаваше со истражување на нивото на анксиозност кај здравствените работници во Република Северна Македонија од примарното, секундарното и терцијалното здравство во државата.

Здравствените работници во изминативе две години работат под исклучително тешки и стресни околности очекувано е да се претпоставува дека нивото на стрес, а особено анксиозност кај нив би било поголемо за разлика од вообичаено меѓу другото и затоа што покрај основните фактори кои предизвикуваат појава и зголемување на нивото на анксиозност во случајот со овој примерок од населението кај нив како дополнително се вбројуваат и можноста да бидат заразени, да заразат сови блиски членови на семејството, продолженото работно време, неможноста да земат доволно слободни денови и слично.

ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА

Промените во општественото живеење, зголемувањето на работни часови во рамките на една работна недела, постојаното динамично живеење, желбата и амбициите на луѓето за градење на кариера и сопствен развој допринесоа за зголемување на стресот воопшто. Покрај стресот се повеќе луѓе доживуваат анксиозни напади во текот на нивниот живот, кај некои од нив истите се акутни и се случуваат само во определени за нив, стресни случаеви додека пак кај други анксиозноста прераснала во хроничен проблем со детална клиничка слика и симптоми. Во динамични околности во какви што се наоѓаат најголемиот дел до работоспособното населени кое оди на работа преостанува се помалку време овие луѓе да се посветат повеќе на своето психолошко здравје често пати занемарувајќи ги или банализирајќи ги основните симптоми на почетна анксиозност кај нив.

Вториот дел од 20-от век е различно назначен како „ера на стрес“ или „ера на анксиозност“, додека стресот и анксиозноста се универзални човечки искуства, својствени за човечката состојба, природата на специфичните стимули на животната средина кои предизвикуваат стрес и емоциите на вознемиреност неверојатно се променија во текот на годината (Gaudry & Spielberger, 1971). Во 21-от век овие фактори само дополните се зголемуваа, а во денешни околности имајќи ја предвид глобалната пандемија и сите оние мерки кои подразбираат социјално дистанцирање послужи како појачување на вообичаени фактори кои допринесуваат за појава и зголемување на нивото на анксиозноста.

Дефинирање, видови и фактори за појава на анксиозност

Секој понекогаш доживува анксиозност во една или друга форма и во различен степен. Вклучува шема на физиолошки и психолошки реакции, како чувство на стресни емоции, страв и др. Како таква, анксиозноста може сериозно да ја инхибира способноста за концентрација и справувањето со работите во секојдневието на луѓето. Се смета за непријатна состојба што предизвикува изолационо однесување и одбрана. Исто така, може да се дефинира како специфична емоција неопходна за индивидуа да се подготви за потенцијална опасност и заканувачки ситуации.

Во стручната литература може да се најдат повеќе дефиниции за анксиозноста како појава но евидентно е дека научната јавност се уште има дилеми во однос на правилното дефинирање на оваа појава и како воопшто настанува анксиозноста кај луѓето. Според Brown(2007) анксиозноста претставува „субјективното чувство на напнатост, страв, нервоза и грижа поврзано со возбуда на автономниот нервен систем“ (Brown, 2007). Повеќе автори ја истакнуваат и позитивната природа на анксиозноста имајќи предвид дека истата во одредени случаеви опасни за човекот може да предизвика навремено избегнување на опасноста која го следи, па така Bennett (1982) заклучува дека: „Анксиозноста не е сама по себе патолошка состојба, туку неопходна и нормална физиолошка и ментална подготовка за опасност… анзиосноста е неопходна за опстанок на поединецот под одредени околности. (Bennett, 1982).

Фројд, кој беше еден од првите што се фокусираше на важноста на анксиозноста, разликуваше помеѓу објективна и невротична анксиозност. Фројд гледаше на објективната анксиозност како реален одговор на согледаната опасност во околината, синоним за страв. Тој ја видел невротичната анксиозност

како несвесен конфликт во поединците, бидејќи конфликтот бил во несвест, лицето не било свесно за причината за неговата вознемиреност. Исто како што има различен степен на вознемиреност, исто така има и различен степен на свесност за причината за нечија анксиозност (Spielberger, 1983). Според когнитивните теории на анксиозни нарушувања, анксиозните лица се карактеризираат со лошо прилагодливи шеми за закана. Wenzel (2004) истражуваше содржина на шема поврзана со закана кај група лица со социјална анксиозност, во споредба со неклиничка (лица кои немаат анксиозност) група. Од учесниците беше побарано да генерираат скрипти, или шеми базирани на настани, за две вообичаени сценарија, едно од социјална природа и едно од евалуаторски карактер. Wenzel претпостави дека сценариото на социјално анксиозната група треба да содржи повеќе упатувања на согледана опасност, неуспешно справување и / или индикатори на вознемиреност и страв. Ова очекување генерално беше потврдено. Таа откри дека учесниците во групата на социјална анксиозност почесто се повикуваат на настани што го рефлектираат искуството на анксиозноста и нивните сценарија одразуваа понегативен афективен тон од оние на неанксиозните учесници. Wenzel (2004) заклучува дека резултатите укажуваат на основните лоши прилагодливи шеми на луѓе кои имаат социјална анксиозност. (Wenzel, 2004).

Анксиозноста е како другите афективни фактори како што се: замор, досада, лутина и емоционални нарушувања. Целосно е поврзано со психологијата на поединецот. Не се јавува како единствено прашање; може повеќе да стекне форми на манифестација и може да се категоризира како: анксиозност во состојба и особина, специфична анксиозност во ситуации и олеснувачка наспроти изнемоштена анксиозност Според Spielberger и др. (2005), особината на вознемиреност е општа карактеристика на личноста на индивидуата. Поединци, кои доживуваат вознемиреност, имаат тенденција да имаат став и реакција што ја рефлектира нивната способност да ја разберат природата на одредени стимули на животната средина и стресни ситуации како повеќе или помалку тешки или заканувачки (Spielberger, et al., 2005).

Притоа, постојат неколку видови на анксиозни нарушувања:

- Агорафобија е вид на анксиозно растројство во кое се плашите и често избегнувате места или ситуации што може да предизвикаат паника и да се чувствувате заробени, беспомошни или засрамени.
- Генерализирано анксиозно растројство вклучува постојана и прекумерна вознемиреност и грижа за активности или настани - дури и обични, рутински проблеми.
- Паничното нарушување вклучува повторени епизоди на ненадејни чувства на силна вознемиреност и страв или терор кои достигнуваат врв за неколку минути (напади на паника). Може да имате чувства на претстојна пропаст, отежнато дишење, болка во градите или забрзано, треперење или чукање на срцето (срцеви палпитации).
- Социјалното анксиозно растројство (социјална фобија) вклучува високи нивоа на вознемиреност, страв и избегнување на социјални ситуации поради чувство на срам, самосвест и загриженост да не бидат судени или погледнати од другите негативно.
- Специфичните фобии се карактеризираат со голема вознемиреност кога сте изложени на одреден предмет или ситуација и желба да го избегнете. Фобиите предизвикуваат напади на паника кај некои луѓе.

Анксиозност кај здравствените работници во време на глобална пандемија од Covid – 19

Постојат неколку студии кои се обидуваат да ја докажат поврзаност со пандемијата и зголеменото ниво на анксиозност кај здравствените работица. Така, студија на Noor, и други (2020) од Малезија користејќи анкетни прашалник направиле истражување на вкупно 306 здравствени работници (доктори и медицински сестри) кои работат во ковид центри и се директно изложени на опасноста од зараза со корона вирусот. При изборот на примерокот се внимавало сите здравствени работица да бидат дел до терцијалното здравство и посебните пултови за лечење на пациенти со ковид. Очекувано, истражувањето покажало значително зголемување на анксиозноста кај овие медицински работници. Притоа, авторите потенцираат дека не посети никаква статистичка значителна разлика во однос на полото, возраста или професијата (доктор или медицинска сестра) односно зголемената анксиозност е подеднаква кај сите и студијата открива дека на таквото зголемување огромна улога има нивниот ангажман во првите борбени линии со корона вирусот. Друго истражување спроведено во 2020 во Пакистан од страна на Saleem, и други (2020) се однесувало на стравот и појавата на анксиозност како резултат на корона вирусот кај здравствените работници. Во студијата учествувале вкупно 404 здравствени работници. Во примерокот имало и медицински сестри, лекари, стоматолози, матични доктори, доктори и медицински сестри и техничари кои работеле со ковид пациенти и други. Истражувањето открива дека дури кај 63% од вкупниот примерок е забележана тешка анксиозност, а само 0.2% од испитаниците не покажувале никаков вид на анксиозност. Исто така, ова истражување открило дека во избраниот примерок кај медицинските сестри имало значително поголемо ниво ана анксиозност отколку кај другите медицински работни и исто така очекувано, кај оние здравствени работни кои директно работеле со ковид пациенти во ковид центри анксиозноста ила поголема отколку кај оние кои не работеле директно со пациенти со корона.

МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на овој труд беше спроведено истражување со помош на анкетен прашалник за да се утврди појавата и степенот на анксиозност кај медицинските работници во Република Северна Македонија.

Предмет Предметот на истражувањето беше да се утврди појавата и нивото на анксиозност кај здравствените работници во Република Северна Македонија. Колку пандемијата со корона вирусот влијае на појавата на анксиозност и зголемен стрес кај нив, дали истите се плашат од вирусот, колку се загрижени од заразување на себе и најблиските.

Цел Целта на истражувањето беше да открие дали постои соодветна конекција помеѓу моменталната состојба со пандемијата и зголемување на нивото на анксиозност кај медицинските работица.

Примерок За потребите на истражувањето беа дистрибуирани прашалници до 140 здравствени работица од различни делови на државата. Анкетата беше извршена на испитаници кои работата во примарното, секундарното и терцијалното здравство.

Методи Анкетниот прашалник кој беше дистрибуиран електронски до сите испитаници содржеше прашања од скалата на Back односно BAI скалата со вкупно 21 тврдења (симптоми карактеристични за анксиозност) за симптоми кои

се поврзуваат со анксиозноста и нивниот интензитет во последната недела од 0 – не воопшто до 3 – Силно. Скалата беше дополнително приспособена да одговара на потребите на истражувањето. Анкетата беше извршена на испитаници кои работата во примарното, секундарното и терцијалното здравство.

Резултати од истражувањето

ПОЛ	Бр.	%
М	39	27.9%
Ж	101	72.1%
Вк.	140	100%
ВОЗРАСТ	Бр.	%
25-30	51	36.4%
31-40	40	28.6%
41-50	30	31.4%
50+	19	13.6%
Вк.	140	100%
РАБОТЕН СТАТУС	Бр.	%
Доктор	92	65.7%
Медицинска сестра	48	34.3%
Вк.	140	100%
РАБОТЕН СТАЖ	Бр.	%
1 год	21	15%
2-5 г.	33	23.6%
5-10 г.	30	21.4%
10-15 г.	23	16.4%
15+ г.	33	23.6%
Вк.	140	100%
ВРАБОТЕН ВО	Бр.	%
Примарно здравство	45	32.1%
Секундарно здравство	27	19.3%
Терцијално здравство	68	48.6%
Вк.	140	100%

Табела бр.1. Социјално – демографски карактеристики на примерокот

Најголемиот дел од испитаниците се жени и тоа 72.1% , а 27.9% се мажи. Во однос на возраста повеќе до една третина од испитаниците се на возраст од 25 до 30 години или 51 од нив. Само 13.6% од испитаниците се на возраст од 50 години или повозрасни. Повеќе од половина од испитаниците 92 (65.7%) се доктори, а 48 (34.3%) се медицински сестри. Во однос на работниот стаж, најмногу испитаници имаат 5-10 години работен стаж односно 15 и повеќе години работен стаж. Најмалку работен стаж имаат 15% од испитаници односно 1 година. Во оваа анкета учествуваа испитаници од примарно, секундарно и терцијално здравство иако скоро половината од нив (48.6%) се вработени во терцијалното здравство односно клиниките.

СИМТОМИ	Воопшто не	Благо, но тоа не ми пречеше многу	Умерено - не беше пријатно на моменти	Силно - многу ми пречеше
Вкочанетост или пецкање (напнатост во телото)	31.4%	32.1%	28.6%	7.9%
Чувство на топлина	40%	40%	15.7%	4.3.%
Непријатно чувство или тежина во нозете	29.3%	24.3%	33.6%	12.9%
Неможност да се релаксирам	22.1%	23.6%	29.3%	25%
Страв дека нешто лошо ќе се случи	19.3%	22.9%	40%	17.9%
Вртоглавица	52.1%	25.7%	20.7%	16.4%
Забрзано срцебиење	35%	27.1%	20.7%	16.4%
Нестабилност (немоќ, беспомошност)	47.1%	27.1%	15%	10.7%
Преплашеност	40.7%	28.6%	22.1%	8.6%
Нервоза, иритабилност	17.1%	27.9%	27.9%	27.1%
Чувство на гушење (чувство на кнедла во грло)	53%	29.3%	10.7%	6.4%
Треперење на рацете	53.6%	30.7%	10%	5.7%
Чувство на несигурност	40%	38.6%	14.3%	7.1%
Страв од губење контрола	55%	22.9%	14.3%	7.9%
Потешкотии во дишење (задишаност или хиперветилација)	57.9%	21.4%	14.3%	6.4%
Страв од умирање	64.3%	15%	15.7%	5%
Страв за себе, за моите најблиски (од SARS Cov -2)	7.1%	22.1%	35.7%	35%
Гастроинтестинални проблеми	55%	22.1%	17.1%	5.7%
Главоболка	27.9%	35.7%	22.1%	14.3%
Вцрвување на лицето	64.3%	22.1%	10%	3.6%
Топло/ладно потење	45.7%	32.9%	12.9%	8.6%

Табела бр.2. Резултати од BAI скала

На горенаведената табела се претставени резултатите по однос на симптомите на анксиозност и нивниот интензитет кај здравствените работници ко беа дел од анкетата. Според добиените резултати може да се заклучи дека иако постои одредена поделеност (по однос на чувството на интензитет на дел од симптомите) сепак кога станува збор за тврдењето поврзано со корона вирусот и ставот од зараза и пренесување на заразата повеќе од две третини од испитаниците се многу загрижени (умерено или силно го чувствуваат стравот од вирусот). Повеќе од една третина (35%) се изјасниле дека силно го чувствуваат стравот. Дополнително висок степен на сензибилитет на испитаниците се покажува во однос на нивната

иритабилност каде повеќе до половина умерено или слично чувствувале иритабилност во последната недела. Интересно е што кај вообичаените симптоми како страв од умирање, тресење на рацете, хипервентилација, чувство на кнедла во грлото, повеќето од испитаниците воопшто не ги доживувале односно само мал дел од нив се сензитивни по однос на овие симптоми на анксиозност. Сепак, според добиените податоци повеќе од половина од испитаниците истакнале дека не се во можност да се релаксираат и тоа чувство им било умерено или силно овие последните седум дена. Податоците укажуваат на тоа дека поголемиот дел од испитаниците не се многу (или воопшто не се) сензитивни на топло ладно потење и вцрвување на лицето, а 55% од вкупниот број на испитаници воопшто не почувствувале никакви гастроинтестинални проблеми.

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето покажува дека испитаниците во последните седум дена најмногу се сензитивни на ставот од корона вирусот односно дека ќе бидат заразени и ќе заразат некој од своите најблиски, иритабилноста односно нервозата, но и чувството на несигурност. Ова истражување меѓу другото открива и дека кај здравствените работници кои учествуваа во анкетата повеќе се забележува сензибилност на психосоматските отколку на соматските симптоми на анксиозност. Оттука, деталната анализа на податоците укажува дека медицинските работници се соочуваат со зголемено ниво на анксиозност (особено во делот на психосоматските симптоми) токму во делот на иритабилноста, чувството на несигурност и воопшто стравот о корона вирусот. Така, имајќи ја предвид професијата на лицето од примерокот (како и нивната возраст, а и работниот стаж) вообичаено би било да се претстави не би требало да постои сериозна сензибилност на некои симптоми но исто така треба да се има предвид дека истите скоро две години се соочуваат со невиден притисок, а токму периодот на собирањето на податоците (дистрибуцијата на анкетниот прашалник) беше во екот на третиот бран од вирусот кога болничките капацитети низ целата држава го достигнаа својот лимит. Оттука, не може со смирност да се каже дека покачената сензибилност (на дел од психосоматските симптоми на анксиозноста) може да бидат препишани на зголемениот притисок од вирусот или ти претставуваат константа како фактор на зголемување на нивото на анксиозност воопшто кај овој вид на професија. Но до друга страна, со сигурност може да се каже дека особено ставот од вирусот и заразата на најблиските претставува огромно отпретување на здравствените работници.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Bennett, S.V., 1982. Introduction to psychology. London: Printed in Methuen.
2. Brown, D., 2007. Personality and anxiety. New York: Pearson education, Inc.
3. Gaudry, E. & Spielberger, D., 1971. Anxiety and educational achievement. New York: Wiley.
4. Noor, M., Yusof, R. ,. & Yacob, M., 2020. Anxiety in Frontline and Non-Frontline Healthcare Providers in. Jorunal of Environ. Res. Public Health, 2(11), pp. 1-10.
5. Saleem, Z. et al., 2020. COVID-19 pandemic fear and anxiety among. Research Article, 5(11), pp. 1-17.
6. Spielberger, C. D., 1983. Manual for the State-Trait Anxiety. Palo Alto: Consulting Psychologists Press.
7. Spielberger, D., Charles, A. & Sarason, G., 2005. Stress and emotion. Melbourne: Taylor and Francis group, LLC. .
8. Wenzel, A., 2004. Schema content for threat in social phobia. Cognitive therapy and, 6(28), pp. 189-803.
9. Bostick, S. L. 1992. The development and validation of the Library Anxiety Scale. Unpublished doctoral dissertation, Wayne State University, Detroit, MI.
10. Woody, S. R. 1996. Effects of focus of attention on anxiety levels and social performance of individuals with social phobia. Journal of Abnormal Psychology, 105, 61–69
11. Wittchen, H., & Beloch, E. 1996. The impact of social phobia on quality of life. International clinical psychopharmcology, 11(3), 15-23.

37.014.12-027.511(497.7)

Катерина Андонова
ООУ „Страшо Пинџур" – Карбинци
Р. Северна Македонија

КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

АПСТРАКТ: Образованието не започнува во прво одделение. Постои глобален консензус дека образованието во раното детство за децата на возраст од 3 до 6 години е пресудно за учењето и развојот на мозокот. Ова не значи академско учење - развојот на „некогнитивните вештини", како на пр., интелектуална љубопитност, истрајност, социјални вештини и емотивна стабилност во детството и адолесцентските години се подеднакво важни за успехот на децата во доживотното учење, социјалната интеграција, личниот развој и подоцна, при вработувањето.
Сепак, иако земјата бележи подобрување кај запишувањето во градинка од 22% во 2012 година на 35% во 2017 година, тоа е далеку зад целната стапка на ЕУ од 95%. Ова значи дека две третини од децата во земјата ја пропуштаат оваа можност за исполнување на својот потенцијал.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: живот, успех, учење, развој, знаење, промени

QUALITY EDUCATION FOR EVERY CHILD

ABSTRACT: Education does not start in the first grade. There is a global consensus that early childhood education for children aged 3 to 6 is crucial to brain learning and development. This does not mean academic learning - the development of "non-cognitive skills" such as intellectual curiosity, perseverance, social skills and emotional stability in childhood and adolescence are equally important for children's success in lifelong learning, social integration, personal development and later, in employment.
However, although the country has seen an improvement in kindergarten enrollment from 22% in 2012 to 35% in 2017, it is far behind the EU target of 95%. This means that two thirds of the children in the country miss this opportunity to fulfill their potential.

KEYWORDS: life, success, learning, development, knowledge, change

ВОВЕД

Децата на предучилишна возраст постигнуваат голем напредок во доменот на когнитивниот развој, кој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, внимание, помнење, создавање ментални слики, размислување, резонирање, разбирање на концепти, класифицирање, сортирање на поими, решавање на проблеми. Тие започнуваат да размислуваат на начин што им овозможува да решаваат проблеми, да размислуваат за предмети и личности што не се присутни во моментот, кои не можат да ги видат, слушнат или допрат. Стекнуваат способност да замислуваат предмети и личности и да предвидуваат што може да се случи во иднина, како и да размислуваат за нешто што се случило во минатото. Постои заемна поврзаност помеѓу сите домени: когнитивниот развој има особено големо влијание врз социо-емоционалниот развој и врз развојот на јазикот, и обратно.

Не постои една дефиниција за тоа кои се најдобри практики и активности за рано учење, но тие секогаш треба да бидат во согласност со возраста и степенот на развој на детето, како и социјалниот и културолошкиот контекст во кој тоа расте и се развива. Тоа не значи дека понудените активности за рано учење ќе бидат најдобри ако тие му ја олеснат работата на детето. Со изборот на најдобри практики, целите и искуствата низ кои поминуваат децата во текот на раното учење се во согласност со нивниот стил за учење и се доволно поттикнувачки за да ги унапредат нивниот прогрес и интерес за учење. Користење на добри практики за рано учење од страна на успешни воспитувачи ја зголемува ефикасноста на раното учење кај малите деца.

Добрите практики бараат од успешниот воспитувач секогаш да мисли на тоа што работи и како тоа го поттикнува детскиот развој. Успешниот воспитувач ги применува добрите практики во рамките на планирање на содржините за подучување, во рамките на меѓусебната комуникација со децата и во настојувањата да изгради партнерски однос со родителите.

1. КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието го менува животот на сите луѓе низ светот, отворајќи можности и потенцијали за развој и промена. Но, иако е важно, едноставното праќање на децата во училиште не е доволно. На децата им треба квалитетно образование кое ќе им помогне целосно да го искористат својот потенцијал и да ги зголемат шансите да станат среќни, здрави, успешни и корисни членови на општеството. На децата им треба квалитетно образование што ќе им помогне да се развијат во учтиви, самоуверени, критични и добро интегрирани суштества во оштеството. Најмногу од сè, на децата им треба квалитетно образование што ќе биде лесно пристапно за сите.

Постојат неколку причини зад слабите резултати на образовниот систем во земјата. Образовните политики кои не се потпираат на податоци и факти во голема мера влијаат врз вкупните резултати. Наставните програми не се надградуваат според најновите истражувања и достигнувања во науката и многу често лошо се спроведуваат.

Ниската мотивираност на наставниците, исто така, спаѓа во факторите кои сериозно придонесуваат кон нискиот квалитет на образованието. Покрај тоа, повеќето наставници немаат современи компетенции и ресурси за да обезбедат сите деца целосно да го остварат правото на квалитетно образование. Ова директно влијае врз квалитетот на наставата, со што пак опаѓаат знаењата и вештините кои ги стекнуваат децата, при што нивните можности за вработување се намалуваат.

Квалитетно образование-вредносно знаење во современиот свет
Современото општество бара современ систем на образование и воспитание. Зошто токму образованието? Затоа што образованието е клучна функција на едно општество. Образованието е во исто време и една од базичните дејности која води кон подобар и поисполнет живот. Наспроти значењето кое образованието го има за сите нас и за општеството во целост, како човечка дејност има доживеано најмалку позитивни промени заради што крајно време е нешто да се менува.

2. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Образованието го ослободува интелектот, ја отклучува имагинацијата и е основно за самопочитување. Тоа е клучот за просперитет и отвора свет на можности, овозможувајќи му на секој од нас да придонесе за прогресивно, здраво општество. Учењето е од корист на секое човечко суштество и треба да биде достапно за сите.

Сите сме свесни за состојбата во која денес се наоѓа образованието како затворен систем. Овој проблем има глобален карактер. Ниту една земја не е во целост задоволна од својот образовен систем. Образованието како општествена дејност не ги задоволува и не ги исполнува во доволна мера потребите и барањата на општеството. Сведоци сме на општествените промени кои бараат фундаментални промени во образованието. Тука се наметнува прашањето за тоа колку сме свесни за други можности за реализација на образованието освен за оние кои ги знаеме.

Имено, потребно е да се менува свеста кај секој од нас дека можеме поинаку и подобро. Добрите примери создаваат контекст во кој промените се реални и многубројни. Но за нив е потребно визија, способност за планирање и дејствување. Промените почнуваат во свеста. Впрочем не постои време во кое промените не се пожелни. Промените се непрекинати и вечни. Тие се со цел подобрување на секоја акција и дејствување. И најмалите промени дури и на индивидуално ниво често резултираат со огромни промени во системот. За тоа најмногу придонесува образованието. Низ процесот на образование се развиваат способности да се согледаат состојбите во вистинско светло, да се сознаат можностите за промени со вештините кои се стекнати во тој процес.

Имајќи го во вид значењето на образованието, нашето внимание го насочивме кон образованието како сложена општествено условена категорија во сите свои составни елементи. Модернизацијата на образовниот систем која се јавува како императив на современото општество е во постојан судир со традицијата на самото општество, традиција изразена во ставови, мислења, навики кои се силно рефлектирани во постојниот образовен систем. Овие спротивставени позиции, секоја силна по себе и за себе, иницираат бројни дилеми за тоа каде се наоѓа образованието денес и каде треба да се наоѓа во иднина. Се чини дека наједноставниот одговор е компромис меѓу традицијата и современото во образовниот мозаик.

Традицијата, традиционалното и образованието Говорејќи за современо општество и современ систем на воспитание и образование, современа настава и современ наставник, се јавува дилемата каде е традицијата, зарем до сега немавме квалитетно образование. Ако досегашниот образовен систем не беше квалитетен, можен ли толкав напредок на науката, техниката, технологијата, општеството е прашање кое секој од нас ќе го постави. Се разбира, дека прогресот на општеството не ќе го достигнеше нивото денес без квалитетно образование.

Но како што го менуваме општеството и животот во него така треба да се менува и образованието со цел да придонесе кон успешно вклучување на младата личност во општествено-економскиот живот во заедницата и за попрогресивен развој во целост. Од тие причини, образованието и воспитанието се наоѓаат меѓу она што се нарекува традиција, од една страна и она што е современост, од друга страна. Дијаметрално спротивни категории кои сами по себе се значајни, но нивното спротивставување предизвикува дилеми и претставува кочница за

идниот развој. Решението е можеби едноставно доколку се разбере значењето на традицијата и потребата на модерното. За потребата и значењето на модерното за кое денес сме сведетели, стана збор во погоре испишаните редови.

Во најширока смисла на зборот, традицијата претставува севкупност од обичаи, верувања, легенди, начини на облекување, исхрана, однесување карактеристични за една средина(култура,нација, регион, село, град), (Педагошки лексикон,1996,504). Под традиција се подразбира и усното предавање на знаења, вештини, уметност, занаети, морални правила и како таква претставува културно наследство кое се пренесува од генерација на генерација, (М.Вујаклија,1974,963) Во тој контекст традицијата претставува „сврзно ткиво" кое ги поврзува членовите на една заедница во цврста заедница, чувајќи го нивниот идентитет и ентитет. Факт е дека денес постои проблем кај младата генерација. Нивниот проблем е непочитување на авторитет како во семејството, така и во училиштето, а тоа е извор на многу други проблеми како се почести разводи, семејно насилство, проблеми на работното место, во средината. Затоа повеќе од потребно е на децата да им се претстават јасно рамките на закони, парвила и забрани. На тој начин ќе се создадат услови за сигурност, за созревање.

Во спротивно последиците се многубројни како немотивираност за учење и работа, преголема слобода за одлучување и делување без постоење на потребното ниво на зрелост. Затоа најдобро е да се сочуваат скапоцените вредности од традицијата во семејството, и заедно со убавините на современото да се трасира патот до среќно детство и развој на зрела, способна, креативна и инвентивна млада личност. Овој процес почнува во семејството низ повеќе форми како: почитување на потребите на детето, без да се занемарат сопствените потреби; поставување на авторитет на вредности наместо моќ; обликување на односот со детето со градење и почитување на правила; должностите на детето кои ќе бидат зададени потребно е да се во склад со неговата возраст затоа што на овој начин ќе се покаже довреба во неговите способности но и ќе се развие свест за неговиот придонес во семејството. Процесот продолжува во училиштето што силно се рефектира и во животот понатаму. Затоа со право можеме да заклучиме дека модерниот начин на живот ја уништува традицијата и традиционалните вредности. Од тука и грижата за зачувување на традицијата која е предмет на интерес и грижа на сите фактори во заедницата.

3. ЕДУКАЦИЈА (СЕКОЕ ДЕТЕ ИМА ПРАВО ДА УЧИ)

На кој било даден училишен ден, над 1 милијарда деца ширум светот одат на час. Повеќе деца и адолесценти денес се запишани во предучилишно, основно и средно образование од кога било досега. Сепак, за многумина од нив, школувањето не води кон учење - и ова се случи пред училиштата со затворени затвори на КОВИД-19 и го нарушија учењето низ целиот свет, создавајќи итна потреба за повторно замислување на образованието.

Недостаток на обучени наставници, несоодветен материјал за учење, импровизирани часови и лоши санитарни јазли го отежнуваат учењето за многу деца. Другите доаѓаат на училиште премногу гладни, болни или истоштени од работата или домашните задачи за да имаат корист од нивните часови.

Последиците се сериозни: Околу 617 милиони деца и адолесценти низ целиот свет не се во можност да достигнат минимално ниво на владеење во читање и математика, иако две третини од нив се на училиште.

Оваа криза на учење е најголемиот глобален предизвик за подготовка на деца и адолесценти за живот, работа и активно граѓанство.

Децата и адолесцентите се исклучени од образование од многу причини. Сиромаштијата останува една од најтврдокорните бариери, со деца од најсиромашните домаќинства скоро пет пати поголема веројатност да бидат надвор од основно училиште отколку оние од најбогатите.

Децата со попреченост и од етнички малцинства, исто така, имаат поголема веројатност да останат зад себе. За девојчињата во некои делови на светот, можностите за образование можат да бидат особено ограничени. Само 66 проценти од земјите имаат постигнато родова еднаквост во основното образование. Штетни родови норми можат да имаат сериозни ефекти и кај момчињата. Локацијата исто така ги спречува децата да одат на училиште. Децата од руралните области имаат повеќе од двапати поголема веројатност да бидат надвор од основно училиште отколку нивните урбани врсници. Во конфликтните зони, 27 милиони деца се надвор од училиште. Без вештини за доживотно учење, децата се соочуваат со поголеми бариери за заработка на потенцијал и вработување подоцна во животот. Тие имаат поголема веројатност да страдаат од неповолни здравствени резултати и помалку да учествуваат во одлуките што ги засегаат - заканувајќи се на нивната способност да изградат подобра иднина за себе и за нивните заедници.

Квалитетното учење бара безбедно, пријателско опкружување, квалификувани и мотивирани наставници и настава на јазици што студентите можат да ги разберат. Исто така, се бара да се следат резултатите од учењето и да се вратат во инструкциите.

4. ПРАВЕДНОСТА И ПРАВИЧНОСТА СЕ ОСНОВНИ ЗА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Универзалното право на образование за сите вклучува правично учество во квалитетно образование. Затоа, сите деца и млади, вклучително и оние од сиромашни домаќинства, девојчиња и момчиња, жени и мажи, деца со посебни потреби, деца во рурални и оддалечени локации, конфликтни и постконфликтни ситуации, автохтони деца, вклучително и Роми, и афро-потомци, мигранти, мора да имаат правичен пристап до квалитетно образование. Ова вклучува рано детство, основно, средно и средно, стручно, високо и образование за возрасни. Инклузивна и разновидна училница со соодветната наставна програма ни овозможува да научиме како да комуницираме со различни луѓе, ни помага да се разбереме себеси и светот и претставува основа за чувство на споделени вредности и продлабочена интеркултурна свест.

ЗАКЛУЧОК

Децата на предучилишна возраст постигнуваат голем напредок во доменот на когнитивниот развој, кој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, внимание, помнење, создавање ментални слики, размислување, резонирање, разбирање на концепти, класифицирање, сортирање на поими, решавање на проблеми. Тие започнуваат да размислуваат на начин што им овозможува да решаваат проблеми, да размислуваат за предмети и личности што не се присутни во моментот, кои не можат да ги видат, слушнат или допрат. Стекнуваат способност да замислуваат предмети и личности и да предвидуваат што може да се случи во иднина, како и да размислуваат за нешто што се случило

во минатото. Постои заемна поврзаност помеѓу сите домени: когнитивниот развој има особено големо влијание врз социо-емоционалниот развој и врз развојот на јазикот, и обратно.

Не постои една дефиниција за тоа кои се најдобри практики и активности за рано учење, но тие секогаш треба да бидат во согласност со возраста и степенот на развој на детето, како и социјалниот и културолошкиот контекст во кој тоа расте и се развива. Тоа не значи дека понудените активности за рано учење ќе бидат најдобри ако тие му ја олеснат работата на детето. Со изборот на најдобри практики, целите и искуствата низ кои поминуваат децата во текот на раното учење се во согласност со нивниот стил за учење и се доволно поттикнувачки за да ги унапредат нивниот прогрес и интерес за учење. Користење на добри практики за рано учење од страна на успешни воспитувачи ја зголемува ефикасноста на раното учење кај малите деца.

Добрите практики бараат од успешниот воспитувач секогаш да мисли на тоа што работи и како тоа го поттикнува детскиот развој. Успешниот воспитувач ги применува добрите практики во рамките на планирање на содржините за подучување, во рамките на меѓусебната комуникација со децата и во настојувањата да изгради партнерски однос со родителите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Адлер,А.(2015), Психологија на детето, воспитувања на децата, Битола.
2. Барбареев,К.,Ташкова,Е.(2020),Методика на воспитно – образовната работа по развој и култура на говорот кај децата, Штип.
3. Петровска,С.(2010), Училишна педагогија и организација, Штип.
4. Гоцевски,Т.(2007), Образовен менаџмент,Скопје.
5. Закон за заштита на децата, (2013), Службен весник на Република Македонија бр. 23/13.

37.014.5-027.15
37.014.3-027.18

Викторија Андова – Голубова
ООУ „Страшо Пинџур" – Карбинци
Р. Северна Македонија

ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ДЕТСКИ РАЗВОЈ

АПСТРАКТ: Современото образование се судира со нови предизвици секојдневно. Ако најголемото богатство на една земја е нејзиното население, тогаш најзначајните ресурси на земјата се знаењата. Затоа национални приоритети на секоја земја која ја планира својата иднина се образованието и науката.
Приказните за брзиот развој на информатички технологии и нивното влијание врз светот во кој живееме, повеќе не се новина. Денес, светот во кој живееме, е многу различен од светот во кој живееле нашите претходни генерации. Ова го потврдува фактот дека динамиката на животот е доста голема и неизмерно присутна.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: настава, квалитет, соочување, возраст, одговорност, цел, приоритет

TECHNOLOGY IN EDUCATION AS A CHALLENGE FOR CHILD DEVELOPMENT

ABSTRACT: Modern education faces new challenges every day. If the greatest wealth of a country is its population, then the most important resources of the country are knowledge. That is why the national priorities of every country that plans its future are education and science.
Stories about the rapid development of information technologies and their impact on the world we live in are no longer a novelty. Today, the world in which we live is very different from the world in which our previous generations lived. This confirms the fact that the dynamics of life are quite large and immensely present.

KEYWORDS: event, quality, coping, age, responsibility, purpose, priority

ВОВЕД

Во обидите да се решат проблемите во образованието денес, како можни решенија ќе наведеме неколку: интегриран образовен систем (формално и неформално образование) кој ќе се темели на принципот на интердисциплинарност и полидисциплинарност; редефинирање на наставните содржини и континуирани промени со елементи на елиминирање на нивното совпаѓање во повеќе наставни предмети; воведување и примена на адекватни наставни методи, техники и стратегии согласни со образовните цели; перманентно образование на наставници, формализирање на неформалното образование и негова определба како доживотно учење. За да направат потребните измени потребно е: да се знае (што се случува на полето на образованието во светот, зошто, кои се напите потреби, визија за развој, цел); да се сака (бидејќи секоја промена е напор и ризик, а образованието е многу чувствително, евентуалните грешки се долгорочни и подложни на критики од целокупната јавност) и да се може (да се има сила, моќ) како

поддршка во ресурси и средства. Промените во образованието ги менуваат образовните парадигми во насока на одржливо знаење.

Во контекст на динамиката на промените во современото општество потребата за образование го моделира типот на образование определен како just in time, образование кое е интенционално насочено кон стекнување на потребните вештини и знаења за примена на нови работни програми. Затоа и се наметнува прашањето дали сакаме образование кое ќе се прилагоди на општествените промени или образование кое само ќе иницира промени. Во одговорот на прашањето лежи императивот за нова образовна концепција - образование за модерно општество.

Традиционалните образовни модели развиени на платформата за репродуктивен, статички и теориски пристап како основа на образованието, ги ограничуваат образовните институции во поглед на сеопфатност и адекватна реакција на промените во општеството.

1. УЧЕЊЕ НА ДАЛЕЧИНА, ПРИЧИНИ И УЧЕСНИЦИ

Учењето на далечина се повеќе продира во секој сегмент на образованието. Од основното образование до докторските студии, информациската технологија овозможува авто-интензивно учење со одреден степен на оддалеченост од предавачите.

Учењето на далечина создава виртуелна заедница на студенти и предавачи, кои се просторно оддалечени. Користејќи заеднички алатки за комуникација, студентите и предавачите меѓусебно споделуваат знаења и искуства. Флексибилноста која ја нуди учењето на далечина, честата комуникација помеѓу студентот и предавачот, електронската достапност на наставното градиво и проектните задолженија, како и можноста за електронско поставување на прашања и разговор на различни теми се главните причини зошто студентите се одлучуваат да учат на далечина, кога истите од најразлични причини не се во можност да посетуваат класична настава.

Работа, семејство, патување или далечни локации на живеење ги оттргнуваат студентите од посета на лице в лице часови. Многу студенти кои учат на далечина се возрасни лица, кои сакаат да направат промена во кариерата или да ја зајакнат својата образовна позадина со додатни компетенции.[1]

Современиот модел на образование се темели на платформата за образовен процес како континуирано доживотно учење. Современото општество има потреба од нови вештини, додатни знаења, усвоени вредности на социјална рамноправност и достапност на образованието до сите како и активно учество во демократскиот живот што води кон нов модел на знаење определено како оддржливо знаење. Дури тогаш образованието ќе биде основен двигател на развојот, во личниот и заедничкиот живот, на индивидуален, колективен и глобален план. Основниот квалитет на современото образование се изразува во доменот на премин од: репродуктивно кон продуктивно, статичко кон динамично, неприменливо кон оперативно. Затоа и говориме за нови образовни парадигми кои се извор на нов квалитет во современото образование и се развиваат паралелно со барањата и потребите на современото општество. Ако се навратиме на тезата дека знаењето е значаен ресурс на една земја, тогаш индивидуата се соочува со нови барања, нови одговорности. Тоа подразбира

1. Адлер,А.(2015), Психологија на детето, воспитувања на децата, Битола., стр.45

способност за разбирање на новите знаења со кои индивидуата ќе ја обезбеди бараната писменост и подготвеност во современото општество. А бидејќи иднината на општеството зависи од квалитетот на образованието на нашите деца, тогаш одговорноста за квалитетно образование е наша.

2. ТЕХНОЛОГИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Перспективата во образованието се базира на создавање личност со изградени индивидуални вештини за критичко и креативно мислење, тимска соработка, активна комуникација, продукција и презентација на идеи. Во овој контекст најчесто се тргнува од тезата дека не е можно целосно да се развие личноста на детето и неговите компетенции ако не му се даде можност да партиципира во сите фази на образованието уште од најмала возраст, при што важна улога има средината, опкружувањето, а најмногу семејството и воспитнообразовните институции во кои тоа расте и се развива. Една од клучните карактеристики на раниот детски развој е поврзаноста и сличностите на тие "етоси" (атмосферата, климата и културата) во семејството и детската градинка.

Голем број истражувања поврзани со детскиот развој потврдуваат дека искуството со кое децата се соочуваат во текот на раното детство претставува критичен момент за долготрајниот успех во животот воопшто. Одговорноста за обезбедување на севкупен амбиент, кој поддржува позитивни искуства во текот на раното детство, ја споделуваат повеќе чинители: почнувајќи од родителите/старателите, воспитувачите и наставниците, поширокаата заедница и политичарите. Сите тие имаат подеднаква улога во поттикнување на растот и развојот кај малите деца, како и креирање можности за градење вештини кои ги подготвуваат децата полесно да се адаптираат на предизвиците во светот што ги опкружува .

Современите педагошки аспекти на раното учење и грижата за малите деца се базираат врз меѓусебната поврзаност на различни развојни домени кај децата (физички и социоемоционален развој, развојот на јазикот и когнитивните капацитети) во една холистичка целина, препознавајќи ги целото дете и неговата интеракција со социјалната средина.

Оттука произлегува и потребата за креирање на амбиент за рано учење, од страна на сите оние што се грижат за малите деца, а кој е во согласност со детските интереси за учење, кои се надградуваат на она што децата веќе го знаат.

Стимулативниот амбиент за рано учење го унапредува раниот детски развој, ги поттикнува вештините за критичко и креативно мислење кај децата, децата стануваат свесни за мултикултурализам и постоење на различност и го зајакнува севкупниот процес на нивното рано учење.

Раниот детски развој во секој развоен домен (физички, социемоционален, когнитивен или јазичен) е поддржан, поттикнат и зајакнат, примарно преку активности што промовираат насочени игри во рамките на околината во која престојува детето. Но околината во која престојува детето мора да изобилува како со структурирани така и со неструктурирани игри (активности) за учење.

Зошто е потребна контролата во воспитно-образовниот процес ? Под поимот контрола најчесто се подразбира следење и вреднување на процеси и појави, додека под поимот контрола на работата на училиштето треба да се подведат сите поими кои упатуваат на некакво влијание (анализира, утврдува, води постапки, организира, проценува, следи, реализира, предлага, еволвира, изготвува и сл.).

Контролата на воспитно-образовниот процес обезбедува повратни информации неопходни за планирање на натамошните активности за развој и го штити училиштето од волунтаризам и некомпетентност во секоја смисла. Таа обезбедува информации за успешноста или неуспешноста на политиките кои се спроведуваат на државни и локално ниво и дава насоки. Служи како инструмент за истражување на ефектите од реформи. Без контрола не може да се обезбеди квалитет. Основна цел на образовниот процес е постојано подобрување на квалитетот на предучилишното, основното, средното воспитание и образование-негово подигање на повисоко ниво.

За постигање на подобар квалитет на воспитно-образовниот процес, контролата ги има следниве цели:

- На надлежните државни, локални, училишни и други овластени и заинтересирани субјекти да им обезбеди навремени, валидни и целосни информации за функционирањето на образовниот систем во земјата;
- Да се поттикне интерес кај училишните колективи и да ги мотивира за обезбедување и постојано следење и вреднување на квалитетот на услугите и подобрување на истиот;
- Да се развие интерес за постојано стручно усовршување (училиштето да стане организација во која се учи);
- Да ги заинтересира и мотивира родителите на учениците и другите субјекти за вреднување на квалитетот и за негово подобрување;
- Да придонесе за (само)контролата во работењето на воспитно-образовните установи, не само во функција на отчетност, туку и заради превентивно дејствување;
- Навремено откривање и елиминирање на грешките, слабостите и пропустите. Контролата треба да се сфати како процес преку кој: се откриваат грешките, се отвара можност за навремени корекции на планираните активности, се врши компарирање на остварувањата со планираното и со останатите периоди што укажува навреме на можните отстапувања, гарантира квалитет во работата, создава основа за наградување и за други стимулации, создава основа за наредниот циклус на планирање и сл. За да се обезбеди квалитет во образованието тоа мора да се придржува и кон определени пропишани стандарди.

Стандардите се основа за обезбедување и контрола на посакуваниот квалитет. Стандардите се користат за организирање и изведување на воспитнообразовната работа, за повремено проценување и објаснување на она што се случува во определен период и да се утврди дали учениците напредуваат согласно со стандардите. За функционирање на стандардите, за обезбедување контрола и квалитет на образованието важни се институциите.

3. УСЛОВИ ЗА ЕФЕКТИВНА ПРИМЕНА НА УЧЕЊЕТО НА ДАЛЕЧИНА

За ефективна примена на учењето на далечина мора да бидат задоволени повеќе услови. Информацискиот систем за учење на далечина, сам по себе не гарантира успех при учењето на далечина.

Природата на учењето на далечина бара подготовка на поорганизирано наставно градиво од страна на предавачот, кој пред почетокот на курсот мора да се осигури дека студентот ефективно може да го употребува информацискиот систем

за учење на далечина. Концепцијата на учење на далечина прави поголемиот дел од товарот за совладување на наставното градивода го сноси студентот.

Комуникацијата, независно дали се работи за меѓустудентска комуникација или комуникација помеѓу студент и предавач, треба да биде честа практика. Во спротивност студентот може да се почувствува изолиран. Затоа потребно е да се изгради вистинска заедница на учење, за што е потребно залагање како од предавачот така и од студентите.

4. ВЛИЈАНИЕ НА КОМПЈУТЕРСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВРЗ НАСТАВАТА

Денес, педагогијата се обидува да го замени основниот начин на учење на подобро и поефикасно учење, преку кое ќе се обезбеди поголем број на деца за кратко време, поефикасно да се подготват за активно учество во понатамошниот развој на науката, технологијата и општествените односи.

Од оваа причина, воведувањето на аудио-визуелни помагала за интензивирањето на наставата, е многу битен елемент, бидејќи на овој начин се прошируваат знаењата, се надополнува материјалот и допринесуваат за трајност на знаењата.

"Што слушнам-заборавам, што видам-помнам, но што изработам-го знам."

Современите образовни технологии и користењето на мултимедијални системи, создава услови за ангажирање на сите сетила во процесот на стекнување на нови знаења, развој на учениците, нивна креативност и обезбедува поголема активност на учениците во наставата и учењето. Затоа, компјутерски науки и информатичката технологија заземаат голем дел во зголемување на капацитетите во сите нивоа на образование.

Секојдневното искуство предупредува дека децата и возрасните можат да запомна:

- само 10% од она што тие го читаат;
- 20% од она што тие го слушаат;
- 30% од она што тие го гледаат;
- 50% од она што тие го гледаат и слушаат (гледање на слики, дејствијата или демонстрации);
- 70% од она што го одигруваат (играње на улоги, пишување / читање во врска со даденото прашање);
- 90% од она што го изработуваат (прават нешто реално, ги остваруваат тековните цели, трагаат за решенија).[2]

Истражување како што е ова, придонело за поголема употреба на компјутерските технологии кои се користат заедно со традиционалните дидактички методи. Тие не се предложени како алтернатива на традиционалните дидактички методи, туку како нивен додаток.

Компјутерот во наставата има повеќе функции, па така со негова примена можат да се избегнат недостатоците во класичната настава (Námesztovszki, 2006.):

- Ученикот не е пасивен рецептор, учи активно и самостојно во однос на своето темпо.
- Ученикот точно знае што е точно во неговиот одговор, а што не. Континуирано добива повратни информации со што може да се контролира самиот себе. Компјутерските програми кои се применуваат во наставата се делат на:

2. Велковски, Т. (2018), Безбедност и здравје при работа, Скопје., стр.1

- » Програми за увежбување – формираат навики, способности, го оценуваат успехот на учениците.
- » Програми за стекнување на нови знаења – програми за учење.
- » Програми за решавање на различни проблеми – ученикот самостојно работи и ги решава проблемите дадени од страна на компјутерот. Компјутерот претставува прв исчекор во обидите за подобрување на наставата во училиштата.

Сведоци сме дека технологиите се развиваат многу бргу, па така во поново време, брзиот технолошки развој предизвикува нова бура од паметни мобилни телефони, таблети и преносливи компјутери кои според многу и овој пат нема да го заобиколат образовниот процес.

ЗАКЛУЧОК

На крај, го поставивме прашањето за тоа дали воопшто е потребен заклучок. Цениме дека тој сам по себе се наметнува во насока на сознанието дека промените во општеството мора да бидат следени од образованието во целокупната негова комплексност затоа што само на тој начин ќе се обезбедат услови за континуиран прогрес како на заедницата така и на секој поединец, посебно.

Следејќи ги потребите на различни студенти, голем број универзитети нудат програми за далечинско учење, како можност за стекнување со универзитетска квалификација за лица кои не се во можност да се вклучат во рамки на традиционалниот начин на студирање. Техничката поддршка за учење на далечина, сама по себе не гарантира успешна примена на учењето на далечина, за што потребно е да бидат задоволени одреден број на параметри од нетехничка природа.

Живееме во експоненцијални времиња и само да имаме дигитална стратегија насочена кон континуирана иновација веќе не е доволно за да напредуваме во светот што постојано се менува. Да се трансформира една организација и да се придонесе кон градење на безбедно и наградувано мрежно општество, соработката меѓу вработените, клиентите, деловните единици, па дури и работите станува се повеќе клучна.

Во таа смисла, секогаш треба да се има во предвид опкружувањето. Непредвидливото опкружување со голема сложеност, спротивставени цели, двосмислени задачи, мноштво истовремени настани се карактеристични за современото општество. За да одговорат на неговите барања, поединците мора да поседуваат адекватни знаења за употребата и евалуација на новите информации. Затоа денес учењето не крајна цел сама по себе или „збир на знаење“ туку способност за подобро сфаќање на самиот себе и другите во секојдневниот живот заради создавање подобри и похумани услови за живот.

615.851:316.362.3-022.211
615.851-022.211:364-787.24

М-р Милена Спасовска
Проф. д-р Диана Белевска
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

ПОЗИТИВНО КОНОТИРАЊЕ КАКО ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СЕМЕЈНАТА СИСТЕМСКА ПСИХОТЕРАПИЈА

АПСТРАКТ: Позитивното конотирање е интервенција која е карактеристична за Миланскиот системски пристап, и е облик на преврамување со кој се дава позитивно значење на појавата на симптомот кај некој член во семејството. Претставува парадоксална интервенција со која секој симптом во семејството може позитивно да се преформулира поради тоа што обезбедува хомеостаза, и на тој начин има позитивна вредност за семејството. Со позитивното конотирање терапевтот му овозможува на семејниот систем да го види симптомот и симптоматското однесување во нов контекст и да развие ново концептуално разбирање, а со тоа и да го предизвика својот систем на верување и правила со цел да најде нова ускладеност без присуство на симптом. Во овој труд е даден теоретски преглед на значењето на позитивното конотирање како интервенција, со цел подобро разбирање и можност за користење на истата во психотерапевтска пракса.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: семејна психотерапија, интервенција, позитивно конотирање, милански системски пристап

POSITIVE CONNOTATION AS AN INTERVENTION IN SYSTEMIC FAMILY PSYCHOTHERAPY

ABSTRACT: Positive connotation is an intervention characteristic for the Milan systemic approach in Family psychotherapy, and is a form of reframing that gives a positive meaning to the appearance of a symptom in a family member. It is a paradoxical intervention with which every symptom in the family can be positively reformulated because it provides homeostasis, and thus has a positive value for the family. With positive connotation, the therapist allows the family to see the symptom and the symptomatic behavior in a new context and to develop a new conceptual understanding of the symptom, and to challenge their belief system and rules in order to find new harmony without the presence of the symptom. This paper provides a theoretical overview of the importance of positive connotation as an intervention, in order to better understanding and the possibility of using it in psychotherapeutic practice.

KEYWORDS: Family psychotherapy, intervention, positive connotation, Milan systemic approach

Во широкиот спектар на интервенции и техники кои се користат во третманот на семејството, посебно креативна, специфична и невообичаена интервенција е позитивното конотирање на симптомот во семејниот систем. Оваа интервенција во системската психотерапија ја воведува Мара Селвини Палацоли во седумдесетите години на минатиот век, по што станува препознатлива карактеристика на

Миланскиот системски пристап. (Milojković, M., Srna, J., Mićović, R., 1997; Drejper & Dalos, 2012) Позитивното конотирање претставува производ на идејата дека индивидуите и семејствата не можат да се променат доколку се критикувани или нивното однесување е означено како непожелно и негативно, и затоа на парадоксален начин терапевтот го предизвикува системот да се промени. (Minuchin & Fishman, 1981)

Позитивното конотирање е еден вид парадоксална интервенција, и претставува облик на преврамување со кој се дава позитивно значење на појавата на симптомот кај некој член во семејството, како и на симптоматското однесување на другите членови во семејниот систем. Според Дрејпер и Далос (2012), позитивното конотирање е осмислено да понуди „логика" за симптоматското однесување кое би било во склад со препознавање на значењето на status quo од страна на терапевтот за членовите на семејството. Исто така, препознавањето на корисноста на симтомот е прв чекор за негово разрешување. (S. Scott, J., 2019) На пример, одбивањето на детето да оди во училиште, наместо да се означи со „лошо",„надвор од контрола",„непримерно" однесување, може да добие поинакво значење со позитивното конотирање: „Вашето дете одбива да оди во училиште за да ја придружува неговата осамена мајка дома." Со оваа интервенција самиот симптом и однесување не се означуваат како позитивни, туку намерата која стои зад нив: одбивањето на детето да оди во училиште е ставено во позитивна функција преку намерата зад однесувањето (семејна кохезивност, хармонија). Од оваа перспектива, симптомот добива важност за семејниот систем во воспоставувањето на семејната хомеостаза.

Според Селвини Палацоли, секој семеен систем има три фундаментални карактеристики: тоталитет – системот е во голема мера независен од елементите кои го сочинуваат, автокорективен капацитет (а според тоа и тенденција кон хомеостаза) и капацитет за трансформација. Со позитивното конотирање во психотерапијата истовремено се почитува стравот од промена кај семејството, и нивната потреба за промена. Терапевтите во пракса ја користат позитивната конотација на начин преку кој ги истакнуваат позитивните мотиви за однесувањето кое претходно било означено како негативно, и во исто време го уважуваат нивниот автокорективен капацитет и капацитетот за трансформација. (Kraemer, 1994) Симптомот му овозможува на системот да го одржи својот баланс и кохезија меѓу членовите, што го прави на некој начин и посакуван во актуелниот семеен контекст. (Olson, D., Russell, C., & Sprenkle, D., 1980) Симптомот помага на системот да не се „распадне", и поради тоа системските терапевти го користат позитивното конотирање да ја истакнат корисноста на истиот, пред да интервенираат со други техники кои ќе поттикнат промена во системот.

Преку позитивното конотирање се дава значење на семејната потреба за хомеостаза. (Bischof G.H., Helmeke K.B., Lane C.D., 2017) Парадоксот во оваа интервенција е во тоа што предизвикува семејството да се прашува зошто кохезивноста во семејниот систем (што претставува добра работа), бара од некој да развие симптом (што од друга страна е лошо). Промената во семејниот систем произлегува од промената на системот на верување и нефлексибилните семејни правила кои водат до лоша адаптација на семејството, и интервенцијата „ништо да не се менува сега" имплицира дека семејните обрасци се менливи. Но, при позитивното конотирање треба да се запази принципот на циркуларност, односно во промената да бидат вклучени сите семејни членови со цел таа да предизвика промена во семејното функционирање, а не само елиминација на симптомот. (Kraemer, 1994)

Користењето на позитивна конотација во третманот на семејството му овозможува на терапевтот да се доближи до семејството и да формира позитивна релација со сите негови членови. (Milojković, M., Srna, J., Mićović, R., 1997) Исто така, преку оваа интервенција терапевтот се става во позиција без осудување и со поголема надеж за ефективна промена во системот. На овој начин се редуцира семејниот отпор, сите членови се стават во иста позиција (без издвојување во субгрупи) и се мобилизираат семејните снаги за промена. Позитивното конотирање, според Палацоли (1978), му дозволува на терапевтот:

1. Да ги постави сите членови на семејството на исто ниво, со тоа што тие се комплементарни во однос на системот, без каков било начин ги конотира моралистички, избегнувајќи поделби меѓу членовите на групата;
2. Пристап до системот преку потврда на хомеостатската тенденција;
3. Да биде примен во системот како полноправен член;
4. Да ја потврди хомеостатската тенденција со цел парадоксално да предизвика капацитет за трансформација (позитивната конотација го подготвува патот за парадокс) –„Зошто групната кохезија, која терапевтот ја опишува како добра, се постигнува со потреба од пациент?“;
5. Јасно дефинирање на односот терапевт – семејство;
6. Одбележување на контекстот како терапевтски.

Позитивното конотирање се користи во работата со дисфункционални семејства кои се склони кон доделување на стереотипни етикети меѓу членовите како: „слаб“, „лош“, „болен“, „неспособен“ итн., и кај кои постои висок отпор кон промени. (Flaskas, 1992; Barbetta, 2017) Секој симптом во семејството може позитивно да се преформулира, поради тоа што обезбедува хомеостаза, и на тој начин има позитивна вредност за семејството. Во секое семејство дисфункцијата работи како „стабилизатор“ и на неа може позитивно да се конотира. На пример, терапевтот ќе го пофали детето кое се откажало од личен успех за да и даде на мајка му можност да продолжи да се грижи за него и да се чувствува корисно, или пак на проблематичното однесување на адолесцентот позитивно се конотира како на однесување кое ги држи родителите заедно, а на конфликтното реагирање на родителите се конотира на начин кој покажува дека тие се посветени на семејството и еден на друг. Беспомошното однесување на сопругата во бракот може да биде позитивно конотирано како однесување кое му помага на сопругот да покаже колку е грижлив, или пак на депресивноста на член од семејството ќе се конотира како на однесување кое ги зближува членовите од семејниот систем. Важно е позитивното конотирање да се однесува на сите членови кои го сочинуваат системот во циркуларниот процес кој ги одржува проблематичните интеракции.

Позитивното конотирање на симптомот како интервенција во третманот на семејството е насочено кон предизвикување на промена во трансакционите семејни обрасци и системот на верување. (Walsh, 2014) Оваа интервенција отвара можност да се препишат парадоксални задачи и интервенции кои ќе предизвикаат трансформација на системот, да се изменат ригидните правила и да не се повторуваат претходните решенија за да се одржи семејната хомеостаза (истите резултираат со појава на симптом). Терапевтот со оваа интервенција му овозможува на семејството да го предизвика својот систем на верување и правила со цел да најде нова ускладеност без присуство на симптом и симптоматско однесување.

Терапевтот, со позитивно конотирање му овозможува на семејството да го види симптомот и симптоматското однесување во нов контекст и да развие ново концептуално разбирање за симптомот. (Metcalf, 2011; Boscolo et al., 1987) Во третманот на семејството секој терапевт треба да се доближи до семејството, да ги разбере нивните вредности, правила, значења, семеен контекст, да му се придружи на семејството и да му даде нова димензија во разбирањето на нивното функционирање, а тоа е можно без осудување и критика. Позитивното конотирање на симптомот има посебно значење, бидејќи со оваа интервенција се избегнува обвинувачко и негативно определување на симптоматското однесување, и во исто време се уважува семејниот капацитет за справување со проблемот. (Milojković, Srna, Mićović, 1997) Во исто време делува мотивирачки за семејството, имајќи во предвид дека семејните системи се флуктуирачки и менливи, и преку оваа интервенција на позитивен начин може да се поттикне нивниот еволуирачки капацитет.

Позитивното конотирање како интервенција му дава значење на семејниот систем определувајќи го проблемот како логичен во неговиот контекст. И самиот проблем (симптом, симптоматско однесување) е решение на друг проблем, и доколку во третманот на семејството се искористи како решение, може да се дојде до механизмот кој го предизвикува и истиот да се промени со цел да произведе поконструктивно ново решение на проблемот. Имајќи во предвид дека никој не сака да биде критикуван, позитивното конотирање на симптомот во дисфункционалните семејства во третман може да ги зголеми капацитетите на системот и ќе ги предизвика да станат флексибилни, полесно да се адаптираат и да ги променат правилата кои водат до дисфункционалност.

Секој систем се плаши од промена, но промената е клучна за развојот. Поради тоа, позитивното конотирање му дава значење на интересот на системот да се промени на подобро. Во исто време, позитивното конотирање значи и ослободување од негативните ставови и критицизам, менување на перцепцијата на проблемите и отворање на сосема поразличен поглед на реалноста.Оваа интервенција овозможува членовите на системот да станат свесни за капацитетите кои ги поседуваат, а во исто време има влијание врз нивната волја и мотивација за трансформација.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Barbetta P. (2017) Milan Systemic Family Therapy. In: Lebow J., Chambers A., Breunlin D. (eds) Encyclopedia of Couple and Family Therapy. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-319-15877-8_240-1
2. Bischof G.H., Helmeke K.B., Lane C.D. (2017) Positive Connotation in Couple and Family Therapy. In: Lebow J., Chambers A., Breunlin D. (eds) Encyclopedia of Couple and Family Therapy. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-319-15877-8_321-1
3. Boscolo, L. Cecchin, G.,Hoffman, L., Penn, P. (1987). Milan Systemic Family Therapy: Conversations In Theory And Practice. Basic Books
4. C. Scott J. (2019) Function of the Symptom in Family Systems Theory. In: Lebow J.L., Chambers A.L., Breunlin D.C. (eds) Encyclopedia of Couple and Family Therapy. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-319-49425-8_275
5. Dell, P.F. (1986), Why do we still call them paradox? Fam Proc.; 25: 223-34
6. Drejper, R., Dalos, R. (2012). Sistemska porodična psihoterapija. Psihopolis Institut, Novi Sad
7. Erić, Lj. (2011). Psihoterapija. Psihopolis Institut, Novi Sad
8. Flaskas, C. (1992). A reframe by any other name: on the process of reframing in strategic, Milan and analytic therapy. Journal of Family Therapy, 14: 145-161
9. Kraemer, S. (1994), The Promise of Family Therapy. British Journal of Psychotherapy, 11: 32-45. https://doi.org/10.1111/j.1752-0118.1994.tb00700.x
10. Kraemer, S. (1994). The Promise of Family Therapy. British Journal of Psychotherapy, vol. 11- 1 p. 32-45
11. Metcalf, L. (2011). Marriage and family therapy: A practice-oriented approach. New York: Springer Pub. Co.
12. Milojković, M., Srna, J., Mićović, R. (1997). Porodična terapija. Centar za brak i porodicu, Beograd
13. Minuchin, S., Fishman, H. C. (1981). Family Therapy Techniques. Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts
14. Olson, D., Russell, C., & Sprenkle, D. (1980). Marital and Family Therapy: A Decade Review. Journal of Marriage and Family, 42(4), 973-993. doi:10.2307/351836
15. Selvini Palazzoli M. (1989). Family Games: General Models of Psychotic Processes – the Family. London: Karnac Books
16. Varghese, M., Kirpekar, V., Loganathan, S. (2020). Family Interventions: Basic Principles and Techniques. Indian Journal of Psychiatry. 62. 192. 10.4103/psychiatry.IndianJPsychiatry_770_19
17. Walsh, F. (2014). Family therapy: Systemic approaches to practice. In J. R. Brandell (Ed.), Essentials of clinical social work (p. 160–185). Sage Publications, Inc. https://doi.org/10.4135/9781483398266.n7
18. Weeks G.R. Bibliography of paradoxical methods in psychotherapy of family system. Fam Proc. 1978; 17: 95-98
19. Белевска Д., Спасовска М. (2020). Системски пристап во работа со сиблинзи на деца со посебни потреби. Списание на научни трудови „Меѓународен дијалог: исток-запад (Психологија и образование)", МСУ „Г.Р. Державин" Свети Николе-Битола, 159.923:316.612 (ISSN print: 1857-9299, ISSN online: 1857-9302)

364.63-027.553-053.2-
058.6]:616.98:578.834(497.7)"2020"

Наташа Димеска, докторанд
Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза",
Филозофски факултет, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје
Р. Северна Македонија

СОСТОЈБАТА НА ДЕЦАТА СВЕДОЦИ И ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО ВРЕМЕ НА КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19

АПСТРАКТ: Семејното насилство е постојано искуство на физичко, психолошко и / или сексуално злоставување во домот што се користи за воспоставување моќ и контрола врз друго лице. Додека светот секојдневно се бори за сопирање на ширењето на вирусот и заштитување на човечките животи,карантинот, односно ограничувањето на движењето на луѓето сериозно влијае на зголемување на семејното насилство, а со тоа и на изложеноста на децата на истото. Во овој текст е презентирана состојбата на децата жртви во Република Северна Македонија, кои како сведоци или жртви на семејно насилство се евидентирани во 2020 година, но и начините на постапување со нив.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: дете; семејно насилство;жртва; сведок; онлајн помош; КОВИД–19

THE SITUATION OF CHILDREN WITNESSING AND VICTIMS OF DOMESTIC VIOLENCE DURING THE CRISIS OF COVID-19

ABSTRACT: Domestic violence is a constant experience of physical, psychological, and/or sexual abuse in the home that is used to establish power and control over another person. While the world struggles daily to stop the spread of the virus and protect human lives, quarantine, ie restricting the movement of people, has a serious impact on increasing domestic violence, and the exposure of children to it. This text presents the situation of child victims in the Republic of North Macedonia, who are registered as witnesses or victims of domestic violence in 2020, but also the ways of dealing with them.

KEYWORDS: children; home violence; victim; vitness; online help; COVID 19

ВОВЕД

„Семејно насилство" е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Пандемијата КОВИД-19 е една од најголемите шокови кои влијаеа на глобалната стабилност после Втората светска војна. Како одговор на пандемијата повеќе од 60% од земјите во светот избраа целосен локдаун како мерка за спречување на ширењето на вирусот. При донесувањето на овие мерки и тврдењата дека токму тие се потребни за зачувување на човечките животи и за заштита на населението, ниту една од земјите не проговори за децата, за нивните права и за директните влијанија кои врз нив ги имаат овие мерки. Токму ваквите рестриктивни мерки сериозно влијаеа на средината во која децата растат и се развиваат. Ранливоста на децата и влошената состојба во општеството ги изложи на зголемен ризик од насилство во домот, а токму тоа сериозно ја нагриза дефиницијата за права и благосостојба на децата, но и за стабилноста на идните генерации кои доаѓаат.

Различни теории ја објаснуваат зголемената изложеност на децата на насилството во време на пандемија. Социјалната изолација, како една од мерките која најчесто ја превземаа земјите ширум светот , се одразува на многу начини на луѓето, имени токму оваа мерка диретно влијае на работните места, на зголеменото ниво на напнатост, а токму тоа во најранливите семејства директно го зголемува нивото настрес. Изолирањето на луѓето ги заробува децата во домовите заедно со насилниците од кои се зависни, но исто така ги изолира од контактот со ресурсите кои им се достапни, а кои имаат намена да им помогнат во ситуации на семејно насилство. При донесувањето на овие мерки на заштита од вирусот, голем број земји , меѓу кои и нашата започнаа и кампања за охрабрување за пријавување на семејното насилство, но во истата никој не обрати посебно внимание на децата, кои се соочија со едно сосема поинакво секојдневно живеење.

Во период на владеење на пандемијата фреквенцијата на семејно насилство, но и изложеноста на децата на виктимизација која вклучува: физичко, психолошко и емоционално злоставивање сериозно се зголеми.

Вистински неуспех е неефикасноста на креирање на мерки кои ќе одговорат ефективно на насилството, на кое децата речиси се и немоќни да му се спростистават додека мора да живеат во домот заедно со насилникот. Земјите во екот на промоцијата на мерките за заштита од корона вирусот ниту еднаш не помовираа соодветни телефонски линии наменети само за децата, за нивно информирање за насилството, но и за нивна помош во случај на емоционална злоупотреба или онлајн злоупотреба , на кои исто така се повеќе изложени во време на локдаунот. Токму социјалната дистанца го прави речиси невозможен пристапот на децата до сервисите за поддршка , можноста да му се доверат на пријател, но и да избегаат од насилната ситуација.

Истражувањата покажуваат дека децата кои се соочуваат со двојно негативно влијание на пандемијата од COVID 19. Последиците на двојните влијанија на пандемијата, но и семејното насилство имаат зачестени и поизразени знаци на психолошка вознемиреност. Овие знаци често знаат да се манифестираат во емоционалната, социјалната и когнитивната свера во развојот на децата. Да се биде свесен за симптомите и влијанието кое го има насилството, но и пандемијата врз развојот на децата е токму првиот чекор кон подобрување на мерките, но и развивање на третманот на децата кои се сведоци , но и жртви на семејно насилство. Семејното насилство е постојано искуство на физичко, психолошко и / или сексуално злоставување во домот што се користи за воспоставување моќ и контрола врз друго лице.

1.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ДЕЦА СВЕДОЦИ И ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Во член 19 од Конвенцијата за правата на детето се вели дека државите потписнички на Конвенцијата мораат„да ги преземат сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки за заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство". Правило кое на некој начин целосно се занемари во периодот на фокусираност на борба со КОВИД 19.

Децата се неми жртви на семејно насилство. Нивните гласови можеби не се слушаат и нивните болката често останува незабележана. Секое дете од насилен дом е жртва. Децата се сведоци како двајцата најважни луѓе во нивниот живот меѓусебно се повредуваат и го повредуваат јадрото на детското емотивно суштество.

Децата не се загрозени само кога во семејството има семејно наислство, туку кога во семјството се случува присилна контрола и интимен терор. Во овие случаеви контролата на секое движење на мајката во домот директно влијае врз контролата на децата, па тие може да бидат ограничени во времето кое го минуваат заедно, со што темелно се нарушува нивната врска, разнишувајќи го чуството на децата да се чуствуваат стабилно, заштитено и чувано. Интимниот терор често пати му наметнува на децата континурано молчење, со што се уништува нивната способност за доверување на други и искажување на злоупотребата на која се сведоци.

Оние кои работат во превенција на насилство во семејството уште на почетокот на пандемијата алармираа за ризиците врз жените, и посебно врз децата со ограничувањето на движењето, затворањето на работните места и училиштата, ограничувањето на пристапот до сервисите за заштита и услугите, но и наложувањето на седењето во домот , како идеална дистанца. Со тоа се алармира за зголемената ранливост на децата, но не се алармира за итноста на пронаоѓање на решенија за заштита на оваа најранлива категорија на граѓани, кои останаа само неми учесници во стратегијата за сопирање на пандемијата.

Сведочењето на семејно насилство може да ги наведе децата да развијат низа негативни ефекти зависно од возраста. Истражувањата во оваа област токму се фокусираат на когнитивните промени, однесувањето и емоционалните ефекти на семејното насилство. Децата кои се сведоци на насилство во домот и децата кои се малтретирани може да покажат многу слични психолошки ефекти.

Во моментите на изолација и социјална дистанца која ги ограничува ресурсите кои имаат намена за испорачување на психо-социјална помош на жртвите на семејно насилство, многу е битно да се едуцираат семејствата, но и професионалците кои работат во образовниот процес да ги разберат симптомите кои ги покажуваат децата сведоци или жртви на семејно насилство. Препознавањето на симптомите им помага на професионалците да им обезбедат заштита, но и третман на децата, но исто така и терен за говорење јавно, променување на практиките за заштита на децата и креирање на едно безбедно опкружување за нив.

Кога децата се чувствуваат небезбедно и немоќно, започнуваат да восприемаат социјални слики за заплашувањето и насилството,кои се составен дел од интимните врски и семејните односи, а токму тоа има негативно влијание врз нивното здравје.

Член 7 од Истанбулската конвенција предвидува државите да преземат сеопфатни и координирани политики што ги стават правата на жртвата во

центарот на сите мерки во насока на спречување и борба против насилството врз жените и дека истите ќе бидат спроведувани преку ефективна соработка меѓу сите засегнати тела, институции и организации.

Безбедноста и добросостојбата на жртвата се клучни цели во решенијата кои ги нуди кривичната правда. Пристап со фокус на жртвата во решенијата претпоставува жртвите да бидат централните учесници во правосудниот процес и тие заслужуваат третман, со разбирање за нивната состојба, почит и поддршка. Но во време на спроведување на рестриктивните мерки кои беа од клучна важност за сузбивање на пандемијата голем број од овие институции изгледаа сосема недостапни за жртвите, посебно за децата.

1.2. РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА ВОЗРАСТА НА ДЕЦАТА

Потенцијалните негативни ефекти кај децата се разликуваат зависно од нивната возраст.Кај доенчиња од домовите каде има семејно насилство, потребата за приврзаност која детето има потреба да ја развива во тој период може да биде сериозно нарушена. Ефектите од изложеноста на насилство се менуваат во зависност од возраста на детето. Кога детето е сведок на малтретирање на мајката, тоа има намалено чувство за сопствената вредност, анксиозно е и уплашено, а светот го доживува како несигурно и непријателско место. Во зависност од возраста и степенот на развој, со таквата ситуација, детето ќе се соочува на различни начини.

Повеќе од 50% од овие доенчиња плачат претерано и имаат проблеми со јадење и спиење. Доенчињата исто така се изложени на значително зголемен ризик за физички повреди, поради нивната немоќност да се одбранат и сокријат.

Деца во предучилишна возраст кои се сведоци на семејно насилство развиваат низа симптми, и за прв пат може да се препознаат психосомтски проблеми кај децата како главоболка, болки во стомакот,цицање на палецот и нарушувања на спиењето, односно појава на несоница и парасомнија. Децата во предучилишна возраст исто така може да покажат знаци на бес, кој ќе го манифестираат со викање, раздраливост, криење, пелтачење.

Слабите успеси во совладувањето на училишниот материјал е исто така еден од знаците кои може да се забележи кај децата кои посетуваат училиште. Овие деца имаат намален број пријатели, не се вклучуваат во активности со нивните врсници, а тоа токму прави темел за разнишување на нивната самодоверба . Тие така започнуваат да чувствуваат изолација и срам, вина, но и тенденција да се обвинуваат за насилството што се случува во домот.

Адолесцентните сведоци имаат повисоки стапки на меѓучовечки проблеми со другите членови на семејството, особено меѓу родителски (родител-дете) конфликти. Тие имаат поголема веројатност да имаат фаталистички поглед на иднината што резултира со зголемена стапка на преземање ризик и асоцијално однесување, како што се напуштање на училиште, рана сексуална активност, злоупотреба на супстанции и деликвенција.

Доживувањето на насилство во детството, често придонесува кон насилничко однесување во подоцнежниот период. Децата кои биле сведоци на насилство помеѓу родителите кога ќе пораснат почесто се насилни кон своите партнери или кон сопствените деца. Освен тоа, изложеноста на насилство во семејството има големо влијание на развојот на родовиот идентитет, при што, момчињата лесно се идентификуваат со улогата на насилник, а девојчињата со улогата на жртви.

Изложеноста на насилство врз мајката влијае и на развивање на различни уверувања кои придонесуваат кон пренесување на насилството од генерација на генерација. Утврдено е дека детето кое е сведок на малтретирање врз мајката или друга значајна женска личност (баба, тетка, маќеа) најверојатно ќе смета дека:

- прифатливо е мажите да ги удираат жените;
- насилството е делотворен начин за решавање на проблемите;
- во ред е да се удри некој ако си лут или вознемирен;
- нерамноправноста во односите е нормална - машките се јаки и имаат моќ и контрола над жените кои се слаби;
- негативните последици од насилството се мали или не постојат;
- тоа (детето) е одговорно за малтретирањето и треба да се чувствува виновно;
- тоа е одговорно да го сопре малтретирањето со тоа што ќе ја „заштити" мајката или ќе се „спротивстави" на таткото.

2. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА ДЕЦАТА СВЕДОЦИ И ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Законот за семејството во Република Северна Македонија забранува секаков вид на насилство во семејството, а насилството го дефинира како "примена на сила, закана или заплашување од страна на член на семејството со цел да изврши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член од семејството." Покрај мерките од социјална заштита, овој закон ја вовел и можноста за привремени заштитни мерки изречени од страна на соодветен суд во итна постапка.

Дефиницијата употребена во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство користи сличен, но не и идентичен јазик. Насилството е дефинирано како "малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија". Законот утврдува индивидуални дефиниции за: физичко насилство, психичко насилство, демнење, сексуално насилство и економско насилство. Законот исто утврдува кога едно дете се смета за жртва на семејно насилство: 1) кога трпи директно насилство; 2) кога е присутно на насилни односи помеѓу членовите на неговото семејство; или 3) кога живее во средина во која има насилни односи. Секој граѓанин има обврска да пријави сознание за семејно насилство до полициска станица, центар за социјална работа, здружение или на националната СОС линија. Одговорното лице и раководното лице од институцијата кои вршат дејност од областа на социјалната и детската заштита, вработувањето, внатрешните работи, здравството и образованието, се должни да пријават сознание за семејно насилство до полициската станица или центарот за социјална работа.

Поимот "дете жртва" се дефинира како "секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело" (Член 19 од Законот). Оваа дефиниција е поширока и ги опфаќа децата жртви на сите кривични дела, не само тие кои содржат дејствие на насилство. Согласно Кривичниот законик како жртва на кривично дело се подразбира секое

лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело.

Повторно, оваа дефиниција ги опфаќа сите жртви на сите видови кривични дела. Концептот на жртва е преширок, бидејќи не сите кривични дела во кои има жртви го преминуваат прагот на суровост за кои всушност овие закони и се донесуваат.

Во случај на имотни кривични дела кои не се насилни, нема последици по телесното или психичкото здравје на оној против кој е сторено делото. Оттука, постои потреба за редефинирање на терминот жртва на насилно кривично дејствие. Законите кои се поврзани со насилство врз деца треба да бидат усогласени и да го дефинираат насилството врз деца во согласност со дефиницијата за жртва на кривично дело уредена со Кривичниот Законик, но не и ограничена само на последиците од сторено кривично дело. Следната дефиниција беше предложена во 1999 на СЗО Консултациите на тема превенција на злоупотреба на деца: 'Злоупотребата на деца односно малтретирање ги опфаќа сите форми на телесно и/или емоционално злоставување, сексуална злоупотреба, занемарување односно немарен однос или економска и друг вид експлоатација, кои предизвикуваат реална или потенцијална штета по детето и неговото здравје, преживување, развој или достоинство во контекст на создавање односи на одговорност, доверба или сила'.

Во Република Северна Македонија, владата прогласи вонредна состојба на 18 март 2020 година за целата земја со цел да се спречи ширењето на КОВИД-19. Во текот на вонредна состојба, владата на РСМ одржа 70 седници на кои беа донесени нови одлуки и мерки донесени се за справување со пандемијата. Сепак, особено ранливи категорија која беше целосно исклучена од мерките и беа препораките жртвите на семејно насилство, т.е. жени и деца кои се под зголемен ризик од семејно насилство.

Во првиот месец на вонредна состојба, нема забележано зголемување на пријавувањето на инциденти во семејно насилство. Поради физичко присуство на сторителите во домот, жените не беа во можност да се јават во линиите за помош и поддршка или да пријават насилство. Многу жени веројатно се плашеле да побараат здравствена заштита и медицинска помош поради ризик од инфекција со коронавирус. Многу жени исто така не сакале да ја напуштат насилната средина и да бидат сместени во центрите за кризи и засолништа на жртвите од насилство поради страв од заразување со корона вирусот. Но има и такви жени кои не пријавуваа семејно насилство поради стравот од губење на работното место, по завржувањето на кризните мерки , односно поради стравот од ниски пригоди или економска зависност како директна последива од вондредната состојба и зголемените најави за економска криза.

Центрите за социјална работа, за време на кризните мерки имаа делумно променето време на работа, со голем број од вработени во изолација, но и дел кои работат од дома, што значи дека жртвите немаат постојана достапност на услугите за пријавување на насилство, но и голем број од потребните совети и водство на случајот го добивале само по телефонски пат. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во периодот на кризните мерки постојано апелираше жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство да ги користат бесплатните телефонски линии за пријавување на насилството, но во ниту еден

случај не превзема ниту предложи итни мерки за заштита на ова особено ранлива категорија граѓани. Посебно ниту еднаш не апелираше за загриженост за децата кои се сведоци или жртви на семејно насилство, кои имаат целосно лимитирани можности за пријавување, излез од ситуацијата, но и кои се зависти од насилникот.

Министерството за внатрешни работи(МВР) објави дека жртвите на злосторства нема да бидат предмет на санкции доколку ги напуштат своите домови поради насилство во полициската станица. Нема специјално известување за отстранување на сторителите на семејно насилство од домовите. Повторно не беа споменати децата како сведоци или жртви на семејно насилство, како чинители кои итно би имале потреба да го напуштат домот или на било каков начин да алармираат дека имаат потреба од итна помош и интервенција.

Преглед на акците и и чекорите за заштита на жени и деца жртви на семејно насилство преземено од Владата и надлежно главниот штаб за координација на кризи:

- МТСП подготви информативни видеа и флаери за формите на насилство и постојните
- услуги за помош и поддршка на жртвите од семејно насилство;
- Со поддршка на УНДП, 7 општини објавија броеви за пријавување семејно насилство на нивните веб-портали и ФБ-профили;
- МТСП испрати известување до сите општини за итност во постапувањето со случаи на семејно насилство;
- Објавена е врска на www.koronavirus.gov.mk што води до информации за постојни услуги за родово базирано насилство(РН) и семејно насилство (ДВ);
- МТСП информираше дека Центрите за згрижување жртвите на семејно насилство редовно се одржуваат, се дезинфицира и сместувањето на жртвите се третира во согласност со Упатства за организирање карантин во време на пандемија од КОВИД 19 донесени со одлука на Владата. Покрај тоа, МТСП информираше дека сместувачките капацитети за жртвите не се пополнети, но доколку тоа се случи, ќе се обезбеди соодветно решение.
- Националната мрежа подготви посебен протокол за здравствена заштита и безбедно домување за жртви на семејно насилство во центри за жртви на семејно насилство (прифатилишта) и други центри кои обезбедуваат услуги за домување во случај на здравствена криза или пандемија. Протоколот беше доставен до МТСП за понатамошно разгледување и усвојување.
- МТСП објави дека Центрите за социјална работа, на барање на родителот со кого децата не живеат, ќе направат промени во решенијата за гледање според донесените мерки. МТСП апелираше до родителите да се договараат за средбите на децата со другиот родител со кого не живеат, ако е можно, без оглед на одлуката, и во согласност со полицискиот час и ограничувањата на движењето;
- МТСП обезбеди пакети со храна и хигиена за сите регистрирани жртви на семејно насилство, како и за сите самохрани родители во социјален ризик.
- МВР и МТСП за првпат објавија статистика за пријавени случаи на семејно насилство квартал од 2020 година.
- Освен МТСП, ниту едно друго надлежно министерство нема споделено информации за извештаи за насилство или пораки за охрабрување до жртвите

Како што може да забележиме од овој краток преглед , ниту една од кампањите за информирање на жртвите не се однесува конкретно на децата, како тивки жртви во целиот процес , и како активни сведоци.

Според статистиката на МТСП, во периодот од јануари до септември 2020 година се случиле 1.168 насилства, од нив 836 жртви пријавиле насилство во градовите , а 332 во рурална средина. Жртви на насилство биле 51 малолетно девојче и 53 момчиња.

Од 1.168 пријавени случаи, институциите постапиле во 816 случаи, односно преземале соодветни мерки.

Дел од податоците говорат и за влијанието на пандемијата и ограничувањето на слободата на движење врз зголемување на обемот на семејното насилство, особено во периодот на вонредна состојба во земјата. Статистиките на МТСП за месеците мај и јуни 2020 година покажуваат зголемување на бројот на пријави за семејно насилство за 30% повеќе во споредба со 2019 година.

И податоците обезбедени од МВР, покажуваат трендови на пораст на пријавите на поплаки, кривични дела и прекршоци од областа на семејното насилство, со зголемување од по 10, 18 па и 25 проценти, во зависност од категоријата. Кога ќе се споредат податоците за периодот од јануари до јуни 2019 година со истиот временски период од 2020 година, најголем пораст од 25% бележи категоријата „поплаки“ за семејно насилство до МВР. Евидентиран е драстичен пораст на поплаките во 4 градови: во Скопје од 216 во 2019, на 305 во 2020 година; во Велес од 157 во 2019, на 303 во 2020; во Охрид од 78 во 2019, на 130 за 2020 и во Штип од 289 во 2019, на 385 за 2020 година.

Зголемениот број на пријави на семејно насилство неспорно го наметнува прашањето колку од нив биле иницирани од деца , кои биле сведоци или жртви на истото. Токму за таа цел беше контактиран и Првиот Семеен Центар во Град Скопје, бидејќи е специјализирано советувалиште за жртви и сторители на родово засновано и семејно насилство, вклучително и малолетни деца. Според нивните статистики услугата за која што малолетните деца се обратиле, ја добиваат подолго време, т.е. се дава во континуитет, преку советувања со психотерапевт/и.

Според тоа, вкупната бројка во 2020 според целна група - малолетни деца е 72, додека бројката за дадена услуга - посети/советувања според целна категорија - малолетни деца е 158.

Како продолжување на истражувањето за специјализираните услуги за помош на жртвите од семејно и родово базирано насилство во Република Северна Македонија беше исконтактирана и Мрежата за заштита од семејно насилство, кои како дел од своите активности нудат обезбедување на бесплатна правна помош на жртвите на семејно и родово базирано насилство. Во нивните статистики за 2020 година, само едно дете е евидентирано како корисник на бесплатна правна помош за дете кое е сведок на семејно насилство.

Зголемениот број на пријави за семејно насилство во 2020 година го наметна прашањето за состојбата на децата цо 2021 година, кога онлајн наставата речиси стана секојдневие, и нивната изолација од нормалните социјални контакти стана уште поголема. За таа цел беше контактирана и првата бесплатна СОС линија за деца, која е дел од канцеларијата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија(0800 88 500), која започна со работа во април 2021 година,со прашање колкав број на деца ги исконтактирале за барање помош при семејно насилство. Одговорот од надлежните беше дека ниту едно дете не ги контактирало

барајќи помош токму за семејно насилство, што јасно говори за запоставеноста на децата како сведоци на семејно насилство, и потребата од јавна кампања за подигање на свеста кај истите, за проблемот, за опциите кои ги имаат, но и начините за барање на помош.

3. ДЕЦАТА, СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО И СОВЕТУВАЊЕТО НА ДАЛЕЧИНА

Жените кои доживеале родово базирано насилство или семејно насилство често имаат чуство на вина, срам, страв и ниска самодоберба. Односно речиси е невозможно да се справат со нормалниот живот борејќи се со овие последици од насилството. Токму членот 26 од Истанбулската конвенција кој се однесува на заштита и поддршка на деца-сведоци вели:

1. Страните ги преземаат потребните законодавни и други мерки за да обезбедат при давањето услуги на заштита и поддршка на жртвите да се води сметка за правата и потребите на децата-сведоци на сите форми насилство опфатени со Конвенцијата.

2. Мерките преземени во согласност со овој член вклучуваат соодветно за возраста психосоцијално советување за децата-сведоци на сите форми на насилство опфатени со Конвенцијата и обрнуваат должно внимание врз најдобрите интереси на детето.

Затоа овозможување на соодветна поддршка на децата сведоци и жртви на насилство е најважна алатка во борбата со семејното насилство.

Состојбата кај децата кои се жртви или сведоци на семејно насилство е полоша, бидејќи кај нив ранливоста е поголема. Тие сеуште немаат развиен механизам за справување со случувањата, со стресот, препознавање на состојбите, ниту барање излез од истите. Затоа децата често имаат вознемиреност, нарушувања во спиењето, затворање во себе.

3.1. ОНЛАЈН ЗНАК ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЖРТВИ

За милиони луѓе ширум светот, затворањето во домот за време на пандемијата со коронавирусот не е само небезбедно туку е и многу застрашувачко. Со оваа мерка за заштита многу деца останаа заклучени во домовите со своите насилни родители.

Децата во домовите поголем дел од времето го минуваат на Интернет, следејќи онлајн настава, но и активно користејќи ги социјалните мрежи.

Бидејќи Интернетот стана единснвената алатка со која комуницираа луѓето додека се изолирано во своите домови, беше креиран „сигналот за помош", што е гест со една рака кој жените и децата (и мажите исто така) можат да го користат на видео повик или лично додека комуницираат за без зборови да покажат дека се чувствуваат загрозено. Движењето вклучува свртување на вашата дланка кон фотоапаратот или лицето, навлегување на палецот во дланката и преклопување на четирите прста над горниот дел од палецот. Тоа е алтернатива за повикување на 911 и испраќа сигнал до никого - полицијата, член на семејството, пријател - „да ве молам дојдете по мене не сум безбеден".Затвореноста во домот со насилникот кој го контролира секое движење на своите жртви ја наметна потребата од нови алатки за барање помош, кои ќе им помигнат на жртвите на злоупотреба.

Пристапот кој организациите за поддршка на жртвите на семејно насилство претходно го користеа за да комуницираат со жртвите, но и да им помагаат во безбедно напуштање на домот, се покажаа целосно неискорисливи во периодот на локдаун, кога жртвите беа затворени во домовите заедно со својот насилник. Знакот за помош била најбезбедната алатка која професионалците ја смислиле, користејќи ја модерната технологија и начини на комуникација, бидејќи во екот на пандемијата речиси секој стана уште позависен од дигиталната технологија како средство за комуникација. Со зголемувањето на инцидентите на семејно насилство низ целиот свет, како последица на локдаунот,но и на емоционалните и финансиските стресови што ги предизвика пандемијата, „знакот за помош" бил првиот кој го започнал отворањето на каналите за комуникација со жртвите без да ги стават на ризик. На овој начин се сопира изолацијата во која живеат жртвите на семејно насилство, да побараат помош, и барем за миг да се почуствуваат дека ја превзеле контролата над својата безбедност и живот.

Професионалците кои работат во специјализираните центри за помош и поддршка на жртвите на насилство веруваат дека „знакот за помош" е почетна точка на надеж на жртвите.

3.2. КРЕИРАЊЕ НА НОВ ПРИСТАП – СОВЕТУВАЊЕ НА ДАЛЕЧИНА

Концептот на испорачување на психосоцијална помош на далечина се развил во почетокот 20тиот век кога голем број на професионалци за ментално здравје започнале да им испраќаат писма за луѓето кои биле нивни пациенти. Користењето на овој вид на комуникација им овозможувало на терапевтите да им обезбедат поддршка , но и да добијат повратна информација од своите клиенти(-DeAngelis, 2012).

Во текот на 20 век испорачувањето на советодавна поддршка бил обогатено со употребата на телефони, но можноста за советување на далечина се развила во 90тите години на минатиот век со развојот на Интернетот. Интернетот само ја потенцирал потребата од брза информација и упатства за постапување за подобро ментално здравје, со што се иницирало и формирањето на Друштвото за ментално здравје на интернет во 2015та година. На почетокот услугите на ова друштво биле само во форма на креирање на водичи за самопомош и групи за поддршка на Интернет.

Во денешно време, формите на интервенција онлајн вклучуваат веб-разговори, инстант пораки, текстови, емаил пошта, видео конференции, но и мобилни апликации. Илјадници веб-страници и хонорарни терапевти нудат услуги за ментално здравје.

Истражувањата покажаа дека онлајн терапиите се ефикасни и генерално подеднакво ефикасни како и терапиите лице во лице.

Изолираностанадецатавовременапандемијаисомеркитезазаштита,сериозно го лимитира пристапот на професионалнците до нив, препознавњето дека нешто им се случува и испорачувањето на ефективна заштита и помош.

Во минатото децата многу често биле препознаени од своите наставници кога покажувале нагла промена во однесувањето или ненадејни агресивни испади, но онлајн изведувањето на наставата го ограничи личниот контакт на децата и со наставниците и со нивните врсници, што додатно ја ограничи нивната способност за развивање на чуство на доверба во некого, реалации и процес на доверување и барање на помош.

Онлајн наставата, но и социјалните мрежи ги направија децата на некој начин заробеници на нивните електорнски уреди : компијутери, таблети и мобилни телефони. Барањето на алатка за помош на децата кои се жртви или сведоци на семејно насилство која ќе биде првенствено онлајн, се наметна како огромна потреба.

Доколу погледнеме во мерките на изолација кои се превземаа речиси во сите земји ширум светот, ќе забележиме дека онлајн наставата е карактеристична за сите нив. Токму оваа состојба треба да ја искористиме за развивање на цел процес на онлајн советување на децата и испорачување на совети за надминување на состојбата во која се наоѓаат. Децата кои биле сведоци на семејно насилство имаат пострауматски синдром појак од деца кои биле директно жртви на траума, поради долгорочната изложеност на насилството во домот. Сторителот на насилството фокусиран на партнерката и членовите на насилство, често себе се декларира како добар и грижлив родител, целосно игнорирајќи го фактот дека насилството во домот се рефлектира директно на децата. Токму затоа работата со деца секогаш всушност подразбира креирање на ефективна подддршка на децата. Тоа подразбира:

Слушајте и потврдете

Секое дете во семејство различно ја доживува насилната ситуација и различно ја толкува истата. Не можеме да претпоставиме дека секој брат или сестра во семејството ќе имаат исти чуства или исти сеќавања за насилството. Затоа е многу важно секое дете да има можност да разговара за своите лични доживувања.

Многу често децата го интернализираат насилството, односно ја интернализираат одговорноста за истото и можеби го слушале насилникот како го повторува често ова. Иако се мали и ранливи децата често водат многу грижа за нивната мајка , кога се одвива насилството и се обидуваат да пронаоѓаат разни начини да ја заштитат.

Во работата со децата затоа токму на тоа се става акцентот, да се тргне чуството на вина на детето за насилството , да му се укаже дека секој е одговорен за своите постапки и има избор како ќе постапи во одредени ситуации.

Често пати децата сакајќи да ја заштитат мајката се чуствуваат повикани да интервенираат меѓу неа и насилникот, што може да заврши со здобивање на физичка повреда. Затоа треба да им се објасни потребата да се заштитат, да не се впуштаат во небезбедни ситуација за да останат во состојба да побараат помош од трето лице, но на начин кој нема да покаже дека им судите или не ги разбирате нивните чуства и ставови за таа ситуација.

Креирајте безбеден план

Работете со детето во процесот на зајакнување со целосно отстранување на нивното чуство на одговорност за насилството, а токму со тоа ќе ја зајакнете нивната способност за донесување на позитивни одлуки во моментите кога се сведоци на насилство.

Со развивањето на безбеден план децата може да го испланираат со ваша помош секој одговор на насилните ситуации кои може да се појават во домот, а тоа им помага да се чуствуваат побезбедно и посигурно. Покрај охрабрувањето за пронаоѓање на безбедни места во куќата за сокривање во случај на ескалација

на насилството, но и охрабрување за разговор со некој возрасен од нивната околина на кој му веруваат.

ЗАКЛУЧОК

Со истражувањето на изложеноста на децата на семејно насилство, како сведоци или како жртви, но и со истражувањето на статистиките колку од нив се охабриле да побараат помош токму во екот на локдаунот и борбата со КОВИД 19, повеќе од јасно ни е дека мора да работиме на подигање на јавната свест. Токму децата се оние кои се најранливи под притисокот на семејното насилство, но и оние кои трансгенерациски може да ги пренесат негативните последици од истото. Република Северна Македонија, мора да работи повеќе на јавна кампања токму за освестување и охрабрување на децата да го препознаат семејното насилство, но и да го пријават. Децата мора да ги научат сите алатки за помош, и дека токму тие алатки се оние кои ќе им помогнат на нив, нивните браќа и сестри, но и на родителот кој е жртва. Институциите се оние кои крајно време е да го уважуваат пријавувањето, сведочењето на децата, дури и кога истото е примарно, односно детето е она кое прво ги контактира. Популаризацијата на СОС линиите за помош токму на децата жртви, но и алатките за онлајн помош и советување, се единствените кои може да помогнат во стекнување на доврбата на децата во овој чуствителен период, но и оние кои може да ги наведат децата да функционираат мудро, тактички и заштитнички првенствено за себе, а потоа и за своето семејство.

Развивањето на специјализирани услуги кои ќе бидат првенствено наменети за децата кои биле сведоци или жртви на семејно насилство, е должност токму на цивилниот сектор. Тие се оние кои мора да започнат потрага по иновативни решенија за справување со виктимизацијата, која се заканува да добие поголем замав дури и во овие мигови кога се навестува крајот на пандемијата.

Иако првичниот впечаток беше дека зголемениот број на случаеви на семејно насилство е само акутна појава која е директна последица на мерките за справување со пандемијата од КОВИД 19, сепак за опоравување од нив се можеби потребни години, што повторно ја нагласува потребата од превентивна работа и креирање на долгорочни државни стратегии за работа со деца жртви или сведоци на семејно насилство. Клучно е да научиме што е можно повеќе од оваа катастрофа, но и да се подготвиме за идни кризни ситуации со пресметување и превземање на неопходните мерки за овозможување на децата и адолесцентите раст, развој и напредок во општество кое веројатно ќе биде многу различно од претходно, но во кое одбраната на нивните права и благосостојба ќе продолжи да биде приоритет.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Natasha E. Latzman ,Cecilia Casanueva ,Julia Brinton, Valerie L. Forman-Hoffman - "The promotion of well-being among children exposed to intimate partner violence: A systematic review of interventions"
2. World Vision International - "Aftershocks Perfect Storm Millions More Children Face Violence Under Lockdown and into the 'New Normal'"
3. UNFPA - "Impact of the COVID-19 Pandemic on Family Planning and Ending Gender-based Violence, Female Genital Mutilation and Child Marriage"
4. Child Rights Now!- "Ending Violence against Children and COVID-19"
5. Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ , Гоце Коцевски –„Компаративна анализа на законодавството посветено на заштита на децата од насилството помеѓу нашата земја и земји со контекстуални сличности"
6. Глас против насилство - „Dealing with Violence Against Women and Domestic Violence in the Western Balkans During and Following the COVID-19 Health Crisis"
7. UN Women – "Impact of the COVID-19 pandemic on specialist services for victims and survivors of violence in the Western Balkans and Turkey"
8. Melissa M.. Stiles – "Witnessing Domestic Violence: The Effect on Children"
9. Noemí Pereda ,Diego A. Díaz-Faes – "Family violence against children in the wake of COVID-19 pandemic: a review of current perspectives and risk factors"
10. Roje Dapić M, Buljan Flander G, Prijatelj K.- "Children behind closed doors due to COVID-19 isolation: abuse, neglect and domestic violence"
11. Andrew M.Campbell – "An increasing risk of family violence during the Covid-19 pandemic: Strengthening community collaborations to save lives"
12. https://www.signalforhelp.net/#About

364.63-027.553-055.2-058.6:159.9.01

Доц. д-р Слаѓана Анѓелкоска
Доц. д-р Елизабета Спироска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

НАСИЛСТВО ВО ПАРТНЕРСКИТЕ ОДНОСИ И ВО СЕМЕЈСТВОТО

АПСТРАКТ: Интерперсоналното насилство можеме да го препознаеме како семејно насилство или насилство во заедницата. Семејното насилство преставува универзална, глобална социопатолошка појава и криминолошки феномен кој е присутен во сите култури, сите друштва. Жртви на семејното насилство може да биде било кој член од семејството, но според статистиките во Р.С.Македонија најголем број на жртви на семејно насилство се жените. Важно е да се знае дека насилството може да и се случи на секоја жена, тоа не е јавува како последица на однесувањето на жената, туку тоа е последица на системот на патријахатот каде што мажите ја имаат и ја одржува целата моќ.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: насилство, семејно насилство, партнерски осноци, жртва

VIOLENCE IN RELATIONSHIPS AND IN THE FAMILY

ABSTRACT: Interpersonal violence can be recognized as domestic violence or community violence. Domestic violence is a universal, global socio-pathological phenomenon and criminological phenomenon that is present in all cultures and societies. Any family member can be a victim of domestic violence but according to the statistics in R.N. Macedonia, the largest number of victims of domestic violence are women. It is important to know that violence can happen to any woman. It is not a consequence of a woman's behavior, but it is a consequence of a patriarchal system where men have and maintain all power.

KEYWORDS: violence, domestic violence, partnership grounds, victim

ВОВЕД

Семејството преставува основна единица на едно социјална заедница, која треба да создаде услови за правилен и прифатлив развој на секој поединец во заедницата. Интензитетот на кохезивните сили и квалитето на интеракција на нивните членови го прави семејството средина која е адекватна или неадекватна на нејзината примарна функција – воспитно-образовна.

Во зависност од квалитето на интеракциите во семејството се создаваат физички, здравствени, морално и психо-социјално дефинирани поединци кои го наоѓаат своето место во семејството и општеството. Тоа подразбира постоење на адекватни, социјално позитивни и прифатливи улоги и културни модели како идни носители на примарните семејни функции.

Дисфункцијата во секој од сегментите на културните модели ја нарушуваат целината и создаваат простор за социјална и семејна патологија. Една од патологиите во општеството е семејното насилство.

Теоретската основа на семејното насилство настаната е на основа на бројни женски движења, во седумдесетите години на минатиот век, со јасно одредени барања за измена на приодот кон насилството кое се јавува во семејството.

Имајќи во предвид дека семејното насилство ги допира сите домени во социјалното опкружување, оваа појава се објаснува од неколку аспекти: психолошки, социјален и правен. Имајќи ја во предвид структурата на семејното насилство и суштината на овој труд, акцент е ставенм на психолошкиот аспект кон семејното насилство.

Психолошки теории за семејното насилство

Насилството во семејството, гледано од аспект на психолошките теории преставува индивидуална појава кои своите причини ги наоѓаат во индивидуалните црти на личноста сторител на насилството како и во цртите на жртвата во насилството.

Според теоријата на мазохизам кај жената, некои жени се мазохисти, бидејќи се свесни и доброволно прават избор на партнер насилник(Mullender, 1996); нивниот избор на таков партнер потекнува од желбата да бидат малтретирани. Најголем доказ на застапниците на оваа теорија е тој што жената не го напушта насилниот однос, дури и во ситуации кога насилството ќе завземе големи размери. Однесувањето на овие жени е научено, културно и социјално условено однесување, доколку во односите во примарното семејство било присутно насилство врз мајката од страна на таткото (Nikolić-Ristanović, 1989). Иако оваа теорија емпириски не е докажана, од индивидуалната работа на лицата во центрире на социјална работа се добив податок дека жртвите жени во најголем процент велат дека како деца биле индиректни жртви во своето примарно семејство и биле сведоци на насилството извршено врз нивните мајки.

Теоријата на патологија на насилник го застапува ставот дека насилникот има некоја патологија во себе, а тоа може да биде ментална болест, психопатологија, невроза, низок степен на контрола. Оваа теорија е критикувана бидејќи од истражувањата се покажало дека мал процент на насилници, насилството го вршат како резултат на психички пореметувања, а многу поголем процент на насилници, насилството го вршат водени од други причини (Gelles, 1997).

Современите психолошки теории на насилство во семејството ориентирани се кон концептот на социјалното учење (O' Leary, 2000). Насилството доживеано во детството често се наведува како причина за вршење на насилство врз идната сопруга.

Следната теорија која што го објаснува насилството во семејството е теоријата на научена беспомошност која прави обид да го објасни ставот на жената жртва која и покрај претрпеното насилство сепак останува во домот заедно со насилникот. Според оваа теорија, за постоење на беспомошност не е пресудна објективната состојба на ситуацијата, туку субјективното доживување, односно верувањето на жртвата дека повеќе немаат контрола над сопствениот живот. Во процесот на социјализација жената се учи на традиционалната улога во семејството и малата контрола над својата реалност. Овој традиционален став го објаснува ставот на жената да остане со насилникот и покрај доживеаното насилство. Оваа теорија става акцент на психолошките карактеристики на жената жртва на насилство, а тоа се: низок степен на самопочитување, негативно мислење за себе, ниска самодоверба и депресивност, прифаќање на стереотип на

женската улога и наученоста да биде послушна, подредена, понижена, зависна, благодарна, тивка, несебична и т.н. (Nikolić-Ristanović, 1989).

Теоријата на преживување тргнува од ставот дека жената во текот на постојаното трпење на насилството активно се во потрага на барање на помош. Помош нема, но жената не се откажува. Во суштина на оваа теорија се наоѓа пропорционалноста помеѓу барање на помош и ескалација на насилството. Дали ќе побара помош, кога и на кон начин зависи од материјалната ситуација во која се наоѓа, поврзаноста (емоционалната и еконкмската) со партнерот, бројот на деца, злоставувањата доживеани во детството и други фактори.

Психолошките теории се само еден аспект во објаснувањето на семејното насилство, бидејќи семејното насилство преставува социјален проблем на него мора да гледаме од мултидисциплинарен пристап со што ќе се добие целосна слика за појава на оваа социјална патологија.

Дефинирање на насилство врз жената

Насилство врз жената е секој чин кој што се прави против нејзина волја, а кој придонесува до психичко, физичко, сексуалноо или економско загрозување. Наслникот може да биде било кој член во семејството (маж, син, татко, брат,..) или било кој друг (пријател, познаник, шеф, колега...) или пак непозната машка особа. Важно е да се знае дека насилството може да и се случи на секоја жена и дека насилството не е јавува како последица на однесувањето на жената, туку тоа е последица на системот на патријахатот каде што мажите ја имаат целата моќ, а насилството е начин мажите да ја одржат таа моќ. Насилствот врз жената е злоупотреба на моќта на еден пол врз другиот и тоа е присутно низ историјата од сите друштвени заедници се до денес.

Зашто се случува насилството?

Најчесто секое општество ја прифаќа тезата дека семејството е приватна работа. Меѓутоа со оваа теза насилството во семејството се премолчува и оние кои внатре во семејството имаат помала моќ, а тоа се жените и децата ја губат можноста да имаат поддршка и да излезат од насилствот. Мажите се научени да доминираат во семејството, а понекогаш тоа го прават насилно. Децата кои што растат во семејства во кои има насилство не познаваат поинаков начин на комуникација и таквиот начин на комуникација и однесување ќе го усвојат како нешто нормално и во иднина како возрасни деца ќе го применат во своето семејство како насилници или како жртви на насилство.

Статистиките покажуваат дека жртва на насилство може да биде било која жена, без разлика на годините и на образованието, материјалната ситуација или националноста. Меѓународното женско движење покажало дека насилството врз жената преставува глобална појава и има иста динамика во сите култури, со тоа што во некои облици во одредени заедници е различно, па може да сретнеме освен тепање на жената и палење на жената, убивање поради насилство, сечење на деловите на телото, каменување на жената и тн.

Кој се насилниците?

Насилник може да биде било која машка особаа од било која професија, ниво на образование, материјална ситуација, националност. Најчесто насилниците тешко е да се препознаат бидејќи се прифатени од страна на социјалната средина

и професионалното друштво. Според многуте истражувања насилникот е особа која што во своето детство и самата била жртва на насилство или во периодот на својот раст и развој живеела со семејство во кое било вршено насилство. Ваквиот модел на однесување е научен и пренесен од една на друга генерација.

Насилникот во своето однесување применува најразлични манипулативни техники за да ја задржи жртвата во трамките на семејството и да и го ограничи нејзиниот слободен простор на функционирање и самостојно донесување на одлучи.

Некои од начините како насилникот ја држи жртвата во својот обрач на долготрајно насилство се:

Изолација

Мажот кој е насилен со примена на разни методи ја изолира жената од примарното семејството, пријателите, надворешниот свет. Изолоацијата може да се јави во многу облици: исклучување на телефон, заклучување на жената во домот, упатување на навреди кон жената пред пријателите, одземање на личните документи.

Момент на „Нежност“

Мажите кои се насилници имаат моменти кога се љубезни и нежни се до следниот чин на насилство. Купуваат цвеќе, парфеми и разни подароци, знаат да ја однесат жртвата на прошетка. Таквото позитивно однесување и ветувања на жената и влева надеж дека ќе се промени, но со тек на време овие моменти се се поретки а насилството се почесто.

Потполна контрола

Целта на насилниот е контрола врз жената. Насилниот најчесто се зазема позиција во семејството како контролор кој одлучува во сите ситуации кога станува збор за животот на жената. Тој одлучува што треба жената да прави, што треба да зборува, што да мисли, кога да телефонира , колку пари и се потребни. Жената најчесто мора да му дава отчет за се што прави. Оваа контрола и е преставена како доказ за неговата љубов и грижа за неа.

Заплашување

Заплашувањето е една од успешните техники за контрола. Насилникот со контролата постојано ја заплашува жената. Некои од заплашувањата се: ќе ти ја запалам косата, ќе те фрлам од прозор, ќе те исечам на парчиња, ќе те пронајдам каде и да одиш. Често заканите може да се однесуваат и за децата или блиските особи на жртвата: родители, браќа, сестри.

Причини поради кои жената останува заедно со насилникот

Има многу причини поради што жената останува заедно со насилникот, тоа најчесто се случува бидејќи:

- Никој не ја поддржува,
- Бидејќи никој не и верува,
- Бидејќи другите бараат вина во неа
- Бидејќи законските процедури траат многу долго,
- Бидејќи има страв од насилникот,

- Бидејќи нема доволно материјални средства
- Бидејќи нема каде да оди,
- Бидејќи има деца и стравува да не и ги земат,
- Бидејќи се страми што ќе пом,ислат луѓето,
- Бидејќи е емотивно зависна од партнерот,
- Бидејќи се грижи за насилникот,
- Бидејќи верува дека ќе биде подобро

Тоа што жената-жртва треба да го направи за да излезе од обрачот на насилникот е следново:

Разговарајте со некого – излезете од молчењето

Жртвата треба да зборува за својот проблем со блиска особа во која има доверба, да зборува колку што може и кога има потреба за тоа. Раскажувањето на болните чувства кои би сакале да ги заборавиме ни помага да ги поврземе изолираните доживувања во целовито искуство. Искуството стекнато со насилство не се заборава, но неговата болна димензија може да се намали. Важно е жртвата да излезе од молчењето, Чутењето нема да ја спаси, а насилникот профитира од нејзиното чутење, бидејќи тоа му дава слобода да продолжи со насилство.

Верувајте во себе, Вреднувајте се – ставете се себе во центарот на светот

Многу е важно жртвата да донесе одлука да верува во себе и да го вреднува трудот кој го вложила во подигање на децата и семејството. До сега вложувала во другите, но време е да почне да вложува во себе. Најважна е таа самата. Живеејќи долги години во насилство обично самодовербата и опаѓа, исцрпена е и ја има изгубено довербата во себе. Сето тоа е возможно повторно да го поврати, но доколку верува во себе и доколку почне да работи на себе.

Сакајте се – Бидете нежни кон себе

Доколку жртвата трпи долготрајно насилство и верува дека тоа нема да се промени, потребно е да се сака себе си. Нејзиното искуство за насилствот е многу позначајно од било чиј совет, треба да го вреднува своето искуство, доколку сфатила порано дека од насилството треба да излезе, важно е да прифати дека дала се од себе за да го спаси семејството и да не се казнува себе си за било која нејзина одлука.

Дајте си на себе простор и време - најдете мрежа на поддршка

Насилникот најчесто работи системски во изолирањето на жената. Затоа е важно жртвата полека да воспостави контакт со старите или нови пријатели. Да си даде себе си простор, да донесе одлука да направи нешто што сака за себе и што не зависи од другите.

Донесете одлука

Излегувањето од мрежата на насилникот е долг процес со среќен крај. Овој процес започнува со донесување на одлука и упорност. Секој мал чекор кој сте го направиле за себе многу е важен за вашата самодоверба.

Документирајте ги своите повреди – собирајте докази

Жртвата треба да оди на лекар при секоја повреда и да земе потврда за повредата. Пожелно е да ги фотографира повредите. Со тоа ќе има доказ во случај ако го пријави насилството.

Пријавите во полиција

Жртвата веднаш треба да го пријави насилството во полиција. Полицијата е должна да реагира за поднесена пријава по службена должност - кога ќе се пријави насилствот полицијата треба да поднесе кривична пријава. Таа пријава полицијата ја доставува до надлежните органи, обвинителство и обвинителството одлучува дали ќе ја продолжи постапката или не. Важно е жртвата да има доказ за доживеаното насилство: лекарска потврда за телесните повреди, сведок за случувањата, фотографија. Најчесто пријавувањето е тешка одлука, но тоа е првата одлука која што треба да ја донесе секоја жена која е жртва на насилство .

ЗАКЛУЧОК

Превземање на одредени активности во едно општество кои ќе придонесат за нејзиниот развој и подобрување на квалитетот на живот на жителите на тоа општество во голема мера е поврзано со појавите со кои се оневозможува добриот развој на поединците и заедницата во целина. Тоа се појави кои го загрозуваат животот, здравјето и сигурноста на поединците, сигурноста во семејството, како и функционирањето во заедницата и пореметениот систем на вредности.

Насилството во семејството преставува една од таквите појави. Насилството преставува кривичен, криминолошки и социопатолошки феномен кој има штетно влијание на сите културни, религиозни и социјални граници. Според Конвенцијата за спречување и борба против насилство над жените и насилство во семејството „насилство во семејството означува секое дело на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство до кое доаѓа во рамките на семејството или домачинството, односно помеѓу сегашните или бившите сопружници или партнери, независно од тоа дали сторителот дели или не дели исто место на живеење до жртвата".

Најчесто пријавени жртви на семејно насилство се припадниците од женски пол, нивната немоќ да се справат и да излезат од канџите на насилникот придонесува тие да останат во рамките на семејството во кое го трпат насилството. Нивната немоќ ја зголемува моќта на насилникот. Поради тоа целта на овој труд беше да се подигне свеста кај жената- жртва дека единствен сопственик на нивниот живот се тие самите и дека во целиот општествен систем не се сами и имаат правна, социјална и психолошка поддршка која со своите ресурси ќе и понуди една целосна заштита и сигурност. На жртвата ќе и се обезбеди содветен амбиент и социјално опкружување во кое нема да биде изложена на насилство со што жртвата ќе се чувствува сигурна покрај социјалната поддршка на сите ресурси во една заедница.

ЛИТЕРАТУРА

1. Allardt, E. (1993). Having, loving, being: An alternative to the Swedish model of the welfare research. In M. Nussbaum, A.K Sen (Eds), The quality of life (pp. 88-94). New York: Oxford University Press.
2. Altschuld, J. W. & Kumar, D. D. (2010). Needs Assessment: An Overview. Thousand Oaks, CA: Sage Publications.
3. Bancroft, L. & Silverman, J. G. (2004). Assessing abusers' risks to children. In P. G. Jaffe, L. L. Baker, & A. J. Cunningham (Eds.), Protecting children from domestic violence: Strategies for community intervention (pp. 101-119). New York, NY: Guilford Press.
4. Gelles, R. J. (1993). Constraints Against Family Violence; How Well Do They Work? American Behavioral Scientist, 36(5), 578-586.
5. Gelles, R. J. (1994). Introduction: Special issue on Family Violence. Journal of Comparative Family Studies, 25(1), 1-6.
6. Gelles, R. (1997). Intimate Violence in Families. London: Sage Publications
7. Ignjatović, T. (2009a). Postupanja profesionalaca kao uslov smanjenja sekundarne viktimizacije žrtava partnerskog nasilja u porodici. Temida, 12(2), 33-47.
8. Ignjatović, T. (2009б). Pretpostavke za uspostavljanje modela zaštite od nasilja u partnerskim odnosima. Socijalna misao, 16(3), 85-99.
9. Nikolić-Ristanović, V. (1989). Žene kao žrtve kriminaliteta. Beograd: Naučna knjiga
10. O'Leary, K. D. (2000). Are women really more aggressive than men in intimate relationships? Comment on Archer (2000). Psychological Bulletin, 126(5), 685–689.

141.32:123.1

Кирил Трајчев
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

ЗА СЛОБОДАТА И ТЕГОБНОСТА - НАВРАЌАЊЕ КОН САРТР

АПСТРАКТ: Големиот француски филозоф, писател и интелектуалец Жан – Пол Сартр како појдовна позиција во својата мисла ги има човекот и егзистенцијата. Еден од централните проблеми на неговото промислување е и прашањето на слободата. Според него човекот е осуден да биде слободен. Тегобноста е во фокусот на неговата егзистенцијално – феноменолошка анализа. Самата тегобност според Сартр ни го дава односот помеѓу она што поединецот во одреден момент е и она што ќе биде подоцна во животот. Во овој концепт тегобноста е всушност антиципација на ништоста, стравот од празнината и обид таа празнина да се надвладее. Според Сартр тегобноста е секогаш околу нас. Таа претставува состојба на неизвесност, кога човекот не знае што да прави со себе. Во еден ваков концепт тегобноста е иницијатор на интроспекции, таа го приморува човекот на авторефлексивност.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Жан – Пол Сартр, егзистенција, слобода, тегобност

ABOUT FREEDOM AND NAUSEA - REMINISCENCE TO SARTRE

ABSTRACT: The great French philosopher, writer and intellectual Jean-Paul Sartre as an essential point in his thought has the human and the existence. One of the central problems of his deep consideration is the question of freedom. According to him a human being is condemned to be free. The grief is in the focus of his existential and phenomenological analyze The grief itself according to Sartre presents the relationship between the individua in a particular moment and the individua in the later life. In this concept the grief is actually an anticipation of nothingness, the fear of emptiness and a try the emptiness to be overwhelmed.
According to Sartre the grief is always around us. It presents a state of uncertainty, when a human being doesn`t know what to do with himself. In a concept like this one, the grief is an initiator of introspections, it forces the human being to auto reflection.

KEYWORDS: Jean-Paul Sartre, existence, freedom, nausea

Егзистенцијализмот влегува на вратата на интелектуалните и културни струи на дваесетиот век непосредно по Втората светска војна, како целосно нов и автентичен правец. Своите најизразени манифестации ги има во филозофијата и книжевноста, а подоцна свои рефлексии ќе пројави и во социјалната мисла, уметноста, психологијата и други дисциплини. Со најеклатантен и најсуптилен израз ќе се јави во француската филозофска и научна мисла. Филозофијата на егзистенцијализмот се обидува да ја определи смислата на човековиот живот преку ангажирање. Една од поважните позиции на овој правец е дека начинот на човековото постоење е единствениот примерен пристап кон самото битие.

Особено значајно место во егзистенцијалистичката мисла зазема францускиот филозоф и писател Жан – Пол Сартр. Тој е маркантно име во историјата на современата интелектуална епоха воопшто. Во својот популарен текст „Егзистенцијализмот е хуманизам" Сартр вели: „ под егзистенцијализам подразбираме учење кое го прави човечкиот живот возможен и освен тоа објавува дека секоја вистина и секоја акција ја вклучуваат средината и човековата субјективност."[1]

Сартр во своите основни постулати го исклучува Бога, но постои едно суштество кај кое егзистенцијата и претходи на есенцијата. Тој смета дека човекот првин егзистира, се среќава себе, а потоа се дефинира самиот себе.

Според Сартр човекот пред сѐ е проект кој субјективно се живее себе си или она што е проектирано да биде. Човечкото суштество не е ствар меѓу другите ствари. Стварите се определуваат една со друга, додека пак човекот сам себе се определува. Тој самиот одлучува дали ќе си допушти да влезе во некои рамки или не, да биде под влијание на инстинкти, нагони или некои други фактори кои го влечат кон животот. Според Сартр секој човек е празнина за себе и живее во својот личен универзум. Секој од нас размислува за клуч, бидејќи е затворен во сопствената ќелија. Човековите основни искуства се начини на кои ја чувствува празнината: срам, несигурност, збунетост, немање самодоверба и слично. Сѐ што човекот прави е насочено кон тоа да се побегне од трагичната самосвест за празнината. Меѓусебните односи се пред сѐ предмет на конфликт поради тоа што празнината не може да се совлада, а деструктивниот нагон според Сартр е обид да се доживее сопствената слобода, да се биде чинител, а не жртва.

Кога зборува за другиот Сартр тоа го прави во една мизантропска форма тврдејќи дека другите се пекол. Другиот го разорува мојот свет, создавајќи си за себе свој свет, чиј центар повеќе не сум јас. Другите го дефинираат нашето его, тие се услов за нашата егзистенција, бидејќи човекот не може да биде нешто (добар, лош, забавен, досаден и сл.) ако другите не го потврдат тоа. За да се дојде до било каква вистина треба да се помине низ другиот. Другите се неопходни за нашата егзистенција и за нашата свест за себе. Својата суштина не можеме никогаш во потполност да ја определиме. Не постои една универзална суштина т.е. човечка природа, но постои една човечка универзалност, а тоа е можноста. Самите можностите имаат свој објективен и субјективен аспект – објективен бидејќи се среќаваат насекаде, а субјективен бидејќи човекот ги живее. Тие самите не се ништо ако човекот не ги живее. Градејќи се себе ние ги избираме и другите, а човекот секогаш гради и избира. Сартр тврди дека е невозможно да не се избере нешто (дури и кога не се избира, пак се прави избор). Тој вели дека мораме да преземеме одговорност за својот избор и дека оној кој тврди дека дека на избира, оној кој застапува некаков детерминизам не е чесен човек. Според него слободата е темелот на сите вредности, но сепак нашата слобода зависи и од другите.

Правејќи парафраза и повикувајќи се на познатите зборовои на Достоевски и монологот на Раскољников од романот „Злостор и казна"[2] кој смета дека сѐ би било дозволено кога Бог не би постоел, Сартр тврди дека нема детерминизам и дека човекот е слободен, дека самиот човек е слобода, односно дека е осуден да биде слободен. Еднаш кога е фрлен во светот, човекот е одговорен за сѐ што прави, тоа е неговиот категорички и морален императив. На забелешките дека е

1. Žan – Pol Sartr, „Egzistencijalizam je humanizam", во Filozofski spisi, Nolit, Beograd, 1981, стр. 260.
2. Фјодор Михајлович Достоевски, Злостор и казна, Табернакул, Скопје, 1993.

премногу субјективен, Сартр одговара со констатацијата дека човекот го избира својот морал, тој себе си се создава.

Сартр заклучува дека човекот секогаш бара некаква цел надвор од себе . Тој тргнува од изворниот очај и смета дека и кога Бог би постоел, тоа ништо суштински не би променило. Зад ова се крие убедувањето на Сартр дека човекот не е објект кој треба да биде (зло)употребуван од страна на Бог, психологијата, психијатријата или пак од некаква современа технологија, а уште помалку да биде објект кого масовната комуникација го трансформира во механички пасивен потрошувач. Есенцијата, вистината, Бог или моралот не постојат доколку човекот не ги создаде со потврдувањето на својата слобода. Во тој контекст Сартр тврди дека егзистенцијализмот всушност претставува оптимизам иако некои тоа обратно го толкуваат.

Во еден свој труд Сартр дава критички забелешки кои се однесуваат на методот на проучување на тогашната модерна психологија. Тој смета дека современата психологија е позитивистичка со тенденција својата епистемологија да ја потпира строго на искуството. Сартр смета дека психологот употребува само два извесни типа на искуство: она кое потекнува од просторно – временската перцепција на телото, како и она кое се базира на интуитивно познание т. е. рефлексивното искуство. Според Сартр токму егзистенцијалната феноменологија дава можност за согледување на мноштвеноста на суштините и фактите преку метод на ејдетска интуиција.

Посебно место во делото на Сартр заземаат егзистенцијалните стравови: стравот од смртта, стравот од досада, стравот од жена и слично. Овие мотиви особено провејуваат во неговиот роман „Тегобност".[3] Преку овој роман може да се следи трансформацијата на стравот во мака, а потоа и во очај, како своевиден епистемолошки напор кој резултира со сјајните описи на нарцистичката депресија на главниот јунак. Основното чувство кое големиот француски мислител го апострофира во своите дела е стравот од егзистенцијата, од животот. Кај Сартр не може да се сретне никаков животен нагон, никаква надеж, туку напротив само изобилство на анхедонија.

Основниот фокус на неговата егзистенцијално – феноменолошка анализа е тегобноста. Самата тегобност според Сартр во суштина е поврзана со односот помеѓу она што поединецот во одреден момент е и она што ќе биде подоцна во животот. Во неговиот концепт тегобноста претставува антиципација на ништоста, стравот од празнината и обид таа празнина да се надвладее. Тегобноста не е во нас, ниту пак далеку од нас, туку околу нас. Тоа е состојба на неизвесност, кога не знаеме што да правиме со себе. Во овој концепт тегобноста е иницијатор на интроспекции, таа го приморува човекот на авторефлексивност. Феноменолошката анализа на тегобноста во манирот на Сартр нѐ доведува до негација на минливоста преку апотеоза на ништоста како трансцендентна димензија. Во концептот на Сартр контингенцијата или индетерминизмот претставува можност за избор, а самото тоа дава можност за целосна слобода. „Ние сме сами, без извинување. Тоа е она што би сакал да го искажам говорејќи дека човекот е осуден да биде слободен. Осуден бидејќи не се создал сам себе, а сепак е слободен, бидејќи еднаш фрлен во светот е одговорен за сѐ што прави."[4] Тегобноста е во директна врска со слободата, бидејќи поединецот може секогаш и секаде да си го предочи

3. Žan – Pol Sartr, Mučnina; Zid; Reči, Nolit, Beograd, 1983.
4. Žan – Pol Sartr, „Egzistencijalizam je humanizam" во Filozofski spisi, Nolit, Beograd, 1981, стр. 267 - 268.

својот живот и да претпостави различни ситуации во кои би можел да се најде. Според ова поединецот станува одговорен креатор бидејќи сам го избира своето суштествување, па токму во таа препуштеност на самиот себе Сартр го гледа изворот на тегобноста. Во тегобноста поединецот се гледа себе како целосно слободен, но истовремено не може да го спречи светот својата смисла да ја добива преку него самиот. Сартр прави разлика меѓу страв и тегобност, при што стравот може да биде насочен кон специфични објекти или настани, додека тегобноста е модус на свеста, рефлексивно разбирање на она што човекот е. Францускиот егзистенцијалист феноменот на слободата го анлизира преку разгледувањето на феноменот на стравот, надоврзувајќи се на сфаќањето на стравот кај Киркегор како страв пред слободата и Хајдегеровата интерпретација на стравот како темелно расположение кое го открива ништото.

Иако Сартр ги отфрлил основните методолошки и идејни концепции на Фројдовата психоанализа, тој сепак во голема мера и во позначајните свои дела (Тегобност, Битие и ништо и други) се служи со психобиографска херменевтика, која што претставува значајана алатка во психоанализата, секако со малку поинаква транскрипција. Значаен е неговиот придонес во рамките на егзистенцијалистичката психоанализа, посебно во врска со проблемот на нарцизмот и описот на механизмот на одбрана. Сартр во својот труд „Имагинарен живот“[5] експлицитно ги анализира патолошките феномени во поглавјето „Патологија на имагинацијата“. Тој во рамките на шизофрениот ентитет ги наведува појавите на илузијата, халуцинацијата, пареидолијата и слично. Тој ја негира тезата дека личноста која халуцинира, на својата фантазија и дава екстериорност и ја проектира својата слика во светот на перцепцијата, сметајќи дека сликата претставува широк поим, која во истиот момент ја означува свеста и нејзиниот трансцендентален корелат. Имено Сартр не го користи вокабуларот на психоанализата и нејзините технички изрази, туку зборува преку јазикот на феноменологијата. Кон неговите ставови се придружуваат дел од антипсихијатрите како на пример Лејнџ и Естерсон. Сартр е прилично интересен во неговите размисли за состојбата на целокупниот психички интегритет во случај на халуциногените илузии. Тој смета дека се исчезнати повисоките форми на психичка интеграција, дека нема хармоничен и континуиран развој на мислите остварен преку лична синтеза. Всушност болниот е сам, неговите мисли се заплеткуваат, синтетичката врска на концентрацијата се заменува со дифузна врска која се карактеризира со пад на енергетскиот потенцијал на свеста и своевидна нивелација на свеста, при што консекутивно и перцепцијата се пореметува, а предметот и субјектот заедно исчезнуваат. Сартр вели дека халуцинацијата претставува појава чие искуство може да биде создадено и со паметење, бидејќи свеста во моментот кога несварниот предмет исчезнал, покажува тенденција дека пред самата себе наидува само на сеќавања. При самиот крај на ова поглавје Сартр заклучува дека во психозите, халуцинациите имаат функционална улога. Болниот се адаптира на својата дисторзија, при што халуцинаторните феномени продираат во јадрото на личноста, а резултанта на општата психопатолошка адаптација е однесувањето на болниот.

Антоан Рокантен, главниот лик од романот на Жан – Пол Сартр „Тегобност“ би можел да се карактеризира како анксиозен лик со присуство на квазипараноична манија. Рокантеновата анксиозност потекнува од иманенцијата на чувствата и ова гледиште поаѓа од претпоставката дека чувствата нам ни се нешто иманентно, тие

5. Žan – Pol Sartr, „Imaginarni život“ во Filozofski spisi, Nolit, Beograd, 1981, стр. 179.

се диспозиција во нас, кои под влијание на одредени околности се активираат и истите можеме да ги манифестираме или сокриеме. Ако би се обиделе да направиме една паралела со Мерсо - галвниот лик од новелата на Албер Ками „Странецот“,[6] ќе може да се заклучи дека Мерсо најповеќе е прогонуван од тегобноста на апсурдот, додека Сартровиот јунак Рокантен пред сѐ е оптоварен со апсурдот на тегобноста. Додека Мерсо одбегнува да рефлектира, да резонира и да извлекува претерани заклучоци, да зборува само колку нешто да каже, Рокантен сѐ што му се појавува, вклучувајки ги и своите чувства, дури и тривијалните феномени сака или поточно има потреба да ги забележи, да ги вреже на хартијата. „Најдобро би било да се запишуваат настаните од ден во ден. Да се пишува дневник за јасно да се види сѐ. Да не се пропушти да избегаат полнења, ситни факти, дури и да се безначајни и да се распоредат.“[7] Со овие зборови започнува романот „Тегобност“ во кој Сартровиот главен јунак води дневник, се обидува да го вербализира своето искуство, да го објасни тоа што го чувствува, со што би ја намалил или избегнал непријатноста од апсурдноста на тегобноста. Во желба за објективизација на својата состојба тој води дневник. Во што се состои апсурдот на тегобноста можеме да заклучиме и од следниов фрагмент: „Тој момент беше извонреден. Јас бев тука, неподвижен и студен, занесен во страотна екстаза. Но среде таа екстаза се појави нешто ново; јас ја разбирав тегобноста, јас ја поседував. Да ја кажам вистината, не си ги изразував прејасно своите откритија. Но ми се чини дека сега би било лесно да се преведат во зборови. Важна е контингенцијата. Сакам да кажам дека по дефиниција опстанокот не е нужен... Сѐ е беспричинско, овој парк, овој град и јас самиот. Кога ќе се случи човек тоа да го согледа, тоа ви ја превртува утробата и сѐ почнува да лебди...“[8]

Апсурдот се состои во тоа што постоиме без причина. Ние сме едно ништо фрлено во светот, еден црв во срцето на битието, кој го подјадува. Околу нас насекаде е битието и полнотата, масивноста на постоењето, а сепак сѐ е без причина. Ако воопшто ја има таа причина за нас е една голема непозната. Тој фактицитет на битието – по – себе од една страна и нашето суштество, нашата личност и едно отсуство на смисла и причина на битието, отсуство кое се регистрира преку нашата сопствена неприсутност од друга страна, тој дијалектички однос на битието и небитието е она што е апсурдно. Тоа е парадокс на човековото постоење, кој егзистенцијално се доживува како ситуација на апсурдот. Затоа Рокантен сѐ запишува, тој сака преку зборови, на своето постоење да му даде значење, во него да внесе некоја нужност, со што би го ублажил апсурдот кој и во неговиот случај доаѓа од тегобноста. Рокантен ја согледува тегобноста уште на самиот почеток на приказната, што го потврдува реферирањето на состојбата во која се согледува апсурдот на тегобноста, а не спротивно. Човечкото суштество е само еден значаен недостаток. Тоа што недостасува е ни помалку, ни повеќе туку самото сопствено суштество. Во тој контекст Сартр заклучува: „Човековата стварност не е нешто што би постоело прво, за да подоцна ѝ недостасува ова или она; таа првин егзистира како недостаток и во непосредна синтетичка врска со она што ѝ недостасува. На тој начин самиот настан преку кој човековата стварност избива како присуство во светот, се сфаќа како свој сопствен недостаток“.[9]

6. Албер Ками, Странецот, Наша книга; Македонска книга; Култура; Мисла, Скопје, 1986.
7. Žan – Pol Sartr, Mučnina; Zid; Reči, Nolit, Beograd, 1983, стр. 7.
8. Исто, стр. 130.
9. Žan – Pol Sartr, Biće i ništavilo I, Nolit, Beograd, 1983, стр. 110.

Сартр целосно бил посветен на природата на човековиот живот и структурите на свеста. Во неговото дело се обидува да ги разработи имликациите на сопственото сфаќање на човекот и неговиот однос кон светот. Тој смета дека човековата положба во светот е парадоксална, бидејќи е слободен, но и одговорен.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Adler, Alfred, Smisao života, Matica srpska, Prosveta, Novi Sad, Beograd, 1984.
2. Bofre, Žan, Uvod u filozofije egzistencije, BIGZ, Beograd, 1977.
3. Frankl, Viktor, Psihoterapija i egzistencijalizam –Smisao i duševno zdravlje, IP „Žarko Albulj", Beograd, 2007.
4. Jalom, Irvin, Smisao života, Psihopolis, Novi Sad, 2015.
5. Martinović, Žarko, „Žan Pol Sartr i psihoanaliza", во Žarko Martinović (пр.), Psihoanaliza i književnost, Dečje novine, Gornji Milanovac, 1985.
6. Opalić, Petar, Egzistencijalistička psihoterapija, Nolit, Beograd, 1988.
7. Rajar, Žorž,„'Mučnina' Žan-Pol Sartra", Treći program br. 49 proljeće, Beograd, 1981.
8. Sartr, Žan-Pol, Biće i ništavilo I- II, Nolit, Beograd, 1984.
9. Sartr, Žan-Pol, Drame, Nolit, Beograd, 1984.
10. Sartr, Žan-Pol, Filozofski spisi, Nolit, Beograd, 1981.
11. Sartr, Žan-Pol, Mučnina. Zid. Reči, Nolit, Beograd, 1984.
12. Weissberger, Josip, „Ontološki paradoksi Jean – Paul Sartrea", Obnovljeni život god. 30 br. 3, Zagreb, !975.
13. Zurovac, Mirko, „Fundamentalni project (osnovni princip egzistencijalne psihoanalize)", Gledišta god.32 br. 1-2,Beograd,1991.
14. Достоевски, Фјодор Михајлович, Злостор и казна, Табернакул, Скопје, 1993.
15. Ками, Албер, Странецот, Наша книга; Македонска книга; Култура; Мисла, Скопје, 1986.
16. Мићић, Загорка, „Контакти између савремене филозофије и психијатрије", Годишен зборник на Филозофскиот факултет год. 17-18, Скопје, 1966.
17. Сартр, Жан Пол, „Имагинација", Трета програма, бр. 10, Скопје,1982.
18. Силберн, Лилијан, „Празнина, ништавило, бездан", Градац год. 22, бр. 115, Чачак, 1995.

316.624.3-053.6:159.923

Доротея Дунева
Великотърновски университет "Св. св. Кирил и Методий"
Р. България

ВЛИЯНИЕ НА СОЦИАЛНИЯТ ИНТЕРЕС ВЪРХУ ЮНОШЕСКАТА ЛИЧНОСТ

РЕЗЮМЕ: Социалното битие е най-съществената част от човешката природа защото оцеляването изисква сътрудничество и взаимопомощ. Основанията да се свързваме с другите идват естествено с емоционалната привързаност към майката, физическата безпомощност на детето, интересът към света. Социалният интерес е част от най-моралните и етически императиви изработени от човешката култура и приемани като продукт на социалното съзнание. Той е елемент на успешното социално адаптиране на юношите, процес, който отразява индивидуалността на личността и нейните усилия да заеме определена роля в обществото. Докладът прави опит да аргументира позитивното влияние на социалния интерес върху юношеската личност, придържайки се към тезата, че „приемането на себе си" изисква „приемане на другите и света" като фундаментално усещане за принадлежност и принос.

КЛЮЧОВИ ДУМИ: социален интерес, юноши, асоциално поведение

INFLUENCE OF SOCIAL INTEREST ON THE ADOLESCENT PERSONALITY

ABSTRACT: Social existence is the most essential part of human nature because survival requires cooperation and mutual assistance. The reasons to connect with others come naturally with the emotional attachment to the mother, the physical helplessness of the child, the interest in the world. Social interest is part of the most moral and ethical imperatives made by human culture and accepted as a product of social consciousness. It is an element of the successful social adaptation of adolescents, a process that reflects the individuality of the individual and his efforts to play a role in society. The report attempts to argue the positive impact of social interest on the adolescent personality, adhering to the thesis that "self-acceptance" requires "acceptance of others and the world" as a fundamental sense of belonging and contribution.

KEYWORDS: social interest, adolescents, antisocial behavior

Социалният интерес е обществено чувство свързано с изконната, човешка потребност от принадлежност, любов и признание. Връзката със социума започва с прекъсването на пъпната връв и сетивното ни запознанство със света, което е вече част от опита ни. Историческите, културни, икономически и социални константи на времето задават своите ограничения и възможности в рамките на които развиваме своите заложби, превръщаме ги в способности и личен потенциал за социален интерес. Това е една от ръководещите концепции в индивидуалната психология. „Миналото" на социалният интерес е свързано с идеята за потребността от обич и привързаност, а бъдещето с умение да уважаваме себе си, другите и света. Както Тасевска отбелязва, „модерността на

съвременното общество, в контекста на неговата 'отвореност' (демократична уредба) предоставя възможности всеки индивид да излезе извън рамките на своя произход и да постигне социален статус, съответен на неговите амбиции и способности" [Тасевска, 2014:2].

Чувството за общност, Адлер свързва с „ феномен, който най-общо може да се свърже с понятието „Човек" [Адлер,1998:66]. То превъзхожда повърхностния стремеж към индивидуалистично доказване и се аргументира социално, защото се реализира и зависи от групата. Чувството за общност следва логиката на човешка природа. Детето се ражда напълно безпомощно и дълго време се нуждае от физическа, психическа и емоционална подкрепа. Само в границите на отношенията в групата то може да бъде приобщено социално, да развие своя език, навици и способности, и да се превърне в „цялостно, социално същество". Това е процес, който се осъществява,чрез възпитанието. Родителските грижи следват не само динамиката на възрастта, но и тази на обществения живот и социалното приобщаване към него. Чувството за общност няма само защитна функция, то учи на съпричастност, сътрудничество и взаимност, обозначава границите на правата и задълженията. „Възпитанието на дадено дете трябва да се проведе така, че да предизвика възникването на социално чувство и чувство за солидарност в обществото" [Адлер,1998: 31]. Единствено следвайки смисъла на цивилизованата човешка общност може да бъде преодолян стремежа към превъзходство, чувството за малоценност и обезкуражаването, които затрудняват психичното развитие и водят до тревожност и неврози при децата и юношите. Още от раждането детето става част от общност и започва да се свързва емоционално,физически и социално с все повече значими хора. Възпитанието е процесът, който направлява неговото активно участие в дейността на общността, така че резултатите от нея да бъдат полезни от социална гледна точка."Споделената представа за бъдещето дава възможност за избор и създава в индивидите усещането не само по отношение на тяхното минало, но и сигурността в тяхното бъдеще" [Стоянов, Манолов, 2018:58]. Смисълът на морала, нравствеността и изконните човешки ценности е неразбираем и едностранчив, когато човек не развива и разширява границите на своята идентичност в територията на социалното признание и чувството за общностен смисъл. В „Идентичност ,младост и криза" Ериксън свързва его-теорията и социалния прогрес с безспорното от социална гледна точка твърдение, че: „Ако опитът трябва да подкрепя здравия компонент на детското чувство за всемогъщество, то тогава методите на възпитание на детето трябва не само да осигуряват сетивно здраве и непрестанно усъвършенстване, но и да предлагат осезаемо социално признание като техен плод" [Ериксън,2013:72]

Потенциалът на юношата за социален интерес се развива в зависимост от средата и удовлетворява потребността му да принадлежи към социума. Задоволяването на необходимостта от обич и привързаност е основа за изграждане на висока социална мотивация, която е главна противодействаща сила на асоциалното поведение. Тази противодействаща сила е ценна с това, че намалява вътрешноличностните конфликти и е средство за удовлетворяване на други потребности. А.Адлер развива зрялата концепция за Gemainschafts-gefuehl или „социален интерес". Той го описва като вътрешен потенциал, който се развива или научава от околната среда. Основните категории на социалния интерес са отношенията към субсоциални,социални и супрасоциални обекти. Чувството за принадлежност и изграждането на адекватно оценъчно отношение

към средата са пряко свързани с емпатията. За Адлер ползата от увеличаването на социалното чувство е определяща за психологичното здраве на индивида: „Почти е невъзможно да се преувеличи каква е ползата от увеличаването на социалното чувство. Умът се подобрява, защото интелигентността е обща функция. Чувството на значимост се повишава давайки кураж и оптимистичен поглед и се появява чувство на мълчаливо съгласие с обичайните предимства и недостатъци на нашата съдба" [Добрева, 2017:13]. Според Адлер голям брой личностни характеристики са необходими за развитие на социален интерес, включително подбуди, стремежи, емпатия,интерес към другите и обществото, съчувствие, разбиране, сътрудничество. Присъщите интереси се появяват през първата година от живота на детето, докато способността да се цени живота и този на другите се развива много по-късно. Индивидът започва да демонстрира загриженост, да превъзмогва егоизма си, да се учи да приема гледните точки на друг човек. Така социалният интерес към неодушевените предмети преминава в по-висша форма, когато там се появи социален /одушевен / обект. Познавателните изисквания стават по-големи и се насочват главно към хората. Подрастващият насочва вниманието си извън семейството. Ролята на връстниците, отношенията във формалните и неформални групи развиват или погубват ценността на общуването и грижата за другите. В този период връстниците заместват по важност и влияние семейството. Юношите непрестанно се сравняват с другите. Ако в междуличностните отношения преследват строго лични и егоистични цели конкуренцията и стремежа към превъзходство изместват социалния интерес в посока на агресивни и асоциални поведенчески прояви. Юношата постоянно сравнява себе си с непостижим перфектен идеал, измъчван от чувство за малоценност, често „подпомогнато" от родителската и обществена опозиция на абсолютна безпогрешност. Според Адлер „ Единственото спасение от постоянно прокарващото се чувство за малоценност е знанието, че си полезен , което произлиза от приноса за общото благо. Когато това автоматизирано социално чувство е недостатъчно, интересът на индивида е твърде егоцентричен и той чувства, че е безсилен или никой" [Добрева,2017:15]. Чувствителността на юношите към критика е често провокирана от неправилно родителско отношение или от подигравки в училище. Разочарованието и следващите го множество субективни отрицателни усещания могат да бъдат преодолени само чрез акта на споделяне и присъединяване към общност, която да ги приеме и оцени. Чувството за значимост е особено важно за юношеската самооценка и в този смисъл позитивната оценка от дадена общност за тях има стойността на принос. Ето защо принадлежността и приносът се сливат и следват посоката на ценностните нагласи, мотивация, цели и средства на въпросната общност. Ако те са асоциални то юношите избират деструктивните поведенчески модели с цел да бъдат приети или забелязани в групите, които ги отхвърлят. Социалният интерес не изисква краен конформизъм, липса на лична позиция и загуба на достойнство. Куражът да заяви себе си отстоявайки своята независимостта дава възможност на юношата да обърне фокуса на общото внимание към негативни проблеми вътре в общността и по този начин да избегне асоциални решения.

Социалният интерес е пряко свързан с ценностната система на личността, т.е. с индивидуалното оценяване на някого или нещо извън личността в рамките на човешките взаимоотношения. Съчувствието, умението да се носи отговорност за собственото благосъстояние и това на другите се възпитава. Стилът на отношения

в семейството диференцира, ограничава или благоприятства разпростирането на социалния интерес и извън границите на дома. Възможността на младежите да открият присъщите им интереси е важна за психическото им благополучие, за развитието на знания и умения, а оттук и за формиране на здрави междуличностни отношения в професията, приятелството и любовта. Разширяването на социалния интерес през този възрастов период дава възможност за истински социални приноси, свързани с просоциалното поведение към другите и обществото , с уважението към собствената личност, личността на другите и света. Адлер посочва такива форми на социалния интерес като любовта към природата, изкуството и науката. В последните десетилетия това са едни от най-дискутираните от морално –етична, политическа и обществена гледна точка световни проблеми. Присъщият интерес на младото поколение към несоциални обекти и дейности формира у тях отговорност далеч надхвърляща рамките на личностното добруване. Възпитаването в отговорност има смисъл на цялостно разбиране за социалната стойност на живота и свободата да избираме. Тя свързана с идеята за огледалната същност на правата и задълженията като равностойни личностни и поведенчески позиции. Справянето с житейските предизвикателства изправя юношите пред решаващи избори свързани с тяхната социална роля и статус. Осъзнатото право да получаваш блага се реализира, чрез изпълнението на определени задължения в общността. Само по този начин тя може да функционира, а цивилизованото формулиране на очакваните приноси зависи както от отделната личност, така и от общността. Това е особено важно, за да се формира чувство за лична значимост, когато младежите открият социални ценности извън важните за Аз-а ценности и грижи. Способността за дружба, любов и емпатия създава идентификация, надхвърляща егоистичния интерес. Загрижеността за другия пряко влияе върху юношеското внимание и възприятие, върху техния начин на мислене и мотивация. Преходът от социален към супрасоциален интерес е възможен, когато юношата е социално адаптиран, професионално ориентиран и просоциално ангажиран. Тогава логично загрижеността за себе си, ограничения интерес към семейство и приятели преминава в загриженост към добруването на човечеството. Разбирането на свободата, сътрудничеството и взаимното уважението прераства в отговорност и усещане за свързаност с природата и света. Това социално чувство се възпитава през родителски ценностен модел.

Неумението да се сътрудничи и емпатира, Адлер свързва с неврозата. Според него липсата на социална мотивация стеснява напредъка, ограничава полето за действие и индивидът трудно открива дори собствените си присъщи интереси. Това затруднява формирането на чувство за психично благополучие у юношите, така необходимо за преодоляване кризата на идентичността. Липсата на социален интерес води до отчуждение и страх, до неспособност да се чувстваш социално зрял и отговорен. Когато няма формиран присъщ интерес за ценностите извън Аз-а младежите се измъчват от чувство за малоценност, което ограничава дейностите и интересите им. Характерна за тази възраст е крайно пестеливата на алтернативи идея за „всичко или нищо". Юношите отказват съвети и мнения идващи от родители, учители или други авторитетни ментори и дават превес на връстниците си, често също крайно емоционални. Чувството за малоценност намира своята компенсация в свръхамбициозност, която не зачита приносите на другите от общността и по този начин осъжда личността на отхвърляне и ново обезкуражаване. Юношата се стреми да защити заплашения

Аз –образ и да избегне смазващото чувство за малоценност като често избира деструктивни поведенчески стратегии. Съчетанието на лична несигурност с липса на истински социален интерес води до все по-ограничени действия и интереси. Ето защо чувството за общност и съпричастност са част от позитивната мотивация на юношите, определяща конструктивната природа на социалния интерес. Умението да се възприеме и оцени гледната точка на социалните обекти извън Аз-а осигурява базата за мислене, здрав разум, етика, естетика, наука и мъдрост. Желанието за сътрудничество и взаимопомощ, отговорността към другите, природата и света създава в юношите отношение към обществото, което гарантира психическо и социално благополучие.

Сътрудничеството ни с децата е част от позитивна възпитателна стратегия с ясни послания към тяхното бъдеще. Тази стратегия включва създаването на доверителна връзка не само между нас и децата, но и между тях и света. Това се случва през посочването и зачитането на техните приноси в общностите към които принадлежат. В рамките на това сътрудничество се създава отговорността, която става качество на характера и базова ценност от светогледа. Отговорността, разбирана като зачитане, загриженост и принадлежност не само на себе си и семейството, но и на обществото в неговите настоящи времеви, исторически, социални и културни измерения. Юношеството с неговите емоционални взривове и идентичностни лутания изпитва категорична нужда от изразен социален интерес. Младостта има завоевателен ресурс да опознава, търси и превзема. Ако тази естествена сила остане в границите на личното тя ще се разбунтува в тревога, безпокойство и безобектен гняв. Социалният интерес е начин юношите да преодолеят несигурността без стремежът към превъзходство или чувството за малоценност да прераснат в асоциални избори. Това е аргумент в полза на неговата съзидателна посока към личността, другите и света.

БИБЛИОГРАФИЯ

1. Адлер,А.(1998)Възпитание на децата, ISBN 954-8099-13-6
2. Добрева,Ж.(2017)Динамика в развитието на социалния интерес на лица лишени от свобода в образователна среда на места за изпълнение на наказание, Дисертационен труд,Тракийски Университет,Стара Загора
3. Ериксън,Е.(2013) Идентичност,младост и криза ISBN 978-954-320-443-4
4. Стоянов,И., Манолов,М.(2018) Психология на родителските стилове в полето на жизнения смисъл ISBN 978-619-208-151-5
5. Тасевска, Д. (2014). Образование за равни права. Велико Търново: Университетско издателство „Св. св. Кирил и Методий", 2014. – 254 с.. ISBN 978-954-524-952-5; COBISS.BG-ID 1265751780
6. Adler A., H. L. Ansbacher, R. R Ansbacher (1964) Superiority and social interest, a collection of later writings. Northwestern University Press Evanston, I11
7. Adler A. (1964) Social Interest: A Challenge to Mankind. Capricorn Books, New York.

159.922.72-057.874-056.26/.36:741

Проф. д-р Анита Ристеска
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

ПРОЦЕНА НА ДЕТСКИОТ ЦРТЕЖ КАЈ УЧЕНИЦИ СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

АПСТРАКТ: Современото општество става акцент на интелектуалните можности без кои денес, во ерата на нови научни достигнувања не би можеле соодветно да напредуваме. Поради тоа интелектуалната попреченост преставува сериозен и научен проблем на кој што интензивно работат научни работници и стручњаци од целиот свет за да обезбедат услови за враќање на интегритетот на лицата со интелектуална попреченост во општеството. Нејзината комплексност и сложеност бара испитување и истражување на самиот поим, суштината, карактеристиките и можностите за интеграција, социјализација и рехабилитација. Лицата со интелектуална попреченост не само што имаат дефицит во интелигенцијата тие имаат потешкотии и во адаптивното однесување кое се состои од низа практични, концептуални и социјални вештини кои се предуслов за нивна лична и социјална самостојност. За испитување на нивото на интелектуалната зрелост и емоционалната прилагоденост се изврши процена на цртеж човечка фигура, динамичен цртеж, слободен цртеж, цртеж семејство и цртеж со кој се проверува присуството на обликот на интелектуален реализам. Цртежот-човечка фигура (Gudinaf test) не покажа значајни отстапувања на интелектуалната зрелост во однос на нивните наоди и мислења издадени од соодветна стручна комисија. Останатите цртежи јасно ја покажаа емоционалната прилагоденост и личноста на ученикот низ начинот на цртање, начинот на совладување на просторот, употребата на бои и детали.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: интелектуална попреченост, ученици со интелектуална попреченост, интелектуална зрелост, емоционална прилагоденост, цртеж-човечка фигура(Gudinaf test), динамичен цртеж, слободен цртеж, цртеж семејство, адаптивно однесување

ASSESSMENT OF CHILDREN'S DRAWING IN STUDENTS WITH INTELLECTUAL DISABILITIES

ABSTRACT: Modern society emphasizes the intellectual abilities without which today, in the era of new scientific achievements, we could not progress properly. Therefore, intellectual disability is a serious and scientific problem that scientists and experts from around the world work intensively to provide conditions for restoring the integrity of people with intellectual disabilities in society. Its complexity requires examination and research of the very concept, essence, characteristics and possibilities for integration, socialization and rehabilitation. People with intellectual disabilities not only have a deficit in intelligence, they also have difficulties in adaptive behavior, which consists of a series of practical, conceptual and social skills that are a prerequisite for their personal and social independence. In examination off their intellectual maturity and emotional adeptness, an assessment is made of the drawing of a human figure, a dynamic drawing, free drawing, family drawing and a drawing that checks the presence of the form of intellectual realism.

The drawing-human figure (Gudinaf test) showed no significant deviations of intellectual maturity in relation to findings and opinions issued by an appropriate expert. The other drawings clearly showed the emotional adaptation and personality of the student through the way of drawing, the way of mastering the space, the use of colors and details.

KEYWORDS: intellectual disability, students with intellectual disability, intellectual maturity, emotional adeptness, drawing, drawing-human figure (Gudinaf test), dynamic drawing, free drawing, family drawing, adaptive behavior

ВОВЕД

Под интелектуална попреченост се подразбира состојба на забавен или непотполен психички развој кој се карактеризира со нарушување на оние способности кои се појавуваат во развојниот период а придонесуваат за општото ниво на интелигенција, а тоа се когнитивните, моторните, говорните и социјалните способности. Според правилникот за начинот на водење евиденција и категоризација на децата со попреченост во нашата земја под деца и младинци со интелектуална попреченост се подразбираат: ***„Деца и младинци со потпросечно интелектуално функционирање кое се јавува во развојниот период и е проследено со лошо социјално однесување и отежната социјална интеграција и кои според резултатите од испитувањето на интелигенцијата имаат коефициент IQ од 0до70".***

Според степенот на интелектуалната попреченост и според добиените резултати на тестовите за интелигенција, асоцијацијата(AMMD) ја класифицира интелектуалната попреченост во неколку подгрупи и тоа:

Деца или лица со лесна интелектуална попреченост кои се препознаваат со благо намалување на интелектуалните, говорните, јазичните, моторните и социјалните способности. Овие лица покрај тоа што зборуваат со извесно задоцнување најголемиот број од нив го користат говорот во секојдневниот живот. На стандардните тестови за интелигенција овие лица имаат IQ од 50 -70.

Деца или лица со умерена интелектуална попреченост покажуваат забавен развој и ограничени способности во употребата на говорот, јазикот, моториката како и грижата за себе. На стандардните тестови покажуваат IQ од 35-49.

Деца или лица со тешка интелектуална попреченост поседуваат значително ограничени способности во областа на говорот, јазикот, моторните способности и грижата за себе. Поголем дел од оваа категорија имаат изразени моторни и други пропратни оштетувања кои укажуваат на оштетување во развојот на ЦНС. На стандардизираните тестови IQ се движи од 20-34.

Деца или лица со длабока интелектуална попреченост е најтешка категорија која се карактеризира со изразито ограничени способности за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата. Кај овие лица се присутни само рудаментални форми на невербалната комуникација. На стандардизираните тестови покажуваат IQ 20.

ПРОЦЕНА НА ДЕТСКИОТ ЦРТЕЖ

При проценување на интелектуалниот развој на детето се користи тестот на човечка фигура како еден од индикаторите за интелектуалната зрелост на детето но и за проценка на личноста и емоционалната прилагоденост.(Глигоровиќ Буха Џуровиќ,2009)

За испитување на нивото на развојот на децата со интелектуална попреченост во дефектолошката пракса најчесто се користи цртежот на човечка фигура, динамичен цртеж, слободен цртеж и цртеж со кој се проверува присуството на обликот на интелектуален реализам(цртеж:Ручек)

Со анализа на цртежот на човечка фигура се утврдува: Т*ипот на човечката фигура; Пропорции на делови на телото; Детали на човечката фигура кои се оценуваат како: примарни(основни или дефинирани),секундарни(шака, стапало, зеници, уши, коса и некои детали на облека)и терцијални (мноштво на детали). Големина и позиција на човечката фигура на самиот лист хартија.*

Со анализа на динамичниот цртеж се проценува: *репрезентација на акција односно можност да се претстави телото во движење. На цртежот може да се воочи отсуство на презентација на акција, интермедијално ниво и постоење на репрезентација на акција низ јасно прикажување на телото во движење.*

Со анализа на слободниот цртеж се проценува: *богатството на детали и присуство на индивидуален стил.*

Со анализа на цртежот"Ручек" се утврдува присуство на: *транспарентност, просторна организираност, и прикажување на елементи по различни агли. (Глигоровиќ и Вучиниќ,2011)*

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да се утврди дека цртежот претставува значаен индикатор на интелектуалниот развој на детето и неговата емоционална прилагоденост спроведено е истражување во кое беа опфатени 25 ученици со интелектуална попреченост од прво до деветто одделение кои се школуваат во посебни паралелки на возраст од 8-15 години.На учениците им беше зададено да нацртаат по четири цртежи(тест човечка фигура, слободен цртеж, цртеж"час по физичка култура"; и цртеж"ученици во училишна клупа за време на час" и цртеж"семејство".

Од вкупно 25 ученика, 10 ученици се со лесна интелектуална попреченост,8 со умерена интелектуална попреченост,7 со комбинирани пречки во развојот според наод и мислење издадено од соодветна комисија. Истражувањето беше спроведено во април 2021 година, бидејќи овие ученици извршуваат настава со физичко присуство.

За да се проучат фазите во развојот на секое дете, да се утврди општиот развој на интелигенцијата и запознавање на личноста на детето и емоционалната прилагоденост се користеше тестот на човечка фигура (Gudinaf test).Цртежите каде може да се препознае човечка фигура се оценуваат со помош на 17 прашања кои пак се состојат од 27 потпрашања. Бројот на добиени поени се множи со три и се собира со 36 месеци. На тој начин се добива умна возраст изразена во месеци која се дели со12 и се добива умна година. Количникот на интелигенција се добива ако умната возраст се дели со календарската возраст и тој број се множи со 100.

Резултатите добиени од тестот не отскокнуваа од она што е назначено во нивниот наод и мислење, со исклучок на неколку ученици. Имено 5 ученика кои се категоризирани со лесна интелектуална попреченост на овој тест покажаа послаби резултати, а додека 3 ученици кои се категоризирани со умерена интелектуална попреченост покажаа подобри резултати. Исто така повеќето цртежи беа мали со не насмеани лица, со отсуство на детали, и без употреба на бои. Динамичкиот цртеж „час по физичка култура“ успешно го нацртаа само 10 ученика. На овие цртежи можеше јасно да се види тело во движење(играње со топка), на неколку цртежи можеше да се забележи индикација за некакво движење-топката е нацртана покрај ногата која пак е издолжена, додека останатите ученици имаа нацртано“деца како стојат а топката е на средина од цртежот“. Слободниот цртеж на учениците со интелектуална попреченост исто така ни покажа отсуство на детали, без шаренило од бои, некаде имаше мали и тешко препознатливи предмети а често кај учениците од одделенска настава и неправилна употреба на бои(стебло на цвет обоено во друга боја наместо зелена).Цртежот „ученици во училишна клупа за време на час“ имаше за цел да покаже просторна организираност и богатство на елементи и нивно прикажување од разни агли. На овие цртежи поуспешни беа учениците од предметна настава. Присуството на транспарентност беше видливо на некои цртежи, на некои можеше да се забележи добра интегрираност на елементи(тетратки, моливи на клупа, ранец на столица).За да ја утврдиме нивната емоционалната прифатливост на учениците им беше зададено да го нацртаат своето семејство(родителите).Овој цртеж имаше за цел да покаже како тие ги доживуваат своите родители и своите браќа и сестри и каде се тие самите во овој цртеж. Имено 10 ученика потекнуваат од биолошки дисфункционални и социјално загрозени семејства, 4 ученици се сместени во згрижувачки семејства, а еден ученик живее со баба и дедо напуштен од родителите. Најчесто на овие цртежи самите ученици се имаа нацртано како стојат сами а додека останатите членови се фатени за рака и се насмеани. Овие цртежи беа исполнети со детали на облека(најчесто мајката), употребени се и бои. Тројца ученика имаа нацртано како сите заедно се држат за рака, насмеани убаво облечени, шаренило од бои а на горниот крај од листот нацртано сонце. Најкарактеристични беа два цртежи на ученици кои потекнуваат од дисхармонични семејства-едниот ученик телата на своите родители ги нацрта во една димензија за разлика од другите присутни на цртежот, а додека еден ученик на овој цртеж самиот се наслика без уста. Во разговор со предметните наставници за овие ученици добив информација дека првиот ученик во училиште секогаш е склон кон расправии, има променливо однесување кон соучениците и не почитува авторитет, а додека другиот ученик често се изолира и не комуницира и соработува со врсниците. Исто така карактеристичен беше и цртеж на ученик кој е сместен во згрижувачко семејство кој себе си своите старатели ги нацрта насмеани во светли бои.

ЗАКЛУЧОК

Водејќи грижа за моторичката страна на детскиот цртеж, начинот на совладување во просторот и улогата на боите во цртежот преку него може да се проучуваат следните проблеми на детето: општиот развој на интелигенција, личноста на детето која ја запознаваме преку цртежот, и како терапевтско средство за деца со адаптивни потешкотии. Во однос на интелектуалниот развој, тестот на човечка фигура (Gudinaf test) не покажа значајни отстапувања во однос на нивните наоди со мали отстапувања. Динамичкиот цртеж ни покажа дека овие ученици не можат со успех да претстават одредена акција-движење, најчесто прикажуваат нешто налик на движење. Слободниот цртеж исто така ни покажа дека нивниот психомоторен развој отстапува од нивната календарска возраст. Истиот успех го имаа учениците на цртежот"ученици во училишна клупа за време на час". Често предметите се нацртани едни врз други и не постои интеракција меѓу елементите. Личноста на ученикот и неговата емоционална прилагоденост јасно беше прикажана на цртежот"семејство". На овие цртежи учениците прикажаа како тие всушност се чувствуваат во своето семејство, кој е оној кој ги прифаќа, со кого имаат конфликт и од какви семејства доаѓаат.

Добиените цртежи можат да послужат како основа за процена на нивниот развој, нивната емоционална прилагоденост и нивното социјално однесување. Во исто време овие цртежи ни укажуваат на потреба за воведување на мултидисциплинарен рехабилитационен индивидуален третман за развој на психомоториката, социјализацијата.

ЛИТЕРАТУРА

1. Aleksandar Cordic, S. Bojanin(2011) Opsta defektoloska dijagnostika, 3 izdanje, Zavod za ugbenike I nastavna sredstva, Beograd
2. Buha, N. Gligorovic M. (2012) Adaptivno ponasanje kod osoba sa intelektualnom ometenoscu-osnovne pojmove, karakteristike i procena, Beograd -Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju.
3. Светомир Бојанин"Третман покретом и саветовање реедукација психомоторике покрет у психотерапии (2016),Београд
4. Milica Gligorovic(2013)Klinicka procena i tretman teskoca u mentalnom razvoju, Београд

37.015.3:005.32-057.874-055(497.7)
373.5.091.212-055:005.32(497.7)

Кристина Лазаревска, студент на втор циклус студии
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

МОТИВАЦИЈА ЗА УЧЕЊЕ ВО ОДНОС НА ПОЛ КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИ

АПСТРАКТ: Мотивацијата за учење е фактор кој ја поттикнува, насочува и одржува активноста на учениците од најниско до највисоко ниво, а посебно е значајна за средното образование како најпроменлив период. Таа е проблем кој заслужува посебен третман и истражувања од повеќе аспекти затоа што е на врвот и ги управува процесите на учење и поучување. Улогата на професорскиот кадар и на стручната актива во средните училиштата се огледува во поттикнувањето и ширењето на мотивацијата за учење. Во трудот е опишан суштински проблемот на мотивацијата за учење на средношколците и истражување кое се однесува на аспектот на полот и мотивацијата за учење во средното образование во државата.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: мотивација, учење, средно образование

MOTIVATION FOR LEARNING IN RELATION WITH GENDER OF HIGH SCHOOL STUDENTS

ABSTRACT: Motivation for learning is a factor that encourages, directs and maintains the activity of students from the lowest to the highest level, and it is especially important for secondary education as the most variable period. Motivation for learning is a problem that deserves special treatment and research from many aspects because it is at the top and manages the learning and teaching processes. The role of the teaching staff in the high schools is reflected in the encouragement and dissemination of the motivation for learning. This paper describes the essential problem of motivation for learning of high school students and research related to the aspect of gender and motivation for learning in secondary education in the country.

KEYWORDS: motivation, learning, secondary education

ВОВЕД

Мотивацијата е бран на активност, бран кој е условен како од гентотипскиот фактор, така и од фенотипскиот фактор, односно средината, конкретно семејството, училиштето и медиумите. Понекогаш се пресликува од родителите и професорите на децата и учениците, најчесто преку секојдневните сопствени примери. Поттикнувањето и одржувањето на љубопитност, вреднување на новите прогресивни сознанија, поддржувањата на нови обиди, новитети, истражувања на нови сфери на учениците е процес на интернализација на мотивацијата за учење и задоволството од учењето.[1]

1. Richard, R. (2019). The Oxford Handbook of Human Motivation. Oxford University Press

МОТИВАЦИЈА ЗА УЧЕЊЕ КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИ

Мотивацијата е конструкција што ја објаснува насочената сила на однесување за соочување со сериозни и предизвикувачки околности карактеризирани со иницијатива, насока, интензитет, упорност и квалитет на однесување.[2]

Мотивацијата е посебно значаен психолошки концепт во образованието затоа што ги поттикнува, води и зајакнува учениците да учат и да се подобруваат во нивните академски перформанси кои ќе им го подобрат секојдневно живеење.[3] Мотивацијата е од круцијално значење за учењето бидејќи ги подвлекува сите активности што ги прават учениците, вклучително и градењето знаење за професионалниот, но и за приватниот живот.[4]

Прашање кое заслужува сериозен експлоративен осврт е проблемот на мотивација за учење кој се јавува во формалниот образовен систем. Мотивацијата на учениците постепено се намалува како се зголемува нивото на образованието.

Професорскиот кадар, вклучително психолозите и педагозите посебно се загрижени поради недостаток на мотивација за учење кај учениците.

Недоволната мотивација и ,,присилената,, ангажираност кај учениците резултира со ниски постигнувања, а симултано и со несоодветно однесување на учениците. Истражувања покажуваат дека недостаток на мотивација кај учениците за учење бил идентификувано како притискање од образовните проблем.[5]

Овде проблемот лежи подлабоко во смисла на контурите на наставата кои не поттикнуваат возбуда, љубопитност, активност и апликативност при совладувањето на наставните содржини. Тука се поставува сериозно прашањето за ефективна настава.

Само-мотивацијата на учениците за учење има поголемо значење денес веројатно повеќе од кога било порано, поради фактот дека најголем дел од учениците го доживуваат училиштето како инхерентно, здодевно и фрустрирачко. Професорите се обидуваат да ги научат на теми и содржини за кои не гледаат потреба и не ги доживуваат значајни.

Исто така постои мала поддршка за академски достигнувања од страна на врсниците, а често и во домовите на учениците.

Само-мотивацијата е неопходна кај учениците затоа што многу од задачите што професорите ги задаваат на нивните ученици не се интересни или пријатни. Затоа, стратегиите за мотивацијата треба да се вклопат во секојдневието процес на учење и поучување.

Забележано е во истражувњата дека децата кои се многу мотивирани да учат кога се помлади, често мотивација се расипува како што одат на повисоко ниво. Резултатите откриле дека недостатокот на мотивацијата се зголемувала како што напредувале учениците со оценки. Ова поставува многу прашања во однос на многу аспекти со тоа што се случува со само-концепт на учениците додека продолжуваат во погорните нивоа на образование и ја губат самомотивираноста.[6]

2. Gopalan, V., Bakar, J., Zulkifli ,A., Alwi, A., Mat, R.(2017). A review of the motivation theories in learning. The 2nd International Conference on Applied Science and Technology 2017 (ICAST'17); 2017.
3. Albrecht, JR., Karabenick, SA.(2017). Relevance for learning and motivation in education. The Journal of Experimental Education. 2017;86(1):1–10.
4. Sylvester, J.O. Odanga (2018).Strategies for Increasing Students' Self-motivation. Asian Research Journal of Arts & Social Sciences 6(4): 1-16, 2018
5. Legault, L., Green-Demers, I., Pelletier, L. (2018).Why do high school students lack motivation in the classroom? Toward an Odanga; ARJASS, 6(4): 1-16,
6. Zimmerman, B., Kitsantas, A. (2014). Comparing students' self-discipline and self-regulation measures and their prediction of academic achievement. Contemporary Educational Psychology. 2014;39(2):145–155.

Неколку студии ги анализирале причините и ефектите на мотивацијата. Во Кина во една студија,[7] била испитана врската помеѓу само-концепт и мотивацијата за учење странски јазик, и било утврдено дека тој академски само-концепт бил позитивно и значително поврзан со мотивација за учење.

Додека поновите истражувања покажуваат дека половиот јаз во мотивацијата за учење исчезнува постепено, сепак девојчињата продолжуваат да покажуваат опаѓање на нивото на мотивација за учење, посебно во природно математочките и технички области во средно образование.[8] Литературата покажува дека разни општествени и образовни фактори влијаат на мотивацијата за учење на девојчињата непропорционално со момчињата.[9]

Почетокот на овој феномен се јавува во почетокот на средношколски години и се провејува низ целото средно образование и пошироко од дополнителни бариери, вклучително и општествени стереотипи.[10]

Посебно значање за зголемување на мотивацијата за учење во средно образование има создавањето на условите за поврзаност, автономија и компетентност кои мора да бидат присутни за индивидуално да доживее внатрешно ниво на мотивација. особено работењето во кооперативни групи на задачи кои нудат високо ниво на автономија и соодветно ниво на напредување може да обезбеди оптимално сценарио за зголемена мотивација. Сепак, учениците од двата пола исто така мора да сметаат дека се легитимни членови на мали групи со цел таа хомогена позитивна атмосфера да има позитивен ефект врз мотивацијата.[11]

Во контекст на предметот кој се однесува на мотивацијата за учење, се постави проблем на истражување на мотивацијата за учење и полот кај средношколците. Се постави целта на истражување да се испита дали постои статистички значајна разлика во мотивацијата за учење помеѓу средношколците од женски и машки пол во нашата држава. Се примени техника на скалирање (Motivation and Engagement Scale of High School students MES Andrew Martin за возраст од 12 до 19 години)[12] на кластерски примерок средношколци од градовите Куманово, Битола, Прилеп и Скопје. Видот на средното образование се однесува на четиригодишно средно образование и тоа гимназиско и стручно независно од насоката.

Примероците беа поделени на две групи по 40 средношколци од машки и 40 средношколци од женски пол од прва до четврта година. Временскиот период на истражувањето беше на почеток на второ полугодие во февруари 2020 година. Се работеше се трансферзално истражување кое ги почитуваше сите значајни принципи на етичност при истражувањето како согласност за истражување.

Позначајни резулати кои се добија, укажаа на постоење на средно ниво на позитивна мотивација кај средношколците од машки пол м=17.27 и ниво од м=17.44 кај средношколците од женски пол низ компонентите на: верување во себе, вреднување и фокус на учење.

7. Liu, HJ. The relation of academic selfconcept to motivation among university EFL students. Feng Chia Journal of Humanities and Social Sciences. 2010;20: 207–225
8. Miller, P. H., Blessing, J. S., & Schwarz, S. (2006). Gender differences in high-school students' views about science. International Journal of Science Education, 28(4), 363 – 381.
9. Brooks, R., Brooks, S. & Goldstein, S. (2012). The power of mindsets: nurturing engagement, motivation, and resilience in students. In S.L. Christenson, A.L. Reschly, & C. Wylie (Eds.) Handbook of Research on Student Engagement (pp. 541 – 562). New York, NY: Springer.
10. Meadows, L.A. & Sekaquaptewa, D. (2013). The influence of gender stereotypes on role adoption in student teams. ASEE Annual Conference and Exposition, Conference Proceedings.
11. Dasgupta, N., Scircle, M.M., & Hunsinger, M. (2015). Female peers in small work groups enhance women's motivation, verbal participation, and career aspirations in engineering. PNAS, 112(16)
12. Martin, A. (2018). Motivation and Engagement Workbook. Lifelong Achievement Group

Тест за независни примероци

пол	Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means		
	м	St.dev	t	Sig. (2-tailed)	p
машки 40	17,27	,065	-1,871	,000	,072
женски 40	17,44	,071			

Табела 1. т тест за мали и независни примероци

Показателот на т тестот t =1,871 покажа дека не постои статистички значајна разлика помеѓу мотивацијата за учење кај средношколците во однос на полот.

Поголем број научни сознанија од истражувања во област на мотивацијата за учење и половите се разминуваат.[13] Поранешните истражувања кои наоѓале полови разлики во мотивацијата за учење се однесувале на тоа дека учениците од машки пол имале значително поголема мотивација генерално, а посебно во делот на техничките и математичките подрачја. За мотивацијата на девојчињата е најдено дека е поголема во основно образование и тоа претежно во уметничките подрачја.[14]

Како потенцијална причина за минимизирање на разликите во половите и мотивацијата за учење се претпоставува осовременувањето на наставата во смисла на активната настава и позитивната клима која ја продуцира професорот. Активната настава заедно со своите атрибути обединува се она што е потребно за активирање на средношколците, како интерактивност, тимска работа, истражување, применување, поврзување со реални проблеми. Ова спонатано подгрева се поголема желба за нови сознавања.[15]

ЗАКЛУЧОК

Мотивацијата за учење има големо значање како за училишниот успех, така и за потенцијалниот успех на учениците во општеството.

Резултатите од прикажаното истражување кои покажаа дека не постои статистички значајна разлика на мотивацијата за учење и полот на средношколците треба да иницираат дополнителни истражувања за мотивацијата за учење и во однос на други варијабли.

Опсервирајќи ја мотивацијата за учење како процес кој треба да се одржува неопходно е континуирано нејзино потхранување на секое ниво на образование, а посебно во средно образование како најпроменлив период за младите личности. Во оваа насока се дадени најсовремени тенденции кои се однесуваат на мотивацијата за учење на средношколците. Пред се подлогата за мотивација на учениците почива на самиот професор и стручната актива во училиштата кои ја диктираат ефикасноста на наставата низ нивната способност да ги насочуваат своите ученици кон успехот. Покажано е дека повисоките нивоа на ефикасност во наставата ја потврдуваат мотивацијата и ги подобруваат резултатите од учењето кај средношколците. За потхранување на наставната ефикасност и мотивацискиот капацитет значање има дозволувањето на учениците да воспостават врски помеѓу нивниот личен

13. Trogrlić, A., Šarčević, D., Vasić,A. (2013). Pol i školski uspjeh i motivacija za školsko učenje. Pedagoška stvarnost; 59:332–49.
14. Francis, B. (2000). Boys, girls and achievement: Addressing the classroom issues. London. New York: Routledge Falmer.
15. Freeman, S. et al. (2014). Active learning increases student performance in science, engineering, and mathematics. Proceedings of the National Academy of Scientists, 111(23), 8413–8415

живот и наставните предмети. Во оваа смисла значање имаат сознанијата во која средина живеат, со кои предизвици се соочуваат, кои се нивните краткорочни и долгорочни цели, нивните моментални интереси. При примена на она што го научиле на час во реалниот свет, тие ќе можат да видат како нивните наставни теми се релевантни на опиплив начин. Значање има градењето чувство за заедница е кое е поважно од спроведувањето дисциплина. За да им се помогне на средношколците повеќе да се вклучат сво наставата, неопходно треба професорскиот кадар да даде малку од себе, да споделува искуства и да биде емпатичен. Когнитивните способности сами по себе не го одредуваат успехот. Напорната работа и посветеноста на крајот доведуваат до мајсторство и чувство за достигнување.Помагањето на средношколците да постават краткорочни и долгорочни цели со јасни награди. Поставувањето достижни цели може да им помогне да го видат сопствениот напредок и да се возбудат кога ќе следува нов предизвик. Афирмациите за исполнување задачи на одреден рок, постигнување на цел или дури и завршување на проект на време може да бидат значајни и охрабрувачки. Повратните информации се еден од најважните аспекти на образованието, бидејќи тие ја поттикнуваат свеста на учениците за сопственото учење и ги учат вештините за критичко размислување. Но, повратните информации функционираат само кога се конструктивни и конкретни. Фалењето на напорна активност, на пример, ја поттикнува идејата дека се учи и напредува со напорната работа. Помогање на средношколците да го поврзат своето учење со реалниот свет покажувајќи им како се вклопува во нивните идни планови и тоа на начин со отворање дискусии за факултет и професија и поставување задачи за размислување за нивната иднина.Технологијата го смени начинот на учење на учениците и наставниците треба да ги прилагодат своите наставни методи на новите очекувања. Генераците Z се воспитани во дигитална ера каде што обемот на вниманието се скрати и се потребни ,,мултитаскинг,, активности. Користењето дигитални апликации и тоа оние кои се популарни секогаш кога е соодветно може да биде подобар начин за допирање до средношколците повеќе отколку традиционалните наставни методи. Честата промена на начинот на предавање и интеракцијата е процес.

Ентузијазмот е сè уште најдобрата мотивација за учење. Забавата е антитеза на досадата. Различни активности можат да ги охрабрат сите да учествуваат, да им се привле внимание и да ја разбијат монотонијата на рутината. Игрите исто така можат да бидат одлични едукативни алатки, така што забавата и учењето можат да бидат меѓусебно вклучени.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Albrecht, JR., Karabenick, SA. (2017). Relevance for learning and motivation in education. (2017). The Journal of Experimental Education. 2017;86(1):1–10.
2. Brooks, R., Brooks, S. & Goldstein, S. (2012). The power of mindsets: nurturing engagement, motivation, and resilience in students. In S.L. Christenson, A.L. Reschly, & C. Wylie (Eds.) Handbook of Research on Student Engagement (pp. 541 – 562). New York, NY: Springer.
3. Dasgupta, N., Scircle, M.M., & Hunsinger, M. (2015). Female peers in small work groups enhance women's motivation, verbal participation, and career aspirations in engineering. PNAS, 112(16)
4. Francis, B. (2000). Boys, girls and achievement: Addressing the classroom issues. London. New York: Routledge Falmer.
5. Freeman, S. et al. (2014). Active learning increases student performance in science, engineering, and mathematics. Proceedings of the National Academy of Scientists, 111(23), 8413–8414
6. Gopalan, V., Bakar, J., Zulkifli, A., Alwi, A., Mat, R.(2017). A review of the motivation theories in learning. The 2nd International Conference on Applied Science and Technology 2017 (ICAST'17); 2017.
7. Legault, L., Green-Demers, I., Pelletier, L. (2018).Why do high school students lack motivation in the classroom? Toward an Odanga; ARJASS, 6(4): 1-16,
8. Liu, HJ. The relation of academic selfconcept to motivation among university EFL students. Feng Chia Journal of Humanities and Social Sciences. 2010;20: 207–225.
9. Martin, A. (2018). Motivation and Engagement Workbook. Lifelong Achievement Group.
10. Meadows, L.A. & Sekaquaptewa, D. (2013). The influence of gender stereotypes on role adoption in student teams. ASEE Annual Conference and Exposition, Conference Proceedings.
11. Miller, P. H., Blessing, J. S., & Schwarz, S. (2006). Gender differences in high-school students' views about science. International Journal of Science Education, 28(4), 363 – 381.
12. Richard, R. (2019). The Oxford Handbook of Human Motivation. Oxford University Press
13. Sylvester, J.O. Odanga (2018).Strategies for Increasing Students' Self-motivation. Asian Research Journal of Arts & Social Sciences 6(4): 1-16, 2018
14. Trogrlić, A., Šarčević, D,, Vasić, A. (2013). Pol i školski uspjeh i motivacija za školsko učenje. Pedagoška stvarnost; 59:332–49.
15. Zimmerman, B., Kitsantas, A. (2014). Comparing students' self-discipline and self-regulation measures and their prediction of academic achievement. Contemporary Educational Psychology. 2014;39(2):145–155.

364.622-786

М-р Елена Златева
Факультет психологии, МСУ "Г.Р.Державин" Свети Николе - Битола
Республика Северная Македония

ПСИХО-СОЦИАЛЬНАЯ АДАПТАЦИЯ И РЕАБИЛИТАЦИЯ УЧАСТНИКОВ БОЕВЫХ ДЕЙСТВИЙ. БОЕВОЙ СТРЕСС

Во однос на работниот стаж откиени се високи вредности за емоционална исцрпеност и деперсонализација кај вработените кои имаат работен стаж од 0-10 години како и оние со над 20 годишен работен стаж. Вработените со работен стаж од 10-20 години постигнуваат средни вредности на овие димензии.

Во однос на возраста, се добиваат интересни податоци. Имено, вработените на возраст од 20-30 години, имаат ниски вредности на емоционална исцрпеност и високи вредности за деперсонализација; Оние на возраст од 30-40 години – висока емоционална исцрпеност и ниско ниво на деперсонализација; Оние на возраст од 40-50 години имаат средно ниво на емоционална исцрпеност и ниско ниво на деперсонализација, Додека пак оние над 50 години – имаат високо ниво и на емоционална исцрпеност и на деперсонализација.

Во однос на чувството на личниот успех и постигнувањата на работа, заради сопствените способности, чувството за компетентност и успешност во сопствената работа кај медицинскиот персонал во оваа установа е на високо ниво.

Се надевам дека сознанијата добиени од ова истражување ќе имаат практична примена и дека ќе наведат на размислување за примена на постапки за намалување на синдромот напрофесионално согорување кај медицинскиот персонал во нашата установа.

ЛИТЕРАТУРА

1. Bradham, K. M. (2008). Empathy and burnout in nurses. Institute for Clinical Social Work (Chicago)).
2. Brunton, B. & Beaman, M. (2000).Nurse practitioners' perceptions of their caring behaviors. Journal of the AmericanAcademy of Nurse Practitioners, 451-456
3. Донев М. (2019), „Здравствената грижа и синдромот на професионално согорување кај здравствени работници во Р. Северна Македонија и Р. Бугарија", магистерски труд, Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р.Державин" Свети Николе-Битола.
4. Gabassi PG, Cervai S, Rozbowsky P, Semeraro A, Gregori D. (2002).Burnout syndrome in the helping professions. Psychol Rep: 90(1):309-14.
5. Gosseries,O., Demertzi,A., Ledoux,D., Bruno,M.A., Vanhaudenhuyse,A., Thibaut,A., Laureys,S. & Schnacers,C.(2012). Burnout in healthcare workers managing chronic patiens with disorders of consciousness. Brain Injury, 1-7. (Cited on 2015-11-29). http://www.researchgate.net/publication/228059742_Burnout_in_healthcare_workers_managing_chronic_patients_with_disorders_of_consciousnes http://psychsource.bps.org.uk/details/journalArticle/3432521/The-measurement-of-experienced-burnout.html.
6. Kalauz S.(2008).Sindrom sagorijevanja na poslu medicinskih sestara. Zbornik radova7.Kongrea kardioloshkog drushtva s medjunarodnim sudjelovanjem,16-18.listopada,2008,Lijecnicki vjesnik 2008.str.120.
7. Malach,C.&Jackson,S.E.(1981).The measurement of experienced burnout. Journal of Occupational Beahavior,Vol.2,pp.99-113.(Cited on 2015-11-28. Available on:
8. Маџовска М. (2016), „Емоционална интелигенција, перцепиран стрес и синдром на професионално согорување: истражување кај здравствените работници од јавниот сектор" - магистерски труд – Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р.Державин" Свети Николе-Битола.

159.944.4:364-4]:616.98:578.834(497.784)"2020"

Проф. д-р Сашо Кочанковски
Симона Јовановска
Марија Саботиновска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОНЛАЈН ПРЕДАВАЊА: ИСТРАЖУВАЊЕ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД I-IV ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА НА МСУ "Г. Р. ДЕРЖАВИН"-СВЕТИ НИКОЛЕ-БИТОЛА

АПСТРАКТ:
Целта на ова истражување беше да добиеме емпириски податоци за тоа како се однесуваат студентите за време на онлајн предавањата, особено за вклучувањето на камерите во текот на наставата.
Инструментот кој го користев беше (онлајн) прашалник, направен од нас. Тој се состои од 20 прашања од ликертов тип со 5 можни одговори.
Примерок. Во истражувањето беа вклучени вкупно 125 испитаници- студенти од I - IV год, на факултетот за психологија (109 женски и 16 машки, на возраст од 19-40 години).
Утврдивме дека постојата најмалу 4 групи на причини кои имаат влијание за вклучувањето на камерите за време на онлајн наставата и тоа: ИТ опремата и интернет конекцијата; Однесувањето на другите студенти за време на предавањата;Вклученоста на камерата на професорите за време на наставата; и самоперцепцијата за тоа како студентот изгледа, како се чувствува и какви се условите дома.
Во однос на ИТ опремата и интернет конекцијата најдовме дека скоро 1/3 (31,7%) известуваат дека немаат целосни услови за следење на интернет наставата, вклучително и вклученост на камера. **Во однос на** однесувањето на другите студенти најдовме дека кај најголемиот дел (84,4%) од испитаниците постои делумно или целосно влијание, дали камерите на колегите се вклучени, врз тоа дали и тие ќе ги вклучат своите камери. **Во однос на** вклученоста на камерата на професорите најдовме дека има влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера, голем дел од студентите – (60,2% во потполност и 17,1% делимно) се согласуваат со тоа. **Во однос на** самоперцепцијата за тоа како студентот изгледа, како се чувствува и какви се условите дома, зависи дали е вклучена камерата во текот на предавањата, добиени се следните наоди: 43,9% од студентите не се чувствуваат пријатно (целосно или делумно) кога нивните камери се вклучени; 48,7% од студентите се чувствуваат похрабро да го споделат нивното мислење, доколку нивната камера не е вклучена; 47,5% од студентите сметаат дека следењето на онлајн настава им дава поголема слобода; сепак 94,3% од студентите известуваат дека и со исклучена камера, фокусирано ги следат предавањата; 27,4% од студентите известуваат дека често додека следат настава, извршуваат и други обврски; 39,5% од студентите, ја следеле наставата во пижами и завиткани во ќебе; Кај 54% од студентите, моменталниот изглед за време на предавањето, има влијание врз вклучувањето на камерата; 87,9% известуваат дека навистина се физички присутни на предавањата, иако камерите им се исклучени;

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: однесување на студентите, онлајн настава, вклучени камери

BEHAVIOR OF STUDENTS DURING ONLINE LECTURES: RESEARCH WITH STUDENTS FROM I-IV YEAR AT THE FACULTY OF PSYCHOLOGY ISU "G.R.DERZAVIN" SVETI NIKOLE-BITOLA

ABSTRACT:
The purpose of this research was to obtain empirical data on how students behave during online lectures, especially the turning their cameras on during lecturing.
The instrument we used was an (online) questionnaire made by us. It consists of 20 Likert-type questions with 5 possible answers.
Sample. The research included a total of 125 respondents - students from I - IV years, at the Faculty of Psychology (109 females and 16 males, aged 19-40 years).
We found that there are at least 4 groups of reasons that have an impact on the turned cameras on during online teaching, namely: IT equipment and Internet connection; The behavior of other students during the lectures; Turned of the teachers' camera on during the lectures; and self-perception of how the student looks, feels and conditions at home.
Regarding the IT equipment and the internet connection, we found that almost 1/3 (31.7%) report that they do not have complete conditions for attending the internet classes, including the turned camera on. Regarding the behavior of other students, we found that the majority (84.4%) of the students have a partial or complete influence, whether the cameras of colleagues are on, on whether they will turn on their cameras. Regarding the turned of the professors' camera on, we found that it has an impact on whether the students attend the lectures with their cameras on, a large part of the students - (60.2% in full and 17.1% partially) agree with that. Regarding the self-perception of what the student looks like, how he feels and what the conditions are at home, depending on whether the camera is turned on during the lectures, the following findings were obtained: 43.9% of students do not feel comfortable (fully or partially) when their cameras are on; 48.7% of students feel more courageous to share their opinion if their camera is not turned on; 47.5% of students think that attending online classes gives them more freedom; however, 94.3% of students report that even with the camera off, they follow the lectures focused; 27.4% of students report that they often perform other duties while attending classes; 39.5% of the students attended classes in pajamas and wrapped in a blanket; In 54% of students, the current appearance during the lecture has an impact on the inclusion of the camera; 87.9% report that they are indeed physically present at the lectures, even though their cameras are off;

KEYWORDS: students behavior, online lecture, cameras on

ВОВЕД

Со појавата на пандемијата КОВИД-19, животот многу ни се промени. Владата донесе многу рестриктивни мерки за да го заштити здравјето на граѓаните, кои беа неопходни за наше добро. Едно од таквите ограничувања беше и затворањето на сите образовни институции (градинки, основни и средни училишта и факултети) и префрлање на наставата онлајн. Прилагодувањето кон новата нормала не беше баш едноставна работа, па така образовните институции ја префрлија својата дејност онлајн, а со тоа им се наложи на учениците и студентите да ја следат својата настава преку интернет апликации. Сега, нашето "физичко ЈАС" е заменето со креиран профил во онаа интернет апликација за онлајн предавањата. Чекањето на професорот во амфитеатар е заменето со чекањето на тоа, нашиот профил да

биде одобрен од професорот / асистентот / администраторот. Хартијата е заменета со pdf-формати. Пиењето кафе на паузите измеѓу предавања се префрли дома. Нашиот глас е заменет со микрофон, а нашето присуство е заменето со камера. Се разбира, се на овој свет си има свои предности и недостатоци, а истото важи и за онлајн наставата. Сите тие промени влијаат и на нас-студентите по психологија, исто како и на студентите на другите струки. Меѓутоа, иако ние подобро ги разбираме овие промени од останатите студенти, сепак на крајот од денот и ние сме луѓе од крв, месо и душа, исто како и другите. Ако на овие промени ги додадеме и ситуацијата "добар/лош ден", обврските, домашните услови и нашата моментална психичка и физичка состојба-добиваме полн погодок. Овој истражувачки труд служи за да го испита нашето однесување за време на онлајн предавањата, факторите кои влијаат на истото и како влијаат, а воедно и што е она што е добро кај овој начин на учење, и што е она што може да биди подобро, бидејќи нели-секогаш може подобро.

ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Онлајн наставата е прилично нова проблематика, но сепак уште веднаш ги привлекла будните очи на психолозите и истражувачите. Сепак, она што најмногу отстапува од целата онлајн настава кај студентите се (воглавно) исклучените камери. Секој студент има различни причини за тоа зошто неговата камера е исклучена. Во однос на проблемов, се поставуваат прашањата: *Зошто студентите ги исклучуваат камерите за време на онлајн предавањата? Кои фактори влијаат на тоа? Како тие фактори влијаат? Што може да се преземи во врска со ова?*

ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Интернетот стана значаен дел од нашето секојдневие. Тој не е веќе само забава, туку и потреба. Таква потреба, која обележа значаен пораст поради пандемијата КОВИД-19, и истата му наметна нешто сосема ново на образовниот систем, како и на популацијата која спаѓа во него. Односно, сега професорите сакаат да не гледаат нас, нивните студенти-на камера, што е прилично нормално. Меѓутоа, оваа нивна желба-за нас е предизвик. Сегашните рестриктивни мерки ни налагаат да учиме од дома (или преку онлајн сервери). Факт е дека првенствено би требало да воспоставиме конекција со професорите, а и тие со нас, но како би го направиле тоа, ако не ги вклучиме камерите за да се видеме?

Секако, повеќето професори сметаат дека вклучената камера е личен избор на студентите, но истиот тој избор е доста почитуван и охрабрен од нивна страна. Ние многу го цениме она, кога не сме присилени од нашите професори да ги вклучиме камерите.

На почетокот на процесот на адаптирање на новиот метод на учење, некои професори се чувствуваа навредени од оние студенти кои го криеја својот лик, но со тек на време, поголемиот дел од нив омекнаа и им пружаа разбирање. Сепак, и ден денес има по некој професор, кој сеуште се чувствува навредено, ако не може да ги види своите студенти на камера. Спротивно на последната реченица од претходниот пасус, а паралелно со реченициte од овој пасус-не сакаме да ги вклучиме камерите, без наша волја. Бидејќи, нели, не е добро да се присилува некого, на нешто што не го сака.

Воедно, секој еден од нас си има свои причини за тоа, зошто не сака да вклучи камера. Тие причини варираат од студент до студент, а истите всушност, го откриваат нашето однесување за време на предавањата-позади екраните. Со тоа, сакам да кажам дека предмет на истражувањето е нашето однесување за време на онлајн предавањата, при што "главна мета" ни се исклучените камери, а целта е да ги откриеме факторите и причините кои влијаат на тоа.

ИСТРАЖУВАЧКИ ХИПОТЕЗИ

Главната хипотеза која сакавме да ја провериме беше следната: ***Постојат различни причини кои влијаат врз тоа дали студентите ги следат онлајн предавањата со вклучена камера.***

Причините ги групиравме во седум категории, од кои произлегуваат и потхипотезите (Соодветност и фунционалност на ИТ опрема и интернет конекција; Однесувањето на другите студенти за време на предавањата; Однесувањето на професорите за време на предавањата; Самоперцепцијата за сопствениот изглед, расположение и условите дома, како и полот, возраста и годината на студирање).

Од главната хипотеза произлегоа неколку потхипотези, и тоа:

Потхипотеза 1: *ИТ опремата и интернет конекцијата имаат влијание врз тоа дали студентите ги следат предавањата со вклучена камера*

Потхипотеза 2: *Однесувањето на другите студенти за време на предавањата има влијание врз тоа дали студентите ги следат предавањата со вклучена камера*

Потхипотеза 3: *Вклученоста на камерата на професорите за време на наставата има влијание врз тоа дали студентите ги следат предавањата со вклучена камера*

Потхипотеза 4: *Од самоперцепцијата за тоа како студентот изгледа, како се чувствува и какви се условите дома, зависи дали е вклучена камерата во текот на предавањата*

МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ

Мерен инструмент кој го користевме за да ги собереме потребните податоци беше (онлајн) прашалник, специјално направен од нас за потребите на ова истражување. Прашалникот се состоеше од 20 прашања, од кои првите 3 беа поврзани за демографските карактеристики, а останатите 17 прашања беа поврзани со поставените хипотези и се состоеја од по 5 можни одговори од ликертов тип.

ИСПИТАНИЦИ

За потребите на нашето истражување се искористи пригоден примерок, составен од студентите од I - IV год, на факултетот за психологија, при М.С.У. "Г.Р.Державин" - Свети Николе – Битола, од кампусот во Битола и од кампусот во Свети Николе.

Вкупно беа вклучени 125 испитаници, од кои 109 женски и 16 машки. Возраста на испитаниците беше од 19 до 40 години (најголемиот број беа на возраст од 19-22 години).

РЕЗУЛАТИ И ДИСКУСИЈА

Резултати поврзани со потхипотезата 1:

ИТ опремата и интернет конекцијата имаат влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера

На графичкиот приказ подолу, може да забележиме дека постои разновидност во одговорите кои се дадени, иако според испитаниците, поголемиот дел од нив сметаат дека имаат услови за квалитетно следење на наставата. Сепак скоро 1/3 (31,7%) известуваат дека немаат целосни услови за следење на интернет наставата.

39% од испитаниците изестуваат дека следењето на наставата не им претставува тешкотија, додека поголемиот дел (61%) известуваат дека имаат одредени или целосни тешкотии за следење на интернет наставата.

Во однос на тоа дали вклучувањето на камерата им ја попречува интернет конекцијата – само 31,7% се изјасниле дека тоа не е случај, додека поголемиот дел од нив (68,3%) - известуваат дека имаат некакви или целосни тешкотии со квалитетот на интернет конекцијата доколку ја вклучат камерата.

Резултати поврзани со потхипотезата 2:

Однесувањето на другите студенти за време на предавањата има влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера

Според добиените одговори, доаѓаме до заклучок дека само кај 15,6% од студентите не влијае тоа, дали колегите ги имаат исклучено камерите, додека кај најголемиот дел 84,4% од испитаниците постои делумно или целосно влијание дали камерите на колегите не се вклучени, врз тоа дали и тие ќе ги вклучат своите камери.

Резултати поврзани со потхипотезата 3:

Вклученоста на камерата на професорите за време на наставата има влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера

Голем дел од студентите - 60,2% во потполност и 17,1% делимно се согласуваат со тоа дека вклученоста на камерите на професорите за време на онлајн предавањата, влијае врз тоа дали и тие ќе ја вклучат нивната камера.



65% од студентите целосно или делумно се согласуваат со тоа дека сакаат нивните професори да предаваат со вклучена камера

Резултати поврзани со потхипотезата 4:

Од самоперцепцијата за тоа како студентот изгледа, како се чувствува и какви се условите дома, зависи дали е вклучена камерата во текот на предавањата

50% од студентите, активно и без тешкотии се вклучуваат во дискусиите за времне на предавањата

76,4% од студентите известуваат дека целосно или делумно се согласуваат дека со нивното вклучување на камерата им покажуваат почит на професорите

76,8% известуваат дека имаат одредена просторија од каде ги следат онлајн предавањата



43,9% од студентите не се чувствуваат пријатно (целосно или делумно) кога нивните камери се вклучени

48,7% од студентите се чувствуваат похрабро да го споделат нивното мислење, доколку нивната камера не е вклучена

47,5% од студентите сметаат дека следењето на онлајн настава им дава поголема слобода

94,3% од студентите известуваат дека и со исклучена камера, фокусирано ги следат предавањата



27,4% од студентите известуваат дека често додека следат настава, извршуваат и други обврски

39,5% од студентите, ја следеле наставата во пижами и завиткани во ќебе

Кај 54% од студентите, моменталниот изглед за време на предавањето, има влијание врз вклучувањето на камерата

87,9% известуваат дека навистина се физички присутни на предавањата, иако камерите им се исклучени

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на добиените податоци можеме да ја потврдиме хипотезата дека Постојат различни причини кои влијаат врз тоа дали студентите ги следат онлајн предавањата со вклучена камера.

Исто така, од добиените резултати, можеме да ги потврдиме и четирите потхипотези, кои претставуваат и 4 групи на причини за однесувањето на студентите за време на онјалн наставата и тоа дека:

» *ИТ опремата и интернет конекцијата имаат влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера*

» *Однесувањето на другите студенти за време на предавањата има влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера*
» *Вклученоста на камерата на професорите за време на наставата има влијание врз тоа дали студентите ги сладат предавањата со вклучена камера*
» *Од самоперцепцијата за тоа како студентот изгледа, како се чувствува и какви се условите дома, зависи дали е вклучена камерата во текот на предавањата*

ЛИТЕРАТУРА

1. Castelli R. Frank, Sarvary A. Mark (2021). Why students do not turn on their video cameras during online classes and an equitable and inclusive plan to encourage them to do so. Преземено на 24. 5. 2021 https://onlinelibrary.wiley.com/doi/10.1002/ece3.7123
2. Guillem, Antonio (2021). Research explains why students keep their cameras turned off. Преземено на 24. 5. 2021 https://www.openaccessgovernment.org/cameras-turned-off/101934/
3. Harvey, Jack (2020). Face value: why won't students turn their cameras on. Преземено на 24. 5. 2021 https://wonkhe.com/blogs/face-value-why-wont-students-turn-their-cameras-on/
4. Loya B. Liz (2020). Strategies to Encourage Students to Turn Their Cameras On. Преземено на 24. 5. 2021 https://www.edutopia.org/article/strategies-encourage-students-turn-their-cameras
5. Nicandro, Vincent; Khandelwal, Aditya; Weitzman, Alex (2020). Please, let students turn their videos off in class. Преземено на 24. 5. 2021 https://www.stanforddaily.com/2020/06/01/please-let-students-turn-their-videos-off-in-class/
6. P., Erika (2021). Why Do Students Do Not Want To Turn On Their Cameras During Online Classes. Преземено на 24. 5. 2021 https://www.sciencetimes.com/articles/29219/20210120/why-students-want-turn-cameras-during-online-classes.htm
7. Patrick (2020). Online Classroom Management: Why Your Students Turn Their Cameras Off. Преземено на 24. 5. 2021 https://www.hawohomeroom.com/2020/04/online-classroom-management-why-your-students-turn-their-cameras-off/
8. PhD Moses, Tabitha (2020). 5 reasons to let students keep their cameras off during Zoom classes. Преземено на 24. 5. 2021 https://theconversation.com/5-reasons-to-let-students-keep-their-cameras-off-during-zoom-classes-144111
9. Stanford University (2020). Cameras and Masks: Sustaining Emotional Connections with Your Students in an Age of COVID19 (Part 2 of 2). Преземено на 24. 5. 2021 https://tomprof.stanford.edu/posting/1814

159.944.4.019.4:364.622

М-р Славољуб Ивановски
Р. Северна Македонија

Доц. д-р Слаѓана Анѓелковска
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

СТРЕСОТ, МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ПОЗИТИВНАТА ПСИХОЛОГИЈА

АПСТРАКТ: Личноста во извршување на секојдневните обврски постојано е под притисок и стрес во динамичното секојдневие. Во Америка веќе поголем процент од населението страда токму од проблемите со стресот и менталните нарушувања. Психологијата се труди со примена на разни методи и практики да го заштити менталното и физичкото здравје на личноста. Позитивната психологија како понова област во психиологијата развива свој концепт и придонес за градење позитивен однос кон животот. Со тоа, позитивната психологија придонесува за развој на личноста на поединците и постигнување на резултатите на организациите. Личноста преку развој на своите силни страни и користење на методите и стратегиите на оваа психиологија, (преку терапевти, советници и психолози) помага за подобрување на самосвесноста, за среќата и добросостојбата на животот. Иако некои научници упатуваат критики на позитивната психологија, сепак заклучокот е дека позитивната психологија наоѓа широка примена во подобрување на менталното здравје и справување со стресните состојби на личноста. ЦСМ моделот за ментално здравје на Мајк Слејд (Mike Slade) претставува двофакторски модел кој идентификува ментална благосостојба и ментална болест, како пристап во управување на стресните состојби и ментални проблеми на личноста. Тоа помага во промовирање на ментална благосостојба, среќа и квалитет на живот на личноста.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: стрес, здравје, позитивна психологија, ментално здравје

STRESS, MENTAL HEALTH AND POSITIVE PSICHOLOGY

ABSTRACT: The person during the performance of the daily responsibilities is constantly under pressure and stress in the dynamic everyday life. In America, a large percentage of the population already suffers from stress problems and mental disorders. Psychology tries to protect the mental and physical health of a person by applying various methods and practices. Positive psychology as a newer field of the psychology has developed its own concept and contribution to building a positive attitude towards life. Thus, positive psychology contributes to the development of the personality of individuals and the achievement of the results of organizations. The person through the development of her/his strengths and the use of the methods and strategies of this psychology (through therapists, counselors and psychologists) has been helped to improve her/his self-awareness, happiness and well-being of life. Although some scholars have criticized positive psychology, the conclusion is that the positive psychology is widely used in improving mental health and coping with stress. Mike Slade's CSM Mental Health Model is a two-factor model that identifies mental well-being and mental illness as an approach to managing a person's stress and mental problems. It helps to promote a person's mental well-being, happiness and quality of life.

KEYWORDS: stress, health, positive psychology, mental health

1. ПОЈАВА НА ПОЗИТИВНАТА ПСИХОЛОГИЈА

Појавата и развојот на позитивната психологија е од поново време. Мартин Селиџмен (Martin Seligman) и Михајл Чикзентмихали (Mihaly Csikzentmihali) во 2000 година, први даваат нејзино толкување. Нивното објаснување е:[1] Ние веруваме дека психологијата на позитивното човеково однесување ќе се издигне на повисоко научно ниво и дека ќе има ефективен придонес во воздигнувањето на поединците, семејствата и заедниците". Психолозите тргнувајќи од ставовите на позитивната психологија тврдат дека не се насочени кон лечење на менталните болести, но со концептот на позитивната психологија ќе се надополни општата психологија. Неколку години подоцна овој пристап на позитивната психологија предизвикал голем интерес, и затоа професорите Мартин Селиџмен, Мишел Фриш и други, почнале да држат предавања на некои колеџи. Веќе во 2006 година овој предмет станал значително популарен на Универзитетот во Харвард. Некои хуманисти психолози, како Абрахам Маслов, Карл Роџерс и Ерих Фром, развиле теории и практики во кои ја вклучувале среќата на луѓето.

Првата меѓународна конференција за Позитивна психологија била во 2002 година, а во јуни 2009 година бил одржан првиот Светски конгрес. Некои истражувачи во оваа област претпоставуваат дека Позитивната психологија може да се објаснува преку 3 области на истражување: Истражување за пријатниот живот, или живот исполнет со уживање" (испитува како луѓето оптимално ги доживуваат и до кој степен уживаат во позитивните чувства и емоции кои се дел од нормалниот и здрав начин на живеење); Истражување кое го опфаќа добриот живот, или живот исполнет со обврски" го проучува позитивниот исход при задлабоченост, преокупираност и психичка посветеност на личности кои се целосно преокупирани со своите примарни активности. Овие состојби се доживуваат кога постои позитивна усогласеност помеѓу способноста на личноста и задачата што ја исполнува. Професоот Филип Зимбардо (Philip Zimbardo) предлага луѓето да се поделат според тоа каков поглед имаат кон животот - позитивен или негативен, но и според тоа каква перцепција имаат кон времето: дали се ориентирани кон сегашноста, минатото или кон иднината. Според ова можно е настанување на определени заблуди кај поединците кои во суштина создаваат конфликти. Овие конфликти се поврзани не со тоа дали тие уживаат исполнувајќи некоја задача, но дали се подложни на ризик за понатамошно уважување на нивниот исход. Зимбардо верувал дека со помош на вакво истражување ќе се открие оптималната рамнотежа на погледот на личноста за подобар живот.

Психологот Даниел Гилберт (Daniel Gilbert), тврди дека личноста треба да биде концентрирана на сегашноста. Таа не треба да фантазира бидејќи така може да се спречи среќата. Некои од психолозите тврдат дека треба повремено да се посветува внимание кон минатото, личноста да се потсетува на позитивни искуства и да очекува позитивни случувања во иднината.

Барбара Фредриксон (Barbara Fredrickson) со своите ставови тврди дека позитивните мисли и емоции ги намалуваат негативните чувства на личноста. Поголем број на истражувани лица успеале на ваков начин да ги отстранат проблемите кои ги имале со кардиоваскуларниот систем. Кога личноста доживува стрес се случуваат голем број на промени во биолошкиот систем, се забрзува ритамот на срцето, дотокот на крв, расте нивото на шеќер во крвта и

1. Seligman, M.E.P. et al., (2005), Positive psychology progress: Empirical validation of interventions. American Psychologist, 2005. 60(5): 410-421.

доколку личноста не е подготвена за справување со стресот, може да предизвика влошување како на психичко здравје (анксиозност, депресија) исто така и до поголемо влијание за кардиоваскуларните заболувања.

2. МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ПОЗИТИВНАТА ПСИХОЛОГИЈА

Многу истражувања и студии потврдуваат дека растат нарушувањата на менталното здравје во вкупната светска популација. Клучот за разбирање на овие проблеми лежи во разбирање на умот на личноста и посветување на искуствата на невронауката, односно неврологијата. Од аспект на проблемите со ментално здравје, невролозите сугерираат кој дел од мозокот е одговорен за предизвикување на проблеми и како може личноста да ги реши тие проблеми.

Еден истражувачки труд за глобалното ментално здравје објавен од професорот Ден Ј. Стајн (Den E. Stein), зборува за тоа како невронауката ефикасно може да се вклучи во лекување на менталното здравје на личноста во различни културни средини. Менталните нарушувања ги активираат нервните врски кои предизвикуваат негативни мисли, постапки и емоции. Преку разбирање на неврологијата, на пример, што се случува во мозокот кога личноста е под стрес, кога доживеала голема траума и како делови од кортексот се активираат поради нарушувања на расположението.

Разбирањето на психолозите за сите овие случувања во психолошкиот и биолошкиот систем на личноста придонасува кон нивно подобро насочување и превентивно лекување. Неврологијата во анализа на менталното здравје се фокусира на докази. На пример, шизофреничните пациенти страдаат во однос на нивното когнитивно функционирање. Нивните дисфункционални мисли ги спречуваат да се вратат во вообичаениот живот или да извршуваат активности од секојдневниот живот. Вклучувањето на неврологијата во менталното здравје има бројни придобивки. Со тоа таа им олеснува на терапевтите и професионалците да ги истражуваат основните причини за нарушувањето. Помогна во промовирање на ментална благосостојба, среќа и квалитетен на живот на личноста. Таа го отвори патот за рано дијагностицирање и полесно психолошко лекување.

Студија на невролози за улогата на практикување на физичко вежбање и неговата улога врз менталното здравје сугерира дека активниот животен стил има позитивни ефекти врз менталните способности. Врската помеѓу физичката активност и подобрување на менталните нарушувања како: депресија, анксиозност, деменција и промените на расположението е очигледно голема. Целна група на студијата биле главно спортисти. Истражувањето придонело кон потврдување на фактот дека редовното вежбање ја зголемува физичката и менталната сила на личноста. Тоа придонесува за подобрување на расположението, регулирање на емоциите и одржување оптимални телесни функции. Затоа и причините што спортистите се поотпорни во нивниот личен живот, се должи на нивната континуирана физичка активност.

Во книгата *„Неврологија за клиничари за ментално здравје"* од Стивен Е. Плишка, (Dr Stephen E. Pliska) се објаснува зошто познавањето на невролошката основа на психолошките нарушувања е задолжително за психолозите. Исто како и разбирањето за функционирањето на срцето, за лекување на срцевите заболувања, така и идентификување на мозочните дисфункции помага при откривање на физиологијата на менталните нарушувања. Многу авторот признаваат дека психотерапијата не е можна без да се истражуваат биолошките

причини. Плишка смета дека е етичка одговорност за секој здравствен работник да биде во тек со сите аспекти на проблемите, дури и ако не е целосно поврзано со нивната област на дејствување.

Во современиот начин на живеење скоро 20% од американската популација е заробена во злоупотреба на супстанции, страда од анксиозна вознемиреност и депресија.[2] Помеѓу оние кои бараат стручна помош за закрепнување, и оние кои избираат комбинирана терапија, првите закрепнуваат порано.

Еден од најзначајните придонеси на позитивната психологија во советувањето и терапијата за ментално здравје е воведување на среќата како причина за намалување и развој на менталните болести. Позитивната психологија дава поголема свесност за менталната благосостојба, свртеност кон позитивните емоции, среќата и создава сосема нова насока во развојот и лекувањето на личноста.

Во графиконот број еден, претставени се истражувања за менталното здравје лицата според статусот на вработеност. Истражувањето е спроведено во Ирска, на примерокот на вработени со полно работно време, со пола работно време, невработени и неактивни лица. Очигледни се податоците од графикот каде се гледа дека лицата со полно работно време имаат најмалку ментални заболувања. Во однос на мажи и жени, во сите категории жените имаат повисок процент на ментални болести во однос на мажите.



Графикон број 1: Менталното здравје и проблемите според статус на вработеност

Извор: според: Mental Health Foundation, Scotland Wales, Northern Ireland, 2020,pdf.

Главниот фокус на позитивната психологија е преку сугерирање и воведување на позитивни интервенции во психологијата за да ја пренасочат целта од лекување на болести кон промовирање на хармонија и единство на личноста. Менталните болести и менталната благосостојба се два различни концепти, а фокусот на психијатриските или психолошките интервенции треба да биде насочен кон подобрување на здравјето, среќата и просперитетот на личноста.

Позитивната психологија дејствува на субјективно ниво, кога ги цени индивидуалните искуства, емоции и постапки на личноста (љубов, емпатија, простување, надеж). Таа дејствува и на социјално ниво или ниво на група. На

2. Mike Slade, 2009., A Study On Mental Illness And Well-Being, pdf.

ова ниво се вклучени: интервенции за промовирање на социјални односи, социјални одговорности, толеранција, алтруизам и чувство за вредностите. Затоа, психологијата ги насочува истражувачите и практичарите по ментално здравје повеќе да се фокусираат на вкупното подобрување на личноста, и на индивидуално и на социјално ниво.

3. МОДЕЛ НА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И СТРЕСОТ

Во научните истражувања на Мајк Слејд (Mike Slade), тој развил модел за решавање на ментално здравје и благосостојба на личноста. Овој модел ЦСМ, (CSM- Complete State Model) е познат како двофакторски модел на ментално здравје. ЦСМ моделот идентификува ментална благосостојба и ментална болест за која смета дека лежи во континуитетот или дисконтинуитет, на високо и ниско ниво на благосостојба на перцепција на личноста.

Преку прикажување на интеракцијата на овие два фактори се одредува целокупното ментално здравје на личноста. Слејд тврди дека личното закрепнување е целта на позитивната психологија и тоа произлегува од надежта, среќата и одговорноста на личноста. ЦСМ моделот го идентификува менталното здравје како високо ниво на благосостојба и ниско ниво на ментална болест (на пример, депресија, анксиозност, стрес). Во центарот на вниманието не е да се исклучат менталните болести или психотичните симптоми, туку да се сугерира дека благосостојбата и менталните болести се посебни прашања што заедно го структурираат менталното здравје на личноста.

Објаснувањето за ЦСМ моделот има исклучително значење за позитивната психологија за јакнење на личната благосостојба и закрепнување на личноста. Моделот промовира автентична среќа и опишува дека „добриот" живот може да биде во четири форми:

- *Пријатен живот* - претставува позитивни емоции и нагон за правење добри работи што го подобруваат вкупното задоволство и личното задоволство;
- *Ангажиран живот* - каде што личноста се преокупира со подлабоко чувство за сопствените емоции, силните карактерни страни и започнува да го ремоделира својот живот кон позитивности.
- *Смисленият живот* - во кој поединецот постигнува зголемена свесност за себе и го бара вистинското значење на среќата.
- *Постигнување во животот* - каде што човекот е поттикнат да работи многу понапорно и да се посвети на остварување на своите амбиции. Во остварувањето на животот, едно лице добива среќа и вистинско чувство за себе од тоа што постапува според неговите соништа и ги прави остварливи.

Слејд сугерира дека следењето на принципите на позитивна психологија е најдобриот начин да се промовира индивидуално закрепнување на личноста и да се гарантира задоволително ниво на ментална здрава состојба. На следната слика број 1 претставен е ЦСМ моделот на Слејд.

Слика број 1: ЦСМ моделот на ментално здравје на Слејд
Извор: според: Seligman, M.E.P. et all., Positive psychology progress: Empirical validation of interventions,. American Psychologist, 2005,. 60(5): 410-421.

Од аспект на здравствената психологија значајно е да се истакне дека таа дава голема важност на менталната благосостојба кога станува збор за живот без „болести". СЗО го опишува здравјето како „состојба на целосна физичка, ментална и социјална благосостојба која не е само отсуство на болест или слабост". Оттогаш, истражувачите и здравствените работници низ целиот свет ја сфатија важноста на оптималната состојба на здраво функционирање и позитивна ментална состојба на личноста да бидат сфатени во вкупното психичко и физичко здравје на личноста. Здравствените психолози го дефинираат позитивното здравје како комбинација од:[3]

- Ретки и кратки тајни на болеста,
- Висока стапка на закрепнување,
- Брзо заздравување на раните,
- Повеќе физичка еластичност и имунитет,
- Отсуство на фатални или крајни заболувања.

Примената на позитивните здравствени стратегии кои предвидуваат добро здравје вклучуваат: позитивни чувства, самозадоволство, позитивно размислување, емоционално управување и саморегулација, самоподобрување и наоѓање на вистинското значење на среќата, духовноста, емпатија и прошка и градење на силни социјални односи.

Во еден експеримент за проучување на влијанието на позитивните емоции врз настинката, Коен и неговите колеги, откриле дека учесниците кои пријавиле дека доживуваат позитивни емоции како среќа, задоволство и ентузијазам, имаат помал ризик од заразување со вирусот на настинката. Оние испитаници кои кои пријавиле чувство на депресија, осаменост или лутина, имале повисок ризик од заболување со анстинката. Оваа студија дава директна потврда на фактот дека позитивните емоции гарантираат подобро здравје, поголем имунитет и посилна отпорност на личноста. Во една друга студија спроведена на возрасна

3. Joanna Mitchell, Positive Psychology and the Internet: A Mental Health Opportunity, January 2011, E-Journal of Applied Psychology 6(2):30-41.

популација во САД, се покажало дека постоењето на цврста цел во животот на личноста го намалува ризикот од коронарни заболувања кај пациентите. Овие пациентите иако имале историја на срцеви дисфункции, покажале знаци на брзо закрепнување и помали се шансите за повторно разболување кога се лекуваат со позитивни интервенции.

Исто така, и при стресот и стресните состојби, студија која била посветена за влијанието на позитивната психологија врз стресот, се потврдило дека вработените кои следеле позитивен пристап во нивното секојдневие и користеле позитивни интервенции, имале евидентно значително намалено нивоа на стрес. Тие имале поголемо чувство на самомотивација, имале подобри односи со своите соработници, поголема продуктивност и задоволство во работата.

ЗАКЛУЧОК

Примената на позитивната психологија во справување со стресот и секојдневната изложеност на притисок на личноста придонесува за практикување на позитивните стратегии кои придонесуваат кон: позитивни чувства, самозадоволство, позитивно размислување, емоционално управување и саморегулација, самоподобрување и наоѓање на вистинското значење на среќата, духовноста, емпатија и градење на здрави социјални односи. Многу експерименти потврдиле дека влијанието на позитивните емоции врз болестите на личноста преку доживување на позитивни емоции (среќа, задоволство и ентузијазам), имаат помал ризик од заболување, побрзо закрепнување, отколку учесниците кои пријавиле чувство на депресија, осаменост или анксиозност.

Ова директно го потврдува фактот дека примената на позитивните емоции гарантираат подобро здравје, поголем имунитет и посилна личност. Во справувањето со стресните состојби студите, потврдуваат дека вработените кои го следеле позитивниот пристап во секојдневните обврски имале значително помало ниво на стрес.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Davidson, Sells, Sangster, O'Connell: Recovery in mental illness., Broadening our Understanding of Wellness, 2005.
2. Mike Slade, 2009., A Study On Mental Illness And Well-Being, pdf.
3. Seligman, (2002): Authentic happiness: Using the new positive psychology to realize your potential for lasting fulfillment.
4. Shapiro Meditation: Self-regulation strategy and altered states of consciousness. New York: Aldine; 1980.
5. Niederhoffer, Pennebaker, Snyder, Lopez, (2002); 573–583.
6. Seligman, M.E.P., & Csikzentmihalyi, M., (2000), Positive Psychology: An Introduction. American Psychologist, 55, 1. 5-14.
7. Seligman, M.E.P. et al., (2005), Positive psychology progress: Empirical validation of interventions. American Psychologist, 2005. 60(5): 410-421.
8. Sheldon, K.M. and L. King., (2001), Why positive psychology is necessary., American Psychologist, 2001. 56(3): 216-217.
9. WHO, Social Determinants of Mental Health, 2014, pdf.

37.015.3:005.32]:378.22

М-р Марина Кузмановска
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

МОТИВАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ВИСОКИ АКАДЕМСКИ ПОСТИГНУВАЊА

АПСТРАКТ: Мотивацијата може да се дефинира како движечка сила зад сите активности на поединецот.
Додека мотивацијата може да се дефинира како движечка сила зад сите активности на поединецот, толку е потесна дефиницијата за мотивацијата на постигнување како потреба за успех или постигнување. Всушност мотивацијата нуди корелација со академските перформанси. Дава желба да се најдат и применат потребните напори за да се биде успешен во учењето.
Процесот на стимулирање на мотивацијата во учењето поврзана е со енергијата на детето и поривот да се труди, ефективно да студира, да се подобри и да работи според својот потенцијал.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: мотивација,учење, внатрешна и надворешна мотивација академски постигнувања

MOTIVATION AS A FACTOR FOR HIGH ACADEMIC ACHIEVEMENT

ABSTRACT: Motivation can be defined as the driving force behind all the activities of the individual. While motivation can be defined as the driving force behind all an individual's activities, the narrower the definition of achievement motivation as a need for success or achievement of excellence.
In fact, motivation offers a correlation with academic performance. Gives the desire to find and apply the necessary efforts to be successful in learning. The process of stimulating motivation in learning is related to the child's energy and the urge to try, study effectively, improve and work according to his potential.

KEYWORDS: motivation, learning, internal and external motivation academic achievement

ВОВЕД

Мотивацијата може да се дефинира како движечка сила зад сите активности на поединецот. Етимолошкото значење на терминот мотивација е изведен од латинската кованица movere, што значи да се движам. Мотивацијата ги вклучува процесите кои го стимулираат, насочуваат и одржуваат однесувањето. Да бидеме мотивирани, значи да бидеме придвижени да направиме некоја акција или да се однесуваме на одреден начин.

Мотивацијата за постигнување обезбедува енергија за поединците и нивните постигнувања во идентификувањето и решавањето на проблемите со тоа што нивниот живот станува попродуктивен и креативен.

Мотивацијата е исто така важна и во процесот на учење, бидејќи е поврзана со енергијата на детето и поривот да се труди, ефективно да учи, да се подобри и да работи според својот потенцијал. Како таква, таа сигурно влијае на успехот во училиштето, така што Стернберг (Sternberg, 2000) смета дека средината за учење, иако можеби е најдобра, нема да служи без оптималната мотивација.

Причинителите кои го оправдуваат процесот на мотивација во учењето поделени се на две гледишта.

Мотивацијата е нешто што може да биде многу интересно. Некои теми ќе ви ја разбудат имагинацијата и можат да бидат забавни. Било што нас ни говори за тоа кој сме, зошто сакаме она што го сакаме , и како да си го подобриме животот . Исто така , она што ни говори за тоа што другите луѓе сакаат и зошто и како можеме да помогнеме за да си го подобрат животот истите.

Второ, мотивацијата е важна самата по себе , но и заради тоа што може да помогне за предвидување на животниот исход кој е и тоа како важен, кој го вклучува квалитетот на нашата работа или она што го правиме. Заради тоа учењето на мотивацијата може да биде многу практична и вредна за трудот вложен. Многу е корисно да се знае од каде доаѓа мотивацијата, зошто некогаш се менува , а некогаш не, под кои услови расте или опаѓа , кои аспекти на мотивацијата можат да се променат а кои не. Се дури проучувањето на мотивацијата ни помага да дознаеме како да си го подобриме животот наш и на другите е учење кое е вредно за времето вложено.

Патот до разбирањето на мотивацијата може да биде различен. Мотивацијата обично се гледа на два начина: како личност или карактеристика на средината (Clickenbeard, 1996); но почесто, се гледа како на лична карактеристика која останува релативно стабилна низ контекстите и ситуациите.

Брофи (Brophy, 2010) со современи гледишта, ја поврзува мотивацијата со когнитивните и афективните процеси на поединци, како што се мислите, верувањата и целите, и го нагласува ситуираниот, интерактивен однос меѓу ученикот и средината за учење.

Според Центарот за образовна политика (Center on Education Policy, 2012), истражувачите (Bandura, 1996; Dweck, 2010; Murray, 2011; Pintrich, 2003; Ryan & Deci, 2000; Seifert, 2004) генерално се согласуваат за четири главни димензии кои придонесуваат за мотивација на учениците: компетентност (ученикот верува дека има способност да ја заврши задачата); контрола/автономија (со согледување на директна врска меѓу неговите акции и резултатот од нив, и задржување автономија со тоа што има некој избор); интерес/вредност (ученикот покажува интерес за задачата или ја гледа вредноста на нејзиното завршување); и поврзаност (социјални награди, како што е чувство на припадност кон класот или одделението или кон друга посакувана социјална група или одобрение како и пофалба од некоја личност). Според овој мотивациски модел, барем една од овие компоненти треба да биде присутна. Овие димензии се во постојана игра со друга динамика, како што се училишната клима и домашната средина во комплексен сооднос.

Современите теории претпоставуваат дека мотивацијата, исто така, може да варира како функција на културата, социоекономскиот статус, етничката припадност, родот и нивото на способноста (Schunk et al., 2008).

Академската мотивација дефинирана како ентузијазам за академско постигнување е важен психолошки концепт во образованието и е поврзан со многу различни образовни резултати (Deci & Ryan, 1985).

Процесите на енергизирање и насочување произлегуваат од внатрешноста на личноста или од околината . Мотивите се внатрешни потреби , когнитивни и емотивни- кои енергизираат тенденција на приближување или одбегнување од одредени случувања.

Внатрешни мотиви

Внатрешната мотивација е интерна и вклучува порив да се направи нешто за своја волја (т.е., бидејќи самата активност е наградувачка); да се заврши активност за радост или задоволство од извршување на самата активност, поради интерес и задоволство од вклучувањето.

Кога е присутна внатрешна мотивација, студиите покажале дека учениците се ангажирани во учење од необичност, интерес или уживање, или со цел да ги постигнат своите сопствени научни и лични цели. Дев (Dev, 1997) сметал дека ученикот кој е внатрешно мотивиран нема да има потреба од никаков вид на награда или поттик за иницирање или завршување на задача. Внатрешната мотивација (или внатрешен интерес), исто така, се однесува на личната фасцинација со одредени предмети, задачи или феномени (Bandura, 1986) или тенденцијата за одржување на ангажманот само заради истиот. Внатрешна мотивација произлегува од вродените психолошки потреби на компетентност и самоопределување (Vallerand et al., 1992). Исто така, според Деси и Рајан (Deci & Ryan, 1985), внатрешната мотивација се одржува само кога поединците се чувствуваат самоопределени и компетентни. Внатрешната мотивација е силно поврзана со употребата на когнитивните стратегии, саморегулацијата и упорноста во академската работа (Pintrich & De Groot, 1990). Оваа природна мотивациска тенденција (внатрешна мотивација) е суштински елемент во когнитивниот, социјалниот и физичкиот развој. Според Деси и Рајан (Deci & Ryan 1985), внатрешната мотивација е вродена на човечкиот организам (природна постојана состојба на организмот), бидејќи внатрешно мотивираното однесување ја задоволува потребата на лицето да се чувствува компетентно и автономно.

Надворешни мотиви

Од друга страна, надворешната мотивација е поврзана со тоа што се прави нешто што води кон посебен исход и се однесува на мотивацијата за завршување на активност со очекување на надворешни награди (Deci, 1972), правејќи нешто за да се добие нешто друго (на пример, добри оценки, престиж; Woolfolk, 2009), однесувања кои се регулирани преку надворешни средства како што се ограничувања и награди (Vallerand et al., 1992) или надворешни фактори или стимулации (како аплауз или пофалби) кои можат да служат за зајакнување на постигнување на успех кај учениците. Ова е поврзано со победа; затоа, учениците имаат тенденција да се концентрираат повеќе на самата наградата вклучена во победата. Дев (Dev, 1997) сметал дека ученикот, кој е надворешно мотивиран, учествува во учењето чисто за добивање награда или за избегнување на казна. Истото го заклучува и Лепер (Lepper 1988), кога вели дека надворешната мотивација значи да се добие некоја награда или да се избегне некоја казна што е надворешна од самата активност, како што се оценките, налепниците или пофалба од наставникот. Значи, на основно ниво, надворешните мотиватори може да вклучуваат награди како што се оценки, бонбони или златни ѕвезди. На пософистицирано ниво, може да се размисли за

инкорпорирање на ученичкиот интерес, практични апликации, насочена помош и поттикнување на саморегулација (Foster, 2009). Надворешно мотивираните однесувања се од суштинска важност за природата (Fortier, Vallerand, & Guay, 1995), бидејќи тие се регулирани преку надворешни средства во облик на ограничување или награда. Надворешната мотивација, честопати предизвикана од фактори како што се пари или награди, од друга страна, може да го поткопа чувството за автономија ако се перцепираат како надворешно контролирање (Amabile, Hill, Hennessey, & Tighe, 1994).

Пинтрич (Pintrich, 2003), во своето резиме на тековните мотивациони научни перспективи, го опишува континуумот од внатрешна кон надворешна мотивација. Авторот сугерира дека колку повеќе го интернализираме стилот на мотивација, толку повеќе ученикот најверојатно ќе биде ангажиран во училиште, да има подобро учење и перформанси, и да има поголема психолошка благосостојба.

НАДВОРЕШНАТА И ВНАТРЕШНАТА МОТИВАЦИЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

Теоријата за самоопределување дава поставка дека однесувањето може да биде внатрешно мотивирано, надворешно мотивирано или амотивирано (Deci & Ryan, 1985). Трет тип на мотивациски конструкт во теоријата за самоопределување е амотивација, која едноставно подразбира релативно отсуство на мотивација или недостаток на намера да се дејствува и се јавува кога поединецот не ја доживува непредвидливоста помеѓу неговите сопствени акции и исходи (Vallerand et al., 1992); верувајќи дека неговото однесување како поединец е предизвикано од надворешни сили кои се надвор од неговата контрола.

Амотивацијата е резултат на тоа кога едно лице не ја вреднува активноста (Рајан, 1995), не се чувствува компетентен да го стори тоа (Deci, 1975), или не верува дека ќе даде посакуван исход (Seligman, 1975).

Може да има некои нивоа на интернализација во надворешно мотивирани однесувања. Видовите на надворешна мотивација, од пониско до повисоко ниво на самоопределување, се: надворешна регулација, интроекција и идентификација (Vallerand et al., 1992). Сепак, учениците можат да бидат и внатрешно и надворешно мотивирани од истата активност. Ленс и Ранд (Lens & Rand, 2000) веруваат дека и внатрешните и надворешните мотивации истовремено дејствуваат во повеќето од нашите однесувања.

Родовата разлика е една од важните варијабили во типот на мотивација. Стручната литература покажува дека момчињата се повеќе мотивирани од надворешноста (Anderman & Anderman, 1999), додека девојките покажуваат поголема внатрешна мотивација (Месса & Holt, 1993). Додека за академските перформанси Скифеле, Крап и Винтелер (Schiefele, Krapp, & Winteler, 1992) силно сугерираат дека успехот кај машкиот ученик го зголемува нивото на интерес повеќе отколку што е случај кај женските ученици.

Постојат повеќе фактори за стимулирање на мотивацијата за високи академски постигнувања.

Нивоата на мотивација може да бидат засегнати од надворешни фактори (на пример, поставување цели, општествено влијание, конкуренција и други вредносни резултати) или внатрешни фактори (на пр., чувства на владеење со материјалот, општа желба за учење или уживање во самата задача). На пример, во студијата на Мекоуч и Сигел, меѓу неколку психолошки фактори, факторот мотивација дава наоди дека постојат различни фактори при стимулирање на

мотивацијата; ова укажува на тоа дека постојат и други фактори надвор од високата интелектуална способност која влијае врз мотивацијата, како што се наведуваат и во други истражувања, каде што се покажува дека внатрешните карактеристики на личноста ја обликуваат академската мотивација за сите ученици.

Преглед на истражувачката литература за семејствата и училишната мотивација од Гролник, Френдли и Белас (Grolnick, Friendly, & Bellas, 2009), открил дека семејствата можат да имаат силно влијание врз различни резултати од училиштето, вклучувајќи го и развојот и одржувањето на позитивната мотивација.

Особено познати во ова поле се истражувачите Готфрид и Готфрид. Овие познати автори особено правеле истражувања за академската внатрешна мотивација, дефинирана како уживање во учењето на ученикот, карактеризирано со ориентација кон владеење на материјалот, љубопитност, упорност, ендогенија на задачи и учење на предизвикувачки, тешки и нови задачи. Овие автори, во серија на трудови, откриле дека децата со повисока академска внатрешна мотивација имаат тенденција да имаат значително повисоки постигнувања, помалку анксиозност, помалку надворешна мотивација и повисоки интелектуални перформанси; покрај тоа, академската внатрешна мотивација станува постабилна во текот на адолесцентните години. Уште повеќе, во една вкрстена студија, се покажало дека академската внатрешна мотивација самостојно предвидува контрола на постигнувањата за IQ користејќи делумни корелации. Готфрид (Gottfried, 1985), во контекст на децата од четврто и од седмо одделение во однос на училишните предмети и во однос на учењето во училиште воопшто, утврдил дека академската внатрешна мотивација е значително и позитивно поврзана со академските постигања на децата воопшто.

На крај, ние ја разбираме академската мотивација (т.е. мотивацијата за учење) како медијаторска варијабила на академскиот успех. Да сублимираме дека мотивацијата игра важна улога во постигнувањето на резултати и во диференцијацијата помеѓу ученици со високи резултати и оние со ниски резултати.

ЗАКЛУЧОК

Мотивацијата е високо истражувана тема во областа на образованието, каде што е пронајдена корелација со академските перформанси.

Гледајќи од овој агол е мотивацијата дава желба да се најдат и применат потребните напори за да се биде успешен во учењето.

Се разбира, дека вродена мотивација е меѓу неколкуте психосоцијални вештини кои треба да бидат присутни, негувани и развиени како услов за поединецот да постигне стручност или еминентност во своето поле на делување.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Bourdieu, P. (1992). Language and symbolic power. Cambridge, MA: Harvard University Press.
2. Bowen, M. (1978). Family therapy in clinical practice. New York: Jason Aronson.
3. Božin, A., (2005). Uloga porodice u razvoju darovitih, Zbornik 11, Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.
4. Bronfenbrenner, U. (1979). The ecology of human development. Cambridge, MA: Harvard University Press.
5. Clinkenbeard, P. R. (2012). Motivation and gifted students: Implications of theory and research. Psychology in the Schools, 49(7), 622–630. https://doi.org/10.1002/pits.21628.
6. Davidson, J.E. (2009). Contemporary Models of Giftedness. In Shavinina, L. V. (Ed). International Handbook on Giftedness. Part one. Springer Netherlands.
7. Gottfried, A. E., Fleming, J. S., & Gottfried, A. W. (1994). Role of parental motivational practices in children's academic intrinsic motivation and achievement. Journal of Educational Psychology, 86(1), 104-113.
8. Grolnick, W. S., Friendly, R. W., & Bellas, V. M. (2009). Parenting and children's motivation at school. In K. R. Wentzel & A. Wigfield (Eds.), Handbook of motivation at school, 279-300. New York & London: Routledge.
9. Kevereski, L. (2008). Family of the talented as an intra- and interactional structural and dynamic design. Zbornik 14, Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.
10. Musafa.S.(2019). Examination of family characteristics, motivation and achievement between gifted students in Kosovo,Doctoral dissertation, "Sv. Kliment Ohridski", Bitola (pp.76-86)
11. McNabb, T. (2003). Motivational issues: Potential to performance. In N. Colangelo, & G. A. Davis (Eds.), Handbook of gifted education (pp. 417–423). Baston: Allyn & Bacon.

616.891.6:[37.091.3:81'243(497.7)

Проф. д-р Диана Белевска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

М-р Глигор Цветанов
Р. Северна Македонија

ЈАЗИЧНА АНКСИОЗНОСТ КАЈ ВОЗРАСНИ ПОСЕТИТЕЛИ НА НАСТАВА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО НЕФОРМАЛНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПСТРАКТ: Главната цел на трудот е да се испита постоењето и влијанието на анксиозноста која се јавува врз учењето странски јазик, бидејќи голем број истражувања го покажале дека голем број личности кои учат станси јазик, без оглед на јазикот, и без оглед дали се помлади студенти, адолесценти или возрасни, се соочуваат со проблемот на јазична анксиозност. Спроведеното истражување се фокусира на анксиозност кај возрасни ученици, кои учејќи го јазикот во училницата, се среќаваат со неможност соодветно да се изразат на англиски јазик, што влијае нивниот став кон учењето јазик и на успехот во совладувањето на истиот.
Истражувањето е спроведено на репрезентативен примерок од 62 слушатели на странски јазици избрани по случаен избор со техника на тестирање и анкетирање за да се добијат податоци дали и во колкава мерка е присутна јазичната вознемиреност кај возрасните ученици кои го изучуваат англискиот јазик. Врз основа на добиените резултати во ова истражување може да се заклучи дека јазичната анксиозност е присутна кај возрасните и дека има влијание врз учењето англиски јазик.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: анксиозност, јазична анксиозност, учење странски јазик, возрасни

LANGUAGE ANXIETY IN ADULT VISITORS OF FOREIGN LANGUAGE CLASSES IN NON-FORMAL SCHOOLS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

ABSTRACT: The main purpose of this paper is to explore the existence and impact of anxiety that occurs on learning a foreign language, because studies have shown that many people who learn a foreign language, regardless of the language, and whether they are younger students, adolescents or adults, face the problem of language anxiety. The research focuses on anxiety in adult students, who, learning the language in the classroom, encounter an inability to express themselves properly in English, which affects their attitude towards language learning and success in the learning process.
The research was conducted on a representative sample of 62 foreign language students randomly selected by testing and survey technique to obtain data on whether and to what extent language anxiety is present in adult students learning English. Based

on the results obtained in this research, it can be concluded that language anxiety is present in adults and that it has an impact on learning English language.

KEYWORDS: anxiety, language anxiety, foreign language learning, adults

ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ

Анксиозноста генерално има големо попречувачко својство на сите активности на човекот и на секое ниво на обрзование. Во време на постојани промени, глобализација, конкурентност на пазар на труд, квалитетите на еден професионалец освен во неговите стручни компетенции се огледуваат и во познавањето на два три и повеќе странски јазици. Затоа неминовно се наметнува потребата од наградување со повеќе странски јазици без оглед на возраста.

Јазичната анкиозност е проблем кои постои долги години, и пред се практичарите во образовниот профес како од формално, така и од неформално ниво добро се запознаени со консеквенците од неговата неконтролираност. Разбирањето на оваа исклучително комплексна појава која, доколку не се контролира остава непоправливи последици на процесот на учење на странски јазик и на самата личност, има исклучително големо значење за улогата на психолозите за превентивно консултативно, како и дополнително делување при појавувањето на посериозни потешкотии.

Јазичната анксиозност е една од најважните емоции што влијае на процесот на учење странски јазик. На некој начин, тоа е реакција на она што некои студенти го доживуваат како закана за нивното чувство на безбедност или нивната самодоверба. Затоа, учењето странски јазик е често трауматско искуство за многу студенти, а бројот на студенти кои признаваат дека чувствуваат некаква вознемиреност кога се изразуваат на странски јазик се зголемува секој ден. Од таа причина, јазичната анксиозност се смета за една од најинтересните области на интерес за современите применети психолози и лингвисти. Јазичната анксиозност може да се опише како субјективно чувство на напнатост, страв, нервоза и вознемиреност што се манифестира при учење странски јазик. Учењето странски јазик е единствен вид на учење и употреба на јазик, а јазичната анксиозност е својствена на тоа искуство. Михалевиќ и Игигуновиќ ги цитира Макинтир и Гарднер (Макинтир и Гарднер, 1991), кои ја дефинираат јазичната вознемиреност како „страв што го чувствуваме кога треба да користиме странски јазик што не го владееме сигурно. Потоа, тука е „чувство на непријатност, нервоза и несигурност што нѐ обзема кога треба да зборуваме, да читаме, да пишуваме или да разбереме што некој ни зборува на странски јазик“. [1]

Затоа, јазичната анксиозност најчесто се дефинира како интензивна краткотрајна состојба на чувство на мачнина со интелектуална содржина, која е придружена со голема напнатост. Во исто време тоа е многу непријатно, често нејасно чувство на вознемиреност, поврзано со едно или повеќе телесни искуства - на пример, празнина на стомакот, стегање во градите, палпитации, брзо дишење, главоболка или ненадејна потреба за мокрење.

1. Mihaljević Djigunović, J. (2009). Strah od stranog jezika i razumijevanje slušanjem kod monolingvalnih i bilingvalnih učenika engleskog jezika kao stranog jezika. Studia Romanica et Anglica Zagrabiensia. Vol. 53, Svibanj 2009.

ИСТРАЖУВАЊЕ

Спроведеното истражување припаѓа на категоријата прелиминарни истражувања чиј предмет е специфициран во јазичната анксиозност, односно анксиозноста која се појавува при изучување на странски јазик кај возрасни посетители во неформалното образование во Република Северна Македонија и нејзините психолошки последици. Поконкретно, научниот проблем е фокусиран на идентификација на нивото на јазична анксиозност која се појавува при посета на курсеви по странски јазик, поточно англиски јазик во неформални приватни училишта за странски јазици. Исто така, акцент е ставен и на утврдување на поврзаност на јазичната анксизоност и полот на испитаниците, како и поврзаноста на јазичната анксизоност и возраста на посетителите на странски јазик.

Научна цел на истражувањето е добивање сознанија дали постои јазична анксиозност кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија и во кое ниво е присутна јазична анксиозност кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.

Практичната цел на реализираното емпириско истражување е преку добиените сознанија и индикатори кои се однесуваат на присутноста и нивото на јазична анксиозност кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија да се зголеми фондот на научни знаења и предложат сугестии за надминување на оваа психолошка состојба, како и за зголемување на ефективноста при изучувањето на странски јазик.

Од дефинираниот проблем на истражување формирана е следната хипотеза: Постои високо ниво на јазична анксиозност кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.

Варијаблите на истражување произлегуваат од дефинираниот проблем на научното емпириско истражување. Варијабли на истражувањето се јазичната анксиозност и изчувањето на странски јазик во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.

Во тек на релизирање на истражувањето се аплицираа основните научни методи на аналитичко- синтетички метод и метод на дедукција и индукција при заклучувањето. Главен научен метод на целта дескрипција е дескриптивен метод.

Од техниките кои се користеа за собирање на податоци се анкетирање и тестирање на тип на случаен примерок од видот на едноставен рандомизиран примерок на 62 единици на анализа кои се посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија. Добиените податоци од страна на посетителите на странски јазици се обработени низ програмата SPSS со верзија 22 која е наменета за статистички пресметки од општествени истражувања. Се пресметаа статистички параметри кои се на ниво на дескриптивната статистика.

Популацијата на емпириското истражувањето истражување прозилезе од поставениот проблем и ги опфаќа сите посетители на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија. Од утврдената популација со рандомизација односно со случаен избор заснован на теорија на веројатност се избраа единици на анализа кои припаѓаат на едноставен примерок со случаен избор. Подетално се работи за 62 посетители на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република

Северна Македонија избрани од општините Штип, Тетово и Скопје. Вкупно целото истражување беше планирано, подготвувано и реализирано во временски период од една година. Опфати период од јануари 2019 до јануари 2020 година. Инструментите на истражување беа доставени и потоа превземени на теран односно во самите неформални училишта за странски јазици.

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

По дескриптивната анализа на податоците, добиените резултати се дадени во табелата во продолжение.

ТВРДЕЊА	силно се согласувам	се согласувам	ниту да, ниту не	не се согласувам	силно не се согласувам
	%	%	%	%	%
Не се чувствувам сигурен во себе на час по странски јазик	58,1	25,8	8,1	4,8	3,2
Не се грижам дали ќе згрешам на час по странски јазик	4,8	3,2	8,1	12,9	71,0
Треперам при учество на час по странски јазик	58,1	21,0	11,3	3,2	6,5
Се плашам кога не разбирам на час по странски јазик	58,1	25,8	4,8	6,5	4,8
Не ми пречат повеќе часови по странски јазик	3,2	3,2	59,7	22,6	9,7
Размислувам на друго на час по странски јазик	58,1	11,3	8,1	4,8	17,7
Мислам дека другите се подобри од мене на час по странски јазик	62,9	22,6	6,5	4,8	3,2
Смиреност при тестови на час по странски јазик	3,2	4,8	11,3	29,0	51,6
Паничам кога треба да се зборува без подготовка на час по странски јазик	61,3	27,4	8,1	1,6	1,6
Се грижам за последици од неуспех	62,9	25,8	8,1	3,2	0
Не разбирам зошто другите се вознемируваат на час по странски јазик	6,5	8,1	56,5	19,4	9,7
Нервозен сум и заборавам на други работи на часови по странски јазик	69,4	25,8	1,6	1,6	1,6
Непријатно ми е да одговарам доброволно на час по странски јазик	58,1	32,3	4,8	1,6	3,2
Не би бил нервозен со нативни професори по странски јазик	29,0	25,8	37,1	4,8	3,2
Се вознемирувам кога не разбирам корекции на час по странски јазик	66,1	25,8	8,1	0	0
Дури и при добра подготовка се вознемирувам на час по странски јазик	29,0	17,7	45,2	4,8	3,2
Често ми доаѓа да не одам на часови по странски јазик	67,7	25,8	3,2	1,6	1,6
Се чувствувам сигурен на час по странски јазик	3,2	4,8	6,5	46,8	38,7
Се плашам при корегирање на секоја грешка на час по странски јазик	59,7	25,8	6,5	4,8	3,2
Чувствувам како срцето „ми чука„	64,5	25,8	8,1	1,6	0
Колку повеќе учам, повеќе се збунувам на час по странски јазик	58,1	30,6	8,1	0	3,3

Не чувствувам притисок на час по странски јазик	1,6	1,6	8,1	74,2	14,5
Чувствувам дека другите зборуваат подобро од мене на час по странски јазик	58,1	30,6	3,2	4,8	3,2
Се чувствувам самосвесен пред другите на час по странски јазик	46,8	9,7	35,5	4,8	3,2
Часовите по странски јазик ми поминуваат многу брзо	4,8	6,5	17,7	64,5	6,5
Се чувствувам напнато и нервозно на часови по странски јазик	61,3	25,8	4,8	3,2	4,8
Се чувствувам збунето кога зборувам на часови по странски јазик	59,7	25,8	6,5	6,5	1,6
Се чувствувам сигурно и опуштено на часови по странски јазик	6,5	1,6	22,6	41,9	27,4
Нервозен сум кога не го разбирам секој збор на професорот на час по странски јазик	64,5	24,2	3,2	4,8	3,2
Презаситен сум од правила од часовите по странски јазик	79,0	12,9	4,8	1,6	1,6
Се плашам дека ќе ми се смеат на часовите по странски јазик	61,3	25,8	8,1	4,8	0
Би било попријатно со нативни професори	19,4	25,8	46,8	4,8	3,2
Нервозен сум при прашања за кои претходно не сум подготвен	32,3	48,4	11,3	4,8	3,2

Табела 1.

Од прикажаните податоци на табелата може да се види дека:

- » Често се јавува недоволна сигурност во себе кога зборуваат на странски јазик на часовите по јазик кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
- » Се јавува плашливост кога не разбираат што зборува професорот по странски јазик кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
- » Често се појавува грижа за последиците од неуспехот на часовите по странски јазик кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
- » Се пројавува на виско ниво непријатност да одговараат доброволно на часовите по странски јазик кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
- » Постои високо ниво на вознемиреност кога не разбираат што коригира професорот на часовите по странски јазик кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
- » Често им се јавува размислување за да не одат на часови по странски јазик на посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
- » Присутно е мислење дека секогаш чувствуваат дека другите студенти зборуваат странски јазик подобро отколку тие самите на часовите по странски јазик во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.

» Се чувствуваат повеќе напнато и понервозно на часовите по јазик, отколку на другите часови посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.
» Постои високо ниво на плашливост дека другите студенти ќе им се смеат кога зборуваат на странски јазик во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Спроведеното истражување кое третираше проблем на анксиозност при изучување на странски јазик, поточно англиски јазик кај посетители на неформални училишта на странски јазици во државата, имаше за цел дескрипција на проблемот и се примени дескриптивен метод. Се користеа техниките анкетирање и тестирање на тип на случаен примерок на 62 единици на анализа, кои се посетители на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија.

Добиените поединечни согледувања упатуваат на потврдување на генералната хипотеза на истражувањето дека е присутна и тоа на високо ниво јазичната анксиозност кај посетителите на странски јазици во неформалните училишта за странски јазици во Република Северна Македонија. Добиените резултати од истражувањето можат да бидат корисни за продлабочување на истражувањата во оваа област, од што и ќе произлезат конкретни насоки за третирање на оваа појава кај посетителите на неформални училишта на странски јазици во државата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. American Psychiatric Association (2020). Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders (Fifth ed.). Arlington, VA: American Psychiatric Publishing.
2. Barlow., David H. (2000). "Unraveling the mysteries of anxiety and its disorders from the perspective of emotion theory". American Psychologist. 55 (11): 1247–63.doi:10.1037/0003-066X.55.11.1247. PMID 11280938.
3. Beidel., D.C.; Turner, S.M. (1988). "Comorbidity of test anxiety and other anxiety disorders in children". Journal of Abnormal Child Psychology. 16 (3): 275–287.doi:10.1007/BF00913800. PMID 3403811.
4. Ćirković-Miladinović, I. (2014). Zastupljenost afektivnih strategija učenja engleskog jezika kod studenata na nematičnim fakultetima. Doktorska disertacija.
5. Hall-Flavin., D.K.(2015). Is it possible to overcome test anxiety?. Mayo Clinic. Mayo Foundation for Medical Education and Research.
6. Horwitz, E.K. and Young, D. J. (1991). Language Anxiety. From Theory and Research to Classroom Implications. New Jersey: Prentice Hall
7. Karlak, M. (2013). Odnos strategija učenja, motivacije i komunikacijske jezične kompetencije u stranom jeziku.
8. Melouah, A. (2013). Foreign Language Anxiety in EFL speaking classrooms: A case study of first-year LMD students of English at Saad Dahlab University of Blida,
9. Mihaljević Djigunović, J. (2009). Strah od stranog jezika i razumijevanje slušanjem kod monolingvalnih i bilingvalnih učenika engleskog jezika kao stranog jezika. Studia Romanica et Anglica Zagrabiensia. Vol. 53, Svibanj 2009.

10. Novak, J. (2002). Učenje glagolskih oblika u hrvatskome kao stranome jeziku. Zagreb: Filozofski fakultet (magistarski rad). Skinuto sa sajta 14.06.2014. 200
11. Petrović, O. (2011). Uvažavanje afektivnog aspekta u nastavi engleskog jezika. Nova škola,
12. Schmidt, N. B.; Allan, N. P.; Knapp, A. A.; Capron, D.(2019). Targeting anxiety sensitivity as a prevention strategy. The Clinician's Guide to Anxiety Sensitivity Treatment and Assessment. pp. 145–149.
13. Ќимова, Ѓ.(2020).Образованието низ призма на психолошките процеси. Меѓународен Центар за Славјанска Просвета, Свети Николе
14. Ќимова, Ѓ.(2019). Училишна педагогија. Здружение за теорија и практика на образованието, Образовни рефлексии, Скопје
15. Ќимова, Ѓ. (2018). Методика на настава по психологија.Меѓународен Центар за Славјанска Просвета, Свети Николе

Веб извори (пристапено 2020)

16. http://www.anxietycentre.com/anxiety-symptoms.shtml from Anxiety Centre
17. http://psihijatrija.hr
18. http://www.ucla.edu

159.922.01

Мирослав Крстић
Миљана Павићевић
Јелена Минић
Република Србија

ЗНАЧАЈ ФАЗЕ ИНЦИЈАТИВЕ И РАДОЗНАЛОСТИ У ОКВИРУ ИНДИВИДУАЛНОГ ЖИВОТНОГ ЦИКЛУСА

АПСТРАКТ: Мислимо да данас нема психолога у свету који није упознат са делом Ерика Х. Ериксона и његовим учењем о целоживотном индивидуалном циклусу (од рођења до смрти). Где у оквиру целоживотног индивидуалног циклуса детљно описује осам нормативних развојних фаза: фазу основног поверења, аутономије, иницијативе и радозналости, одговорности, адолесценције, интимности, репродукције и интеграције/мудрости. Несумњиво да су све фазе подједнако важне и значајне за раст и развој, али сматрамо да у вези треће фазе развоја, тј. у фази инициијативе и радозналости већина родитеља и институција мало или недовољно ради са децом на подстицају њиховог развоја и раста. Сматрамо да то треба и променити из више разлога.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Ерик Ериксон и индивидуални животни циклус, фаза иницијативе и радозналости, подстицај раста и развоја деце

THE IMPORTANCE OF THE INCIATIVE AND CURIOSITY PHASE WITHIN THE INDIVIDUAL LIFE CYCLE

ABSTRACT: We think that today there is no psychologist in the world who is not familiar with the work of Eric Erickson and his teaching about the entire individual life cycle (from birth to death). Where within the lifelong individual cycle it describes in detail eight normative developmental phases: the phase of basic trust, autonomy, initiative and curiosity, responsibility, adolescence, intimacy, reproduction and integration / wisdom. Undoubtedly, all phases are equally important and significant for growth and development, but we believe that in connection with the third phase of development, ie. in the phase of initiative and curiosity, most parents and institutions work little or insufficiently with children to encourage their development and growth. We believe that this should be changed for several reasons.

KEYWORDS: Eric Erickson and the individual life cycle, the phase of initiative and curiosity, stimulating the growth and development of children

УВОД

У вишедеценијском раду са децом и младима, клијентима и испитаницима, у свакодневном практичном раду неизбежно је било директно и индиректно остати у теоријским и практичним оквирима које нам је дао Ерик Ериксон. Један од значајних допринос Ерика Еикосона је свакако учење о расту и развоју у оквиру индивидуалног животног циклисуса који траје од рођења до краја живота појединца. Он развој посматра као постепено изграђивање и обогаћивање осећања личног идентитета користећи при томе два принципа: епигенетички принцип и принцип алтернативности. При чему размишљајући о човеку у

временском континуитету истиче осам развојних фаза, уз напомену да свака од ових фаза представља и могућу кризну ситуацију при чему од повољног или неповољног исхода у решавању развојних криза зависи индивидуални развој. Зашто нам је у практичном раду са децом и младима било важно све ово? Да би смо пре свега у саветодавном и едукативно – реедукативном раду могли да подстичемо/стимулишемо раст и развој деце и младих. Када је реч о подстицају развоја мислили смо на тријас способности и вештина и то: когнитивних, емоционалних и социјалних способности и вештина. Уважавајући пре свега ставове Давида Векслера, Жана Пијажеа и Хауарда Гарднера у вези когнитивних способности, а Данијела Големана у вези емоционалних и социјалних способности/вештина и фокусиране пажње. Као и Абрахама Маслова и његово учење у вези мотивације (интризичне и екстринзичне мотивације). И на крају, као можда и нама најважније учење, учење Лава Виготског. Подсетимо се да: „Виготски тврди да су више мисаоне функције интегрално повезане са социјалном интеракцијом". [Gardner, Kornhaber, Wake, 1999]. Заправо Виготски каже: "Све су више мисаоне функције интернализирани социјални односи" и да је: "Смисао или значења до којих људи долазе, чак и кад су сами, имају порекло у интеракцијама с другима". [Vigotski, 1979]

РАЗВОЈНЕ ФАЗЕ

Ериксон, као што је свим психолозима познато, наводи осам нормативних развојних фаза у оквиру индивидуалног животног циклуса: фазу основног поверења, аутономије, иницијативе и радозналости, одговорности, адолесценције, интимности, репродукције и интеграције/мудрости. Овде ћемо укратко (најкраће што је могуће) дати кратак опис првих пет фаза. Разлог томе је што су ове фазе заправо фазе које обухватају период детињства и младалашта које су предмет нашег интересовања, истраживања и рада. Преостале три фазе припадају одраслом добу. При чему смо склони да фазе одраслог доба класификујемо у складу са учењем Роберта Хавигхурста /рано, средновечно и касно одрасло доба/, као и учење Левинсона о одраслом добу и то посебно средњовечност и касно одрасло доба.

Фаза основног поверења

Ова фаза везује се за прву годину живота (за рани, најмлађи узраст) и назива се фазом стицања основног поверења. Фаза стицања основног поверења је у вези са изграђивањем основног става особе према самој себи и према свету, овај став се формира под утицајем присуства односно одсуства топлог и прихватајућег односа са мајком и/или субститутом мајке. Порука коју дете носи из ове фазе (односи се на афективну везаност) у случају позитивног исхода у виду осећања које се развија и прераста у осећање самоприхватања, као и љубави према другима.

Фаза аутономије

Фаза стицања аутономије везује се за другу годину живота и повезана је са дететовим моторним развојем (кретање/ход), развојем говора, навикавањем на чистоћу, а самим тим и са могућношћу детета да себе доживи као самостално и аутономно биће. Добар исход се огледа у постизању осећања већег самопоуздања, моћи и поноса („Ја сам слободна воља коју поседујем").

Фаза иницијативе и радозналости

Протеже се током предшколског узраста детета. Повезана је са све већом способношћу детета да кроз игру и машту мења реалност. Задатак ове фазе је стицање способности за инцијативу која је основ за изграђивање тежње ка постигнућу. Успешан исход се огледа у храбрости да се радознало истражује. Добар исход, тј. позитиван став из ове фазе гласи „Ја сам оно што могу замислити да ћу бити".

Фаза одговорности

Фаза стицања/усвајања одговорности повезана је са поласком детета у школу. Поласком у школу мења се дететов однос према родитељима и самом себи. Птрисутни су сада и наставници, вршњаци и други одрасли са којима дете почиње да се идентификује. Добар исход огледа се у повећању дететове самосталности и стицању сазнања да се сопственим трудом може доћи до жељених успеха и резултата („Ја сам оно што желим/научим да остварим).

Фаза адолесценције

У овој фази сви проблеми и сва лоша решења из развојних фаза као да сада долазе до пуног изражаја. Често преко ноћи збуњени и плашљиви адолесцент треба да прерасте у вешту, способну и зрелу особу. Задатак адолесцентне фазе стога је синтетизовање свега онога што се догађало у ранијим фазама и изграђивање поузданог и стабилног осећања идентитета. Добар исход огледа се у осећању да без обзира на околности, живот има смисла (осећање смисла живота као да не постоји без стабилног идентитета), што је праћено ставом „Ја сам оно што сам". Лош исход огледа се у напуштању сваке борбе за сопствени идентитет и конформистичким усаглашавањем са циљевима околине, што је не ретко праћено кризом идентитета/адолесцентном кризом.

ФАЗА ИНИЦИЈАТИВЕ И РАДОЗНАЛОСТИ

Зашто нас посебно интересује фаза иницијативе када су несумњиво све фазе подједнако важне и значајне за раст и развој. Рзлог томе је што сматрамо да у вези треће фазе развоја, тј. у фази инициијативе и радозналости већина родитеља и институција мало или недовољно ради са децом на подстицају њиховог развоја и раста. Зато сматрамо да то треба и променити. Подсећамо да ова фазе развоја у оквиру индивидуалног животног циклуса, тзв. фазе стицања иницијативе и радозналости, је фаза када деца испољавају способност да кроз игру и машту мењају реалност, као и да показују све више инцијативе и радозналсти, као и очекиваних одгвора на хиљде питања "Зашто?" Стога, никако не смемо да заборавимо да у овој фази, која по Ериксону обухвата период предшколског узраста детета од четврте до шесте године [Erikson, 2008] календарског узраста (искуство у раду са децом пре поласка у школу и са самим поласком у школу показје нам да у склопу индивидуалног животног циклуса у оквиру појединачног индивидуалног развоја деце и њихове различите развојне динамике овај период треба проширити на узраст деце од треће до седме године живота, па и касније), дете може или овладава многим способностима и вештинама: психомоторним и когнитивним, интрапсихичким и интерперсоналним које су неопходне за висок ниво квалитета живота на овом узрасту али и касније током целог живота [Крстић, Николић, 2019].

Шта на овом узрасту деца знају и могу све да науче: знају матерњи језик, а могу да науче до краја ове фазе још један или два страна језик, да читају и пишу, да усвоје појам броја, да науче више игара са правилима, могу да науче да пливају, клизају, скијају, да крену са усвајањем уметничких, музичких и спортских способности, да усвоје низ хигијенских, социјалних и емоционалних знања/способности вештина... Сам Гарднер је потврдио да је број седам произвољан у поређењу са разноврсношћу интелигенција, као и да не постоји магичан број за мноштво људских талената [Gardner, 1999], које треба стално подтицати на развој. Никако не смемо да заборавимо да данас у времену рачунарна и мобилних телефона и мноштa информација још је више у свим активностима од непроцењивог значаја фокусирана пажње онако како нам је описује Данијел Големан – где ту способност све мањег броја људи назива покретачем изузетности [Goleman, 2015]. Тако данас, више него пре, подстицај раста и развоја треба да буде усмерен на актуализацију селфа, на развој фоксуиране пажње и других домена емоционално - мотивационог развоја и све више на подстицају развоја пажње, емоционалне и социјалне интелигенције.

ПОДСТИЦАЈ РАСТА И РАЗВОЈА

Поред наведених теоријских знања у оквиру индивидуалног животног циклуса у вези подстицаја раста и развоја од велике користи и помоћи била су нам и следећа теорисјка и практична знања: познавање развојних миљоказа/мапа, прикази основних развојних скрининга, психодијагностичких тестова, техника и скала, учење о НЗР (наредним зонама развоја), портаге програми за рану стималуцију, рад са децом/клијентима и испитаницама и активности у оквиру извиђачке / скаутске организације на усвајању разних вештарстава / вештина у природи кроз игру и забаву у складу са неким елементима савременог Финског модела образовања у природи...

У вези подстицаја раста и развоја у фази иницијативе и радозналости можемо поставити више питања као смернице у раду са децом тог календарског узраста, а нека од њих су следећа питања:

1. Ко?
2. Где?
3. Шта?
4. Како? и Када?

Ко?

Сви на нивоу микро, мезо, егзо и макро система. У оквиру индивидуалног целоживотног циклуса континуираног образовања и васпитања неопходан је да подстицај развоја и раста буде прилагођен сваком појединцу кроз сарадднички однос и тимски рад породице (родитеља), школе (васпитача и учитеља) и институција, тј. друштвене заједнице у складу са својим културним наслеђем, обичајима, митовима, легендама и народним мудростима. При чему, а у складу са савременим финским моделом за глобални покрет образовне реформе, први међу једнакима пре свега и више од свих да буду родитељи и васпитач и учитељи прихватајући наводе Сахлберга Пасија да је: „важан учитељ и његова колегијалност. Важнији је од институције, школе, просвете, државе... Сви учитељи у Финској морају бити магистри/мастери струке (ја бих додао и васпитачи/студенти). Студије за магистра струке трају од пет до седам година, рачунајући

основне студије. Програми наставничких студија базирани су на истраживању и завршавају се обавезним магистарским (научно-истраживачким) радом. Саме студије укључују знања из психологије, педагогије, дефектологије, методологије, социологије образовања... Наставници* морају да се током читавог радног века професионално усавршавају [Sahlberg. 2013].

Где?

Свуда кроз предшколски и школски систем, здравствени систем и систем социјалне заштите (усаглашеним законским повезивањем школе, здравствених установа и служби центра за социјални рад) на принципима сарадничког, колегигијалног и тимског рада који карактерише: мултидисциплинаран, мултиинституционалан, умрежен интерсекторски рад

[Крстић, 2009].

Шта?

На питање: Шта? или Шта све? може и треба да се уради у овој фази развоја на плану подстицаја развоја одговор је да је могуће навсти само део листи и активности које треба урадити/подстицати/стимулисати, а то је следеће:

1. Говор (матерњи језик, други и трећи страни језик... књижевност / читање и писање...)
2. Моторика (скакање, трчање, вожња бицикла, пливање, скијање, клизање, плес, ролери, скутер...)
3. Уметност (музика, сликарство, вајарство, филм, стрип, фотографија, свирање,певање, цртање...)
4. Наука (рад на рачунару, математика, биологија, историја, географија, физика, хемија, теологија...)
5. Спорт (индивидуални и тимски: тенис, стони тенис, атлетика..., голф, фудбал, кошарка, ватерполо, одбојка, рагби...)
6. Занати (стари и нови: алас, капар, кувар, берберин, кројач, баштован, гравер, грнчар, пекар...)
7. Сналажење у природи (оријентација и извиђачка вешарства: оријентација у простору /компас,азимут, сунце, звезде, маховина, годови.../, сигнализација / Морезеова азбука.../, начини преживљавања у приорди, бивраковање, познавање јестивог биља и меса, паљење и одржавање ватре, 117 извиђачких вештарстава / вештина [Ferenčak, 1966]...

Овај листи треба придодати које још таленте, вештине и способности, тј домене/ области/ вредности/особине/карактеристике личности треба стимулисати/развијати, а то су: емоционална интелигенција и емпатија, социјална интелигенција и комуникација, креативност, фокусирана пажња, решавање конфликта без сукоба, тимски рад, сарадднички однос, колегијалност, резилијентност, одговорност и радне навике, упорност и истрајност, вежбе релаксација и медитације, дигитална писменост, примери добре праксе и функционалних и практичних знања, добра евалуацију претходних животних искустава, прихватање различитости... мета вредности, моралност, алтруизам... Подстицати искреност, доброту, стрпљење, брижност/пажљивост, добрнаменост и друге врлине...

* додао бих и васпитачи

Како? и Када?

Кроз игру и забаву у свим окружењима уз обавезну и препоручену литературу примерене узрасту (приче, песме, бајке, басне као и друге књижевине облике), кроз друге уметности и уметничке садржаје, путем стрипа и филма, путем писаних и електронских медија стално и свакодневно. На свако питање користећи дететову иницијативу и радозналост Зашто, Како и Због чега? треба дати јасан одговор разумљив детету на календарском узрасту ове развојне фазе. Увек и стално треба ширити дечија интересовања нудити нове теме, активности и проблеме и тражити и давати алтернативе јер ко стиче и има више интересовања, улога и окружења има увек и много добрих избора, а ко има много добрих избора има све – ко нема више алтернатива/избора тај нема ништа. Важно је да на свим узрастима (то важи и за децу и младе) на основу алтернативних избора, интересовања, личне инцијативе и радозналости доносе одлуке (то можемо да очекујемо и тражимо од њих и на овом раном узрасту примерено њиховом узрасту и нивоу развоја). Значај односно неопходнос да стално у животу доносимо одлуке које нас на неки одређују књижевник Гордер Јустејн у својој књизи: Баш како треба (мала прича о скоро свему) на поетичан начин овако описује: „Године нам се чине несагледивим док смо још у њима и док се трудимо да нађемо пут ка непознатој будућности, али ако их се после присетимо, чини се да су прохујале као ветар. Живот усмерен ка будућности нужно подразумева извесну неодлучност, или гледање на све стране; без тога човек лако пропусти најважније прилике и могућности. Зато гледа десно и лево у сваком тренутку мора доносити низ импровизованих одлука". [Gorder, 2018].

ЗАКЉУЧАК

Комбинацином изабраних теоријских знања, практичним и истраживачким радом и евалуацијом добијених резултата истраживања које смо урадили са децом, младима и њиховим родитељима, током више година лонгитудиналног праћења, дошли смо до следећих закључка:

- да деца која су у свом развоју у првој развојној фази, позитивно разрешила нормативну кризу основног поверења и на задовољавајући начин остварили одговарајуће осећање самоприхватања и љубави према другима,
- да деца која се у другој фази, фази стицања аутономије, себе доживела као самостално и аутономно биће и стекла осећање самопоуздања, моћи и поноса,
- да деца која су током предшколског узраста у интеракцији са одраслима (родитељима, васпитачима и другим одраслим особама) и вршњацима, уз своју способност да кроз игру и машту мењају реалност, уз одговарајућу радозналост и способност за инцијативе и испољене упорности изградила тежњу ка постигнућу и храброст да радознало истражују стекла и усвојила став „Ја сам оно што могу замислити да ћу бити",
- да деца која током раног школског узраста, у фази стицања/усвајања одговорности, постану самосталнија, одговорнија, усвоје/стекну радне навике и схвате да се сопственим трудом може доћи до жељених успеха и резултата (изграде/ стекну/ интинзичну мотивацију)
- да оваквим младима у фази адолесценције неће требати много енергије да решавају своје проблеме и лоша решења из претходних развојних

фаза, да ће лакше из доба адолесценције прећи у фазе одраслог доба и прерасти у вешту, способну и зрелу особу и да ће изградити поуздано и стабилно осећање идентитета које неће бити праћено израженом кризом идентитета/адолесцентном кризом.

Све у свему, дете може брже или спорије да овладава многим способностима, вештинама и талентима захваљући свима у окружењу, пре свега родитељима и професионалцима (психолозима, педагозима, дефектолозима, социјалним радницима, педијатрима, психијатрима...), као и да посебно у фази иницијативе и радозналости омогуће деци одговоре на свако дечије Зашто? Ради овладавања психомоторним и когнитивним, интрапсихичким и интерперсоналним (емоционалним и социјалним) способностима и вештинама које су неопходне за висок ниво квалитета живота на раном узрасту (детињства и младалштва), али и касније у будућности у одраслом добу, током целог живота. Због тога морамо, јер можемо и треба да им помогнемо у томе, да дође до жељеног и могућег нивоа индивидуације (К. Јунг), стицања зрелости (Олпорт), потпуног функционисања (К. Роџерс). здраве личности (Р. Журар), самоактуализације (А. Маслов). Маслов у оквиру самоактуализације истиче став да: „Актуализација селфа није само коначно стање већ и процес актуализације сопствених потенцијала, у сваком тренутку и без обзира на интензитет. То је, на пример, питање како да неко постане паметнији помоћу учења ако је већ интелигентан. Актуализација селфа значи коришћење сопствене интелигенције. Актуализација селфа значи да особа жели да буде прворазредна или онолико добра колико може". [Maslov, 2001].

ЛИТЕРАТУРА

1. Ferenčak, M. : Izviđačka veštarstva, Savez izviđača Jugoslavije, Savezni zavod za statistiku, Beograd, 1966.
2. Gardner Howard, Kornhaber Mindy, Wake Warren: Inteligencija (različita gledišta), Naklada Slap, 1999.
3. Goleman Danijel: Fokusiranost (neprimetni pokretač izuzetnosti), Geopoetika, 2015.
4. Gorder Justejn: Baš kako treba (mala priča o skoro svemu),Geopoetika, 2018.
5. Maslov, A. : O životnim vrednostima, Žarko Albulj, 2001.
6. Sahlberg Pasi: Finske lekcije, Novoli, 2013.
7. Vigotski, Lav. : The genesis of higher mental functions. In J. V. Wertsch (Ed.), The concept of acitivity in Soviet psychology, Armonk. NY: Sharpe, 1979.
8. Erikson, E. : Identitet i životni ciklus, Zavod za udžbenike, Beograd 2008.
9. Krstić Miroslav: Principi zaštite mentalnog zdravlja dece, mladih i njihovih porodica u izbeglištvu, Spektar, 2009.
10. Крстић, М., Николић. Г. (2019): Образование в рамках индивидуального жизненного цикла в условиях европейской интеграции и глобализации; Современное образование для цифровой экономики: новые вызовы и перспективы развития Сборник трудов Международной научной конференции, Россия, – Южный федеральный университет; –«Медиа-Полис», с.146-161.

364-787.3:616-006.6-083.2
364-787.24:616-006.6-083.2

Жаклина Трајковска-Анчевска
Универзитетска клиника за хематологија
Р. Северна Македонија

ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО КАРЦИНОМ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Апстракт: Психосоцијалната поддршка кај пациетите со карцином опфаќа мултидимензионален пристап во следењето на медицински, социјални, психолошки компоненти. Канцерот ги напаѓа органските системи и предзвикува дисфункционалност, започнувајќи од дијагностиката, интензитетот на лекувањето, очекуван тераписки одговор за време на третманот, рехабилитација и реинтеграција. Вклучувањето на семејството во третманот и насоките за нивниот придонес во текот на болничкото лекување и постболничките услови, дава значителен допринос за полесно надминување на стресогените фактори и состојби. Психосоцијалната поддршка подразбира примена на методи и вештини на работа со цел надминување на негативните реакции и зајакнување на мотивацијата во борбата за лекување и подобрување на нивниот квалитет на живот.

Клучови думи: семејство, психосоцијална поддршка, третман

PROBLEMS OF GENDER IDENTIFICATION IN POSTMODERN SOCIETY

Abstract: Psychosocial support for cancer patients includes a multidimensional approach in monitoring of medical, social, and psychological components. Cancer causes dysfunction, starting with the diagnosis, the intensity of the treatment, the expected therapeutic response during the treatment, rehabilitation and reintegration. The involvement of the family in the treatment and the guidelines for their support during the hospital treatment and the post-hospital conditions, give a significant contribution for easier overcoming of the stressors and conditions. Psychosocial support means the application of methods and skills to overcome negative reactions and strengthen motivation in the fight for recovery and improving their quality of life.

Keywords: family, psychosocial support, treatment

Психосоцијалната поддршка на пациентите со карцином и нивните семејства во хемато- онкологијата е мултидимензионална област со различни специјалности и затоа опфаќа мултифакторијален пристап во примената.

Недостатокот од анализа на психосоцијалните аспекти кај оваа популација е основен мотив да се пристапи кон отварање на многу дилеми и прашања кои се поттик за важен допринос во ова научно подрачје.

Продлабочувањето на иследувањата кај пациентите со карцином, покрај медицинскиот како примарен аспект, кој постојано води напред кон откривање и примена на нови научни полиња, ја потврдува важноста за анализа на психосоцијален аспект, кои паралелно продолжува кон научно истражувачка

дејност во оваа област. Анализата на психосоцијалните аспекти доприносуваат подобрување во медицинската практика во делот на лекувањето, продолжување на животот на болните, подобрување на квалитетот на живот и нивна реинтеграција.

Психосоцијалните аспекти кои се однесуваат на пациетитет со карцином се насочени кон социјалните фактори, емоционалните, когнитивните, адаптација односно прифаќање на состојба со карцином, прилагодување на семејството кон новонастаната ситуација, текот на третманот, постболничка нега и поддршка и друго.

Според Светската Здравствена организација (СЗО), голем дел од малигните заболувања настануваат како последица на неквалитетен начин на живеење, дејства на факторите од надворешната средина, гентските фактори и инфективни фактори, бидејќи повеќе студии кои ја проучувале поврзаноста на одредени фактори на ризик вклучуваат недостаток на физичка активност, прекумерна телесна тежина, употреба на алкохол, цигари, наркотици, загаденоста на воздухот и друго.

Ваквите промени резултираат со интереакција на на генетските фактори и надворешните агенси меѓу кои, физички, хемиски и биолошки канцерогени.

Сето ова ја наметнува потребата од интегриран тераписки пристап, бидејќи карциномите се издвојуваат по комплексноста на својата патологија и клиничката слика.

Карциномот не е само болест, туку многу состојби кои развиваат мултисистемска симптоматологија, и се карактеризира со присуство на неконтролирана пролиферација на одредени клетки во телото, малигна неоангиогенеза и една од најкатастрофалните особини е способноста за метастазирање на малигните клетки која сама по себе е причина за неуспехот на терапијата и ниски стапки на излекување.

Модерната медицина базирана на докази е насочена кон инциденцата, преживувањето, смртноста од карцином, ризик од епидемиолошките фактори поврзани со некои форми на карцином, скрининг и рана детекција, утврдување на дијагнозата, примена на современи тераписки модалитети и други важни клинички испитувања.

Примарното потекло на карциномот, локализацијата и траекторијата на болеста, како и третманите кои се реализираат со често болничко лекување има огромно влијание на пациентите со карцином и со тоа се наметнува потребата од вклучување и на членовите на семејството. Справувањето со последиците кои потекнуваат од факторите поврзани со болеста се клучни за реализирање на ефективни и прилагодени интервенции, со цел надминување на проблемите.

Долгогодишните практични искуства укажуваат на фактот, дека често болните кои боледуваат од карцином пројавуваат емоционални состојби на анксиозно и депресивно расположение, што се поставува како хипотеза дека токму овие компоненти може да допринесат за прогресија на примарното малигно заболување. Истражувачите и практичарите потврдуваат дека депресијата и анксиозноста кои се одликуваат со губење на апетит, несоница, промена на расположените, пад на самопочитувањето и самодовербата, чувство на безнадежност и друго, потребно е тимски да се пристапи кон редовно следење на состојбата, советодавно информативни индивидуални разговори со болниот, особено за време на болничкото лекување.

Различните видови на карциноми имаат и свој различен тек односно развој на болеста, примена на различни стандардизирани хемотераписки протоколи, прогноза, должина на преживување во зависност од патологијата и друго, но сепак припаѓаат на категорија на болести кои имаат бројни заеднички психосоматски реакции. Повеќе студии и истражувања истакнуваат дека во процесот на хемотерапијата како етаблиран модус во лекувањето на карциномот, психосоцијалната поддршка е важен аспект кој влијае на прогнозата и преживувањето и неминовно ја наметнува потребата за вклучување на семејството во третманот.

Еден од неопходните предуслови на лекување на болниот, покрај хемотераписките протоколи адекватни на поставената дијагноза, супортивната терапија, радиотерапијата, инвазивни интервенции и друго, важно е одржувањето на стабилна психолошка состојба уште во иницијалната фаза на соопшувањето со сознанието за малигната природа на заболувањето. Сето ова претставува вистински шок и за пациентот и за неговото семејство, пред се поставувајќи се во една борба на неизвесност во лекувањето и ефектот од третманот, што отвара низа дилеми.

- Дали на пациентот отворено да му се кажува од што боледува и какви се можностите за преживување?. Во оваа насока потребно е запознавање на болниот преку хетероанамнестички податоци, проценка на неговиот психофизички потенцијал, структура на личност и други состојби, што подразбира благовремена, стручна психолошка припрема на пациентот за соопштување на дијагнозата и терапијата во процесот на адаптацијата за сознанието за болеста, која треба да се одвива етапно.
- Акцентот од прашањето дали да му се каже или не на пациентот, понатаму се поместува на прашањата: колку да му се каже, кога и како да му се каже дека боледува од карцином.
- Во тек на клиничкиот третман се наметнуваат и прашањата: кои се емоционалните потешкотии во адаптацијата на болниот чие заболување е малигно, дали е стравот од смртта доминантен проблем во процесот на емоционалното прилагодување, неизвесност и слично.

Започнувајќи од актуелниот биопсихосоцијален пристап како теоретски рамка во развојот на различни модели на едукација, интервенции, дијагностика, терапија, рехабилитација и друго, овозможува и развој на различни релевантни истражувања како и клиничка примена на различни облици на комплементарно супортивен тераписки програм во оваа област.

Биомедицинскиот модел има неколку импликации, односно подразбира дуализам помеѓу духот и телото и во основа е патоцентричен, примарно насочен кон нарушувањето кое доведува до болест, но не и кон условите кои го унапредуваат здравјето. Овој модел е редукционистички со самото тоа што болеста ја сведува на процесот на нарушување како клеточни и хемиски процеси, со занемарување на општите, социјалните и психолошките фактори. Во основа е еднофакторски, бидејќи болеста ја објаснува во рамка на биолошки нарушувања, не земајќи предвид дека при настанувањето на болеста учествуваат повеќе фактори, од кои биолошките се само еден вид.

Обидите да се надминат недостатоците на биомедицинскиот модел, низ холистички пристап на човекот, доведува до појава на еден друг вид модел – биопсихосоцијален. Овој модел во основа подразбира дека здравјето и болеста

се последица на интеракцијата на биолошки, психолошки и социјални фактори. Моделот има значење за клиничката пракса и во основа е важно во процесот на дијагностиката и изборот на терапискиот пристап, потребно е да се земе предвид интеракцијана биолошките, психолошките и социјалните фактори, што би се овозможило планирање на лекувањето сè со цел ефикасност во третманот.

Моделот содржи неколку импликации, дека за одржување на здравјето, настанокот и текот на болеста, одговорна е интеракцијата на процесите на макро ниво и процеси на микро ниво, потврдувајќи го фактот дека на здравјето и болеста влијаат многубројни различни фактори кои самите предизвикуваат многу ефекти т.е. последици. Овој модел при истражување на корелациите на здравјето, настанокот и текот на болеста, ги зема предвид и проучувањето на биолошките, психолошките и социјалните процеси како крајна цел, користејќи современи методолошки и статистички варијабли од повеќе дисциплини. Во ваква насока истражувачите развиваат систематски теориски пристап за здравјето и болеста. Овој пристап се базира дека сите нивоа на организација, независно кои ентитети се поврзани меѓусебно хиреархиски и дека промената на кое било ниво влијае на промената на сите останати.

Повеќенаучниистражувањаукажуваатдекапримената напсихоедукациските модели на советување и супортивно тераписките модалитети, од една страна може да ги намалат негативните ставови кон заболувањето, а од друга страна да ги зајакнат позитивните механизми на одбрана.

Една од основните карактеристики на психосоцијалната поддршка е согледување на процесите, чија цел е намалување на негативните реакции и зголемување на способностите односно можноста да се направи суштинска квалитативна разлика во животот како на пациентите така и на нивните семејства.

Концептите за психосоцијална поддршка интегрира фактори кои имаат комплексно влијание врз нивнотот анализирање, компарирање и дефинирање, содржани во програмите за давање помош и поддршка, креирани од интердисциплинарни тимови, што подразбира сеопфатна дискусија во процесот, вклучувајќи проценка, планирање и психосоцијално следење кај оваа популација.

Ако ја земеме во предвид комплексноста на на болеста, тогаш значи директната социјална поддршка и постапка за спогодување со болеста се однесуваат на примена на психосоцијални методи и вештини на воспоставување позитивен тераписки трансфер, мотивација, разјаснување, активирање на ресурсите, совладување на проблемите и товарот и доближување до пациентот за него прифатлив концепт на живот, се со цел тој да се соочи сериозноста на болеста и да се постигне кооперативност во тек на третманот, вклучувајќи го и семејството.

Конструктивниот тек на еден процес на психосоцијална тематика се одразува со менување на условите, начинот и квалитетот на живот.

Потребата за психосоцијална поддршка имплицира нејзино етаблирање во мултидимензионалноста на проблемот, за да се постигне колку е можно подобрување на квалитетот на живот како на болниот така и на неговото семејство. Потребите со кои се соочуваат болните со канцер се многубројни и тие може да бидат психолошки (емоционална поддршка, само-исполнетост,емоционална близина, комуникација, окупационо функционирање, здравствени потреби (контрола на симптоми-болка, исхрана) информациски, финансиски, социјални кои се должат на нивната дисфункционалност и друго.

Спроведувањето на психосоцијалнта поддршка кај оваа таргет група акцентот е во помагањето, луѓето успешно да се движат низ целото искуство со болеста, преку набљудување колку ефикасно пациентите и нивните семејства успеваат да се справат со стресот од болеста. Сето ова во голема мера зависи од клиничката компетентност, силни вештини на застапување (patient advocacy), емпатичност и друго, со цел олеснување на можностите на лицата со карцином за нивно оптимално функционирање, како во адаптацијата на нивното болничко лекување така и во социјалната средина.

Методиката на психосоцијалниот пристап се базира на техниките на интервенција, кои се дел од социјалните и психолошките научни теории и модели на нормални и патолошки реакции и доживувања во кризни ситуации, унапредување на функционалноста на социјалните односи и социјалните системи каде поединецот припаѓа. Земајќи ја во предвид комплексоста на опфатени психосоцијални интервенции се појасна е тежината на задачата да се развие интегриран фокус на дадени субјективни и објективни аспекти во теоријата и праксата. Стратешките методи во пружањето на психосоцијална подршка на болните со карцином фокусирани во една рамка на психосоцијално лекување Светската здравствена организација ги разграничува:

- Помагање да се развие самосвеста за основни континуирани биопсихосоцијални взаемни дејствија
- Создавање на континуитет на лекувањето помеѓу здравствената помош, превенцијата, лекувањето и грижата
- Создавање на широк спектар на услуги, односно комплементарност помеѓу социјалните и здравствените програми на дејствување
- Инволвирање на членови на семејството во процесот на лекување
- Зацврстување на кохезијата во семјството, преку информации во насока за психосоцијална поддршка со акцент на едукативно советодавен аспект
- Интегрирање на јасни, прецизни и конкретни психосоцијални мерки во склоп со здравствените услуги
- Институционална соработка

Психосоцијалниот пристап подразбира предзнаења од терапевтските ефекти и делување од социјалната работа и психологијата и нивната синергија во клиничка пракса.

Социјалните вештини во давањето на психосоцијална поддршка кај пациентите со карцином и нивните семејства се базира комуникација (советување, социјална терапија, социјална психотерапија, потоа директна специјална поддршка и постапки за разбирање и справување со болеста и интервенција на полето на семејството, опкружувањето и соработка. Семејството јасно е дека функционира во еден поширок социјален систем и вклучувањето во третманот на нивниот член е во насока пружање подддршка и да се поттикне зајакнувањето на семејната кохезивност и адаптивност.

Психосоцијалните програми ги земаат во предвид достапноста на ресурсите, стручноста на професионалците кои поседуваат вештини и методи на работа и заедницата. Примената на адаптирани психосоцијални програми за поддршка се насочени кон помош и помагање на луѓето за подобро справување во ситуација на криза и нивно реинтегрирање. Затоа овие програми треба да бидат адаптирани на конкретни ситуации, односно на односот помеѓу психолошките и социјалните ефекти предизвикани од болеста.

Две димензии кои ја дефинираат психосоцијалната поддршка се:

Психолошка димензија која се однесува на емоционалните и мисловните процеси, чувства и реакции

Социјална димензија која се однесува на односите во семејството и заедницата, социјалните вредности, култура и традиција.

Програмите потребно е да содржат сет на психосоцијални индикатори кои истовремено се дефинираат како мерки за рана детекција на психосоцијалните проблеми, да се постават приоритетите во една теоретска концептуална рамка, со цел следење на психосоцијалните промени и нивоата на нивна дистрибуција.

Концептуалната анализа на психосоцијалните проблеми поврзани со оваа проблематика се однесува на меѓусебните врски помеѓу објективните и субјективните компоненти и димензии на комплексот квалитет на живот. Затоа комплексноста не подразбира само структура и динамика на организацијата на заедницата туку истовремено и индивидуален пристап со пациентите и нивните семејства.

Примената на психосоцијалните програми за поддршка на пциентите со карцином и нивните семејствата во стручната литература најмногу се објаснува преку анализа на:

- физичкото здравје се однесува на анализирање на симптомите гадење и болка и други несакани ефекти од третманот, недостаток на енергија и задоволување на потребите на семејството, како и подвижноста.
- социјалната и семејната благосостојба се однесува на проценка на поддршка од семејството, пријателите, потоа прифаќањето на болеста од семејството, емотивни врски и сексуална активност.
- емоционалната благосостојба се однесува на анализирање на чувствата на тага, надеж, грижа за состојбата, промена во расположение, страв од смрт.
- функционалноста во однос на способноста за работа, задоволството од животот прифаќајќи ја болеста, квалитетен сон, задоволство од сегашниот квалитет на животот.
- дополнителни грижи кои се поврзани со социјално, физичко, персонално, емоционално нарушување, проблеми што пациентот може да ги има во врска со здравствена заштита, лицата вклучени во нивниот живот, финансиските тешкотии и други емоции и неспособности

Ваквите активности содржани во програмите за псохосоцијална поддршка треба да бидат насочени кон унапредување на квалитетот на живот како приоритетна задача што се поставува пред самиот пациент, неговото семејство, здравствените институции и социјалната средина и нивно реинтегрирање, односно вклучување во општествениот живот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Abbey, G., Thompson, S., Heathcote, D., & Hickish, T. (2014). A meta-analysis of prevalence rates and moderating factors for cancer-related post-traumatic stress disorder. Psycho-Oncology, 23, 7-7.
2. American College of Surgeons (ACOS). (2014). Cancer program standards 2012: Ensuring patient-centered care. http://www.facs.org/cancer/coc/programstandards2012.html
3. Clark, P., Bolte, S., Buzaglo, J., Golant, M., Daratsos, L., & Loscalzo, M. (2012). From distress guidelines to developing models of psychosocial care: Current best practices. Journal of Psychosocial Oncology, 30(6), 694–714.
4. Basic, J. (1997). Znanost u defektologiji. Zagreb: Fakultet za defektologiju
5. Benezon, (1985). Music Therapy Manual. Saint Louis: Magna Music Corporation Ltd.
6. Bjornsdottir, S. (1980). Creative Therapy for Hospitalized Children. Paediatrician9,198-202. Reykjavik
7. Bridge, L. R. (1989). Relaxation and Imagery for Breast Cancer Patients. Joumal of the Institute for the Advancement of Health 6 (2), 59-62
8. Christ, G., Messner, C., & Behar, L. (2018). Handbook of Oncology Social Work. Psychosocial Care for People with Cancer. (Oxford)

316.346.2:316.32

Доц. д-р Милена Моцинова-Бръчкова
Великотърновски университет "Св. св. Кирил и Методий"
Р. България

ПРОБЛЕМИ НА ПОЛОВАТА ИДЕНТИФИКАЦИЯ В ПОСТМОДЕРНОТО ОБЩЕСТВО

РЕЗЮМЕ: В перспективата на психоанализата разликата между половете не се дължи на анатомията, а на това че между тях се прави разлика в езика. Това разграничение при човека като говорещо същество се превръща в една особена езикова операция.

Приносът на фройдистката психоанализа по отношение на половата идентификация е в разкриването на механизмите на Едиповия комплекс, но идентификацията сама по себе си не е достатъчна на субекта, за да се ориентира по отношение на своя пол. Френският психоаналитик Жак Лакан въвежда термина сексуация като допълнение на половото различие към идентификацията. С него се подчертава необходимостта субектът на направи несъзнаван избор спрямо биологичния пол – избор, който става все по-труден поради липсата на устойчиви ориентири у модерния човек

КЛЮЧОВИ ДУМИ: пол, род, кастрация, фалос, ядро на идентичността, полова идентификация, сексуална идентификация, жуисанс, сексуация

PROBLEMS OF GENDER IDENTIFICATION IN POSTMODERN SOCIETY

ABSTRACT: In the perspective of psychoanalysis, the difference between the sexes is not due to anatomy, but to the fact that language is distinguished between them. This distinction in man as a speaking being becomes a special linguistic operation. The contribution of Freudian psychoanalysis in terms of gender identification is in revealing the mechanisms of the Oedipus complex, but identification alone is not enough for the subject to orient himself in terms of his gender. The French psychoanalyst Jacques Lacan introduced the term sexuation as a complement to gender differences in identification. It emphasizes the need for the subject to make unconscious choices about the biological sex – a choice that is becoming increasingly difficult due to the lack of sustainable guidelines in modern man.

KEYWORDS: sex, gender, castration, phallus, nucleus of identity, gender identification, sexual identification, jouissance, sexuation

В традиционните общества половата идентификация е свързана с комплекс от обстоятелства, очертаващи „символичните и въображаеми координати на очакваното от родителите дете" (Роа 2004: 33): предшестващи събития, още по време на очакването на детето; изборът на име; различните цветове на дрешките, с които се облича новороденото; детските играчки; правилата и нормите на поведение, очаквани за всеки пол в зависимост от спецификата на съответната култура и т.н.

Освен от социални правила и образи, половата идентификация се повлиява и от различните начини и форми на преживяване на наслаждение, свързани с определени телесни зони.

Думата ***пол*** насочва към различния начин на употреба на тялото от мъжете и жените. От друга страна е думата ***род*** – мъжки, женски и среден. Когато полът не съответства на рода настъпва една от най-големите трудности – транссексуалността, която днес се възприема като легитимно основание „полът да се хармонизира с рода с помощта на хирургията“ (Роа 2004: 34), (6).

Приносът на Зигмунд Фройд по отношение разбирането на половата идентификация с състои в разработването на идеята за Едиповия комплекс. В сърцевината на този комплекс стои въпросът за цената, която трябва да се плати от всеки – *кастрацията,* за да се впише в дискурса на сексуалното. Цената се плаща заради хуманизиращия ефект, който това вписване има.

На едно първо ниво на анатомията съществуват мъжки и женски полов орган. На второ ниво – нивото на образа – мъжкият полов орган (пенисът) се обособява като образ; или го има, или го няма: използва се като индикатор на присъствие или отсъствие. Децата във възрастта на Едиповия период имат необходимост да подчертават това, което имат или нямат, за да се разграничат като представители на определен пол.

На трето символно ниво има само един орган и това е *фалосът*. Това вече не е орган, а инструмент за мислене, логически оператор за разграничаване на мъжете и жените. Различието на половете не е толкова различие на нивото на образа, колкото различие в езика.

Според френският психоаналитик Даниел Роа „функцията на фалоса е да бъде една голяма въпросителна. Той казва: „Аз не знам“. Фалосът позволява вписване в символичното чрез „не знаем какво е това“ и тогава се разграничава тялото на субекта и тялото на Другия. На границата на това разделение се появява любовта. Функцията на фалоса е свързана с тази фина зона, която съществува като празнота в телесността или в умственото ни преживяване“ (Роа 2020), (7).

Според Фройд, субектът разполага с два ориентира по отношение на това как да използва своя пол: от една страна това е майката, от друга – влеченията (Роа 2020), (7).

Майката е първата съблазнителка на детето, която събужда сексуални желания. Майката е първоначален Друг, с когото „се правят първите обмени и се изпитват минаващите през тялото първи наслади“ (Вание, 2000: 73), (3). Това обаче е строго преследвано от социалното чрез забраната на инцеста. Тези първи удоволствени преживявания остават в психичното като *изгубеният рай* (в логиката на разбирането на Мелани Клайн за митичната представа на детето за майката и желанието му да разположи всички свои влечения в тялото на майката).

Раздялата с тялото на майката е всъщност раздяла с тяло, което детето не притежава. Да се отчита измерението на сексуалното позволява да се обхване измерението на самотата. Отделянето от Другия отваря пространство за раздяла и дава възможност за поява на субектност. Ако такова празно пространство не съществува, субектът не би могъл да си изгради тяло. „Когато наблюдаваме тригодишно дете, вкопчено с тялото на майка си, което превръща в свой обект знаем, че то не се е съгласило да приеме липсата. Защото, когато двете тела се разделят се появява нов проблем – какво иска единият от другия. Фройд нарича „либидо“ това, което циркулира в тази ситуация“ (Роа 2020), (7).

Там, където не се е осъществило разделяне на субекта и Другия, за да се отвори пространство за любовта, се появява *частичен нагон*. Едно нерегулирано наслаждение, което преминава през тялото, действа му (например мастурбацията, воайорството, ексхибиционизма). Когато посредничеството на фалоса се проваля остава ресурсът на перверзията, която помага на субекта да се справи със загадката на тялото.

Да станеш мъж или жена не е свързано със знание какво е да бъдеш мъж или жена, а се осъществява чрез „система от загуби и печалби" (Роа 2004: 38), (6) – има неща, които трябва да бъдат загубени; има и печалби, за които трябва да се намери място, но това не винаги е лесно. Загуба например е отбиването, а печалба – да получиш задоволяването на оргазма в юношеска възраст. Отношението към загубите и придобивките е свързано с психичната структура.

Психотично структурираните субекти не могат да приемат загубите, за тях те са нещо като дупка, непоносима липса, а придобивките са непоносимо присъствие.

Перверзната позиция се бележи от желанието на субекта да накара загубите и придобивките да служат на неговото собствено наслаждение. Нощното напикаване при момчетата, например е проява на нежеланието пенисът да служи за друго, освен за собственото задоволяване.

Невротичната позиция изправя субекта пред трудността да приписва загубите и придобивките на своя сметка, а не на някой друг – родителите, училището, съдбата. Когато дете с невротична структура прави прогрес като се отказва от нещо, в замяна то ще накара родителите да платят за това; или пък другите деца и по-специално тялото на дете от другия пол като търси в него недостатъци или нещо в повече (като намек за загубата или придобивката).

При граничната позиция субектите „се характеризират с дифузна идентичност, използват примитивни защити, като цяло притежават незасегната, но крехка способност за тестиране на реалността, увредена регулация на афектите, сексуалността и агресивността, инконсистентно интернализирани ценности и ниско качество на взаимоотношенията с другите...и при двата пола ексесивното развитие на прегенитална, орална агресия има тенденция да индуцира незряло развитие на едипови желания и в следствие, особена патологична кондензация на прегенитални и генитални цели под смазващото влияние на агресивни нужди. Често срещан резултат е наличие на няколко патологични компромисни решения, които дават начало на типично упорство на полиморфни перверзни сексуални тенденции... (Бургов, 2014: 184, 203), (2)

Следователно идентификацията сама по себе си не казва на субекта какво да прави със своя собствен пол. Идентификацията, дори когато я има, не може да реши въпроса за отношението към сексуалното. Идентификацията не е *сексуация (sexuation)* – термин, който Жак Лакан ще въведе като допълнение на половото различие към идентификацията.

Както посочва Светлозар Василев половата идентичност днес се разглежда като съставена от следните структури:

» Ядро на идентичността – свързано с преживяването на себе си като личност и отговор на въпроса „Кой съм аз?"
» Полова идентичност, свързана с отговор на въпроса „От какъв пол съм?"
» Сексуална идентичност, свързана с отговор на въпроса „Каква е сексуалната ми ориентация?" Тя определя сексуалните фантазии и

практики и съответно може да бъде хетеро-, хомо- или бисексуалност (Василев 2019: 140-141), (4).

Сексуалното винаги има елемент на загадка и винаги се появява в човешкото съществуване под формата на загадка. Тази енигма Жак Лакан ще нарича сексуалното реално. „Няма „естествена" сексуалност. Несъзнаваният пол не е вроден… От друга страна връзката между половете (мъже-жени) също не е програмирана от несъзнаваното, както е инстинктът при животните: няма „инстинкт", който да казва какво трябва да се прави като мъж и като жена… Лакан формулира това с една добре позната аксиома „Няма отношение между половете" (Лизи 2018: 15), (5). Няма сексуално отношение, но има сексуални връзки – сексуални срещи между мъжете и жените, които са непредвидими и случайни. Следователно има „дупка, празнота в знанието за сексуалността при говорещото същество". С термина *сексуация* Лакан подчертава, че субектът трябва да „вземе страна, да направи избор, бил той и несъзнаван, спрямо биологичния пол, което той нарича също „приемане на своя пол" (Лизи 2018: 15), (5).

Както посочва Ален Вание сексуацията е свързана с това „да се признаеш за мъж или жена", а това е свързано не с анатомията, а с означаващото (Вание, 2000: 70), (3).

Освен измерение на загадка срещата със сексуалното за субекта има и измерение на отговор, който засяга тялото – нещо, което завладява тялото и за което субектът нито знае откъде идва, нито какво е. Това измерение Лакан нарича жуисанс (jouissance). Това не е „нито фройдисткото удоволствие, нито желанието, нито задоволяването" (Вание, 2000: 73); не е фалическото наслаждение, ограничено от кастрацията, но все пак достъпно… Това е наслаждението на Другия – извън пола, извън езиковата дейност. Наслаждение, което не може да се изкаже, защото не е от реда на означаващото – наслаждение, с което субектът не знае какво да прави и което насочва към въпроса за отговорността спрямо собственото тяло и към тялото на другия.

Полско-английският социолог Зигмунт Бауман е автор на понятието втечнена *модерност* (Liquid Modernity, 1999) като синоним на постмодерност. Това, според него, е най-подходящо определение на съвременната ситуация, в която всички споразумения и договорености са временни, мимолетни и валидни само до второ нареждане. „Живот под знака на случайността и несигурността, където нищо не е предварително зададено и всяко нещо е въпрос на избор" (Бауман 1999: 19) (1).

Бауман акцентира върху това, че идеята за постмодерността е въведена като набор от отсъствия и се описва чрез фрази, като „изчезнали са", „няма вече", „липсват" и т.н. Това е „ново и неприятно усещане, че нещата са изпуснати…" (Бауман 1999 : 82), (1) Съвременници сме на „непредвидим, неподчинен на правила и самостойно развиващ се характер на нещата в света…" (Бауман 1999: 82), (1) Както посочва Даниел Роа една от проявите на втечненото общество е променливият, разтичащ се, настабилен пол (Роа 2020), (7).

В есето си *„Втечненото общество",* посветено на разбиранията на Зигмунт Бауман италианският философ и писател Умберто Еко описва липсата на каквито и да било „устойчиви" ориентири у модерния човек. „Единственият изход за индивида – за когото няма отправна точка – е създаването на видимост на всяка цена (тоест видимостта се преобразува в самостоятелна ценност) и

потреблението“ (Еко 2015), (8). Тази „видимост на всяка цена“ препраща субекта към регистъра на образа, на Въображаемото.

Друг път е пътят на езика. По време на работата си с аналитик субектът има възможност да изгради една конструкция. Както казва Фройд в тази конструкция ще има елементи на чиста истина, защото елементите на влечението ще са уловени и присъстващи (по Роа 2020), (7). Затова в тази конструкция изниква, проблясва онова означаващо, което може да стане опора за справяне със сексуалното. Доколкото тези идентификации са включени в история, в разказ, те носят фрагменти на истина и от тях субектът ще може да изгради отношението си към своето собствено тяло и тялото на Другия.

ИЗПОЛЗВАНА ЛИТЕРАТУРА

1. Бауман, З. *Глобализацията. Последиците за човека.* Издателство „Лик“, София, 1999.
2. Бургов, П. *Психодинамична концепция за гранична личностова организация.* УИ „Св. св. Кирил и Методий“, Велико Търново, Диоген, 2014, 184, 203.
3. Вание, А. *Сексуацията*. В: Лакан, Издателство „ЛиК“, София, 2000 , 69-76.
4. Василев, С. *Огледало на въображението. Психоанализа на филмовото преживяване*. Издателство „Колибри“, София, 2019.
5. Лизи, А. *Майка/жена*. В: *Журнал-а*. Списание на българското общество за лаканианска психоанализа, бр.1, 2018, 13-28.
6. Роа, Д. *Пол и род*. В: сборник „Как пораства момичето? Как пораства момчето?“ Издание на френско-български обучителен проект „Да растеш без родители“, София, 2004, 33-39.
7. Роа, Д. *Новите перспективи върху разликата между половете.* Онлайн семинар на БОЛП, 14.06.2020.
8. Еко, У. *Втечненото общество*. L'Espresso, 2015 https://offnews.bg/kultura/umberto-eko-izbrani-eseta-624546.html

316.62:159.923]:616.98:578.834

Проф. д-р Марија Котевска Димовска
РЕК Битола
Р. Северна Македонија

УЛОГАТА НА АВЕРЗИВНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА ЛИЧНОСТА ВО АДАПТИВНО И МАЛАДАПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

АПСТРАКТ: Пандемијата и интервенциите наменети за минимизирање на нејзиното ширење влијаат на секојдневниот живот на луѓето. Сознанијата од областа на психологијата на личноста може да помогнат во фаворизирање на адаптивните и минимизирање на маладаптивните начини на однесување во глобалната криза. Во овој труд се презентираат значајните истражувачки наоди од тековната литература кои обезбедуваат докази за улогата на психолошките димензии на личноста, со посебен акцент на аверзивните димензии, во индивидуални одговори на глобалнатта криза. Три аверзивни субклинички димензии на личноста - нарцизам, макијавелизам и субклиничка психопатија се претставени со концептот „Темна тријада“ на личноста, воведен од Паулхус и Вилијамс (2002). Целта на трудот е да се утврди улогата на темната тријада на личноста врз афективните, когнитивните и бихевиоралните одговори на пандемијата. Резултатите од тековните истражувања посочуваат дека постојат одредени специфики кај нарцистични, манипулативни и импулсивни профили која се рефлектира во понагласена склоност кон маладаптавно однесување и пониска афективна резонанца. Поточно, макијавелизмот (подготвеност за манипулирање) и субклиничка психопатија (импулсивност) се поврзани со повеќе здравствено ризични однесувања, помалку заштитни однесувања и отсуство на емпатија и помагање на другите кои се погодени од пандемијата. Нарцисоидното ривалство, како тенденција да се девалвираат другите, негативно ја предвидува веројатноста за одржување на социјална дистанца. Овие наоди наведуваат на заклучок дека луѓето со зголемени карактеристики на темната тријада и ниско ниво на емпатија имаат тенденција помалку да се придржуваат кон мерките за ограничување во споредба со луѓето кои не ги покажуваат овие карактеристики. Важноста на сознанијата за аверзивните карактеристики е во можноста за предвидување на афективните, когнитивните и бихевиоралните одговори во услови на пандемија.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: пандемија, нарцизам, макијавелизам, психопатија, афективна резонанца

THE ROLE OF THE AVERSIVE PERSONALITY DIMENSIONS IN ADAPTIVE AND MALADAPTIVE BEHAVIOR DURING A PANDEMIC

ABSTRACT: Pandemics and interventions designed to reduce the spread affect people's daily lives. Knowledge of personality psychology can help favor adaptive and minimize maladaptive behavior in a global crisis. This paper presents research findings from the current literature that provide evidence for the role of the psychological dimensions of the person, with special emphasis on the aversive dimensions, in individual responses

to the global crisis. Three aversive subclinical dimensions of personality - narcissism, Machiavellianism and subclinical psychopathy are presented with the concept of "Dark Triad" of personality, introduced by Paulhus and Williams (2002). The aim of this paper is to determine the role of the dark triad of personality in the affective, cognitive and behavioral responses of the pandemic. The results of current research indicate that there are certain specifics in narcissistic, manipulative and impulsive profiles which is reflected in a more pronounced tendency to maladaptive behavior and lower affective resonance. Specifically, machiavellianism (willingness to manipulate) and subclinical psychopathy (impulsivity) are associated with more health-risk behaviors, less protective behaviors, and a lack of empathy and helping others affected by the pandemic. Narcissistic rivalry, as a tendency to devalue others, negatively predicts the probability of maintaining social distance. These findings suggest that people with increased characteristics of the dark triad and a low level of empathy tend to adhere less to restrictive measures than people with low levels of the dark triad. The importance of knowledge of aversive features lies in the ability to predict affective, cognitive and behavioral responses in a pandemic.

KEYWORDS: pandemic, narcissism, machiavellianism, psychopathy, affective resonance

ВОВЕД

Ширењето на пандемијата низ нациите и светот доведе до невидени предизвици за животот, здравјето и целокупното функционирање на луѓето. Интервенциите наменети за минимизирање на нејзиното ширење доведоа до промени кои го загрозуваат квалитет на живот, физичката и емоционалната благосостојба. Сите овие настани претставуваат стрес со висок интензитет кои доведуваат до интраперсонални конфликти како изразен страв, паника, анксиозност и депресивност. Во интерперсоналните релации се појавија тенденции кон неемпатично однесување, дискриминација, социјално отфрлање па дури и непријателство кон оние категории кои се најранливи на вирус. Од перспектива на однесувањето на луѓето и јавната здравствена комуникација во контекст на пандемијата, вниманието на истражувачите и практичарите е свртено кон важноста на личноста која се покажа како релевантен фактор за однесувањето.

Овој труд ги презентира наодите од тековните студии за однесување во услови на пандемија и факторите кои влијаат за адаптивното и маладаптивното однесување. Бројни истражувања се обидуваат да ги објаснат факторите кои влијаат на однесувањето и да одговорат на прашањата:

- Колку личноста е фактор за адаптивно или маладаптивно здравствено однесување во услови на пандемија?
- Кои профили на личност ги прифаќаат, а кои не ги прифаќаат насоките за заштитно однесување за време на пандемија ?

Испитувањата покажуваат дека просоцијални личности со нормален опсег на особини како одговорност, совесност и емпатија промовираат адаптивни здравствени однесувања усогласено со општествените норми, додека аверзивните димензии со дефицитите на емпатија придонесуваат за непочитување на мерките и маладаптивното однесување. Генерална констатација е дека луѓето со зголемени аверзивни карактеристики, претставени со моделот на личност познат како Темна

тријада од Паулхус и Вилијамс (2002), со ниското ниво на емпатија имаат тенденција помалку да се придржуваат кон мерките за ограничување во споредба со луѓето кои не ги покажуваат овие карактеристики. Значењето на сознанијата за улогата на аверзивните карактеристики за реакциите на пандемијата, е важно за јавното здравје, тоа може да овозможи предвидување и корегирање на афективните, когнитивните и бихевиоралните одговори во услови на пандемија.

АДАПТИВНИ И МАЛАДАПТИВНИ ОДГОВОРИ НА ПАНДЕМИЈАТА

Додека пандемијата се заканува, дел од решенијата за спротивставување на стресните времиња може да биде однесување кое е усогласено со општествените норми и кое промовира здравје и избегнување на ризик. Однесувањето адаптирано на новата реалност, новите начини на размислување и делување вклучува социјално дистанцирање, носење заштитна маска, карантин, хибридно и виртуелно учење и други форми на ограничувања на секојдневниот живот. Ограничувањата со вонредните мерки и неизвесноста за времетраењето предизвикуваат различни реакции кај населението. Додека некои луѓе ги доживуваат како тежок психолошки товар што резултира со несоодветни реакции како зголемен степен на несигурност, фрустрација и вознемиреност, други лица покажуваат адаптивна реакција и се прилагодуваат на тековни животни услови. Начинот на кој луѓето ја перцепираат и се справуваат со ситуацијата има влијание врз нивното ментално и физичко здравје и врз нивната подготвеност за активно учество во многу потребната акција. Затоа е потребно да се испитаат предвидувачите на адаптивни и лошо прилагодливи одговори на пандемијата.

Постојат бројни фактори кои се поврзани со склоноста кон адаптивно или маладаптивно однесувања за време на пандемијата, меѓу кои се наведуваат различни психолошки фактори. Според теоријата на шема-конгруенција (Young et al. 2006), причините за маладаптивното однесување може да се последица на раните несоодветни емоционални и мисловни обрасци кои се формираат многу рано и се повторуваат во текот на остатокот од животот. За време на пандемијата и изолацијата постои голема веројатност дека може да се активираат маладаптивни шеми кои може да се особено штетни во услови на пандемија. Тука може да се споменат домените на пореметување на граници и слични маладаптивни шрми можат да бидат активирани од ситуацијата во пандемија и да доведат до маладаптивно однесување со непочитување на предложените здравствени норми. Според теоријата на темна тријада (Paulhus & Williams, 2002), психолошки модел на три аверзивни димензии, кои сепак се во рамките на нормалното функционирање: нарцизам, субклиничка психопатија и макијавелизам може да се причина за маладаптивно однесување. Темната тријада вклучува модели на асоцијални особини кои што се јавуваат во услови на стрес кога одбрамбените механизми кај поединците се неефикасни (Jones & Paulhus, 2014), како што е актуелната пандемија.

ПРОСОЦИЈАЛНИ ДИМЕНЗИИ НА ЛИЧНОСТА И СКЛОНОСТ КОН АДАПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

Значајните истражувачки наоди од тековната литература обезбедуваат докази дека просоцијалните домени на личност можат позитивно да влијаат на адаптивното однесувања, додека аверзивните димензии имаат негативно влијание.

Личноста со нормален опсег на позитивни особини како одговорност, совесноста, емпатијата и пријатност се од клучно значење за просоцијалните интеракции, разбирање на страдањата на другите и заштита од несоодветно однесување. Во овој поглед карактеристики на личноста како емпатијата, одговорноста и совесноста се појавија како позитивни психолошки особини кои придонесуваат за промовирање на адаптивно социјално однесување како социјално дистанцирање, хигиена и заштита на другите. Во однос на емпатијата, прифатливоста и совесноста предвидуваат одобрување на социјалната дистанца и хигиената.

Емпириски наоди укажуваат дека емпатијата е позитивна димензија која високо корелира со просоцијалното однесување (Trobst, 2000). Емпатија има богата и сложена когнитивна и афективна конотација, и овозможува да се разбере и почувствува перспективата на другите. Личностите кои имаат развиена емпатија, претпочитаат примена на препораките за сочувство и помагање на ранливи категории, а дефицитит на емпатија предвидува помала привлечност за таа препорака. Одговорноста, која подразбира емпатија и соработка, предвидува усогласеност со општествените норми за специфични здравствени однесувања (Malouff et al., 2007). Совесноста, предвидува однесување кое промовира соработка и претпазливост во однесувањето и избегнување на ризик (Roberts et al., 2007). Димензиите отвореност и екстровертност може да го зајакнат адаптивното однесување преку подобрување на перцепцијата на ризик (Trobst et al., 2000).

Според наведените наоди може да се констатира дека просоцијалните димензии на личноста ги олеснуваат адаптивните однесувања во услви на пандемија.

ТЕМНАТА ТРИЈАДА НА ЛИЧНОСТА КАКО ФАКТОР ЗА МАЛАДАПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

За разлика од позитивните профили на личности кои предвидуваат применување на здравствените препораки за време на пандемија, негативните профили со дефицитот на емпатија, одговорност и совесност предвидуваат маладаптивно однесување. Овие негативни профили се претставени преку концептот на личност наречен „Темна тријада“ , воведен од Паулхус и Вилијамс (2002).

Темната тријада е израз што се користи во психологијата за да опише три аверзивни, но сепак функционални (субклинички) одлики на личноста - нарцизам, макијавелизам и психопатија. Нарцисоидност вклучува карактеристики како што се нереални чувства на грандиозност, супериорност и посебност, голема потреба за доминација, восхит и други его зајакнувачи и малку емпатија (Pincus, 2009). Макијавелизмот вклучува лесен социјален шарм, измамничко однесување насочено кон поткопување на другите и потпирање на манипулација (Paulhus & Williams, 2002). Психопатија се покажува во ниска или отсутна емпатија, висока импулсивност, бездушни социјални ставови и меѓучовечко непријателство. Кај лица со нагласена субклиничка психопатија се манифестираат нечувствителни и бескрупулозни однесувања, не грижа за другите и за правилата, отсуство на вина и жалење, непромислено однесување и користење други за свои интереси (Lee & Ashton, 2005). Земено заедно, најмоќната тенденција што лежи во основата на сите три црни карактеристики е способност за искористување на другите и намалената емпатија (Jones, 2013).

Солиден број на истражувања ја проценуваа улогата на темните црти на личноста во предвидување на различни одговори на пандемијата како и во претходните кризни ситуации (Jordan, Smit, 2020; Kroencke et al., 2020; De Bruin, & Bennett, 2020). Истражувачките резултати покажуваат дека личности со нагласен нарцизам, манипулативност и субклиничка психопатија покажуваат понагласена склоност кон маладаптивно однесување во афективните, когнитивните и бихевиоралните одговори на пандемијата. Според Харисон и личностите со темните димензии може да ги предиспонира луѓето да постапуваат спротивно на заштитните мерки и да ги загрозуваат другите за време на пандемија (Harrison et al., 2018). Наодите укажуваат дека антагонистички личности може да ги занемарат или да постапат спротивно на апелите на јавното здравство за алтруистичко однесување и непочитување на социјална дистанца и хигиена (Kroencke et al., 2020).

Според некои откритија постојат разлики во тоа како луѓето со овие карактеристики се однесуваат за време на пандемија, така макијавелизмот и психопатијата се во негативна корелација со усвојувањето на здраво однесување и се поврзани позитивно со тенденцијата да се продолжи да се живее сопствен живот „бидејќи ништо не се случи“ (Jordan, 2020). Макијавелизмот и субклиничка психопатија се поврзани со повеќе здравствено ризични однесувања, помалку заштитни однесувања и отсуство на емпатија и помагање на другите кои се погодени од пандемијата (Kroencke et al., 2020). Психопатија и макијавелизмот предвидуваат не само асоцијални склоности вклучително и агресија и насилство, туку и негативни здравствени однесувања и исходи што ги става другите на ризик (Tuvblad et al., 2019). Личности со нагласена психопатија ги карактеризира ризични однесувања помалку се насочени кон превенција и здравствено-заштитни однесувања, што може негативно да влијае на заштита на здравјето на другите (Walker, 2020).

Ваквите сознанија може да помогнат во предвидување на неприфаќање на конвенционалните мерки и склоност кон ризично однесување, и да најдат примена во јавните здравствени пораки и комуникација меѓу лекар и пациент.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Овој труд ја проширува теоријата на личноста до разлики во реакциите на луѓето во услови на пандемија. Сумирајќи ги наодите од тековната литература за однесувањето во услови на пандемијата, се констатира дека просоцијалните димензии на личноста ги олеснуваат адаптивните однесувања, а антагонистичките димензии го намалуваат и промовираат штета на здравјето на луѓето. Аверзивните димензи на темната тријада (Полхус и Вилијамс, 2002): нарцизам, макијавелизам субклиничка психопатија може да ги објаснат различните реакции на луѓето и да ги предвидат маладаптивните однесување кои го ризикуваат здравјето на другите. Поточно, макијавелизмот или подготвеноста за манипулирање и субклиничка психопатија се поврзани со повеќе здравствено ризични однесувања, помалку заштитни однесувања и отсуство на емпатија и помагање на другите кои се погодени од пандемијата. Нарцисоидното ривалство, како тенденција да се девалвираат другите, негативно ја предвидува веројатноста за одржување на социјална дистанца. Психопатијата е кластер на карактеристики кои се вртат околу безгрижност и негрижа за другите.

Потребни се уште истражувања за да се објаснат механизмите и врските помеѓу карактеристиките на личноста и двете групи на однесување - адаптивни наспроти маладаптивни однесувања. Доколку ваквите наоди се реплицираат, идните истражувања треба да одговорат на механизмите што стојат зад нив и може да помогне во индивидуалното предвидување на неприфаќање на конвенционалните мерки и склоност кон ризично однесување. Таквите механизми може да вклучуваат емпатична грижа за другите, флексибилност во меѓучовечкото однесување, совесност, саморегулација и самоефикасност.

ЛИТЕРАТУРА

1. Andrew Harrison & James Summers & Brian Mennecke, 2018. "The Effects of the Dark Triad on Unethical Behavior," Journal of Business Ethics, Springer, vol. 153(1), pages 53-77, November.
2. De Bruin, W.B., Samek, A., & Bennett, D. (2020, March 26). Americans disagree on how risky the coronavirus is, but most are changing their behaviors anyway The Conversation. Retrieved from: https://theconversation.com/americans-disagree-on-how-risky-the coronavirus-is-but-most-are-changing-their-behavior-anyway-133991
3. Furnham, A.; Richards, S, C.; Paulhus, D, L.; (2013) . The dark triad of personality: a 10 year review. Soc Personal Psychol Comp. 7:199–216. doi: 10.1111/spc3.12018
4. Jones, D, N.; Figueredo, A, J, . (2013). The core of darkness: uncovering the heart of the dark triad. Eur J Personal. 27:521–31. doi: 10.1002/per.1893
5. Kroencke, Lara & Geukes, Katharina & Utesch, Till & Kuper, Niclas & Back, Mitja. (2020). Neuroticism and Emotional Risk During the COVID-19 Pandemic. 10.31234/osf.io/8c6nh.
6. Malouff, J. M., Thorsteinsson, E. B., Rooke, S. E., & Schutte, N. S. (2007). Alcohol involvement and the five-factor model of personality: A meta-analysis. Journal of Drug Education, 37(3), 277-294. doi:10.2190/DE.37.3.d
7. Paulhus, D, L., Williams, K. M. (2002). The dark triad of personality: narcissism, machiavellianism, and psychopathy. J Res Personal. (2002) 36:556–63. doi: 10.1016/S0092-6566(02)00505-6
8. Pincus, A. L., Ansell, E. B., Pimentel, C. A, Cain NM, Wright AGC, Levy KN.(2009) Initial construction and validation of the Pathological Narcissism Inventory. Psychol Assess. 2009 Sep;21(3):365-379. doi: 10.1037/a0016530. PMID: 19719348.
9. Roberts, B. W., Kuncel, N. R., Shiner, R., Caspi, A., & Goldberg, L. R. (2007). The power of personality: The comparative validity of personality traits, socioeconomic status, and cognitive ability for predicting important life outcomes. Perspectives on Psychological Science, 2(4), 313-345. doi:10.1111/j.1745-6916.2007.00047.x
10. Trobst, K. K., Collins, R. L., & Embree, J. M. (1994). The role of emotion in social support provision: Gender, empathy and expressions of distress. Journal of Social and Personal Relationships, 11, 45-62.
11. Tuvblad C, Wang P, Patrick CJ, Berntsen L, Raine A, Baker LA. Genetic and environmental influences on disinhibition, boldness, and meanness as assessed by the triarchic psychopathy measure in 19–20-year-old twins. Psychological
12. Young, J. E. et al. (2006) Schema Therapy: A Practitioner's Guide, Guilford press, NY).